**Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје**

**Филозофски факултет – Скопје**

**Институт за Историја**

# СОЦИО-ЕКОНОМСКАТА И ХУМАНИТАРНАТА КРИЗА ПО ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ ВО ОСМАНЛИСКА МАКЕДОНИЈА

# THE SOCIO-ECONOMIC AND HUMANITARIAN CRISIS AFTER THE ILINDEN UPRISING IN OTTOMAN MACEDONIA

– магистерски труд –

**Ментор:**
**проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев**

**Кандидат:**
**Дамјан Бужаровски**

Скопје, 2025

# СОДРЖИНА


Вовед ..... 5

ГЛАВА I. Методолошки аспекти ..... 8

1. Изворите за последиците од востанието ..... 8

1.1. Османлиски информации за настаните ..... 9

1.2. Известувања од Организацијата ..... 11

1.3. Извештаи на странските дипломатски претставници ..... 14

1.4. Известувања на странските дописници, хуманитарните мисии и патописци ..... 26

2. Митови и вистини за некои аспекти на Илинденското востание ..... 29

ГЛАВА II. Раскрварена Македонија ..... 34

1. Немирна пролет ..... 34

2. Владеење на теророт од 02.08 до 02.10.1903 година ..... 40

2.1. Помеѓу мечот и гладот ..... 46

2.2. Реакција од меѓународната јавност за извршените злосторства ..... 49

2.3. Систематско истребување – шпекулација или вистина? ..... 50

3. Материјална штета од задушувањето на востанието ..... 54

3.1. Битолски вилает ..... 56

3.2. Солунски вилает ..... 64

3.3. Скопски вилает ..... 69

3.4. Рекапитулација на штетата ..... 71

4. Човечки жртви од задушувањето на востанието ..... 72

4.1. Востанички загуби ..... 72

4.2. Цивилни жртви ..... 75

4.3. Обесчестени и грабнати ..... 81

4.4. Жртви кај затворени и осудени лица ..... 87

4.5. На раб на егзистенција ..... 91

4.6. Рекапитулација на жртвите ..... 95

5. Најтешката зима ..... 96

ГЛАВА III. Османлиските власти за задушувањето на востанието ..... 103

1. Спречување на протокот на непријатни вести ..... 103

2. Негирање и прикривање на вистината ..... 106

3. Кој го запали селото? ..... 109

4. Преземени мерки по надворешен притисок ..... 117

4.1. Комисии за истражување на злосторствата ..... 118

4.2. Постапување со украдениот добиток ..... 121

4.3. Комисии за помош на настраданото население ........ 123
ГЛАВА IV. Обиди за спречување на хуманитарната катастрофа ........ 125
1. Помош од Организацијата ........ 125
1.1. Активноста на Задграничното претставништво ........ 127
2. „Хуманитарни“ пропаганди ........ 129
2.1. Грчка помош ........ 130
2.2. Бугарска помош ........ 133
2.3. Српска помош ........ 135
2.4. Романска помош ........ 137
2.5. Помош од католичките мисионери ........ 138
3. Хуманитарна помош од Големите сили и останати држави ........ 141
3.1. Хуманитарна помош од Велика Британија и Балканскиот комитет ........ 143
3.2. Американска помош ........ 147
3.3. Помош од останатите држави ........ 149
ГЛАВА V. Обид за плакнење на гревовите или одложување на конфликтот ........ 151
1. Дволичноста на Големите сили ........ 151
2. И повторно реформи ........ 158
2.1. Турска помош за настраданите ........ 160
3. Успешни реформи или ново фијаско? ........ 163
ГЛАВА VI. Демографски движења на населението во повостаничките години ........ 174
1. Надворешен емигрантски бран ........ 176
2. Бегалското прашање и Турско-бугарската спогодба ........ 184
2.1. Репатријација на бегалците од Бугарија ........ 188
2.2. Прашањето за амнестија ........ 194
3. Стагнантен раст на населението ........ 197
ГЛАВА VII. Економски импликации од востаничката година ........ 206
1. Економијата на османлиска Македонија на работ на новото столетие ........ 206
1.1. Земјоделство ........ 206
1.2. Индустрија ........ 208
1.3. Економските движења и трендови ........ 210
1.4. Кредитот и банките ........ 212
1.5. Трговија ........ 216
2. Економијата во востаничката година и потоа ........ 220
2.1. Земјоделство ........ 221
2.2. Трговијата ........ 225
2.2. Цени и стандард на живеење ........ 234

2.4. Останати економски импликации ........................................................................ 240
Заклучок ........................................................................................................................ 243
Библиографија .................................................................................................................. 251

# Вовед

Илинденското востание претставува пресвртен чин во историјата на македонското националноослободително движење. Во него дошле до израз вековните стремежи на македонскиот народ за слобода и сопствена држава. Затоа ова востание зазема значајно место во поновата историја на Македонија. Истовремено тоа е најкрупен настан во османлиска Македонија, кој го одбележал почетокот на XX век. Настан кој оставил длабоки и силни последици во натамошниот период.

Навидум темата за Илинденското востание е прилично елаборирана и експлоатирана тема. Ова востание е една од најобработуваните теми во македонската и во бугарската историографија и за него се напишани голем број на монографии и научни статии, книги, зборници и прилози. Исто така востанието е обработувано и од други странски историографии. Меѓутоа, иако оваа тема е толку елаборирана и е пишувано многу за истата, сепак постојат некои аспекти кои не се толку истражени. Еден таков аспект се и социјалната и економската положба на населението во османлиска Македонија во текот и по востанието, како и хуманитарната катастрофа која е директна последица на востанието и обидите за превенирање на ваквата состојба. Најчесто во досегашните трудови кои ја обработуваат оваа тема главниот акцент е ставен на текот и битките во востанието. Последиците кои ги оставило ова востание, особено социо-економските, штетите од востанието и жртвите, се обработени мошне малку и најчесто во трудовите само се споменуваат сумарни бројки на уништени куќи, убиени лица и сл., без да се навлегува во подетална анализа на истите, како и последиците во натамошниот период за Македонија. Од друга страна Мирцштегските реформи кои се директна последица на востанието се елаборирани од домашната и странските истроиографии. Меѓутоа и во овој сегмент, аспектите на реформите за обнова и реконструкција на селата по востанието, степенот до кој овие реформи придонеле за обнова, или дали воопшто придонеле за обнова, не се особено обработени. Исто така, главно трудовите за Илинденското востание се постари, напишани во едно друго време. Сето ова беше предизвикот поради кој се нафативме да ги истражуваме социо-економските последици од Илинденското востание. Дополнително, во

меѓувреме, се пронаоѓаат нови документи за состојбата во Македонија за време на востанието и по него. Со развојот на информатичките технологии и процесот на дигитализација денес имаме многу поголем пристап отколку во минатото до првостепени извори и весници, кои на истражувачите во минатото не им биле толку достапни. Оттука и досега обработуваните теми за востанието се надополнуваат, а некои нови извори фрлаат нова светлина на настаните во 1903 година во Македонија и непосредно потоа.

Како главен предмет на истражување на кој се осврнавме во трудот е социо-економската ситуација во текот и непосредно по задушувањето на востанието на територијата на османлиска Македонија. Го разгледавме периодот на целата востаничка 1903 година, со главен акцент на настаните во текот и по востанието. Доколку последиците од Илинденското востание се анализираат само откако тоа почнало, без да се разгледува непосредната ситуација во Македонија пред неговиот почеток би не довело до нецелосни заклучоци, бидејќи целиот период почнувајќи од пролетта 1903 година и воопшто од крајот на 1902 година бил доста нестабилен период.

Во трудот големо внимание посветивме на човечките жртви и материјалните штети предизвикани од задушувањето на востанието, и како тие се одразиле на целокупната економија во османлиска Македонија, од аспект на емиграцијата, стандардот на живеење и цените, земјоделството и сл. Покрај нив ги разгледавме и другите посредни и непосредните последици од задушувањето на востанието. Посебно внимание посветивме и на хуманитарната криза во која се нашло населението на османлиска Македонија по востанието. Тука ја разгледавме хуманитарната помош, воведените реформи и како тие се одразиле за подобрување или можеби за влошување на економско-социјалната, но и целопкупната положба на населението во Македонија. Од друга страна со оглед на фактот што темата на трудот е последиците за османлиска Македонија, моментите како загуби на османлиските војници не ги разгледувавме детално во овој труд, бидејќи овие загуби немаат директни импликации врз Македонија. Тука сакаме и да се оградиме, но и да напоменеме дека никогаш нема да биде возможно да се процени со сто отсто точност бројот на жртви или материјална штета. Тоа се должи пред сѐ на различните извори, не забележувањето во изворите на сите жртви, користењето на жртвите како пропагандна алатка и сл. (прашања кои ќе бидат детално елаборирани во трудот). Сепак, возможно е да се

дојде до приближни бројки и процени за жртвите и штетите, од кои дури и со пронаоѓање на нови извори, не би имало големи отстапување.

Со изработката на овој труд, за прв пат во македонската историографија посветивме особено внимание на економската и социјалната положба во османлиска Македонија во текот и по востанието. Со оглед на фактот што ова е еден од најголемите настани кои ќе ги одбележат последните години од османлиското владеењето на Македонија, последиците од истото се далекусежни во наредните години.

Сакам да изразам особена благодарност кон мојот ментор проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, на постојаната достапност во текот на магистерските студии, помошта, корисни забелешки и совети кои ми ги даваше во текот на пишувањето на овој магистерски труд. Изразувам голема благодарност и до сите останати кои на било кој начин ми помогнаа при изработката на магистерскиот труд. Се надеваме дека со овој труд ќе придонесеме кон расветлување на нови моменти од историјата на Македонското револуционерно и националноослободително движење и состојбите во Македонија во еден исклучително важен и сложен период. Уште повеќе ќе бидеме среќни, доколку овој труд го пробуди истражувачкиот жар кај други, за продлабочување на некое од загатнатите прашања во овој труд, а кои не се директен предмет на трудот, па не сме навлегле подетално во нивна елаборација.

# ГЛАВА I. Методолошки аспекти

*„Од внатрешноста уште нема никакви сигурни настани на кои би можел човек да се потпре; официјалните извештаи, како секогаш во Трција, се лажни: тие на пример и сега тврдат дека во внатрешноста има мир“* – Михајло Ристиќ, српски генерален конзул во Битола, 02.08.1903 стар ст.[1]

## 1. Изворите за последиците од востанието

Изворите за случувањата во османлиска Македонија во 1903 година и ситуацијата потоа се многубројни и разновидни. Илинденското востание и настаните во Македонија предизвикале широк интерес не само кај балканските држави и Големите сили кои имале свои интереси во Османлиската Империја и на Балканот, туку и многу пошироко. Случувањата во Македонија пробудиле голем интерес во јавноста и надвор од границите на стариот континент, како во Соединетите Американски држави[2] и Австралиските земји.[3] Притоа, секојдневно, вестите за настаните во Македонија биле пренесувани не само по дипломатските канали, туку и во дневните весници.

Меѓутоа во известувањата и документите за случувањата во Македонија се среќаваат различни информации. Слично како и денес некои информации се подложни на манипулација или правење на сензација од истите. Во случајот со востанието различните информации кои биле ширени се мотивирани од повеќе различни фактори, па доколку не се знае заднината зад таквите информации, тие можат да нè доведат до заблуда и погрешни заклучоци. Затоа секогаш треба да се има предвид политиката и гледиштата на оние кои известуваат. Понатаму треба да се знае од каде се добиени информациите и со каква намена се

[1] Љубен Лапе, Нови документи за Илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Скопје 1953, 31.
[2] Види Evening Times-Republican (Marshalltown, Iowa) 1890-1923; Omaha Daily Bee (Omaha [Neb.]) 187?-1922, Rock Island Argus (Rock Island, Ill.) 1893-1920; The San Francisco Call (San Francisco [Calif.]) 1895-1913; The Courier-Journal (Louisville [Ky.]) 1869-; The Globe-Republican (Dodge City, Kan.) 1889-1910; The Portland Daily Press (Portland, Me.) 1862-1921; The Port Gibson Reveille (Port Gibson, Miss.) 1890-; The Rich Hill Tribune (Rich Hill, Mo.) 1903-1911; The Topeka State Journal (Topeka, Kansas) 1892-1980; The Washington Times (Washington [D.C.]) 1902-1939.
[3] Види Darling Downs Gazette (Qld.) 1881-1922; Newcastle Morning Herald and Miners' Advocate (NSW) 1876-1954; The Advertiser (Adelaide, Sa) 1889-1931; The Mercury (Hobart, Tas.) 1860-1954; The West Australian (Perth, WA) 1879-1954.

споменатите известувања. Изворите за настаните во османлиска Македонија во 1903 година ги класифициравме во четири главни групи:

- известувања од официјалните омсанлиски власти;
- известувања од Организацијата;
- извештаи на странските конзуларни претставништва и останати дипломатски преставништва во Македонија и Османлиската Империја;
- известувања на странските дописници за дневните новини и печат, хуманитарните мисии и патописци.

Секоја од овие групи на дописници и претставници редовно испраќала или објавувала информации и свои видувања за случувањата во османлиска Македонија, секако согласно нивните интереси, пристрасност или симпатии и агол на гледање на нештата.

### 1.1. Османлиски информации за настаните

За Османлиите востанието, како и Орагнизацијата која го кренала востанието, биле нелеглана појава, надвор од законот, која таа гледала наполно да ја спречи и задуши. За нив тоа била Организација која доколку успеела да ги оствари своите цели би го нарушила дотогашниот државен поредок. Поради целите на МРО за организирање на востание, воспоставување на нова форма на власт и создавање самостојна македонска држава, османлиските власти настојувале да го негираат самостојниот карактер на Организацијата „притоа прикажувајќи ја како орудие на бугарската влада“.[4] Тоа се гледа и од нотата која Портата во март 1902 година ја упатила до европските дипломати со цел тие да интервенираат кај бугарската влада за спречување на активноста на комитетите во Османлиската држава.[5] Оттука, согласно османлиската политика кон Организацијата во османлиските документи на пример кога биле судени востаниците не треба да не изненадува фактот што некои од пресудите гласат „давање на засолниште на бугарските разбојници“ или “помагање на бугарскиот

[4] Ванчо Ѓорѓиев, Слобода или смрт, Македонското револуционерно национaлноослободително движење во Солунскиот вилает (1893-1903), Скопје 2003, 17.
[5] Димитар Димески, Македонското национaлноослободително движење во Битолскиот вилает (1893–1903), Скопје 1981, 29.

комитет“.[6] Самите македонските револуционери и востаници како што се гледа се окфалификувани како разбојници, а Илинденското востание како разбојништво и бунтовништво. Како востание или револуција тоа се среќава многу ретко. Во прво време Османлиите востанието го претставуваат како нова серија на разбојништва од веќе претходно образувани ајдучки чети.[7] Дури во документи од последните фази на востанието тоа се именува како настан.[8] Ваквото претставување на востаниците и востанието е логично, со оглед на тоа што од османлиска перспектива тоа и било еден вид разбојништво против државата и државниот поредок. Исто така со претставувањето на востанието како разбојништво, Османлиите се обидувале во меѓународната јавност да не се крене голема врева дека нешто се случува во Македонија и дека има востание, туку едноставно „безначајни“ разбојнички напади кои ќе бидат решени со засилување на безбедносните мерки.

Иако Османлиската држава настојувала целосно да го спречи и задуши востанието, таа се грижела задушувањето да нема голем оддек во јавноста. Разбранувањето на меѓународната јавност и создавањето на поголем шум создавало опасност од вмешување на други надворешни страни, какви што имало претходно, вмешување кое Османлиската држава секако не го посакувала. Затоа османлиските власти во своите официјални известувања гледале колку што е можно, понекогаш и претерано да ги прикријат настаните, а во други случаи вината за уништувањето на селата и штетите да ја префрлат врз востаниците. Притоа доколку се читаат само османлиските известувања, ќе се добие еден впечаток дека целата вина била кај востаниците (види Глава III). Со цел да не предизвикаат меѓународна интервенција, бидејќи колку подолго траела немирната состојба, толку поголем би бил одгласот во меѓународната јавност, османлиските власти ширеле и лажни вести дека владеел мир. Така во екот на востанието, на 15.08.1903 година според званичниот извештај на османлиските власти во внатрешноста на Битолскиот вилает владеел мир.[9] На ваквите вести странските претставници воопшто не наседнувале и Михајло

[6] Амнестираните илинденци во 1904 година, Скопје 2003, 17-68.
[7] Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903–1912, књига I, свеска 1, 29. мај/11. јуни 1903 – 14/27. фебруар 1904, Београд 1991, 262.
[8] Турски документи за Илинденското востание, Скопје 1993, 8.
[9] Документи о спољној..., 303.

Ристиќ за официјалните турски извештаи забележува дека тие вообичаено се лажни.[10]

Уште еден момент е самиот број на жртви. Османлиските власти се труделе бројот на цивилни жртви од задушувањето на востанието да не го прикажат и да го сведат на минимум во извештаите. Тоа го постигнувале дури и со прикажување на загинатите цивили како востаници. Бројот на загинати востаници пак, Османлиите намерно го преценувале, прикажувајќи поголеми бројки, а смалувајќи ги сопствените загуби. Тоа се должи на фактот што победата во битка го зголемува моралот и предизвикува чувство на гордост. Колку е поголем бројот на загинати непријатели, а помал бројот на сопствени загуби, толку победата е поголема. Исто така зголемувањето на бројот на востаници можел да послужи и како еден вид оправдување за суровото настапување на војските и башибозукот. Но се чини дека и на овие званични извештаи дипломатските претставници во Османлиската Империја не гледале со голема доверба. Австро-унгарскиот конзул во Битола, Крал ги прозрел претерувањата во официјалните османлиски извештаи. Тоа го согледал од малиот број на запленети пушки во битките. Така за Смилево, Османлиите тврделе дека паднале 300-400 востаници, а во Битола потоа биле однесени само 17 запленети пушки. Кај Клисура пак, исто така се тврдело дека биле убиени 400 востаници, а биле запленети само 50 пушки.[11] На прашањата околу тоа како Османлиите гледале на востанието, нивните извештаи и оцени на состојбите во Македонија ќе се навратиме повторно и ќе ги разгледаме подетално во Глава III.

### 1.2. Известувања од Организацијата

Од спротивната страна на острицата, наспроти османлиските известувања, се наоѓаат известувањата од Организација, главниот сценарист и режисер на востанието. Организацијата преку својата разгранета мрежа на месни комитети во селата и градовите имала информации од прва рака за случувањата,

---

[10] Истото, 304.

[11] Ѓорги Стојчевски, Неколку австроунгарски документи за Илинденското востание во Македонија од 1903 година, Гласник на Институтот за национална историја, бр. 1-2, 1992, 111. Според едни други османлиски известувања во судирот кај Клисура биле убиени 200 четници, а во Смилево 60 четници (Илинден во француски..., 146). Од друга страна во Мемоарот на Организацијата за Смилево се наведува дека биле убиени 3 востаници, а во Клисура дека немало убиени (Македония и Одринско..., 130 и 141).

материјалните штети, жртвите и сл. Главен извор за жртвите и штетите од востанието е Мемоарот на Внатрешната организација издаден во 1904 година.[12] Целта на Мемоарот била да ја прикаже вистинската положба на населението пред меѓународната јавност.[13] За таа цел тој истата година бил објавен и на француски јазик.[14] Ние Мемоарот во однос на жртвите и материјалната штета го сметаме за најверодостоен, првостепен извор, иако и тој има свои одредени слабости, главно во однос на субјективизмот и непрецизности. Понекогаш, во него, кога се претставуваат материјалните штети или жртви од востанието се вклучени и бројки од пролетта 1903 година, па дури и од Врховистичката востаничка провокација од есента 1902 година. Меѓутоа со компаратривниот метод и внимателно користење на податоците од Мемоарот, овие слабости можат да се надминат, притоа доаѓајќи до интересни податоци и констатации. Единствен поголем недостаток на Мемоарот е што главниот акцент е ставен на Битолскиот и на Одринскиот вилает, пришто случувањата во нив се обработени во детали, додека на Солунскиот и Скопскиот вилает е посветено многу мало внимание.

Пред сè, заради самата цел за која е издаден Мемоарот, може да биде оспорена неговата точност со тврдења за намерни преценувања и преувеличувања на штетите и жртвите. Со внимателна анализа на податоците дојдовме до заклучок дека во споредба со другите извори, проценките во Мемоарот се пореални и нема претерувања. Како пример го земавме градот Крушево, чие заземање од востаниците и повторно преземање од османлиските власти предизвикало голем интерес, поради што се расположливи голем број на информации за истиот настан од различна провиниенција. Доколку се погледнат проценитe на уништени куќи и дуќани во Крушево, како и човечки жртви, во Мемоарот материјалната штета е најмала споредено со останатите известувања (Табела 1). Од друга страна, дури и британскиот вице конзул во Битола, Џејмс Мек Грегор за извештаите од Македонскиот комитет и покрај

[12] Македония и Одринско (1893–1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, София 1904.
[13] Христо Андонов—Полјански, Илинденското востание, Одбрани дела том петти, Скопје 1980, 93.
[14] Истото.

делимичните или ненамерните неточности смета дека давале поточна слика за општата ситација отколку трускатa верзија за истите настани.[15]

| Кој известува за штетата | Уништени куќи | Уништени дуќани | Убиени лица |
|---|---|---|---|
| Мемоарот на ВО[16] | 159 | 210 | 117 |
| М. Ристиќ[17] | 366 | 203 | 44 |
| Г. Рутие[18] | 433 | | 60 |
| Француски вице конзул во Битола[19] | 366 | 204 | |
| Р. Вион | 280 | 203 | над стотина лица |
| Грчки свештеник[20] | вкупно 400 згради | | закопал 47 лица |
| Бугарски свештеник[21] | | | закопал 36 лица |
| Допсиник на Акрополис[22] | 366 | 202 | |
| Недков[23] | 386 | 203 | 50 |

*Табела 1. Преглед на жртви и уништени згради во Крушево од различни лица*

Покрај Мемоарот, од Организацијата како извори се среќаваат и бројни документи. Уште во текот на востанието Главниот штаб и Задграничното претставништво преку писма протестирале кај претставниците на Големите сили, известувајќи за штетите и жртвите кои ги претрпувало населението. Овој

[15] Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи, Скопје 2002, 327.
[16] Македония и Одринско (1893–1903)...,193-194.
[17] Љ. Лапе, Нови документи..., 39.
[18] Македонија во делата на странските патописци 1903, Скопје 2007, 163
[19] Илинден во француски дипломатски документи, Скопје 1993, 127.
[20] Британски документи за историјата на Македонија, т. VI, (1901-1904), Скопје 2012, 451.
[21] Истото.
[22] Никола Минов, Битка за жртвите: Прилог кон прашањето за одгласот на Илинденското востание во странскиот печат, Историја/Journal of History, LIV/1, 2019, 38-39.
[23] Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX– началото на XX век), Нови документи, София 1995.

тип на документи е во помал обем, но и главно потоа голем број од тие информации се вградени во Мемоарот.

Како извори од Организацијата ги имаме и бројните спомени од самите „актери“ во востанието. Овие спомени многу одблиску ја доловуваат сликата за случувањата во Македонија. Меѓутоа мемоарската литература има мноштво слабости, како произволни или неточни датуми, заборавени или измешани имиња, преувеличувања, неадекватна ширина на описите и себе истакнување.[24] Затоа на нив треба да им се пристапува со голема внимателност. Со критичка анализа и покрај сиот застапен субјективизам од спомените може да се дознаат драгоцени описи на некои настани, бидејќи тие се еден вид на жива историја, директно од „актерите“ кои ги играле главните улоги во востанието. Покрај спомените во оваа група спаѓаат дневниците пишувани од некој од востаниците и војводите на четите, како и нивни писма.

### 1.3. Извештаи на странските дипломатски претставници

Голем број на држави, помеѓу кои сите држави од Големите европски сили во разгледуваниот период имале свои конзуларни претставништва во поглавните центри на османлиска Македонија, пред сè во вилаетските центри Солун, Битола и Скопје. Свои конзуларни претставништва имале и балканските држави, со исклучок на Бугарија, која не можела да отвори конзуларни претставништва со оглед на нејзиниот статус кон Османлиската Империја, но затоа таа отворила трговски агентства, кои всушност ја вршеле истата работа како конзулатите.

Во прво време конзуларните претставништва биле отворени поради економските интереси и трговијата која ја воделе сите тие земји во османлиска Македонија. Со тек на времето, како Големите сили започнале да се вмешуваат во внатрешните работи на Османлиската држава, нивните дипломатските претставници започнале да играат голема улога и во политички поглед,

[24] Воислав Јаќоски, Илинденските настани во спомените на еден современик и учесник, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од Илинденското востание, II, Крушево 1979, 711.

испракајќи редовно извештаи до своите министри за надворешни работи и влади за случувањата во Македонија или пак вмешувајќи сè во работите на државата по добиените инструкции од нивните влади. Настаните во Македонија во текот на 1903 година особено многу ги засегнувале економските, но и политичките интереси на Големите сили и балканските држави, па оттука нивните конзули и вицеконзули секојдневно испраќале извештаи за случувањата. Овие дипломатски извештаи, од кои дел се објавени и во книги како на пример т.н. Сини книги од страна на британскиот Форин офис, претставуваат еден од главните извори за состојбите во османлиска Македонија непосредно пред востанието, во текот на востанието и по него. При користењето на овие извештаи треба да се пристапува особено претпазливо за да не се дојде до погрешен заклучок. Секогаш треба да се внимава на прашањата: Од кој ги добивале информациите дипломатските претставници? и какви се извештаите, односно со каква намена се пишувани истите?

Во однос на првото прашање, дипломатските претставници информациите ги прибавувале на повеќе начини. Понекогаш информациите ги добивале непосредно, посетувајќи ги местата. Но, во повеќето случаи тие добивале извештаи од свои доверливи луѓе од месното население, од жртви кои дошле во конзулатите да им се оплакуваат, како и од официјалните османлиски власти и востаниците. Оттука, овие инфомрации претставуваат важни сведоштва за ситуацијата во Македонија во востаничката 1903 година, но се зависи од кого се добиени податоците, па доколку не се пристапи внимателно за да се види потеклото на информацијата можеме да западнеме во замка.

Во текот на востанието патиштата кон внатрешноста на вилаетите биле непроодни, особено во Битолскиот вилает. Затоа, дипломатските претставници во прво време, по почетокот на востанието, не располагале со други информации освен со тие кои ги добивале од османлиските власти. Романскиот амбасадор во Константионопол на 07.08.1903 година н. ст. пишува дека во престолнината не бил пристигнат ниту еден конзуларен извештај и сите новости добиени дотогаш биле од османлиски извори.[25] Оттука во овие конзуларни извештаи се појавуваат слабостите со кои се оптоварени османлиските извештаи. Истото се случува и доколку европските дипломатски претставници информациите ги добиле од

[25] Романски дипломатски документи за Македонија (1901 – 1903), том II, Скопје 2020,

некоја од балканските држави кои имале свои инереси во Македонија. Така во еден фанцуски документ пак, веројатно според информации добиени од Грција и податоци кои соодветствуваат со грчката политика спрема востанието, се прикажува како Грците кои го сочинувале речиси сето христијанско население во трите вилаети биле предмет на грабежи и разбојништва од страна на бугарските востаници.[26] Од друга страна пак, доколку се работи за инфрмации добиени од директен сведител на настаните, тогаш тие се првостепени информации, но и во овој случај можни се преувеличувања и грешки во проценките.

Втор момент кој треба да се има предвид кај странските дипломатски извештаи е нивната намена. Тука пред сè мислиме на тоа дали се работи за јавни извештаи, или пак тајни, доверливи, испраќани до министерствата за надворешни работи и матичните влади. Во јавните извештаи најчесто преовладува политиката која поедините држави ја имале кон Османлиската Империја. Така, иако според извештаите од конзулите, британската влада била запознаена со случувањата во османлиска Македонија и до кој степен била вината кај Османлиите, британскиот премиер Белфор во своите говори во авуст во Парламентот изјавувал дека ѕверствата на востаниците биле побројни и пошокантни и дека и христијаните биле виновни.[27] Ваквата ситуација со тајните и јавните известувања е присутна во сите странски извештаи. Русија која исто така преку своите претставници во османлиска Македонија била запознаена со злоделата од војските, во официјалната политика грофот Ламздорф вината за моменталните нарушувања ја ставал на востаниците,[28] а кога на амбасадорот на Русија во Османлиската Империја, Зиновјев му било предложено од Гирс да се отворат преговори со комитите, тој се изјаснил негативно по предлогот, бидејќи тоа било спротивно на политиката на царската влада која не ги признавала комитите за завојувана страна, а уште помалку доаѓало во предвид да се водат преговори со нив.[29] Дописникот на Вестминстер Газет го забележува потценувањето во јавните извештаи забележувајќи: „Почнувајќи со моите симпатии за Турците најдов огромни докази кои убедливо докажуваат дека

[26] Илинден во француски..., 127.
[27] Turks butcher many villagers near Monastir, The Washington Times, August 14, 1903, 1; A Word In Time for Russia, The Wahington Times, August 23, 1903, 20.
[28] A Word in Time for Russia, The Wahington Times, August 23, 1903, 20.
[29] Документи о спољној..., 437.

турските ѕверства се прилично потценети во извештаите на британските конзули, банкари и други лица без предрасуди“.[30] За да не бидеме доведени во заблуда кога се разгледуваат извештаите на странските дипломатски претставници треба да се имаат предвид сите овие прашања.

### 1.3.1. Известувања од Балканските држави со територијални претензии кон османлиска Македонија

Во групата на извори од странските дипломатски претставници спаѓаат и тие на балканските држави кои имале територијални претензии кон османлиска Македонија, а тоа се пред сè Кралството Грција, Кралството Србија и Кнежеството Бугарија. Во оваа група на држави ја вбројуваме и Романија, која иако немала директни територијални претензии кон османлиска Македонија, дејствувала пропагандно на теренот кај влашкото население, а нејзината политика речиси со ништо не се разликувала од политиките на споменатите три држави. Овие четири држави, покрај Големите сили, биле едни од најзаинтересираните страни кои со жив интерес ги следеле случувањата во Маkеднонија, секојдневно добивајќи извештаи од нивните дипломатски претставници со најновите информации, но и испраќајќи извештаи до владите на Големите сили за случувањата во Македонија согласно нивните ставови и интереси. Како и кај извештаите од европските дипломатски претставници, така и кај овие, пред сè, треба да се има предвид нивната намена и до кој биле испратени. Меѓутоа во овие известувања особена улога играла политиката на државата спрема Македонија, македонското револуционерно движење и востанието.

#### а. Грчките известувања и политики

Јавните извештаи на Грција за случувањата во Македонија биле во согласност со грчката официјална политика кон Македонија, која била или поголемиот нејзин дел да се присоедини кон грчката држава, или таа да остане под османлиска власт.[31] Според Ион Драгумис „за да се постигнат резултати од

[30] Turkish Crimes in the Balkans Beyond Belief, The Washington Times, September 19, 1903, 1.
[31] Крсте Битоски, Ставот на Кралството Грција кон Македонија и кон Македонската революционерна оргнизација (1893–1903), Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот

нашите пропаганди и охрабрувања потребно е или прекинување (уништување) на Комитетите, или спротивставување со насилство на нивното насилство".[32] Затоа на Грција воопшто не и одело во прилог дејствувањето на Македонската револуционерна организација, а уште помалку востанието, во кое учество земале не само егзархистите, туку и патријаршистите, со што се губеле наводните грчки права врз османлиска Македонија, кои се базирале на божемниот грчки карактер на населението.

Исто така од 1898 година на германска иницијатива започнало турско-грчко приближување, при што до 1903 година биле потпишани неколку билатерални конвенции.[33] Пред опасноста од војна со Бугарија во текот на востанието, султанот правел сè во негова моќ за да биде во пријателски односи со Грција и се обидувал да склучи воена конвенција за евентуална помош доколку дојде до војна.[34] Поради сите овие причини, од страна на грчката држава била давана безрезервна поддршка во настојувањата на османлиските власти за што побрзо задушување на востанието.[35] На 01.08.1903 година на средба со романскиот дипломат во Атина, премиерот Ралис барал да го пренесе неговото чудење до романската влада кога гледал како „големите сили се двоумат да ѝ дозволат на турската армија да го спречи бугарското разбојништво во Македонија".[36] За ваквиот грчки однос спрема Османлиската Империја, српскиот амбасадор во Цариград, Христиќ пишува „гадно е да се гледа измеќарската улога која денес ја играат грчките конзули во Турција, тие во оваа криза на Балканот станаа прави турски улизувачи".[37]

Главна грижа на грчката влада била да докажува дека не се работи за востание на обесправеното население во Македонија, туку дека востанието било производ единствено на егзархискиот, односно спрема грчката перцепција на бугарскиот елемент во Македонија, како и дека се работи за големи упади на бугарски банди меѓу кои имало и офицери на бугарската армија, додека

собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување" одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Крушево 1979, 95.

[32] Грчки документи за историјата на Османлиска Македонија (крај на XIX и почеток на XX век), Скопје, 2023, 134.

[33] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 43.

[34] Seeks Greek Friendship, The Washington Times, September 5, 1903, 1.

[35] Д. Љоровски Вамваковски, Германос Каравангелис..., 218.

[36] Романски дипломатски..., 319.

[37] Документи о спољној политици..., 357.

останатото население се противело или не земало учество во востанието.[38] Грчката влада, дипломатски претставници, па дури и грчките свештеници во османлиска Македонија работеле со полна пареа за да го прикажат пред европската јавност, особено пред претставниците на Големите сили страдањето на грчкото население во Македонија, како од „бугарските комитаџии", така и од Османлиите.[39] Сепак предничеле извештаите со обвинувањата кон востаниците. Грчкиот премиер Ралис за Крушево јавно говорел како востаниците со динамит ги уништиле грчката црква и училиште во градот и повеќе од 200 грчки куќи, како и дека голем дел од Грците биле заклани.[40] Дури и кога се дознала вистината за Крушево, главниот аргумент на Грција бил дека разбојничките чети ги предизвикале Турците да вршат престапи, па дури и бил обвинуван Бахтијар паша дека бил поврзан со востаниците и затоа го уништил патријаршискиот дел од градот.[41] Грци, но помеѓу нив најверојатно и патријаршисти по потекло од Македонија, а населени во Атина протестирале за злосторствата во Македонија вршени од „бугарските чети".[42]

Наполно на страната на Османлиите за задушување на востанието биле и грчките свештеници во Македонија. Грчкиот митрополит Каравангелис личен пријател со Хилми паша, работел против востанието.[43] По негов налог бил убиен војводата Лазар Поп Трајков, за кого давал 50 лири.[44] За одмазда, но и по наговор на Каравангелис турската војска ги запалила селата Загоричани, Олиша, Б'мбоки, Черешница и Блаца.[45] По востанието истиот бил и против Балканскиот комитет и помошта која ја делеле неговите претставници на настраданите, па дури и ги следел нивните дејствија.[46] Со цел потврдување на изјавите на грчките владини лица, грчките свештеници во Македонија го принудувале населението да изјавува дека селата им настрадале од востаниците. Така леринскиот владика ги убедувал селаните на селото Арменско да кажат

---

[38] Крсте, Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1983, 183; Д. Љоровски Вамваковски, Германос Каравангелис..., 193-194.
[39] Н. Минов, Битка за жртвите..., 38.
[40] Н. Минов, Битка за жртвите..., 38; К. Битоски, Ставот на Кралството Грција..., 108.
[41] К. Битоски, Ставот на Кралството Грција..., 111.
[42] Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот фонд "Јилд'з", Скопје 1997, 117-118.
[43] Германос Каравангелис, Македонската борба (мемоари), Скопје 2000, 32.
[44] Д. Љоровски Вамваковски, Германос Каравангелис..., 237.
[45] Дневници и спомени за Илинденско-преображенското въстание, София 1984, 215.
[46] Г. Каравангелис, Македонската борба..., 35.

дека селото им настрадало од бугарските востаници.[47] Истиот тој дури и кога знаел за злоделата на Турците и тоа врз патријаршиското население, сепак не кажувал ниту збор за истите, обвинувајќи ги Бугарите за овие злосторства и притоа користејќи ја поволната ситуација за да конвертира цели егзархиски села во патријаршиски.[48] Се користеле и поедини убиства за да се прикаже теророт врз „грчкото“ население, каков што бил случајот со убиството на четворица жители на селото Брезница на 29.08.1903 година, убиени поради убиство на член на Организацијата, но свештеникот Цамис го прикажал како убиство зошто лицата биле православни Грци.[49]

Извештаите пак, кои не биле наменети за јавноста фрлаат една друга слика за настаните во Македонија, и во нив ситуацијата е прикажана пореално, без пропагандна позадина. И. Драгумис во едно писмо до татко му, од периодот на самите почетоци на востанието признава дека „сите славофони го следат Комитетот, православни и шизматици (патријаршисти и егзархисти Д.Б.), и поголемиот дел доброволно“.[50] Од друга страна понекогаш извештаите, дури и јавните се контрадикторни и демантирачки, па дури и комични во некои ситуации. Во септември 1903 година патријаршиските митрополити од Македонија и Тракија испратиле протест до Вселенскиот патријарх, кој бил препратен потоа до Големиот везир, во кој тие протестирале против бугарските претензии и извршените злосторства од комитетот против православните.[51] Истиот месец со цел здобивање на политички поени, а прикажување на најмрачното делување на „Бугарите спрема Грците“ во Цариград била издадена и двојазична брошура со наслов „Акт на протест на владиците, што и припаѓаат на икуменската патријаршија од името на православните христијани од Тракија и Македонија“.[52] Меѓутоа ваквиот протест на грчките митрополити, го демантира самиот грчки битолски митрополит Антим кој по посетата на Крушево изјавил: „Пљачка, оган, убивање, тоа било главната работа на турската војска“.[53] Со тоа тој ги демантирал дури и тврдењата на грчкиот премиер.

[47] Македония и Тракия..., 1995, 257.
[48] Reginald Wyon, The Balkans from Within, London,1904, 114.
[49] Д. Љоровски Вамваковски, Германос Каравангелис..., 229.
[50] Грчки документи..., 116..
[51] Грчки документи..., 124.
[52] Симон Дракул, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, Просвета, Куманово 1996, 367-369.
[53] Документи о спољној политици..., 437.

Контрадикторно е и барањето на грчката влада до британската, со која таа барала да се спроведе истрага за масакрот во Крушево и да се казнат виновниците, особено Бахтијар паша.[54] Со ова всушност се демантираат повторно изјавите на Ралис. Затоа ниту владите на Големите сили не верувале во грчките извештаи, иако во почетокот некоја можеби и би поверувала, особено доколку немала директни информации од терен. Но, потоа со оглед на фактот што сите тие добивале информации од нивните дипломатски претставници, кои истовремено ги демантирале со својата содржина грчките, никој не ги сметал за веродостојни,[55] и грчките извештаи не го постигнувале повеќе посакуваниот ефект.

**б. Српските известувања и политики**

Политиката на Србија исто како и грчката, не го поддржувала востанието. Разликата е што српската политика не била екстремна колку грчката, па оттука и српските дипломатски извештаи се далеку поумерени. Радикалите на Никола Пашиќ не се изјаснувале посебно за востанието, меѓутоа повеќето радикали го сметале дека тоа било дел од бугарската акција која го втурнала населението и дека било во интерес на бугарските претензии.[56] Печатот близок до властите или декларативно независен малку пишувал за Илинденското востание.[57] Српскиот крал пак бил против сите опции за Македонија, против делење, против автономија и реформи, и сакал само да види една турско-бугарска војна со што „Бугарија би добила една лекција за наредните 25 години да не помисли да се меша во Македонија“.[58] Поради ваквата политика на Србија која заземала непријателски став кон Бугарија, не е изненадувачки што востанието и последиците од востанието во српските пред сè јавни извештаи се прикажуваат како кривица од постапките на Бугарија. Особено илустративно тоа се гледа во еден коментар на едно експозе од бугарската влада за зулумите на турските војски во Македонија од страна на дипломатскиот претставник на Србија во

---

[54] Turkey. No. 1. (1904). Further correspondence respecting the affairs of South-eastern Europe March-September, 1903, London 1904, 315.
[55] К. Битоски, Ставот на Кралството Грција..., 109.
[56] Бранко Надовеза, Српската јавност и Илинденското востание, Прилози за Илинден 9, Крушево 2003, 109.
[57] Истото, 112.
[58] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 47.

Софија, Чолак-Антиќ при што вели: „Таму се изложува сè што трпело населението од редовната војска и башибозук, но никаде не се прашува: поради што таа војска била свикана, а поради што се испраќа и до најоддалечените села?“.[59] Притоа наоѓајќи ја вината во политиката на Бугарија, а истовремено дури напаѓајќи ги и комитите продолжува: „не може да се спори дека мирното муслиманско население многу претрпело од востанието, а од друга страна непобунетите бугарски селани, често пати и присилени ги помагале комитите, да се кријат и да се снабдуваат со храна и муниција“.[60] Во кореспонденцијата и документите кои не биле наменети за јавност, состојбите во Македонија се прикажуваат генерално мошне реално.

**в. Бугарската политика за востанието и известувања**

Политиката на Бугарија во однос на востанието е всушност најдволична. По Солунскиот конгрес Гарванов, Матов и Татарчев во Софија имале средба со бугарскиот министер за внатрешни работи при што им била ветена морална и материјална поткрепа за востанието.[61] Набргу потоа оваа политика на бугарската влада била наполно променета, бидејќи на меѓународен план и пред Османлиската Империја предвостаничката атмосфера за Бугарија претставувала сериозна компликација. Со цел намалување на надворешниот дипломатски притисок, како и за намалување на напнатоста во односите со Османлиската држава, бугарската влада презела мерки и најпрво го забранила Врховниот македонски комитет. Истовремено по налог од владата, трговските агентства стапиле во контакт со раководителите на Организацијата, убедувајќи гѝ да се откажат од востанието и да им дадат можност на реформите. Оваа политика на бугарската влада била прозрена од членовите на Организацијата и со одбивањето да го одложат востанието, дошол до израз самостојниот карактер на истото,[62] а Ѓорче Петров забележува дека „Бугарската влада и бугарскиот кнез сакаа во овој правец да му услужат на Ламсдорф, сакаа да го сопрат востанието, а нас да не потслизнат да ѝ станеме агенти на владата за таа цел“.[63] Начович

[59] Документи о спољној политици..., 314.
[60] Истото, 314-315.
[61] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 467.
[62] Истото, 490-492.
[63] Ѓорче Петров, Спомени, Кореспонденција, Скопје 1984, 165.

сметал дека Бугарија требала да престане да го охрабрува револуционерното движење и да ги преземат сите мерки за негово сопирање.[64] Оттука Бугарија во текот на востанието најенергично одбивала да ги помага востаниците.[65] Ваквата политика секако имала одраз во јавните извшетаи на Бугарската држава.

Слична како политиката на бугарската влада била политиката на Бугарската егзархија. Егзархот Јосиф I бил против секаква револуционерност на својата паства во Македонија.[66] Тој имал негативен став кон Организацијата и обвинувал дека населението „трпи не само од лошотиите на турската администрација, туку и од теророт на револуционерните комитети".[67] Уште пред востанието тој издал циркулар за воздржаност од востание во Македонија, а такви циркулари издал и во текот на востанието. Овие циркулари навистина биле издадени под притисок на Портата и дипломатските претставници на Големите сили, но кон крајот на востанието тој побрзал да ја обвини исклучиво Организацијата за кревање на востанието.[68]

### г. Романски известувања за востанието

Романската држава во однос на востанието се водела во согласност со генералната политика на политичките партнери од Тројниот сојуз. Затоа таа решила да одржи миројубив курс кон Османлиската држава, притоа користејќи ја оваа политика за признавање на романски епископ во Империјата.[69] Поради ваквата политика во Романија во почетокот на септември се случиле масовни апсења на Македонци.[70] Романската влада од своите дипломатски претставници била детално запознаена со ексцесите извршени од страна на османлиските војски и башибозуци и масовното учество на населението во востанието.[71]

---

[64] Валентин Китанов, Принос към дипломатическата история на България, Григор Начович и Българо-турското споразумение от 1904 г., Документален сборник, София 2004, 58.
[65] Документи о спољној..., 481.
[66] Александар Трајановски, Егзархијата и Илинденското востание, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување" одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од Илинденското востание, II, Крушево 1979. 155.
[67] Документи од виенската архива за Македонија од 1879-1903, Скопје 1955, 79.
[68] Истото, 156-157.
[69] Никола Минов, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Скопје 2013, 403.
[70] Писмо отъ Романия, Автономна Македония, година I, брой 10, 6 септемврий 1903, 4.
[71] види Романски дипломатски...

Меѓутоа, јавно за тоа таа не ја напаѓала Османлиската држава. Во согласност со нејзината политика таа се трудела да прикаже дека учеството на Власите во востанието било минорно, индвидиувално и под притисок на „бугарските бандити“. Сепак, вестите за масовно учество на влашкото население во Илинденското востание ги поткопале овие обиди.[72] И покрај сето јавно премолчување, па и негирање на вистината за настаните во Македонија од страна на романската влада, романскиот министер за надворешни работи Братиану во едно писмо побарал од романскиот амбасадор во Цариград Лаховари „пријателски но енергично да му свртите винмание на големиот везир за тешките последици од злочините кои ја повредуваат свеста на куцовласите“.[73] Како што се забележува тоа било направено најверојатно само поради политичките интереси на романската влада, пришто Братиану нагласува дека се повредувала свеста на Власите. Очигледен е стравот од намалување на романското влијание кај влашкото население за сметка на проширување на грчкото влијание. Инаку во согласност со романската политика, и романската влада слично како грчката, отишла дотаму, што ги присилувала Власите да пишуваат јавно писма дека комитите, односно востаниците ги палеле куќите,[74] секако со цел извлекување корист од тоа кај османлиските власти.

***

Покрај споменатите карактеристики со кои се одликуваат извештаите на државите со територијални претензииии кон османлиска Македонија, особено кога се работи за јавните извештаи, кај нив се појавува уште еден карактеристичен момент на кој треба да се внимава. Тоа е преценувањето на бројот на „сопствени“ цивилни жртви. Секоја од поедините држави се трудела да прикаже дека во текот на востанието претрпела најголем број на цивилни жртви. Всушност не се работи за нивни цивилни жртви, но заинтересираните држави поединците кои припаѓале кон нивните цркви согласно нивните сфаќања ги претставувале како сопствени жртви. Целта за ваквите известувања и обвинувања била цивилните жртви да се искористат како пропагандна алатка. Колку е поголем бројот на невооружено, невино население, толку повеќе се зголемувал повикот за одмазда. Тоа било целта поради која владите на овие

[72] Н. Минов, Влашкото прашање..., 388.
[73] Романски дипломатски..., 349.
[74] Истото, 338.

држави прикажувале поголеми „сопствени“ загуби, искористувајќи ги жртвите директно на теренот во османлиска Македонија, како и пред меѓународната јавност и Големите сили.[75] Затоа често во овие извештаи имаме преценувања на бројот на жртви од цивилното население.

Се појавувале и разни шпекулации во однос на палењето на некои места, какви што се настаните поврзани со Крушево. Имено случајот со грабежот, насилствата и палењето на Крушево не останал настрана од пропагандите. Од уништувањето и грабежот во Крушево нечепнат останал само бугарскиот, односно егзархискиот крај и црква.[76] Па оттука за ова прашање се појавиле различни шпекулации зошто било уништено патријаршиското маало, а егзархиското било поштедено. Една претпоставка била дека имало некаков договор со Турците и поткуп.[77] Митрополитот Антим исто така побрзал да ги обвини егзархистити, според кој тие биле виновни, бидејќи некоја комисија шизматици (егзархисти) писмено го уверила Бахтијар паша дека членови на револуционерниот комитет се сокриле во грчките куќи.[78] Ниту романската влада не останала настрана и исто така побрзала да го искористи моментот со трагедијата во Крушево согласно со својата политика. Таа ги присилувала Власите во Крушево да тврдат дека комитите палеле, иако во интерните документи романските дипломати и политичари биле свесни кој бил виновен за насилствата. Па така романскиот конзул во Битола Падеану до романскиот министер пишува дека војските биле виновни за грабежот, убиствата, силувањата и палењето,[79] а и самите Власи од романската заедница од Крушево на 07.09.1903 година пишуваат дека центарот и кремот на Крушево биле изгорени, ограбени и претворени во пепел од Бахтијар паша и башибозукот.[80] Сепак, под силниот притисок се појавиле и писма во кои Власите ги обвиниле востаниците за палењето на Крушево, какво што е едно писмо испратено до Хилми паша, во кое некои убиства, како и присилно собирање на пари им се препишува на востаниците. Меѓутоа и во ова писмо се наведува дека војниците

[75] види Н. Минов, Битка за жртвите...
[76] Љ. Лапе, Нови документи..., 39; Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 218; Извештаи од 1903-1904..., 80.
[77] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 218; Turkey No. 1 (1904)..., 278.
[78] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 305.
[79] Романски дипломатски..., 338.
[80] Истото, 461-462.

ги немале секаде спречено башибозуците да пљачкаат и да палат куќи, и покрај наредбите што нивните претпоставени ги издале.[81]

М. Ристиќ дава две претпоставки за палењето на патријаршиското маало во Крушево. Едната е дека имало поткуп од страна на востаниците, па затоа егзархискиот крај останал нечепнат, но оваа претпоставка и тој самиот не ја смета за точна. Втората претпоставка е дека војската не го нападнала егзархискиот крај бидејќи бил сиромашен, па немало што да се граба и пљачкосува.[82] На исто мислење се и Крал и бугарскиот трговски агент Недков.[83] Впрочем патријаршистите биле најбогати во градот.[84] Факт е дека судбината на цивилното население била одредена од нивната имотна и материјална состојба, а не од етничката и конфесионалната припадност, но заинтересираните страни побрзале да го искористат и овој трагичен момент во нивна полза.

### 1.4. Известувања на странските дописници, хуманитарните мисии и патописци

Покрај споменатите извештаи и извори за настаните во османлиска Македонија од страна на заинтересираните страни, постојат голем број на написи од дописниците за европскиот и светскиот печат, лицата кои дошле во Македонија како претставници на хуманитарните мисии и патописци. Од сите овие најбројни се написите од дописниците за странските весници.

Со цел запознавање со македонското револуционерно движење и одблизу следење на настаните во текот и по востанието, голем број на весници испратиле политички и воени дописници во Македонија. Дописник на американските весници бил Линч. Весникот „Дејли Њус“ ги испратил политичкиот дописник Џон Мекдоналд и веониот дописник А. Г. Хелс, кој дури и зел директно учество во револуционерното движење во Серскиот револуционерен округ. Од Велика Британија во Македонија како дописници дошле и воениот кореспондент на „Ројтер“ А. Хамилтон; на „Дејли Мејл“ Реџиналд Вион; на „Манчестер Гардиан“

---

81 Турски документи за Илинденското востание, 209-212.
82 Љ. Лапе, Нови документи..., 42.
83 Извештаи од 1903-1904..., 80; Македония и Тракия..., 209.
84 Н. К. Майски, „Гр. Крушово...,1934, 15.

Хенри Ноел Брејлсфорд и на „Глазгов Хералд“ Грам.[85] Покрај споменативе свои дописници имале и француските, италијанските и други весници.[86]

Печатот по правило спаѓа во секундарните историски извори. Меѓутоа во некои случаи тој може да биде значаен информатор, фрлајќи една друга светлина на случувањата, бидејќи како хроничар ги регистрирал секојдневните настани и случувања. Во некои случаи тој дури може да биде поавтентичен од други извори кои ги сметаме за примарни.[87] Весниците со цел подетално известувања за случувањата во Македонија кои предизвикувале голем интерес во јавноста, отвориле специјални рубрики исклучиво за настантите во Македонија. Тие биле насловени: „Македонија“, „Македонското прашање“, „Востание во Македонија“, „Народно востание во Македонија“, „Сѐопшта револуција во Македонија“ и сл.[88] Преку посебните рубрики за настаните во Македонија, македонското прашање и секојдневни најнови информации во врска со случувањата, печатот одиграл значајна улога во запознавањето на јавноста со фактичката состојба во османлиска Македонија во текот на востанието и потоа.[89] Еден поголем проблем со печатот, покрај што веќе напоменавме дека се работи за секундарен извор, е што има огромен број на дневни весници, кои секојдневно известувале за настаните во Македонија. Голем број од весниците ги преземале информациите едни од други, па така тие се повторуваат. Затоа мора да се направи селекција на тоа кој весници ќе се користат, бидејќи користење на сите е практично невозможно.

Како и кај другите извори, така и кај печатот исто така е многу битно од каде се добиени информациите што се објавени. Дали се добиени директно преку нивни дописници на теренот или од други информатори. Понатаму е битно каква била нивната политичка ориентација, дали биле повеќе наклонети кон востаниците или кон Османлиската држава или пак, заземале неутрален став. Во Франција амбасадата на Османлиската Империја, била господарка на главните

---

[85] Странскиот печат за Илинденското востание, Скопје 1953, III-IV.
[86] Истото, IV.
[87] Благој Стоичковски, Одгласот на Илинденското востание во дел од британскиот печат, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Крушево 1979, 737.
[88] Странскиот печат..., III.
[89] Б. Стоичковски, Одгласот на Илинденското..., 738; Х. Андонов—Полјански, Илинденското востание..., 59.

весници, па весникот „Le Figaro“ пишувал според интервенциите направени од страна на Мунир паша.[90] Од друга страна кореспондентот на парискиот весник „Le Temps“ се сметал за близок со револуционерниот комитет, па оттука неговите сведенија се сметале за тенденциозни и не можела да се гарантира нивната полна достоверност.[91] Виенскиот весник „Beue freue presse“ бил исто така според зборовите на Гирс, туркофилски.[92] Османлиите исто така имале поткупено некои од кореспондентите на весниците за да шират благопријатни извештаи за османлиската влада. Таков бил францускиот журналист Наполеон.[93] Весниците пак, во Константинопол, особено оние на турски јазик, од избувнувањето на востанието, секојдневно известувале само за описи на атентати извршени од страна на бандите, нивното гонење насекаде, како и изјави за наредена мобилизација и за движењето на војските.[94] Затоа, кога се разгледуваат написите во весниците треба да се имаат предвид сите овие прашања.

Патописите, во годините по востанието, главно се од лица кои биле дојдени во Македонија во хуманитарна мисија или како дописници на некој од весниците како што е Реџиналд Вион и Хенри Ноел Брејлсфорд, или па и за двете. Така Брејлсфорд покрај тоа што бил испратен од Балканскиот комитет на чело на хуманитарна мисија бил и дописник за британски весник, а издал и своја книга во 1906 година за тоа што видел во Македонија. Од овие лица драгоцени се ѝ писмата кои ги испраќале со извештаи и отчет за сработеното; што е потребно да се набави за населението и сл. Во нив зборуваат за претрпената штета, бројот на жртви, обездомени или раселени лица. Сите овие извори фрлаат една светлина за согледување на настаните и ситуацијата во Македонија од еден друг посликовит агол, а истовремено се ѝ примарни извори за хуманитарната помош која ја делеле на теренот во Македонија.

---

[90] Романски дипломатски..., 343.
[91] С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 299.
[92] Истото, 328.
[93] Истото, 450.
[94] Романски дипломатски..., 343.

## 2. Митови и вистини за некои аспекти на Илинденското востание

**1.** Патот на Илинденското востание бил трасиран на Солунскиот конгрес на ТМОРО[95] кој започнал со работа на 2/15 јануари до 1903 година.[96] Еден ден по почетокот на конгресот била донесена едногласна одлука за востание во 1903 година.[97] Одлука била донесена во едни сложени околности. Во ова време надвиснувала опасноста од ВМК за повторно кревање на востание во пролетта 1903 година. Цончев уште на 10/23 декември 1902 година упатил повик до сите офицери Македонци и Одринци да ја напуштат службата во бугарската армија за да земат учество во претстојното востание. Иако прашање е дали споменатиов повик претставувал притисок врз ТМОРО за прифаќање на неговите услови во преговорите или притисок од трета страна за изнудување на решение за востание,[98] очигледно е дека се работи за вршење притисок.

Одлуката за востание не треба да не доведе до заблуда дека се работи за предвремено востание, како што пишува вообичаено во постарата литература, ниту пак дека Врховистичката провокација или опасноста од повторно кревање на востание од врховистите се причината поради која било била донесена одлуката за предвремено востание. Ова е само едно камче од мозаикот кое довело до одлуката за востание. Треба да се има предвид дека самата состојба во Македонија била дојдена до точка на вриење од која немало враќање назад. Од друга страна основната цел на Македонската револуционерна организација била извојување на автономија на Македонија во рамките на Османлиската Империја, која се сфаќала како етапа кон создавање на независна македонска држава.[99] Востанието од творците на МРО било сметано како нужно средство кон посакуваните цели, па оттука во текот на годините по формирањето на Организацијата следувале повеќегодишни илегални морални и материјални подготовки на востание.[100]

---

[95] За Солунскиот конгрес на ТМОРО види Ванчо Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес на ТМОРО 1903 година и прашањето за востание, Историја 40, 1-2 ,2004; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 457-467.
[96] В. Ѓорѓиев, Солунскиот..., 84.
[97] Истото, 86.
[98] Ванчо Ѓорѓиев, Илинденското востание (1903), Востанијата во Македонија, Скопје 2015, 225..
[99] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 131-133, В. Ѓорѓиев, Илинденското востание..., 221.
[100] В. Ѓорѓиев, Илинденското востание..., 221.

**2.** Често во литературата може да се сретне и дека востанието било изненадно и Османлиите биле изненадени и неспремни го дочекале востанието, што е повторно уште еден мит. Востанието не било воопшто изненадно ниту за османлиските власти, ниту пак, за дипломатските претставници на Големите сили. Сите тие знаеле дека во Македонија ќе има востание. Во дипломатските извештаи од почетокот на 1903 година се говори дека во Македонија се готви востание.[101] А. Билотти на 25.02.1903 година пишува: „Многу малку се сомнежите дека востаничко движење од некој вид против власта ќе се случи оваа пролет, и единствено прашање е колку движењето ќе се прошири и каква важност ќе има".[102] Не случајно во февруари 1903 година Големите сили донеле проект за реформи, а два месеци пред тоа и султанот. Целта била да ја оладат жешката и напнатата атмосфера и да се обидат да го превенираат востанието. Во една османлиска телеграма уште на 10 декември 1902 година пишува дека „Како во Македонија, така и во реонот на Мало Трново и Лозенград е планирано подигнување на востание во пролетта".[103] Така што востанието за Османлиската држава во никој случај не било изненадно. Единствено што во прво време не било познато бил датумот на започнување и неговиот опсег и силина.

**3.** Многу често во македонската историографија Илинденското востание се поистоветува дека било на целата територија на османлиска Македонија, што е повторно уште еден мит и таквото гледање на работите е погрешно. Имено во поглед на датумот за востание на Солунскиот конгрес тој не бил определен.[104] Според протоколот од конгресот било решено само на пролет да има востание, кое не требало да биде делумно, туку посвемесно и стратешко.[105] Иако во протоколот за тоа не станува збор, според некои од учесниците на Солунскиот конгрес, окружните комитети требале потоа да одржат конгреси за да се произнесат по одлуката за востание.[106] Вакви конгреси биле одржани во

---

[101] Види С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори; Извештаи од 1903-1904...; Љ. Лапе, Нови документи..., 13-15; The Events of 1903 in Macedonia as Presented in European Diplomatic Correspondence, Thessaloniki 1993.
[102] The Events of 1903..., doc. 9.
[103] Стоянка Кендерова и Маргарита Добрева, Документи за историјата на Илинденско-Преображенското въстание, съхранавани в Истанбулския османски архив на генералната дирекция на държавните архиви на Република Турция, Известия на държавните архиви, 85-86, 2003, 295.
[104] В. Ѓорѓиев, Солунскиот конгрес..., 86.
[105] Ванчо Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903 поглед низ документи, Скопје 2013, 353.
[106] В. Ѓорѓиев, Илинденското востание..., 228.

Битолскиот, Серскиот и Одринскиот револуционерен округ. Самиот датум за востание бил определ од Главниот штаб на Битолскиот револуционерен округ и тој бил прифатен од ЦК на ТМОРО и препорачан до другите окрузи.[107]

Во Мемоарот на Внатрешната организација издаден една година по востанието се вели дека на Солунскиот конгрес било решено да има масовно востание само во Битолскиот и Одринскиот вилает, а во Скопскиот и Солунскиот вилает само четничко движење за диверзија.[108] Во последниве два вилаети понатаму пишува дека не било предвидено да се крене востание, а малубројните партизански одреди требало да ги држат во постојана тревога турските власти, уништувајќи ги железничките, патните и телеграфските линии и попречувајќи го движењето на војската.[109] Такво нешто на Солунскиот конгрес воопшто не било решено. Напротив, иако во Мемоарот е премолчено, во Серскиот оркуг, кој опфаќа делови од Солунскиот вилает бил одржан конгрес, при што на 05.09.1903 година било донесено решение да се објави востание на 14.09.1903 година ст. стил, на верскиот празник Крстовден. И на овој конгрес било одлучено востанието да биде посвемесно.[110] Со тоа се демантираат тврдењата во Мемоарот. Меѓутоа во Солунскиот, Струмичкиот и Скопскиот револуционерен округ не се одржале окружни конгреси и немало масовно востание со вклучување на населението, па кога говориме за нив всушност говориме за востанички дејствија. Од друга страна кога се говори за Илинденското востание како што споменавме се добива впечаток дека се работи за востанички активности од 1903 година на целата територија на османлиска Македонија, иако тоа се одвивало на територијата на Битолскиот револуционерен округ. Во другите револуционерни окрузи во османлиска Македонија востаничките дејствија биле започнати од летото 1903 година и се засилиле со започнувањето на востанието во Битолскиот револуционерен округ.[111] Во Серскиот револуционерен округ пак, според одлука на окружниот конгрес востанието започнало на Крстовден, иако и таму имало востанички дејствија и пред определениот датум. Всушност целата 1903 година, особено од пролетта, османлиска Македонија била во состојба на едно пернаментно востание. Ситуацијата била доста нестабилна, исполнета со

---

[107] Ванчо Ѓорѓеив, Анастас Лозанчев, Скопје 2014, 169.
[108] Македония и Одринско..., 118.
[109] Истото, 173.
[110] Ив. Г. Бѣлевъ, Въстанието въ Сѣрския революционен окрѫгъ презъ 1903 год., Илюстрация Илиндень, година 2, книга 10, София, ноемврий 1929, 4; Дневници и спомени..., 165.
[111] В. Ѓорѓиев, Илинденското востание..., 220.

претреси, чести судири помеѓу војски и организациските чети, грабежи, насилства и сл. Особено ваквата нестабилност и зголемување на насилствата се случиле по Солунските атентати. Затоа кога говориме конкретно за востанието кое било кренато на 20.07/02.08.1903 година тогаш се работи исклучиво само за Битолскиот револуционерен округ, кој главно се поклопува со границите на Битолскиот вилает. Во Серско би било сосема погрешно да се говори за Илинденско востание, бидејќи таму востанието е официјлано започнато на Крстводен, односно тоа е Крстовденско востание. Според Динев борбите во летото 1903 година од левата страна на реката Вардар не можат да се идентификуваат со самото Илинденско востание, ниту можеме да говориме за масовно движење на населението. Борбите во овој дел биле локални четнички движења и обични судрувања помеѓу војските и четите.[112] Во Солунскиот, Скопскиот и Струмичкиот револуционерен округ востаничките дејствија започнале пред или околу Илинден, напоредно со акциите во Битолскиот вилает, па затоа можеме да ги гледаме во склоп на Илинденското востание, но сепак треба да се прави јасна дистинкција. Од друга страна во колективната меморија на Македонскиот народ е останато Илинденското востание како настан со кој се означуваат востаничките дејствија и активности на целата територија на османлиска Македонија. Оттука, доколку Илинденското востание го прифатиме само како термин со кој ја означуваме целокупната востаничка 1903 година тогаш не би било погрешно, бидејќи историчарите и за други настани и држави понекогаш користат договорни термини за да ги означат или разликуваат, како што го користиме и ние во случајов и ги подразбираме последиците за целокупната територија на османлиска Македонија. Особено што кога се разгледуваат некои моменти како економскиот, во некој дел и да немало востание, сепак било да е тоа поради несигурности или прекинати патишта, железници и сл. и тој дел можел да претпи последици од востанието. Но, треба да се прави јасна дистинкција во каков контекст и за што се употребува терминот за да нѐ не доведе до заблуда, бидејќи востанието не започнало секаде истовремено, а некаде и немало официјално објавување на востанието и тоа започнало спонтано и стихијно.

[112] Ангел Динев, Илинденската епопеја, книга прва, Скопје 1987, 352.

**4.** Во некои од извештаите на дипломатските претставници на Големите сили дали за да ги оправдаат злоделата на турските војски и башибозуци, или поради неточни информации, се среќаваат тврдења дека востаниците оделе кон тоа да провоцираат колеж, односно дека тоа им била главната цел за да се предизвика меѓународната јавност. Така баранот Калице тврди дека „комитетите одат постојано кон тоа да провоцираат колеж, со оглед на тоа што таквиот во Турција секогаш има за последица странска интервенција со исклучок на ерменскиот“.[113] Иако навистина востаниците сакале да предизвикаат интервенција од Големите сили, но тие секогаш гледале да го поштедат невиното население од страдање. Дури по уништувањето на селото Смрдеш во пролетта 1903 година за да го поштедат населението од насилства, како и за да си ја зачуваат базата за снабдување со храна, востаниците ги избегнувале судирите со османлиските војски во населените места.[114] Впрочем целта на востанието не била да се победи Турција, туку таа да не може да ги победи востаниците, зашто востанието требало да биде долготрајно, макар и послабо.[115] Ваквата цел не можела да се постигне доколку се одело кон тоа да се предизвика колеж, бидејќи на тој начин востанието не бил траело долго, а со колежот и уништените села востаниците би останале и без бази за снабдување со храна и други потребштини. Затоа ваквите пишувања се невистини, очигледно со цел посочените политичари да ги оправдаат своите постапки за недејствување против злосторствата што биле извршени врз населението во османлиска Македонија.

---

[113] Документи од винеската..., 89.
[114] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 104.
[115] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 496.

# ГЛАВА II. Раскрварена Македонија

*„...сите градови се обвиени во црно од сочуство за раскрварената Македонија“* – Вашингтон Тајмс.[116]

## 1. Немирна пролет

Ситуацијата во османлиска Македонија уште пред почетокот на Илинденското востание била напната и нестабилна, исполнета со судири меѓу четите и османлиските војски, како и насилства врз населението. Всушност таа била таква уште од самиот почеток на XX како резултат на бројните провали и афери во овие години. Насилствата и теророт врз населението, особено се засилиле од есента 1902 година по Врховистичката провокација, која иако не прераснала во востание, како своја последица предизвикала многу афери и силна репресија од страна на властите.[117] Состојбата била воена и вонредна исполнета со убиства и мачења врз цивилното население, како и грабежи. Селата биле пребарувани под претекст дека се бара оружје, а притоа селаните тепани и мачени се додека не го предадат оружјето. Доколку не го поседувале, често пати биле присилени да купат за да потоа го предадат на властите. Попатно, заедно со насилствата, при претресите војниците ги кршеле сандаците на куќите земајќи сè што имало некаква вредност.[118] До конзулите секојдневно пристигнувале жалби од населението за сторените кривични дела, а кога тие за ваквите престапи реагирале кај властите, валијата прво изјавувал дека работата била надуена, но ветувал дека ќе се казнат виновниците, иако по обичај ништо не преземал. Поради ваквата попустливост на властите злосторствата само се зголемувале.[119] Во февруари 1903 година биле воведени реформи со цел смирување на состојбите во османлиска Македонија, но тие доживеале тотално фијаско.[120] Во еден француски извештај се забележани секојдневни напади,

---

[116] Bulgarian flame tanned by reports of outrages, The Washingotn Times, September 26 1903, 1.

[117] Ванчо Ѓорѓиев, Врховистичката востаничка провокација (1902), Востанијата во Македонија, Скопје 2015, 215.

[118] Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија. Нејзините народни и нејзината иднина, Скопје 2003, 198; С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 247.

[119] С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 244-248.

[120] Ванчо Ѓорѓиев, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни (прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година), Скопје 2013, 115.

грабежи и силувања во Прилеп во текот месецот април.[121] Скопската егзархиска митрополија истиот месец дава еден опширен извештај за голем број на насилства и штети кои ги правел аскерот во споменатата епархија. Притоа биле упасени 10 лица со обвиненија за давање на леб на комитите.[122] Австро-унгарскиот конзул во Битола од пролетта 1903 година па натаму забележува многу случаи на грабежи, изживувања и мачења врз населението. Како најлоши од овие настани се забележани они во селата: Орле, Маково, Рапеш, Мегленци, Новаци, Црничани, Дедебалци, Загоричани, Куманич, Ѓавато, Цапари, Љубојни, Д'мбени, Бонче, Кономлати и други села.[123] Злосторствата и насилствата врз цивилното население довеле до тоа многу недолжни луѓе да бегаат од своите села, придружувајќи сè на четите, со што дополнително се јакнеле редовите на Организацијата.[124]

Цела Македонија во почетокот на 1903 година, а особено од пролетта била преплавена од чети. Сè повеќе зачестувале судирите на четите со османлиските војски. Во еден Општ план за целите на востанието од мај 1903 година се наведува дека без да прогласат востание, од февруари наваму судирите со османлиските војски станувале сè почести, а таквата положба во очите на Европа била востаничка.[125] Според османлиските официјални статистики во 1903 година до почетокот на востанието се забележани 94 судири помеѓу војската и четите.[126] *De Facto* од пролетта 1903 година, а особено по Солунските атентати, Османлиската Империја се наоѓала во воена состојба.[127]

Солунските атентати кои започнале на 15/28.04.1903 година претставуваат искрата која го запалила бурето со барут. По нив дошло до една многу напната атмосфера и понатамошно заострување и влошување на положбата на населението во османлиска Македонија. Првично била прогласена воена состојба во градот Солун, а војската започнала масакр врз невиното цивилно егзархиско население. Масакрот траел од 29 април, па сè до попладневните часови на наредниот ден. За смирување на ситуацијата дури се појавиле и

---

[121] Илинден во француски..., 65-66.
[122] ДАРСМ фонд 495 Скопска егзархиска митрополија Скопје 1890-1913, 1.495.1.24/59-60 л. 2.
[123] Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, Скопје 1955, 54-58.
[124] Документи од виенската..., 81.
[125] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 393.
[126] Турски документи за оружените борби во Македонија 1903–1908, Скопје 2007, 11-61.
[127] Манил Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје 1978, 59.

странски воени бродови во Солунското пристаниште.[128] Бројот на жртви од насилствата е речиси невозможно да се утврди и тој варирал од 35 лица според пресметките на валијата, па сè до 300 лица. Официјалната бројка од 30 до 40 лица според бројот на трупови погребани на бугарските гробишта тешко да е вистинита. Францускиот конзул Стег лично видел како се пренесуваат дваесетина трупови, но не сите биле пренесувани на бугарските гробишта. Така кога бил убиен еден свештеник во егзархиската црква, никаков труп не бил пренесен на гробиштата. Служителите говореле дека 112 „Бугари“ биле убиени и оваа бројка според Стег била поверојатна.[129] Ниту во Мемоарот на Внатрешната организација не се дава прецизна бројка за бројот на убиени. Според него, тој број не бил помал од 200 и поголем од 300 лица.[130] Бројот на уапсени пак, бил далеку поголем, а според романскиот амбасадор во Цариград, 20-тина од нив биле стрелани.[131]

Насилствата, убиствата и апсењата набрзо се прошириле на целата територија на османлиска Македонија. Рускиот конзул во Битола Ростковски забележал дека „манијата на убиства го има зафатено, би можело да се каже, целото население на Битолскиот вилает. Веднаш по низата убиства на Турци, извршени од христијаните, се започнаа репресалии од страна на муслиманите, при што на властите никако не им успева да ги фатат виновниците. А таквата неказнетост придонесува само за зголемување на бројот на злосторствата“.[132] И во Скопскиот вилает, Солунските собитија силно го возбудиле муслиманското население во градот, а состојбите мошне се изостриле. Во две џамии се одржале советувања на кои било решено да бидат истребувани сите „Бугари“, веднаш штом ќе биде извршен и најмал атентат.[133] Според бугарскиот трговски агент во Скопје, бројот на уапсени лица во Скопскиот вилает изнесувал 495.[134]

Во Битола недела дена по Солунските атентати, на 6 мај се случил Ѓурѓовденскиот масакр, кој бил сличен на солунските, но за среќа во помали размери. Тој не претставува само одглас на атентатите и имал подлабоки

---

128 Б. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 484-485.
129 Македония, Собрник от документи и материали, София 1978, 450.
130 Македония и одринско..., 111.
131 Романски дипломатски..., 289.
132 С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 103.
133 Истото, 111.
134 М. В. Михов, С кърст..., 43.

корени.[135] Вилаетските власти вешто манипулирале со гласините користејќи ги атентатите како покритие за преземање на драстични мерки. Притоа во текот на два дена била убиени 25 лица и тешко ранети уште 30 лица. Среќна околност била што масакрот започнал попладнето, кога чаршијата била затворена, а потоа следувал верски празник, па настрадале повеќе стари и изнемоштени лица. Во спротивно, да била отворена чаршијата бројот на убиени и ранети би бил далеку поголем.[136] Покрај овие жртви, по масакрот започнале апсења и биле затворени повеќе од 20 христијани како предизвикувачи на немирите, а на жестока тортура во затворот подлегнале шестмина од нив.[137] Со нив, вкупниот биланс на жртви од Ѓурѓовденскиот масакр се искачил на 31 лице. Вкупниот број на лица кои била уапсени во османлиска Македонија по Солунските атентати и кој бил признат од Хилми паша изнесува 1.124 лица, од кои 461 лице отпаѓа на Битолскиот вилает, 382 лица на Солунскиот вилает и 281 лице на Скопскиот вилает.[138]

Од крајот на април 1903 година османлиските војски започнале и со палење на поедини села. Според тврдењето на П. Јаворов директно од Цариград била издадена тајна наредба да се уништи секое село во кое се наоѓа револуционерна чета.[139] За ова тврдење не најдовме потврда во документи, меѓутоа фактите говорат дека навистина во овој период биле запалени неколку села. На 16/29.04.1903 година селото Балдево било опколено од војската и башибозукот под претекст дека во селото е донесено оружје. За казнување на селото, во присуство и по заповед на кајмакамот, куќите биле испрскани со гас и запалени, при што биле изгорени 63 куќи, а во селото останале само шест куќи. 58 лица од селото и околните села кои не успеале да избегаат биле закални.[140] На 4 мај со загинувањето на Делчев, селото Баница било пепелосано при што изгореле 124

---

135 види Димитар Димески, , Ѓурѓовденскиот масакр во Битола, 1903 година, Историја/ Journal of History 7.2, 1971.
136 С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 123; Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр..., 147-148.
137 Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр..., 149.
138 Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902/1904 дипломатически документи, София 1978, 247; М. В. Михов, С кърст..., 43.
139 П. К. Яворовъ, Гоце Дѣлчевъ, София 1917, 84.
140 Македония и Одринско..., 104; Македония и Тракия..., 344. Во еден британски извештај пишува дека во Балдово биле изгорени 96 куќи, а останале само 6 куќи неизгорени (Turkey No.2 (1904)..., 149).

куќи. Покрај тоа изгореле три жени и две деца, а исчезнале без глас 14 малолетници.[141] Во Штипско било изгорено селото Карбинци.[142]

Особено забележителен инцидент во овој период е нападот на селото Смрдеш кој се случил ноќта на 8 спрема 9 мај, односно 21 спрема 22 мај н.с.[143] Според Брејлсфорд селото било нападнато без никаков повод и причина. Едноставно поради тоа што мајорот Ајредин се договорил со башибозукот за возврат на слбодите што ќе им ги даде, тој да добие добар процент од парите од продажбата на пленот.[144] Но, според официјалните податоци од османлиските власти, кои британскиот вицеконзул ги добил од валијата, повод за нападот на селото било што таму се наоѓала голема чета предводена од Чекаларов. Во нападот војниците употребиле топ, кој погодил магацин со динамит при што експлозијата предизвикала речиси тотално уништување на селото.[145] Вистина е дека Чекаларов неколку дена пред нападот, на 01.05/14.05.1903 година се наоѓал во Смрдеш, но на денот на нападот тој не бил таму, и дури на 10.05/23.05.1903 година повторно пристигнал во селото.[146] Оттука тврдењето на валијата е неточно, и тоа било само изговор за да се оправда уништувањето на селото. Турскиот аскер и башибозукот уште во текот на ноќта довлечкал топови во околината на Смрдеш, и со нив, и со пушки отворил оган кон селото. Утрото по разденувањето аскерот и башибозукот навлегле во селото и започнале со систематско и методичко ограбување на куќите. Притоа наоѓајќи тенекии со газија, ги полевале и потоа ги потпалувале куќите. Исто така со ред започнале да ги убиваат, со пушки, секири и камења жителите на селото на кои ќе наишле, а на некои прво ги мачеле, сечејќи им ги ушите за да кажат кај ги кријат парите па потоа ги убивале.[147] Вкупниот биланс на убиени мажи, жени и деца изнесува 87,

---

[141] С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 113; Македония и Одринско..., 104. Во еден Британски извештај е наведено дека во Баница изгореле 148 куќи, а неизгорени останале само 22 куќи (Turkey No.2 (1904)..., 149).
[142] П. К. Яворовъ, Гоце Дѣлчевъ, 84.
[143] Освободителната борба въ Костурско (до 1904 год.) по спомени на Пандо Кляшевъ, София 1925, 115; Turkey No. 1 (1904)..., 129; Турски документи за оружените..., 46; Н. Темчевъ, Жертвитѣ при потушаване на Илинденското възстание, Илюстрация Илиндень, година XV, книга 1, 1943, 15.
[144] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 209.
[145] Turkey No. 1 (1904)..., 131.
[146] Васил Чекаларов дневник 1901-1903 г., София 2001, 231-234.
[147] Освободителната борба въ Костурско..., 115-120; Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 210; Н. Темчевъ, Жертвитѣ при..., 15.

ранети околу 50 и уште 35 жени и девојки обесчестени.[148] Исто така од 251 куќа во Смрдеш, биле изгорени 184 куќи, една вакафска куќа, 19 дуќани и две училишта.[149] Трагедијата на ова село била уште поголема поради тоа што во текот на востанието на 25 август војската повторно навлегла во селото ограбувајќи го преостанатиот добиток.[150]

Два месеци непосредно пред избувнувањето на востанието тепањата, престрелките и затворањата зазеле ужасни размери, па оттука востанието станувало и една неизбежна реакција.[151] За состојбата во предвечерјето на востанието, австро-унгарскиот конзул Крал пишува: „Одделни постапки со мали нијанси си остануваат речиси секогаш исти: тепање и мачење од страна на воените одреди што вршеле претрес...без секаква причина, само поради свирепост, пљачкање и кражба по селата, истапи од страна на собирачите на данок, насилства на мухамеданите врз нивните христијански соседи или сограѓани, убиство по убиство, палежи“.[152]

Британскиот вицеконзул Џејмс Мек Грегор набројувајќи ги насилствата вршени од војниците вели: „Во поглед на овие варварски однесувања кои се толерирани, ако не и поддржани од Валијата, не е изненадувачки што нови регрути секојдневно се приклучуваат во востаничките редови“.[153] Под изговор дека бара оружје, војската само во месец јули во Битолскиот вилает мачела и тепала вкупно 106 лица од различни населени места.[154] На 20.07.1903 година 60 селани од „патријаршиското село Брод дошле во Битола и со својот свештеник ги обиколиле конзулите жалејќи сè на малтретирањето извршено врз нив од еден одред од 120 војници, кои биле десет дена сместени кај нив, без оглед на тоа

---

148 Овие се бројки според Мемоарот на Внатрешната организација (Македония и Одринско..., 106). Според турските документи биле убиени 81 маж и жена и 20 ранети (Турски документи за оружените..., 46). Додека Пандо Кљашев во своите спомени наведува дека биле убиени околу 85 лица и околу 50 биле ранети, од кои многу потоа останале сакати (Освободителната борба въ Костурско..., 121).
149 Турски документи за оружените..., 46. Во друг турски документ е наведено дека во Срдеш биле изгорени 223 куќи (Турски документи за Илинденското востание, 140). Во Мемоарот на Внатрешната организација пак е наведено дека биле изгорени 166 куќи (Македония и Одринско..., 203).
150 Темчевъ, Жертвитѣ при..., 16.
151 The Balkan Question, the present conditions of the Balkans and of European responsibilities by various writers, Edited by Luigi Villari, New York 1905, 212; Британски документи за историјата на Македонија (1901-1904), Скопје 2012, 352-356.
152 Извештаи од 1903-1904..., 54.
153 Turkey. No. 1. (1904)..., 243.
154 Британски документи..., 356.

дека во нивното село не било пронајдено оружје. Тие изјавиле дека нивните жени не се осмелувале да ги напуштат куќите, дека мажите биле принудени да останат дома наместо да одат на работа во полето, дека тепањето било секојдневна работа и дека нивните градини и овоштарници биле систематски ограбувани од војниците (илјавите)“.[155] Дипломатските извештаи изобилуваат со описи на вакви случаи, па би било излишно да ги набројуваме сите насилства поодделно. Меѓутоа, сето тоа било само увертира на тоа што следувало по објавувањето на востанието.

Да се направи еден конечен, сумарен биланс за жртвите до објавувањето на востанието во 1903 година е невозможно, бидејќи сите убиства, ранети лица и запалени куќи не се регистрирани во извештаите, а некаде не се познати ниту конкретни бројки. Според извештаите во кој се наведени прецизни бројки за некои места, во периодот до почетокот на востанието биле убиени 181 лице од цивилно население, а изгорени 372 куќи. Меѓутоа бројот на цивилни жртви е далеку поголем, и во нив не ги вклучивме ниту жртвите од Солунските атентати, бидејќи не е позната точна бројка на убиени.

| | |
|---|---|
| Убиени цивили | 181 |
| Ранети цивили | 80 |
| Исчезнати лица | 14 |
| Изгорени куќи | 372 |

*Табела 2. Материјални и човечки жртви во првата половина на 1903 година до почетокот на Илинденското востание*[156]

## 2. Владеење на теророт од 02.08 до 02.10.1903 година

Османлиска Македонија уште од пролетта *de facto* се наоѓала во состојба на едно пернаментно востание со воена состојба. Избувнувањето на востанието дополнително го распламтило огнот кој дотогаш тлеел и ситуацијата драстично се влошувала со секој изминат ден. Насилствата, палењето на селата, грабежите, кои ги имало и дотогаш, продолжиле, само во поголеми размери. Уште на вториот ден од востанието, биле запалени и изгорени до темел селата Крушје и

[155] Истото, 354.
[156] Во пресметките не ги вклучивме лицата убиени во Солун по Солунските атентати.

Леорека, откако претходно биле ограбени,[157] додека веќе на 6 август Лусиен Проа забележува повеќе од 70 села кои биле опустошени.[158] Аналогно на разгорот на востанието и поголемите востанички успеси со ослободување на некои населени места, растеле и османлиските репресалии, кои пред сè имале одмаздничкi карактер.[159] Кај војската постоела голема недисциплинираност, која особено била забележителна кај илавите, втората класа резерви.[160] Тие ги вршеле најголемите злосторства, грабежи и убиства врз цивилното население. Илавите не бирале кого ќе нападнат и ги напаѓале и христијаните и муслиманите. Во селото Патишка Река биле извршени груби истапи и врз христијаните и врз муслиманите, а бил мачен со тепање и еден муслимански кмет.[161] Во весникот Вашингтон Тајмс се наведува дека турските офицери не биле во можност да ги контролираат војниците кои убивале од забава во Македонија.[162] Доколку тие не сакале да се здружат во извршувањето на зулуми, ги гледале со скрстени раце, а понекогаш и самите биле приморани да се засолнуваат од заплашувањата на своите распашани војници.[163] Дури се случило во Прилеп војник да убие офицер кој му попречил да ограбува.[164]

Палењето и грабежот на селата станале секојдневие. „Од секаде јавуваат за зулум, пожар и убиство...секој момент се слуша дека се запалени куќи, воденици, сена и жита во поедини села“ – пишува Михајло Ристиќ.[165] Покрај бројните напади и уништувања на населени места кои биле во рацете на востаниците, чести биле нападите и на села без доволна причина, само за грабеж и наситување на војниците. На 28 август војската на вандалски начин и без доволна основа ги уништила селата Олишта, Б’мбоки, Загоричани, Шестеово и Апоскеп, а на 29 август селата Мокрени и Лехово.[166]

---

[157] Докуемнти о спољној..., 283; Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 224; Въстаническото движение въ югозападна Македония (до 1904 год.) по спомени на Славейко Арсовъ, София 1925, 101; Љубен, Лапе, Нови документи за илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Скопје 1953, 26.
[158] Славко, Димевски, Католичките мисионери во Македонија за Илинденското востание, Гласник на Институтот за национална историја, год. 7, бр. 1, 1963, 235.
[159] Димитар, Димески, Турските репресалии во леринските села за време на Илинденското востание, Историја, IX, 1, 1973, 67.
[160] Љ. Лапе, Нови документи..., 84.
[161] Извештаи од 1903-1904..., 107.
[162] Regin od Terror Marks Turkish Army’s Advance, The Washington Times, August 19, 1903, 1.
[163] Љ. Лапе, Нови документи..., 84-85.
[164] С. Дракул, Македонија меѓу..., 378.
[165] Документи о спољној..., 284.
[166] Извештаи од 1903-1904..., 131.

Вообичаено кога се говори за жестокоста при задушувањето на востанието се прикажува случајот на градот Крушево. Но, Крушево не бил изолиран случај. Имало стотици села кои ја доживеале истата судбина како ѝ Крушево. Според зборовите на конзулот Крал за губиток на еден турски чифлиг, одговорот што следувал бил опожарување на две до три христијански села.[167] Речиси секојдневно, трагедијата на Крушево се повторувала над христијанските села.[168] Доколку започнеме да ги набројуваме сите насилства и злосторства извршени во текот на востанието би немало крај. Оттука ќе дадеме само неколку примери за илустрација на ужасите во Македонија. Селото Арменско било ограбено од редовната труска војска, по што било опожарено, а населението кое не успеало да избега било подложено на истребување. Притоа 164 невини старци, жени и деца биле убиени, 15 тешко ранети и 23 жени и девојки изнасилени.[169] Повод за нападот на селото бил гневот на мајорот Ајредин (истиот којшто во мај го запали Смрдеш) поради поразот што го претрпел во планините над Арменско, па затоа се нафрлил врз селото. Инаку селаните на Арменско не биле приклучени кон востаниците.[170] Христо Настев кој бил сведок на настанот ја опишува тешката состојбата во селото непосредно по нападот: „Зборовите се слаби за да дадат јасна претстава на таа трогателна слика и израз на чувствата што ги доживеав во тој момент. Во дворовите, градините, покрај оградите и улиците беа распространети обезличените крвави трупови на немоќните старци, жени и деца...Кога еден од четниците ја дигна чергата, сите отстапивме: млада жена со распарен стомак, а до неа трупче на полничко бебе. Ни стана јасно дека пред распарувањето била осквернавена“.[171]

Францускиот конзул Стег, ја опишува состојбата на ранетите од Арменско: „Во болницата во Битола ги видов ранетите кои од Арменско и од Лерин ги донесле француските милосрдни сестри, а меѓу нив жени и деца, ранети со ладно оружје и со кундаци. Сите луѓе во Арменско се убиени... Во Арменско немало

---

[167] Истото, 70.
[168] Документи о спољној..., 335.
[169] Христо Настевъ, Въ горящето с. Арменско-Леринско, При труповете на кървавия народен жертвеник през Илинденското възтание, Варна, 10. II. 1941 година, 1. Сличен опис на состојбата во Арменско по опожарувањето дава и Ѓорѓи Попхристов, кој заедно со Настев слегол во селото (Революционната борба в Битолския окръг спомени на Георги Попхристов, София 2014, 94-95).
[170] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 225.
[171] Христо Настевъ, Въ горящето..., 3.

ниедна броба, туку на враќање од еден несреќен напад на Клисурата Писодере, војската го запалила и го ограбила селото“.[172]

Вакви ужаси како во Арменско биле сторени во повеќе села, особено во Битолскиот вилает. На дописникот Реџиналд Вион при посетата на грчката болница во која биле лечени ранетите од настраданите села, гледајќи ги ужасните сцени му се слошило и толку се исцрпел, поради што ја прекинал обиколката и не ги видел сите пациенти што се лечеле во болницата.[173]

При нападите од војската се случувало жителите на некои од нападнатите места да се предадат, но нападот не прекинувал, бидејќи целта е очигледна, да се ограби сѐ што може. По нападот на Крушево на 12 август и по првичното палење на целата чаршија, следното утро, откако се разденило, на многу куќи биле истакнати бели знамиња. Групи од луѓе со бели знамиња се упатиле и кон војската за да покажат дека се предаваат.[174] Наместо нападот да престане, следувал грабеж и колеж. Војниците и башибозукот влегувале во градот и за секој еден, за кој ќе помислеле, дека можеби има пари, го удирале со кундаците, го ограбувале, а некои ѝ ги убивале. Притоа на населението затекнато во своите домови, војската и башибозукот му барале пари и го ограбувале, а во спротивно ги убивале. Но, на мнозината им ги зеле парите и потоа ги убиле.[175] Инаку голем дел од башибозукот кој го нападнал Куршево бил формиран од турските селани од околните села и се верува дека тие одамна им завидувале на имотите на крушевчани, па не ја пропуштиле шансата за пљачка. Знаејќи ги богатите куќи, тие влегувале директно во нив, мачејќи ги луѓето да кажат каде ги сокриле златото и скапоценостите.[176] Турците што го ограбувале Крушево се фалеле како главниот командант – пашата, им дозволил да пљачкосуваат.[177] Цели товари на ограбени предмети биле однесени во околните муслимански села Адалча, Норово, Костишта, Велушина, Новосело и други.[178] Во Смилево пак, исто така стотиците трупи башибозуци биле пуштени слободно да ограбуваат, при што неизгорени останале само четири куќи. Луѓето кои останале во селото биле

[172] Илинден во француски..., 148.
[173] R. Wyon, The Balkans..., 99.
[174] Љ. Лапе, Нови документи..., 59; Никола Кировъ Майски, „Гр. Крушово и борбитѣ му за свобода“, Илюстрация Илинденъ, година VII, книга 4–5 (59), 1935, 10.
[175] Љ. Лапе, Нови документи..., 59.
[176] Македонија во делата на странските патописци 1903, 162-163.
[177] Љ. Лапе, Неколку нови..., 51.
[178] С. Дракул, Македонија меѓу..., 306.

убиени, додека 40 млади девојки биле однесени во муслиманските села каде биле чувани една недела па потоа биле пуштени.[179]

Населението за да си ја спаси покуќнината и облеката од грабежи, уште пред да започне востанието ги сокрило повредните предмети во сандуци, кои потоа ги закопале во самите куќи, плевните, бавчите и нивите. На тој начин во прво време, кога биле запалени првите села, војските и башибозукот не нашле многу покуќнина и облека за грабеж. Но за несреќа, по нивите и бавчите се познавала пресна земја, па затоа војската почнала да ја пребарува со стапови пресната земја, бодејќи ја.[180] Не се ретки ниту случаите каде војската навраќала по неколку пати во селото, за да го доограби тоа што не успеала во првиот налет. Такви случаи се забележани во селата Арменско, Прекопана, Бобишта, Загоричани, Кономлати, Черешница, Шестеово и други.[181] Во селото Болно, два-три дена по нападот и палењето, турската војска поминала повторно. Селаните кои веќе се вратиле во селото од планина за да ги откопаат сокриените неопходни предмети и облека биле затечени од војската и останале без ништо.[182] За сплетот на нештата да биде уште потрагичен, се случувало жителите кои пошле да се оплакуваат за насилствата и грабежите во градските центри, попатно повторно да бидат ограбени. Така единаесетмина селани, мажи и жени, кои се враќале од Кочани, каде што биле појдени да се жалат за злосторствата од војската, биле ограбени, а жените соблечени до гола кожа. Се спасиле од силување само благодарение на застапувањето на еден случаен минувач - Албанец.[183]

Ограбените предмети војската и башибозукот потоа ги продавале во градовите на пазарите, по цени многу пониски од пазарните. Ограбени работи од ресенските села, во градот Ресен биле продавани по следните цени: бакар до 1 грош оката, волна до 60 пари оката, масло до 2 гроша за ока, а црковните потири и крстови по 10 гроша.[184] На пазарот во Битола војниците ги продавале

[179] Turkey No. 2 (1904)..., 6.
[180] Въстаническото движение..., 108.
[181] Темчевъ, Н. Жертвитѣ при потушаване на Илинденското възстание, Илюстрация Илиндень, година XIV, 1942, книга 4, 11; книга 5, 12-13; книга 6, 13-14; книга 9, 13-14; книга 10, 12.
[182] Въстаническото движение..., 109.
[183] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 385.
[184] Македония и Тракия..., 299-300.



*Слика 1. Крушево непосредно по востанието*

ограбените предмети од околните христијански села.[185] Украдени предмети, продупчени златни монети, кои очигледно биле од накитот на жените, како и сребрен прибор за јадење, војниците му понудиле дури и на францускиот вицеконзул.[186] Во дуќаните во Прилеп и Битола по минимални цени бил продаван пленот грабнат од Крушево.[187] За украдените предмети од Крушево, управникот на училиштата во Прилеп запишал: „Пленот бил ужасен... овде по чаршијата се продаваат разни украси за ситни цени; разни златни и дијамантски белезници, гранчиња и игли се продавани за лира-две и најскапо за три лири. Златни синџирчиња и часовници има полно“.[188] По востанието се јавиле спорови за украдените предмети. Жителите понекогаш си ги препознавале своите предмети кои им биле украдени и поднесувале жалби до егзархиската митрополија. Но, новите сопственци на предметите, меѓу кои имало и христијани, тврделе дека ги купиле истите и одбивале да ги вратат.[189]

Покрај уништување на селата, биле уништувани и сите селски воденици од страна на војските, со цел да им се оневозможи на селата да доставуваат брашно

[185] Документи о спољној..., 309.
[186] Илинде во француски..., 152.
[187] Румански дипломатски..., 338; Извештаи од 1903-1904..., 81.
[188] Љ. Лапе, Нови документи..., 51.
[189] ДАРСМ фонд 494 Охридска егзархиска митрополија Охрид 1892-1904, 01.0494.001.0183/0471-0471.

за четите.[190] Со цел стеснување на обрачот околу востаниците, кои претежно се движеле во планините и шумите, војската посегнала и по шумите. Па така покрај населените места, на вандалското беснеење биле препуштени и шумите кои биле палени и уништувани. Така била запалена гората на Султан тепе (Царев врв), во Кичевската каза шумата над Скопскиот превој и други.[191]

Ниту во градовите условите не биле подобри. Поради востанието османлиска Македонија се наоѓала во воена состојба, а властите незнаејќи дали ќе бидат нападнати поглавните градови држеле голема војска во нив, која била терет на жителите, но истовремено нивната непослушност создавала страв, со што градовите биле парализирани. Дури и во вилаетскиот центар Битола се живеело во прилики какви не памтеле ниту најстарите жители. Тие според Ристиќ биле слични како во времето кога битолски кајмакам бил извесен Ибрахим-ага, кој имал прекар „лелемајко“.[192]

### 2.1. Помеѓу мечот и гладот

Суровото задушување на востанието, придружено со различни истапи на војските и башибозуците, палење на селата, грабеж и насилства врз жителите, довело до тоа голем дел од селаните, привремено, бегајќи од ужасот и барајќи спас, да избегаат и да се кријат по планините. Се проценува дека во планините имало околу 50.000 бегалци.[193] Во првата половина на октомври само во Костурско во планините сѐ уште се криеле околу 15.000 бегалци од селата.[194] Тие се наоѓале во крајно лоша состојба поради гладот од една страна, а од друга временските услови и ладното време кое доаѓало.[195] Наоѓајќи се во една таква положба, а со надеж дека колку-толку ќе најдат храна за да се прехранат, дел од селаните уште во текот на востанието започнале да се враќаат во своите домови. Повратниците, во своите разурнати села и домови, биле принудени најчесто да спијат под отворено небо, повторно лишени од храна и со ништо не заштитени

[190] Извештаи од 1903-1904..., 134.
[191] Дневници и спомени за Илинденско-преображенското въстание, София 1984, 52; Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 108; Извештаи од 1903-1904..., 124; Rebels' Threat to Loos Plague Alarms Sultan, The Washington Times, August 27, 1903, 1.
[192] Документи о спољној..., 277.
[193] The Portland Daily Press, September 30, 1903, 6.
[194] The Macedonian Revolt, the West Australian, October 9, 1903, 7.
[195] The Portland Daily Press, September 30, 1903, 6.

од нападите од османлиските трупи и башибозуци.[196] Дури и при самото враќање кон селата се случувале напади врз селаните. 25 селани од селото Болно, Ресенско, враќајќи се од планините со намера да се предадат на милоста на властите, биле нападнати од војници пришто само четворица успеале да го преживеат нападот и да се спасат.[197] Биле напаѓани, малтретирани, па дури и убивани и оние кои успеале да стигнат безбедно до нивните уништени села, иако им била ветена протекција од властите. Во близина на селото Златан исто така во Ресенско, трупите убиле 15 бегалци кои работеле на полето.[198] Селаните во Ресенско, биле притиснати од страв од насилства, кои завршувале и со смртен исход, па не смееле да се вратат во селата.[199] Како жртви паѓале и оние селани кои ќе одлучеле да се предадат по прокламациите од Хилми паша во кои се велело селаните да го предадат своето оружје и да се вратат во своите домови, без страв од прогледувања од властите и насилство.[200] Хилми паша имал издадено наредба заедно со војската да одат двајца специјални агенти од кои едниот христијанин, со цел да му ја читаат на населението прокламацијата за предавање на оружјето и без страв да се потпре на „благата волја на Султанот". Меѓутоа кај голем дел од населението ваквите прокламации не предизвикувале некаков ефект, поучени од претходните искуства, кога ист таков проглас бил направен од валијата Али Риза паша, а уште веднаш по читањето, војската започнувала со претреси за оружје, придружувани со немилосрдни тепања на оние кај кои немало никакво оружје.[201] Она население пак, кое одлучило да се потпре на „благата волја на Султанот" најчесто настрадувало. Во околината на Невеска околу шеесетина лица кои поверувале во прокламациите и слегле од планините, откако го предале оружјето на османлиските началници, биле фатени и убиени од војската.[202] Селаните од Златари, Ресенско, вратени од планината пошле кај ресенскиот мудур на кој му се предале, но при нивното сместување во селото биле претепани по патот.[203] На протестите од страна на конзулите за прекршените ветувања, одговорот на властите бил дека убиените

---

[196] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 362.
[197] Истото, 398.
[198] Return to Meet Death, Rock Island Argus, September 26, 1903, 1.
[199] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 378-379.
[200] Истото, 359.
[201] Истото, 316.
[202] Македонија во делата...1903, 128.
[203] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 359.

не се предале, и не биле стрелани предавнички, туку паднале во борба.[204] Таква била благата волја!

Дополнителен проблем за селаните избегани во планина, а кои сакале да се вратат во своите села, било тоа што, тие морале да се предадат кај властите со оружје. Но не сите имале, па тие што навистина немале, биле принудени да го купат оружје за да добијат амнестија.[205] Ваквата политика на турските власти претставувала уште еден дополнителен товар за осиромашеното население, кое од една страна изгубило сѐ во востанието и дополнително сега требало да купи оружје, а уште потешко било и да најдат од каде да купат оружје и опасноста да настрадаат барајќи да го купат.

На крајот, селаните на кои по сите перипетии би им успеало да стигнат безбедно во нивните уништени села, се наоѓале во уште понебезбедна ситуација, отколку во планините. Храна секако немале, ниту пак можеле да работат во полето и да го соберат тоа што им преостанало, бидејќи веднаш биле напаѓани. Иако во некои случаи дури и официјално им било дозволено од властите да работат на полето, нападите се повторувале. Така селаните од Златари по добиената дозвола од властите за работа по полето, излегле да ги работат полските работи, но утредента од шеснаесетмината кои изгледе да работат, четиринаесетмина биле истепани, а само двајца успеале да се спасат бегајќи. Жалејќи се кај властите во Ресен им било речено дека биле нападнати од комитите, а не од војската.[206] Затоа населението во османлиска Македонија текот на востанието се наоѓало како што пишува во еден весник помеѓу „ѓавол од една страна и длабокото море на глад и студ од друга“.[207] Многумина од амнестираните, односно од оние кои го предале оружјето, подоцна биле депротирани, апсени и осудени.[208]

---

[204] Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800 - 1919 година), II дел, Скопје 1976, 510.
[205] Романски дипломатски..., 478.
[206] Љ. Лапе, Нови документи..., 75.
[207] The Portland Daily Press, September 30, 1903, 6.
[208] Извештаи од 1903-1904..., 145.

### 2.2. Реакција од меѓународната јавност за извршените злосторства

Жестоко и сурово задушување на востанието предизвикало широк одглас во европскиот печат и кај дипломатските претставници во османлиска Македонија, кои секојдневно до своите влади испраќале извештаи за најновите случувања на теренот. Српскиот конзул Михајло Ристиќ уште на 29.07/11.08.1903 година забележал дека „од десетина дена наваму целиот Битолски пашалак и Костурската каза станале театар на најкрвави настани...“.[209] Рускиот генерален конзул задушувањето на востанието го споредува со ерменските настани од 1895 и 1896 година.[210] Споредување на страдањата со оние на Ерменците има и во книшката „За Ерменија и Македонија“ издадена 1904 година: „Правата и маките на двата народа (се мисли на Ерменците и Македонците Д. Б.) се исти... бројните дипломатски документи и најновите автентични извештаи и покрај тоа што се уште не се собрани во Сините или Жолтите книги, не се тајна за никого во министерството. Треба само да се заменат имињата и да се напише: Македонци наместо Ерменци, Албанци наместо Курди, за да можат истиве документи да се однесуваат на Македонија“.[211]

Во англискиот весник Пилот на 12.09.1903 година е забележано дека новите вести од Македонија, дури и ако се дозволат преувеличувања го надминале во хоророт секој пасус од историјата, почнувајќи од големите азиски инвазии на Европа.[212] Вашингтон Тајмс на 24 август објавил дека труските трупи ги масакрирале сите жени и деца во 22 села во областите на Лерин и Битола, а потоа ги запалиле селата.[213] Во истиот весник е напишана и објавена дури и една сатирична песна со наслов Најновата ситуација во која се опишува ситуацијата на Балканот. Притоа за Македонија пишува:

...

И долу во Македонија,  
Преку границата со Грција,  
И блиску до ферска Албанија,

[209] Љ. Пале, Нови документи..., 24.  
[210] С. Дракул, Македонија помеѓу..., трет том, 139.  
[211] Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година, документи, Скопје 1995, 32.  
[212] Macedonia 1903, London 1903, 17.  
[213] Women and Children Massacred by Turks, The Washington Times, August 24, 1903, 1.

Има малку надеж за мир.
Луѓето во стариот Солун,
и во Битола исто така,
Стануваат многу блиски
со барут, куршуми и гранати.

Кажуваат дека од Босфорот
До Ускуп на запад,
Жестока желба за колеж
ја зафатило секоја човечка града.
И секоја прав Мухамеданец,
и сите останати велат:
се обврзани да ја обојат таа област
многу светло црвено.[214]

Разгледување на сите написи во печатот кои пишувале за страдањата во Македонија би се одолговлечило до бескрај. Секако во написите од весниците има претерувања и преценувања во поглед на ситуацијата. Преувеличено е, ѝ споредувањето на настаните во Македонија со Ерменија. Во Ерменија бројот на жртви бил далеку поголем, но од друга страна теророт и временски траел подолго. Сепак прашината која ја кренале весниците во општеството со нивните написи извршиле влијание за јавноста да изврши притисок врз Големите сили за нивно вмешување со цел смирување на состојбите во Македонија. Какво било тоа вмешување и колку било ефикасно ќе биде разгледано понатаму.

### 2.3. Систематско истребување – шпекулација или вистина?

Централните власти кои биле запознаени со злосторствата биле пасивни и не преземале ништо за зауздување на војската. Охридското кајмакамство со една задоцнета реакција, дури на 02.09.1903 година побарало замена на абланските табури со анадолски, бидејќи нивното пљачкање, злоупотреби и непослушност достигнале краен степен.[215] Но прашањето е дали навистина ова било задоцнета

[214] The Lastest Situation, The Washington Times, September 24, 1903, 6.
[215] Турски документи за Илинденското востание, 134.

реакција или пак, нарочно не биле преземани построги мерки од страна на властите?

Вистина во првите денови од почетокот на востанието централната власт издала наредби за заштита на мирното население. Големото везирство со телеграма испратена на 04.08.1903 година наредило строго да се гонат разбојниците, но да се внимава на покорното население.[216] Наредниот ден генералниот инспекторат на Румелија од дебарскиот мутасариф барал кон немуслиманските поданици кои останале во рамки на послушноста да се покаже вонредна голема грижа, посебно за заштита на имотот и животот на жените и преплашените.[217] Меѓутоа овие наредби уште на самиот почеток воопшто не биле почитувани. Исто така и тактика на Османлиите за задушување на востанието со разгорувањето на истото се менувала. Во првите денови од востанието, иако тоа било очекувано, властите биле без соодветна стратегија и концепт за негово неутрализирање. Во таквите моменти дури се појавиле гласини дека востанието не се задушувало заради хумана причина на Турците да не се пролева непотребна крв. Овие тврдења австро-унгарскиот конзул Крал ги смета за чудни и единствена причина поради која тоа не било сторено била збрката во трускиот табор, неподготвеноста, нерешителноста и силата на востаничките позиции.[218] Најверојатно во прво време османлиските власти стравувале од напади врз поголемите градски центри. Состојбата значително се променила веќе кон 10-11 август со доаѓањето на нови воени одреди од Скопскиот во Битолскиот вилает.[219] Со пристигнувањето на новите воени одреди Османлиите се почувствувале посилни и започнале со разгромување на селата со топови, палење, разграбување, убивајќи ги и изнасилувајќи ги притоа жителите. Не се водело сметка дали во селото имало или немало востаници.[220] Османлиската интелигенција, особено офицерите, сметале дека војската треба да добие одврзани раце за задушување на востанието.[221]

---

216 Костурско въ Македонската революция, официални документи изъ тайнитѣ турски архиви на великото везирство и на Хилми паша, София 1937, 52.
217 Турски документи за илинденското востание, 72.
218 Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 105.
219 Ванчо, Ѓорѓиев, Илинденското востание (1903), Востанијата во Македонија, Скопје 2015, 239.
220 С. Дракул, Македонија меѓу..., 311.
221 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 500.

Нова етапа во задушувањето на востанието претставува поставувањето на Насер паша за командат на воените сили. Тој подготвил нов план за систематско задушување на истото. Планот предвидувал опколување на востаничките центри со големи воени кордони, со цел разбивање и задушување на востаниците. Затоа задушувањето на востанието требало да биде што побрзо, во спротивно колку подолго траело толку повеќе се зголемувале шансите за вмешување на европската дипломатија, но исто така и за востаниците да не преминат кон герилско војување. Оттука се пристапило кон масовно палење на селата и жесток терор врз цивилното население. На овој начин востаниците требало да се натераат на капитулација.[222] Истовремено со тактиката за палење на селата се оневозможувало востаниците да се кријат.[223] Затоа се започнало со систематско опустошување на населените места.[224] Францускиот вицеконзул во Битола, Готје на 08.09.1903 година проценува дека околу 70 села биле сосема изгорени во Битолскиот вилает и дека пожарите продолжувале „речиси систематски и како според некој план“.[225]

Во европскиот печат, поради суровото и систематско задушување на востанието, се појавиле написи дека се работи за наредба од врвот во државата, за истребување на егзархиското и христијанското население во османлиска Македонија.[226] Весникот Тајмс објавил дека од сигурен извор дознаваат како комитетот на палатата во Ј’лд’з препорачал во иднина сите фатени „Бугари“, односно егзархисти со или без оружје да бидат стрелани, а со тоа се сложил и самиот султан.[227] Додека во една телеграма на Ројтер пишува дека цел на уништување не биле само „Бугарите, туку на еден безмилосен и тирански начин целта е можеби да се уништат сите христијани“.[228] За овие тврдења писмен документ кој бил издаден од страна на османлиските власти не најдовме. Портата категорично ги одрекла како неточни написите во весникот,[229] а истото

---

[222] В. Ѓорѓиев, Илинденското востание..., 239-240; Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 218-219.
[223] Љубен, Лапе, Неколку нови документи за 1903 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 6, Скопје 1953, 272.
[224] Македонија во делата на странските патописци 1903, Скопје 2007, 201.
[225] Илинден во француски..., 152.
[226] Turkey No.2 (1904)..., 39; Илинден во Француски..., 149; Ordered to Destroy Christian Villages, The Washington Times, August 23, 1903, 1.
[227] Turkey No.2 (1904)..., 39; Илинден во Француски..., 149.
[228] Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот..., 135.
[229] Turkey No.2 (1904)..., 53.

го сторил и османлискиот амбасадор во Лондон.[230] Сепак сер О' Конор бил на мислење дека можно било да има трошка вистина во приказната.[231] Од друга страна, австроунгарскиот конзул Крал забележува дека при разговорот со еден паша во Битола, пашата му рекол: „Кој ќе биде најден во планините, не е човек и ќе биде убиен". Крал коментирајќи ја изјавата забележува „овој строг господин не си премислува дека постои разлика помеѓу вооружените востаници и невооружените бегалци".[232] Според податоците пак, до кои дошол Брејлсфорд од еден турски офицер кој земал учество во казнените операции, војската добила официјална наредба, како што разбрале директно од султанот, да се запалат сите села чии жители избегале, но останатите да бидат поштедени. Меѓутоа, војската првата наредба ја почитувала, а втората најчесто ја занемарувала. Оттука последица била „ако жителите на селото го сочекале аскерот, ризикувале да ја доживеат судбината на Неокази и Арменско; ако пак побегнеле, тогаш домовите сигурно им биле уништувани. Изборот бил меѓу тоа: или да го изгори селото, или и селото и самиот да бидеш заклан".[233]

Свирепото сузбивање на востанието и разрушувањето на толку места потврдуваат дека се работи за делумно истребување на егзархискиот елемент и истиот да се надомести со турски доселеници сметал Крал.[234] И мнозинството конзули во Солун го поддржувале мислењето дека опустошувањето и горењето на „бугарските", односно егзархиските села во Битолскиот вилает не се вршело случајно и единствено поради фанатизмот на војниците и башибозукот, туку по изрична заповед на воеpopulated началство.[235] Самите турски власти во меѓусебните преписки го признавале неуспехот да го спречат лошото однесување на резервните табори и отварањето на оган без повод кон цивилните згради населени со османлиски поданици и странци.[236] До која крајност одела непослушноста на војниците се гледа од тоа што од нив не биле поштедени ниту странските дипломатски претставништва. На 26 август во Скопје една единица од турски трупи испукала стотина куршуми во фасадата на австрискиот

[230] Истото, 47.
[231] Истото, 53.
[232] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 111.
[233] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 2256-226.
[234] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 108.
[235] Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995, 99.
[236] Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот фонд "Јилд'з", Скопје, 1997, 105.

конзулат.[237] Случаите на љубезност од страна на турските војски биле ретки, но постоеле и треба да се споменат. Така при нападнот на едно село, кога една жена во селото била повредена, војниците се однесувале љубезно кон неа и ѝ дале леб и вода. Во друг случај, еден турски офицер на една повредена жена и го дал сопственото палто и ракавиците. Но „таквото витештво“ било ретко.[238] Тоа се должело на совеста и моралот на поедини индивидуи.

Големиот број на уништени села и жртви ја потврдуваат делумната намера за истребување. Можеби изрична таква наредба немало, но со самото тоа што тактиката на османлиските војски била уништување на селата и жесток терор врз населението за поефикасно задушување на востанието, како и непреземањето на доволни мерки и не направената смена на башибозукот и илавето, кои ги правеле најголемите злосторства, говорат дека сепак се работи за делумно истребување на христијанското население, без оглед кон која црква припаѓало истото.

## 3. Материјална штета од задушувањето на востанието

Под материјална штета од востанието се подразбираат сите посредни и непосредни штети кои задушувањето на востанието ги предизвикало. Во оваа штета спаѓаат сите уништени недвижнини, пред сѐ куќите, црквите и училиштата, разните стопански објекти како штали, воденици, дуќани итн. Во материјална штета спаѓаат и украдените пари, скапоцености, покуќнина и се останато од куќите. Материјална штета се и украдениот или убиениот добиток, живина, орудија за работа, уништените посеви или ограбената реколта, најмногу житото, како и други земјоделски производи. Непроценлива материјална штета при задушувањето на востанието била нанесена и на природните богатства, особено на шумите кои биле палени со цел да се оневозможи востаниците да се кријат. Како посредна последица од востанието и анархичната состојба во османлиска Македонија, во некои делови дошло до разгорување на грабежите вршени од разбојничките банди.

---

[237] Романски дипломатски..., 351.
[238] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 229.

Да се направи точна и конечна процена на сета материјална штета од задушувањето на востанието е речиси невозможно. Можно е да се одреди приближно колкав бил бројот на уништени недвижнини, но за другата штета како уништени посеви, украден добиток или предмети можно е да се дадат само приближни проценки, а за некои штети како штетата врз природните богатства не би можело да се дадат ниту проценки. Тоа се должи пред сѐ поради немањето на доволно информации. Колку и во извештаите да се даваат податоци за ограбените добра, сепак не е возможно за сите населени места да биде сѐ наведено, особено кога се работи за села кои биле целосно пепелосани. Притоа кога сме кај уништените села, и за бројот на недвижнини се појавуваат проблеми околку проценката, бидејќи во различни извештаи се среќава понекогаш различен број на куќи за поедини села, па оттука и во овие проценки се можни извесни отстапувања. Бројот на уништени училишта, цркви или воденици за многу села исто така не е даден, а се наведува дека целото село било запалено. Оттука во овие бројки најверојатно спаѓаат и училишните згради кои биле најчесто сместени во куќите на некој од жителите.

За полесна процена на штетата, ќе ја разгледаме најпрвин поединечно за секој вилает, па потоа ќе се обидеме да дадеме кончна рекапитулација за цела османлиска Македонија. Како приближни при проценките ги прифаќаме бројките од Мемоарот на Внатрешната организација, од претходно споменати причини, но и со оглед на фактот што тој е најсеопфатен. Во другите извештаи се даваат бројки за некои села и население места, но не за сите, па оттука врз основа на нив не е возможно да се направат проценките. Сепак во некои случаи и во Мемоарот се направени пропусти и се пропуштени некои кази и нахии, па за тие проценки ќе се служиме со другите извештаи, доколку во нив тие се опфатени (што не е секогаш случај). Исто така во Мемоарот понекогаш се дадени бројки за изгорени куќи во селата уште пред востанието, каков што е случајот на селото Смрдеш кое било опожарено во мај месец, а во вкупните процени е вклучено.[239] Меѓутоа вакви вклучувања на села се случува и во другите извештаи, па и во нив повторно доколку го земеме споменатото село за пример истото е вклучено.[240] Со оглед на тоа што целта ни е да ги прикажеме

---

[239] Македония и Одринско..., 206.

[240] Љ. Лапе, Нови документи..., 149; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 458; Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800 - 1919 година), II дел, Скопје 1976, 518.

последиците од востаничката 1903 година, ниту ние нема да ги исклучиме овие населени места од проценката.

### 3.1. Битолски вилает

Битолскиот вилает бил арена на најжестоките броби, но и насилства во текот на востанието. Во него, односно во Битолскиот револуционерен округ првенствено било официјално кренато Илинденското востание и се одвивале масовни востанички акции. Целиот словенски дел на вилаетот со казите Кичево, Охрид, Битола, Прилеп, Лерин, Костур и неколку села од казата Кајлари биле зафатени од востаничкото движење.[241] Целокупната планинска месност од Ботунскиот премин (Дебарца) до Прилепското поле и од Лопушник (помеѓу Дебар и Кичево) до Струшко, Ресенско, Битолско и Леринско поле, сета територија на Корештата и Пополе (Костурско), целата област помеѓу Бигла, Костур и Лерин била во рацете на востаниците. Притоа востаниците се укрепиле во сите стратегиски премини, а ги презеле и воспоставиле привремена востаничка власт во гратчињата Крушево, Клисура, Невеска и други помалу и нетолку значајни паланки.[242] Само во западниот дел на вилаетот, во Дебарскиот санџак не можело да стане збор за масовно востание, бидејќи словенското население не можело да го стори тоа поради албанскиот елемент.[243] Со оглед на распространетоста и размерите на востанието во Битолскиот вилает, Османлиите во него настапиле најжестоко, предизвикувајќи најголема материјална штета. Со османлиската тактика за палење на селата била причинета најголема материјална штета. Селата биле претворани во прав и пепел, и на населението не само што не му останувало ништо од основните потреби за живот и храна, туку и останувало без покрив над главата.

**1.** Најголема штета од казите во Битолскиот вилает претрпела Костурската каза. Во еден австриски извештај е констатирано дека опустошувањата во Костурско значително ги надминувале штетите направени во другите делови.[244]

---

[241] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 103; Turkey No. 1 (1904), 261.
[242] Македония и Одринско..., 157; Дневници и спомени..., 209; Британски документи..., 90.
[243] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 105; Глигор Тодоровски, Малореканскиот предел, Скопје 1970, 348.
[244] Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909, Скопје 2002, 234.

Во Костурската каза биле изгорени дури 2.781 куќи во вкупно 26 села.[245] Сите овие села пред тоа биле ограбени, а во некои села војската или башибозукот навраќале и по неколку пати за да го доограби тоа што останало.[246] Покрај овие села, ограбени биле и други села кои не биле опожарени. Така селото Кономлати војската го ограбила дури три пати.[247] Во селото Куманичево било ограбено горното маало, опожарувајќи две куќи, но не биле преземени подрастични репресалии пред сè поради заложувањето на турските селани кои живееле во долното маало на селото.[248] Да се направи процена на вредноста на ограбената стока е невозможно. Исто така во Костурската каза биле уништени речиси сите воденици.[249] Близу 1/3 од селата во Костурската каза се нашле „во вителот на османлискиот терор. Ова ја вбројува... во редот на најтешко погодените области во текот на Илинденското востание“.[250] Според Мек Грегор војниците направиле комплетно бришење на Костурската област.[251] Во едно писмо кое раководителите од Костурскиот крај го испратиле до сите странски претставништва во Битола, тие го опишуваат грабежот и насилствата: „Турците кога видоа дека не можат со 7-8000 души војска да се спротивстават на востаниците, повикаа за Костурскиот регион уште толку. Така што Турците со големи сили, повеќе од 15.000 души го блокираа Костурско...Аскерот не остави планина и долинка не претсресени и откако ги изгоре преостанатите села (Блаца, Вишени, Горно и Долно Дреновени, Черновишта, Поздивишта и В’мбел) се повлекоа по градиштата и закрепените височини. При таа инвазија на множеството аскер во Костурскиот крај, која траеше 10 дена, Турците направија најголеми опустошувања на селата и имотите... Беше грабнат апсолутно сиот крупен и ситен добиток, беше прекопано секое скришно место и беа извршени

---

[245] Во Мемоарот на Внатрешната организација се наведени 2.750 изгорени куќи во 23 села (Македония и Одринско..., 206). Но кај Димески, во неговите истражувања за теророт во Костурската каза пронашол дека има изгорени куќи и во селата Котори и Куманичево (Димитар Димески, Османлискиот терор во Костурската каза во периодот на илинденското востание, Историја / Journal of History 10.2, 1974, 264 и 265). Кај Темчев се среќава дека биле опожарени 2.533 куќи, 9 училишта и 10 цркви и кај него го среќаваме и селото Бапчор со изгорени 13 куќи (Н. Темчевъ, Статически листъ за числото на жертвитѣ презъ време на Илинденското възстание, Илюстрация Илиндень, година XV, книга 8, октомврий 1943, 15). Според Српскиот битолски конзулат биле изгорени 2.500 куќи, но се наведени 19 села (Љ. Лапе, Нови документи..., 149-150),
[246] Македония и Одринско..., 201-206.
[247] Д. Димески, Османлискиот терор..., 253.
[248] Истото, 265.
[249] С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 355.
[250] Д. Димески, Османлискиот терор..., 265.
[251] Tureky No. 2 (1904)...

најголемите насилства и безчестија од аскерот и башибозукот над несреќните жени и девојки“.[252]

**2.** По бројот на уништени недвижности, зад Костурската каза е Битолската, во која биле изгорени 2.581 куќа во 46 населени места.[253] Сиве овие села пред да бидат изгорени биле ѝ ограбени. Секако покрај овие села во Битолската каза има и други села кои биле ограбени, без притоа да бидат опожарени куќи во нив.[254] Во Битолската каза биле изгорени осум воденици,[255] но ова е според османлиски извештаи и бројката на изгорени воденици е поголема, бидејќи од српскиот конзулат во Битола пишуваат дека сите воденици во Ресенско со исклучок на две во градот биле уништени,[256] а и во извештај од Организацијата се наведува речиси идентична информација.[257]

Во поглед на материјалната штета иако навидум се очекува најголема материјална штета, особено во изгорени недвижности да има Крушево, на прво место според бројот на изгорени куќи е селото Смилево (Старо и Ново) со 388 куќи изгорени од вкупно 393,[258] односно 98,72% од селото било изгорено. Крушево доаѓа дури на четвртото место според бројот на изгорени куќи, со 159 уништени куќи[259] според Мемоарот на Внатрешната организација.[260] Меѓутоа во оваа бројка не спаѓаат уништените дуќани. Доколку се додадат уништените дуќани кои според Мемоарот изнесувале 210,[261] тогаш бројот на уништени

---

[252] Васил Чекаларов..., 290-291.
[253] Во Мемоарот се наведени дека биле изгорени 2.424 куќи во 38 населени места (Македония и Одринско..., 198). Меѓутоа Темчев ги наведува и селата Кривени, Претор, Асамати и Слимица како села во кои биле изгорени куќи, но затоа пак му фалат други села, вклучително и сите села од Битолската каза (Н. Темчевъ, Статически листъ..., 15-16). Во извештајот пак на српскиот битолски конзулат е направена грешка во однос на административната поделба на Битолската каза, и одделно од Битолската каза е прикажана Ресенска каза, која вусшност не постоела и била Ресенска нахија, а во Ресенската каза е вклучено и Крушево, кое било одделна Нахија. Но и тука се дадени неколку села во кои биле изгорени куќи, а кои се испуштени во Мемоарот. Тоа се селата Раково, Могила, Претор, Брежани и Бирино. Од друга страна и тука фалат села кои се опфатени пак во Мемоарот (Љ. Лапе...Нови документи..., 147-148). Кога на податоците од Мемоарот ќе се додадат испуштените села се доаѓа до погореспоменатата бројка на уништени куќи. Инаку во однос на податоците во Мемоарот и во другите два споменати извештаи кај некои села има несовпаѓање во бројот на уништени куќи, но од веќе споменати причини, бидејќи нема како да се утврди кој податок е најточен, го прифаќаме податокот од Мемоарот на Внатрешната организација.
[254] Н. Темчевъ, Жертвитѣ при..., XV, книга 1, 15-16.
[255] Турски документи за илинденското востание, 126.
[256] Љ. Лапе, Неколку нови..., 271.
[257] Британски документи..., 410.
[258] Македония и Одринско..., 198.
[259] Околу различните процени за штетата во Крушево види табела 1.
[260] Македония и Одринско..., 198.
[261] Истото..., 193.

недвижни објекти изнесува 369. Но повторно Смилево предничи по бројот на уништени недвижнини во казата. Сепак и во Крушево штетата била значително голема, особено и поради големиот грабеж на гратчето, а штетата се проценувала дека изнесувала 80.000 лири.[262] Според Мајски во Крушево во 1903 година имало 2.800 куќи,[263] односно произлегува дека биле ограбени дури 53,57% од куќите. Додека пак, биле уништени при бомбардирањето и палењето 5,67%. Доколку на оваа штета се додадат и уништените 210 дуќани, материјалната штета во Крушево била од големи размери, особено бидејќи дуќаните биле полни со роба за продавање.

Во 17 села од Преспанската и Ресенската нахија бил ограбен сиот селски добиток.[264] Покрај добитокот бил направен огромен грабеж на посевите со жито кои не биле ожнеани. Во текот на востанието во Ресенско, Турците од градот и селата постојано пренесувале снопови жито, од кои повеќето биле од христијанските ниви. Турските војници го продавале житото и специјално заминувале да ги пазат тие што го крадат, земајќи им дел. Поради големата кражба, житото во Ресен во текот на востанието поевтинило и се пордавала од 3 до 5 пари за една ока.[265]

**3.** Трета каза по големината на материјална штета кај недвижностите е Охридската. Камин Плат дава една сликовита претстава за материјалните загуби, опишувајќи го неговото патување од Битола кон Охрид: „Патот од Битола до Охрид поминува низ 18 христијански села кои, во просек, имаат по 75 куќи. Речиси сите, со мал исклучок, беа буквално во урнатини. Неколкуте останати ѕидови беа трошни, тесните улички, одвај видливи од урнатините, беа посипани со пепел, додека неколкуте останати греди покажуваа дека на тоа место некогаш стоел покрив. Во некои од овие села биле изградени мали цркви, но и од нив не беше останато ништо што би покажало дека некогаш постоеле, освен големи грамади урнатини и цел куп искршено стакло“.[266]

---

[262] Истото..., 194.
[263] Н. Кировъ Майски, Гр. Крушово..., 1935, 17.
[264] Н. Темчевъ, Жертвитѣ при..., XV, книга 2, 15-16; книга 3, 14-15; книга 4, 16; книга5-6, 32; книга 7, 16.
[265] Въстаническото движение..., 112.
[266] Македонија во делата на странските патописци 1903, 179-180.

Според Мемоарот на Внатрешната организација во Охридската каза биле изгорени 2.064 куќи во 42 населени места.[267] Покрај тоа според извештајот на Е. Хаскел биле разурнати 4 цркви и 1 манастир, 14 цркви биле ограбени и осквернавени, а 6 училишта биле разурнати и изгорени.[268] Во овој регион биле изгорени и 85 воденици.[269] Најмногу во Охридската каза настрадале Малесија и Дримкол.[270] А. Кецкаров кој на лице место се уверил во катастрофата вели: „Тука ја видов трагедијата на Малесијското востание. Сите жители – жени, деца, старци – распрснати тук-таму по горите и долините помеѓу жителите на Горна Дебарца".[271] Изгорените села, но и другите села во оваа каза, како и во други кази биле оргабени. Од добитокот биле ограбени 3.181 говеда, 28.226 овци и кози, 827 коњи, 149 магарињa.[272] Покрај тоа според Х. Узунов биле ограбени и 16.359 кг жито, а 16.795 кг жито било изгорено.[273]

**4.** Во Леринската каза биле изгорени 944 куќи во 11 населени места.[274] Во овие села, како и во други кои не биле опожарени бил извршен и грабеж од војската и башибозукот.[275] Ниту градот Лерин не останал настрана од грабежите. На 7 и 14 август турски војници под изговор дека вршат претрес во соминтелните куќи, 12 ограбиле потполно, други делумни, напаѓајќи ги притоа и жените.[276]

---

[267] Македония и Одринско..., 212. Во извештајот на Едвар Хаскел е наведено дека биле изгорени 17 села и опожарени 1.300 куќи, а имало 3 делумно ограбени или разурнати села (Британски документи..., 473). Во извештајот на српскиот битолски конзулат се наведени дека биле изгорени 1.967 куќи, но само во 33 села (Љ. Лапе, Нови документи..., 148-149).
[268] Британски документи..., 473.
[269] Дневници и спомени..., 121-122.
[270] Извештаи од 1903-1904..., 123.
[271] А. Кецкаровъ, Презъ втората половина на възстанието – 1903г. – въ Охридско, Илюстрация Илиндень, година IX, книга 2, февруарий 1937 год., 4.
[272] Македония и Одринско..., 221-222.
[273] Дневници и спомени..., 121-124.
[274] Во Мемоарот се наведени 9 села во кои биле изгорени куќи (Македония и Одринско..., 201), Меѓутоа во него се испуштени селата Крушоради и Пателе, кои пак, се опфатени во извештајот на српскиот конзулат (Љ. Лапе, Нови документи..., 148). Темчев пак, наведува само 5 села во кои имало изгорени куќи (Н. Темчевъ, Статически листъ..., 15). Кога ќе се соберат и споредат податоците дојдовме до споменатата бројка, секако давајќи им предност на податоците кои се дадени во Мемоарот од веќе споменати причини.
[275] Македония и Одринско..., 199-200; Д. Димески, Турските репресалии..., 67-79; Илинден во француски..., 152.
[276] Извештаи од 1903-1904..., 119-120.

**5.** Во Кичевската каза биле изгорени 568 куќи во 12 населени места,[277] кои секако биле ограбени. Притоа од оваа каза биле ограбени 170 говеда, 2.034 овци и кози, 73 магарињa и 694 улишта.[278]

**6.** Другите кази во Битолскиот вилает настрадале многу помалку во однос на материјалната штета пред сè во смисла на уништени недвижности. Во Прилепската каза во Мемоарот нема податоци дека имало уништени куќи, но според еден српски извештај било запалено речиси целото село Чумово и биле изгорени 22 куќи.[279] За Дебарската каза во еден Меморандум на Организацијата е запишано дека биле опожарени селата Јабланица и Селци во Дебарската каза.[280] Меѓутоа последново село се наоѓа во Малесија, а административно припаѓало на Дебарската каза. Во Реканската, Кајларската, Кожанската и Населичката каза немало изгорени куќи. Само во Кајларската каза имало две изгорени воденици и тоа според османлиски извештаи.[281] Сепак тоа што не биле уништени куќи и немало масовно востание, не значи само по себе дека овие краеви воопшто не настрадале. Дебарската и Реканската каза настрадале од убиства вршени врз месното население и грабежи. Така во Дебар бил застрелан свештеникот Тасе и фурнаџијата Крсте на пазарот, а сите дуќани биле ограбени.[282] Реканската каза пак, била одредена материјално и морално да ги помага востанатите соседни региони, а во неа биле формирани и чети кои на барање на Организацијата стапувале во акција. Оттука овој регион бил сочуван од општи репресалии, но дал човечки жртви и претрпел материјална штета, иако далеку помала.[283] Исто така Дебарскиот санџак настрадал посредно од востанието. Поради анархичната ситуација и самоволијата на дел од војската и непослушноста, во овој период дошло до зголемување на грабежите и убиствата, особено во овој дел од османлиска Македонија, кој и дотогаш бил изложен на напади од разбојници од Албанија.[284] Особено по собирањето на оружјето од

---

[277] Во Мемоарот се наведени 10 села во кои биле изгорени куќи 506 куќи (Македония и Одринско..., 216). Темчев ги наведува истите села, но според него биле изгорени 481 куќа (Н. Темчевъ, Статически листъ..., 16). Меѓутоа во овие два извештаи се испуштени селата Дупјани и Кнежино, кои пак, се опфатени во извештајот на српскиот конзулат (Љ. Лапе, Нови документи..., 149).
[278] Македония и Одринско..., 221-222.
[279] Љ. Лапе, Нови Документи..., 148.
[280] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 456.
[281] Турски документи за илинденското востание, 128.
[282] Британски документи..., 410.
[283] Г. Тодоровски, Малореканскиот..., 348-351.
[284] Љ. Лапе, Нови документи..., 86-87.

мавровчани кое се случило на 2 септември по наредба на гостиварскиот кајмакам, кое тие го имале одамна за заштита од разбојници.[285]

***

Вкупниот број на изгорени куќи во Битолскиот вилает изнесува 8.960 куќи во вкупно 140 население места.[286] Убедливо најголема просечна штета по населени места претрпела Костурската каза, бидејќи во само 26 места биле изгорени 2.781 куќа. Според процентот на уништени куќи од вкупниот број на христијански куќи пак, на прво место е Охридската каза со 33,76% уништени христијански куќи, односно 23,20% уништени куќи од вкупниот број во казата. Додека на овој начин Костурската каза е втора со уништени 26,35% од вкупниот број на христијански куќи, односно 21,03% уништени куќи од вкупниот број на куќи во казата.

Рускиот конзул Кохмански една уништена куќа во Костурската каза, каде куќите биле подобро градени од другите кази, ја проценува просечно на 60 лири, а во останатите кази просечно една куќа на 25 лири. Оттука за обнова на 8.000 куќи колку што ги проценува Кохмански биле потребни 287.000 лири, за поправка на вкупно 26 училишта 1.215 лири и за обнова на уништените цркви и манастири 6.100 лири.[287] Оваа процена е далеку потценета, особено што не само во Костурската каза, туку куќи од цврста грабда, ѕидани од камен имало и во други кази како во Смилево и Крушево. Самите смилевчани тврделе дека една куќа во нивното село дури и најпростата чинела не помалку од 100 лири.[288] Да се прикаже во точна парична вредност материјалната штета само на недвижности е невозможно со оглед на различната вредност на куќите. Меѓутоа таа далеку ја надминувала проценетата вредност, особено што тоа е проценка и за помал број на куќи.

---

[285] Истото, 86.
[286] Според Хилми паша во битолскиот вилает биле запалени речиси 5.000 куќи, од кои 800 биле муслимански (Романски дипломатски..., 475). Од друга страна Бугарското трговски агентство проценило дека биле запалени 7.857 куќи во 117 села (ДАРСМ фонд 331 Бугарски конзулат – Битола, МФ 4301, оп. 1, ае. 89, 3). Додека според руското конзулство бројот на уништени куќи изнесувал околу 8.000 куќи и според истиот извештај оваа бројка ја признавале и самите Османлии (С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 435). Во Мемоарот бројот на уништени куќи е проценет на 8.646 куќи (Македония и Одринско..., 217). Оваа процена е всушност најблиску до фактичката, со тоа што се испуштени некои населени места.
[287] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 435-437; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 511-512.
[288] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 33.

| | Изгорени христијански куќи | Во колку населени места | Изгорени воденици | Број на христијански куќи во казата | Вкупен број на куќи во казата | Колкав процент на христијански куќи бил уништен | Колкав процент на христијански куќи бил уништен од вкупнит број на куќи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Костурска каза | 2.781 | 26 | нема податок | 10.554 | 13.223 | 26,35% | 21,03% |
| Битолска каза | 2.581 | 46 | нема податок | 18.286 | 24.685 | 14,11% | 10,45% |
| Охридска каза | 2.064 | 42 | 85 | 6.112 | 8.893 | 33,76% | 23,20% |
| Леринска каза | 944 | 11 | нема податок | 6.458 | 10.391 | 14,61% | 9,08% |
| Кичевска каза | 568 | 12 | нема податок | 3.248 | 5.880 | 17,48% | 9,65% |
| Прилепска каза | 22 | 1 | нема податок | / | / | | |
| Дебарска каза | / | 2 | нема податок | / | / | | |
| Останати кази | нема | нема | 2 | / | / | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| во вилает от | | | | | | | |
| Вкупно | 8.960 | 140 | 87 | 44.658 | 63.0 72 | | |

*Табела 2. Шетата на недвижности во Битолскиот вилает*

### 3.2. Солунски вилает

Солунскиот вилает е составен од три санџаци: Серски (составен од 8 кази), Солунски (составен од 13 кази) и Драмски санџак (составен од 4 кази).[289] Доколку се земе предвид големината на Солунскиот вилает, неговиот принос кон востанието според Силјанов е мал.[290] Меѓутоа Солунскиот вилает во двете години кои му претходеле на востанието бил засегнат од последиците на Солунската провала, аферата Мис Стон, врховистичката провокација во 1902 година, масовните афери во Струмичко во 1901-1902 година, Солунските атентати, загинувањето на Гоце Делчев и неодржувањето на планираниот конгрес за Серскиот револуционерен округ, поради што овој вилает во еден подолг временски период се наоѓал во пернаментна воена состојба.[291] Особено биле силни и се чувствувале последиците од Врховистичката провокација која опфатила 33 села[292] од неколку кази од Серскиот и Солунскиот санџак, како и Солунските атентати. Османлиските власти од минатите настани имале впечаток дека револуционерното движење би било најсилно во Солунскиот, Скопскиот и Серскиот револуционерен округ, па затоа војските во овие окрузи биле извонредно многу зголемени, а движењето на четите било отежнато.[293] Од овие причини во Солунскиот вилает немало масовни востание, па оттука толкави големи ужаси какви што имало во Битолскиот вилает.[294] Исклучок

[289] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 54; Христо Силяновъ, Освободителнитѣ..., томъ първи, Илинденското възстание, София 1933, 337 фуснота 1.
[290] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ първи, Илинденското възстание, София 1933, 337-338.
[291] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 498.
[292] Македония и Тракия..., 141.
[293] А. Томовъ и Г. Баждаровъ, Революционата борба въ Македония, София 1917, 74.
[294] Љ. Лапе, Нови документи..., 59.

претставува Серскиот револуционерен округ во кој востанието заземало значителни размери.

**1.** Најголема материјална штета од востанието во вилаетот претрпел Серскиот санџак. Во него, односно во Серскиот револуционерен округ, кој не се поклопува целосно со границите на санџакот, всушност и официјално била донесена одлука на конгрес за кревање на востание кое требало да отпочне како што веќе беше споменато на празникот Крстовден, но и пред овој датум имало востанички акции. Во периодот од 20 јули, односно 2 август, па сè до крајот на октомври имало 22 востанички акции (атентати, напади и принудени судири).[295]

Во Серскиот санџак најмногу настрадале пет кази и тоа Серската, Мелничката, Неврокопската, Разлошката и Горноџумајската каза.[296] Притоа уште од пролетта 1903 година во овој санџак биле запалени селата Баница и Балдово, при што во првото биле изгорени 124 куќи, [297] а во второто село 63 куќи.[298] Џон Бут кој го посетил селото Кремен, изгорено и опустошено во текот на востанието ја опишува сликата која ја видел: „Глетката добиваше целосен ефект од врвот на еден куп земја и камења. Безоблични остатоци од ѕидови стрчеа меѓу растурената маса, а врвот на една јагленосана греда покажуваше кон небото; по целиот рид удолу се гледаа разурнати и искривени ѕидови; никаков звук не доаѓање од разурнатите куќи, ниту нешто се движеше по пренатрупаните улици по кои одвај можевме да се движиме поради ѓубрето расфрлано насекаде. Наоколу само пустелија и урнатини“.[299]

Во Серскиот санџак биле изгорени вкупно 1.285 христијански куќи во 12 населени места, вклучувајќи ги тука селата Баница и Балдово кои биле изгорени

---

[295] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 337-338.
[296] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 469; Македония и Одринско..., 240; Turkey No. 2 (1904)..., 149; Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, София 1995, 101-102.
[297] С. Дракул, Македонија меѓу..., втор том, 113; Македония и Одринско..., 104.
[298] Македония и Одринско..., 104; Македония и Тракия..., 344.
[299] Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, Скопје 2008, 214-215.

пролетта.[300] Притоа во овој санџак биле изгорени уште 109 муслимански куќи.[301] Покрај куќите биле изгорени и две цркви, две училишта и неколку десетици житни амбари.[302] Вкупната бројка на ограбени населени места во Серскиот санџак заедно со оние во кои имало и палење изнесува 26 села.[303] Во некои села навистина штетата од запалени куќи била мала, како што е случајот со селото Бачево. Во него на денот на опустошувањето на Мехомија, бујствувачките војските изгореле само 4 куќи, но затоа разграбале 120 чифта волови, 900 глави крави и друг едар добиток.[304]

**2.** Во Солунскиот санџак општо востание не било изводливо. Во Солунскиот револуционерен округ тамошните раководители поради неизводливоста на општо востание, не утврдиле конкретен датум за почеток на востанички дејствија, туку одлучиле да се солидаризираат со Битолскиот револуционерен округ и своите активности ги интензивирале откако ќе биде прогласено востанието.[305] Тука немало ослободување на населени места и формирање на слободна територија. Бил извршен еден демонстративен напад на гратчето Гуменџе од страна на Апостол Петков, но пред разденувањето четата се повлекла.[306] Главно востаничките дејствија се сведувале на сечење на телеграфските врски, уништување на железничката линија Солун-Битола со цел спречување на редовната комуникација и спречување на брзото префрлање на војската од Солун кон Битола.[307]

---

[300] Во Мемоарот се наведени само 7 населени места во кои биле изгорени куќи, без Баница и Балдевои вкупната штета е проценета на 1.090 куќи (Македония и Одринско..., 240). Меѓутоа во еден извештај на Атанас Шопов се наведени покрај некои од селата опфатени во Мемоарот уште три села кои се испуштени во него (А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101-102). Додека во еден британски извештај се наведени 9 села, но во оваа бројка се вклучени и селата Балдево и Баница, како и селото Рибна, во кое биле изгорени само муслимански куќи. Според овој извештај бројот на христијански куќи кои биле изгорени изнесувал 1.485 (Turkey No. 2 (1904)..., 149). За некои села од Серскиот санџак бројот на уништени куќи не се совпаѓаше, но повторно предност им дававме на податоците од Мемоарот. Фрејзер пак, дава вкупен број на изгорени куќи и зпоред него тој број изнесувал 1.491 христијанска куќа (John Foster Fraser, Pictures from the Balkans, London, Paris, New York and Melbourne 1906, 202). Во еден руски извештај во Мелничката, Неврокопската, Разлошката и Џумајската каза вкупниот број на изгорени куќи е проценет на 1.033 (С. Дракул, Македонија помеѓу..., том втор, 469-470).

[301] Turkey No. 2 (1904)..., 149; J. F. Fraser, Pictures from..., 202.

[302] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 470.

[303] Податоците се добиени со споредба на Мемоарот и извештајот на А. Шопов.

[304] Македония и Тракия..., 346-347.

[305] В. Ѓорѓиев, Кралот на блатото..., 79.

[306] Истото, 82.

[307] Истото, 79.

Струмичкиот револуционерен округ пак, бил од геостратешко значење и за Организацијата и за османлиската војска и низ него минувале значајни канали на Организацијата кон Солунскиот и Битолскиот револуционерен округ. Затоа уште во почетокот на 1903 година со цел спречување на преминот на чети од Бугарија кон внатрешноста на османлиска Македонија во Струмичко биле концентрирани значителни османлиски воени сили и ова е една од главните причини поради која во овој округ не дошло до позначајни востанички дејствија.[308]

Според Слијанов во Солунските санџак имало 16 востанички акции (атентати, напади и принудени судири).[309] Главно настрадале седум кази и тоа: Солунската, Тиквешката, Кукушката, Гевгелиската, Еницевардарската, Струмичката и Дојранската каза.[310] Бројот на изгорени куќи е мал и изнесувал 30 куќи.[311] Притоа биле изгорени и црквите во селата Чемерско и Страмашево (Тиквешка каза).[312] Бројот на ограбени населени места изнесува 22,[313] при што била ограбена и црквата Св. Димитрија во градот Солун.[314] Во весникот Автономна Македонија се наведува дека од селата од Солунско биле ограбени повеќе од 800.000 глави добиток кој трусската војска го продавала потоа многу евтино.[315] Несомнен е фактот дека ограбен добиток имало и дека тој се продавал многу под пазарната вредност, но најверојатно во весникот се работи за прецента проценка на ограбен добиток.

**3.** Во Драмскиот санџак на Солунскиот вилает имало најмала материјална штета. Во овој санџак од четири кази, материјална штета претрпела само Драмската каза и тоа незначителна. Тое и не е изненадувачки, бидејќи во овој санџак имало само 2 востанички акции.[316] Според рускиот конзул во Драмскиот санџак биле изгорени само пет куќи.[317] Истиот податок се поклопува во

[308] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 512.
[309] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 338.
[310] А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101-102; Македония и Одринско..., 239-240.
[311] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 470. Според извештајот на А. Шопов биле изгорени 24 куќи, но не е даден број на изгорени куќи во селото Чурилово (А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101-102).
[312] А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101.
[313] Податоците се добиени со споредба на Мемоарот и извештајот на А. Шопов.
[314] А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101.
[315] Солунско, Автономна Македония, година I, брой 17, 26 октомврий 1903, 3.
[316] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 338.
[317] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 470.

извештајот на А. Шопов според кој овие изгорени куќи биле во Драмската каза во селото Волак.[318]

***

Вкупно во Солунскиот вилает биле уништени 1.429 куќи, вклучувајќи ги тука и уништените муслимански куќи во Серскиот санџак, вкупно 109. Очевидно е дека најмногу настрадал Серскиот санџак, додека во Солунскиот и особено Драмскиот штетите се незначителни. Сепак, во Солунскиот санџак големи последици оставиле настаните кои му претходеле на востанието, особено Солунските атентати. И во поглед на грабежите штетите се неспоредливо мали во однос на Битолскиот вилает, при што вкупно според нашите истражувања биле ограбени 48 населени места.

Австроунгарскиот и рускиот конзул и во Солунскиот вилает штетата ја потцениле. Една куќа ја процениле просечно на само 15 лири, па за обновување на куќите оцениле дека се потребни само 18.660 лири.[319] Во поглед на ограбените населби тие процениле дека биле ограбени само 35 населби, а вредноста на ограбениот имот ја проценуваат од 6 до 8 лири, односно загуби по населба минимално околу 300 лири или се на сѐ вкупно околу 10.000 лири.[320]

| | Изгорени куќи | Во колку населени места | Извршени грабежи по населени места |
|---|---|---|---|
| Серски санџак | 1.394 | 13 | 26 |
| Солунски санџак | 30 | 5 | 21 |
| Драмски санџак | 5 | 1 | 1 |
| Вкупно | 1.429 | 19 | 48 |

*Табела 3. Шетата на недвижности во Солунскиот вилает*

318 А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101.
319 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 470.
320 Истото.

### 3.3. Скопски вилает

Востаничките дејствија во Скопскиот револуционерен округ биле најслаби.[321] Слабите востанички дејствија се должеле пред сѐ на слабата вооруженост на некои од околиите, истрошените сили во борба против пропагандите, последиците од тешките афери или на некои места од месните раздори. Сето тоа довело учеството и придонесот во востанието во овој регион да не е многу значајно.[322] Партизански дејствија во Скопскиот санџак имало во Скопската, Прешовската, Малешевската, Велешката, Штипската, Кочанската и Кратовската каза,[323] но зулуми имало и во другите кази.

Иако во Скопскиот вилает било релативно помирно, па би се очекувало минимален број на насилства и штети, тоа во праксата не се покажало така. Ниту населениете места во овој вилает не биле поштедени од насилства, и грабежите биле присутни. Сиот зулум бил извршен од војската, особено од илавите.[324] Куќи во селата биле потпалувани без некоја особена причина. При еден судир на војската со една востаничка чета во селото Трогирци (Штипска каза), војската го запалила целото село заедно со сета храна и стока.[325] Слична судбина доживеало и селото Брезница, каде при судир на востаниците со османлиската војска во близина на селото, трупите го нападнале селото, ограбувајќи го и палејќи голем дел од него.[326] Сепак, бројот на населени места во кои биле запалени куќи е најмал, во споредба со Битолскиот и Солунскиот вилает. Само во седум села биле запалени куќи.[327] Од друга страна според винескиот весник „Die Zeit" Османлиите уништиле 14 села во скопската и велешката област.[328]

Вкупниот број на изгорени куќи во Скопскиот вилает изнесува над 94 куќи[329] (без селото Брезница за кое не најдовме податок колку куќи биле запалени). Покрај целосно уништените куќи во Скопскиот вилает имало и куќи кои не биле целосно уништени, но претрпеле материјални штети од дивеењето на војската.

---

[321] Манол Д. Пандевски, Илинденското востание во Македонија 1903, Скопје 1978, 330

[322] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 351-352.

[323] Македония и Одринско..., 179.

[324] Љ. Лапе, Нови документи..., 72.

[325] Истото, 85.

[326] Turkey No1. (1904)..., 317.

[327] До оваа бројка дојдовме со споредба на Мемоарот на внатрешната организација, еден српски извештај и еден британски извештај (Македония и Одринско..., 243; Љ. Лапе, Нови документи..., 85; Turkey No1. (1904)..., 317).

[328] Turks Butcher Many Villagers Near Monastir, The Washington Times, August 14, 1903, 1.

[329] Македония и Одринско..., 243.

Така во Велес иако немало живо востание кое би им дало повод за напаѓање, положбата на христијаните била крајно опасна и загрозена од страна на војниците. Низ самиот град поминувале труските војски за цела југозападна Македонија. Илавите кои минувале од таму направиле големи пакости и немало христијанин чија куќа била останата здрава и непродупчена од куршуми.[330]

Иако во поглед на штетата предизвикана врз недвижности во Скопскиот вилает таа не била голема, врз подвижниот имот штетата и грабежот и во овој вилает достигнале не толку мали размери. Вкупниот број на населени места кои биле ограбени секако е невозможно да се процени, бидејќи во некои извештаи пишува грабеж во Скопско или Катлановско. Според нашите истражувања биле извршени грабежи најмалку во 41 населено место, при што голем број од селата биле целосно оргабувани.[331] Во овие населени места спаѓаат и неколку градови каде биле вршени грабежи, како и во нивната околина. Во Скопје илавите и редифите во најголемиот број на случаи не сакале да ги плаќаат предметите кои ги земале од продавниците и на сила земале се што им било потребно. За среќа ова било спречено од властите.[332] Во Скопско исто така војската која ги чувала железничките пруги ги пустошела градините.[333] Југоисточно од Катлановско Езеро еден баталјон редифи од Гилани извршил грабежи, убиства и други насилства.[334] Во Куманово ситуацијата била слична како во Скопје. Редифите не плаќале ништо за тоа што јаделе, пиеле и што земале од продавниците, а доколку некој им се спротивставел и не им го дал тоа што ќе го посакале го претепувале. По улиците се пукало со пушки, па затоа чаршијата била затворена. Кајмакамот „не сакал да чуе за жалбите на граѓанството, а камо ли оваа срамота да ја сопре“.[335] И во Кратово илавите ограбиле неколку продавници.[336] Исто така во Кратовската каза биле ограбени 56 домаќинства, а материјалната шетата на

---

330 Велешко, Автономна Македония, година I, брой 12, 21 септемврий 1903, 3.
331 Податоците се добиени преку споредба и компилација од Македония и Одринско..., 242-243; С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 380-387; Turkey No. 1 (1904)..., 317; Љ. Лапе, Нови документи..., 49.
332 Извештаи од 1903 година на српските консули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Скопје 1954, 331.
333 Истото.
334 Извештаи од 1903-1904..., 78.
335 Љ. Лапе, Нови документи..., 49.
336 Turkey No. 1 (1904)..., 317.

украдени добра која била причинета (не сметајќи ги изгорените куќи) изнесува 32.695 куруши.[337]

| Изгорени куќи | Во колку населени места | Извршени грабежи по населени места |
|---|---|---|
| повеќе од 94 | најмалку 7 | најмалку во 41 |

*Табела 4. Штета во Скопскиот вилает*

### 3.4. Рекапитулација на штетата

| | Изгорени куќи | Во колку населени места |
|---|---|---|
| Битолски вилает | 8.960 | 140 |
| Солунски вилает | 1.429 | 19 |
| Скопски вилает | 94 | 7 |
| Вкупно | 10.483 | 166 |

*Табела 5. Број на уништени куќи по вилаети*

Вкупниот број на уништени куќи во османлиска Македонија изнесува најмалку 10.483 куќи во 166 населени места, меѓутоа оваа бројка најверојатно е далеку поголема. Според жандармерискиот офицер од Норвешка К. И. Нандруп кој учествувал во спроведување на роформите во Македонија биле изгорени вкупно 12.241 куќа во 198 христијански села.[338] Најголема штета од востанието била предизвикана убедливо во Битолскиот вилает со уништени речиси 9.000 куќи, додека намјала во Скопскиот вилает. Доколку пресметаме со некоја просечна минимална вредност од 50 лири по куќа, вкупната минимална штета на уништени куќите во османлиска Македонија изнесува 524.150 лири.

Во споредба на извршените грабежи по населени места секако предничи Битолскиот вилает, меѓутоа Солунскиот вилает е малку пред Скопскиот со извршени 48, наспроти 41 грабеж во Скопскиот вилает. Но, кога се работи за извршените грабежи, мошне е тешко да се процени колку места биле опфатени.

---

337 Александар Апостолов, Кратовско во време на Илинденското востание, Историја, год. II, број 1-2, 1966, 88.
338 Благој Стоичковски, Шведско-норвешки документ за Македонија од 1904 година, Историја, год. XVI, број 2, 1980, 202).

Материјалната пропаст била толку голема „што две години по настаните населението не може да востанови нормални услови за живот“.[339]

## 4. Човечки жртви од задушувањето на востанието

Човечките загуби од востанието за османлиска Македонија опфаќаат широк дијапазон на човечки жртви. Во зависност од видот на жртва, дали се работи за загинат востаник, убиен цивил, обесчестена или пленета жена, затворени лица и сл. човечките жртви од задушувањето на востанието ги класифициравме во пет категории:

- востанички загуби
- цивилни жртви
- обесчестени и грабнати
- жртви кај затворените и осудените лица
- жртви од глад и болести

### 4.1. Востанички загуби

Во категоријата востанички загуби спаѓаат пред сѐ загинатите и ранети востаници во битките со османлиските војски, како и оние востаници кои се самоубиле за да не паднат во рацете на турската војска. Покрај нив, во оваа категорија на жртви како поткатегорија спаѓаат и востаниците и четниците кои се предале, верувајќи им на властите во совесно исполнување на ветуваната амнестија за оние што ќе се предадат, но наместо да бидат спроведени во затворите или амнестирани тие биле убиени. Убиствата на четниците кои се предавале биле масовни, за што протестирале дури и странските конзули.[340] Така од 116 лица кои се предале или биле уапсени во Крушево, пет лица биле убиени по пат, уште пред да бидат изведени пред судот.[341] Еден воен одред пак, носејќи 30 затвореници од Неокази, по пат сретнал еден баталјон кој се движел во спротивната насока, при што одлучиле да ги убијат затворениците, а нивните

[339] М. В. Михов, С кръст и меч. Българската екзархия, ВМОРО и освободителните борби на българите в Македония и Одринско (1902 - 1912), Велико Търново 2002, 134.
[340] Одбрани текстови..., 510.
[341] Turkey No. 1 (1904)..., 324.

тела да ги фрлат во реката.[342] Да се даде поединечна бројка за секоја поткатегорија одделно е невозможно, бидејќи сите овие во статистиките се заведени како погинати и ранети востаници.

Најголеми востанички загуби секако имал Битолскиот вилает. Во овој вилает најголеми жртви дала истоимената каза со вкупно 376 убиени и ранети востаници,[343] односно 47,53%. По неа е Охридската каза со 118 убиени и ранети востаници,[344] а на третото место се наоѓа Леринската каза со 150 убиени и ранети востаници.[345] Другите кази во Битолскиот вилает каде имало масовни востанички дејствија имаат под 100 лица погинати и ранети (Табела 6). Покрај казите во кои имал востанички дејствија, четинчки загуби дале и кази во кои немало востание, но испраќале свои чети во востанатите кази. Така, иако селата од Реканската каза не зеле масовно учество во востанието, уште пред востанието била формирана малореканска чета која зела активно учество во Кичевскиот востанички реон. Според истражувањата на Тодоровски во битките своите животи од овој крај ги дале 45 лица.[346]

| | Убиени и ранети востаници |
|---|---|
| **1. Битолски вилает** | **791** |
| Битолска каза | 376 |
| Охридска каза | 118 |
| Леринска каза | 105 |
| Костурска каза | 83 |
| Кичевска каза | 64 |
| Реканска каза (Малореканскi предел) | 45 |
| **2. Солунски вилает** | **109** |
| Серски санџак | 83 |
| Солунски санџак | 26 |

342 Илинден во француски..., 148. Брејлсфорд го опишува истиот настан, но според него Турците во селото Неокази бидејќи имало неколку малди луѓе кои се придружиле на востаничките чети, ги собрале мажите од селото под изговор дека ќе ги носат во затвор во Лерин, но на патот сопреле и заклале шеесетмина. Исто така се зборувало дека пред да бидат убиени, затворениците биле мачени, а други терани да стојат во групи за да можат војниците да се опробуваат во стрелање, кој колку може да убие (Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 224).
343 Македония и Одринско..., 130-131.
344 Истото..., 149.
345 Истото..., 137.
346 Г. Тодоровски, Малореканскиот предел..., 362.

| | |
|---|---|
| **3. Скопски вилает** | **93** |
| Скопски санџак | 93 |
| **Вкупно** | **993** |

*Табела 6. Преглед на востаничките загуби*[347]

По бројот на жртви втор е Солуснкиот вилает со 109 загинати востаници.[348] Од нив најголем процент, односно 76,14% се од Серскиот санџак, а останатите отпаѓаат на Солунскиот санџак. Во Драмскиот санџак пак, немало востанички загуби.

Последен по бројот на жртви е Скопскиот вилает. Во него имало востанички жртви само во Скопскиот санџак и нинвиот број изнесува само 93 лица.[349]

Сумарно во текот на востанието во османлиска Македонија загинале и биле ранети вкупно 993 востаници. Најголем процент од востаничките загуби 791 лице, односно 79,65% отпаѓаат на Битолскиот вилает. По него е Солунскиот со 10,97% и на крајот е Скопскиот вилает со 9,36% од вкупниот број на жртви. Според една статистика од османлиска провиниенција во судирите на османлиските војски со четите на Организацијата само од почетокот на 1903 година, па сѐ до почетокот на востанието биле убиени 583 востаници. Додека во текот на востанието од почетокот до 14 октомври биле убиени 2.967 востаници; и од 14 октомври до крајот на 1903 година уште 87 четници, или вкупно во текот на 1903 година биле убиени 3.637 четници.[350] Меѓутоа тука треба да се има предвид веќе споменатото, дека вообичаено кога се работи за воени загуби, особено во текот на востанието, секогаш се прикажува како противникот загубил многу повеќе во битката, истовремено намалувајќи ги сопствените загуби, со цел стекнување на морална предност, но и чувство на гордост. Исто така во османлиските статистики се случува во бројките на загинати востаници да бидат вклучени и загинатите цивили, па оттука овие статистики се преценети.

[347] Податоците се добиени од Македония и одринско..., 130-131, 137, 141, 149, 155, 174, 175 и 178; Г. Тодоровски, Малореканскиот предел..., 362; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 409; Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 219.
[348] Македония и Одринско..., 174-175.
[349] Македония и Одринско..., 178; Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 409.
[350] Пресметките се одбиени според Турски документи за оружените..., 11-137.

### 4.2. Цивилни жртви

Втора категорија на жртви се цивилните. Во оваа група спаѓа неборечкото, невооружено население кое настрадало од востанието, односно лицата кои биле убиени, мачени и тепани во текот на востанието, како последица од неговото задушување. Во оваа категорија жртви, бројот на убиени цивили може да се процени, но од друга страна бројот на цивили врз кои војската се изживувала или ги мачела, а истите ги прежиевале насилствата е речиси невозможно да се процени. Војниците одејќи по селата ги тепале селаните, заканувајќи им се дека доколку не предадат оружје ќе им го запалат селото.[351]

Несомнен е фактот дека востанието дало скапи цивилни жртви. Под изговор за борба против метежот, во вревата која била крената од востанието, војската го убивала мирното христијанско население,[352] иако востаниците за да го поштедат населението од насилства, како и за да си ја зачуваат базата за снабдување со храна ги избегнувале судирите со османлиските војски во населените места.[353] Маркизот Ленсдоун до сер О' Конор пишува: „Се плашам дека без сомневање големите ексеци биле направени од турските редифи и илави од избувнувањето на востанието на 2 август, а сурова одмазда биле нанесена на бугарските селани кои на било кој начин се поврзани со револуционерното движење".[354] Населението кое успеало да го избегне опустошувањето на своето село и се спасило преку бегање, доколку било пронајдено од војската не било поштедено. Враќајќи се кон Ресен еден воен одред наишол на „набези од жени и деца и старци од изгорените Крушје и Леорека, многу ги мачела и тепала, а 18 жени првин обесчестила па после ги затворила во една плевна, ја запалила истата, така што само неколку жени успеале да се сапсат".[355] Не биле поштедени ниту збеговите, каде било скриено мирното неборечко население, жените, децата и старците. Кај Смилево еден воен одред се насочил кон збегот Голем Гар при што бил извршен страшен масакр врз неборечкото население. Масакрирани биле 56 лица од двата пола, на возраст од три неделни бебиња до 80-годишни старци.[356] По опожарувањето на селата Куратица, Свиништа, Речица и други села од тој

---

[351] Turkey No. 2 (1904)..., 63.
[352] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 362.
[353] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 104
[354] Turkey No. 2 (1904)..., 9.
[355] Љ. Лапе, Нови документи..., 91.
[356] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 318.

крај, во месноста Грмешница бил направен логор во кој се сместиле семејствата од овие села, со нешто малку покуќнина која успеале да ја понесат и добитокот. Во збегот имало околу 1.700 лица.[357] По предавство, овој збег бил нападнат од аскерот. Во збегот имало и одреден број востаници. Притоа се разврзала престрелка помеѓу нив и војската, а од отворениот оган бил повреден дел од цивилното население. Според зборовите на учесникот во овие настани Дејан Димитров, повеќето, намерно стрелале кон жените и децата. Еден бинбашија заповедал да не се стрела кон цивилите, но никој не го послушал, па затоа тој убил некои од војниците. Меѓутоа кога забележал дека воопшто не го слушаат, ги дигнал рацете и нажалено извикнал „Алах, Алах!“.[358] Во масакрот во логорот Грмешница загинале околу 160 цивили, а имало и ранети кои подоцна им подлегнале на повредите. Останатите кои преживеале се спасиле со бегање.[359]

Извештаите на странските конзули, дописници и мисионери се преполни со описи на ужасите и ѕверствата кои биле вршени врз цивилното население.[360] „Мене ми доаѓаа селани од тие села и ми раскажуваа такви ужаси од кои кожата му се ежи на човека. измачувања од секаков вид, убивања, обесчестувања, вадења на деца од мајчина утроба и фрлање на селските пци за храна, земање жени и моми, грабање и палење на куќи“ – забележува во својот извештај Љ. Михаиловиќ од српскиот конзулат во Битола.[361] Еден американски мисионер пак, посетил „некои бегалци од Ехла. Девојка на околу 18 години има рана од пиштол. Куршумот влегол позади нејзиното уво и излегол од образот. Била ранета бегајќи од нејзината запалена куќа. Нејзината постара сестра немала толку среќа. Имала бебе кое во тој момент го доела. Еден куршум го завршил животот и на мајката и на бебето“.[362] Р. Вион ја посетил грчката болница во Битола, и ги посведочил раните и мачењата врз невиното цивилно население. „Имаше една бедна жена со распукано рамо доградниот кош, друга со истурен мозок, черепот и беше смачкан од пет убоди со сабја, и нејзината лева рака беше

[357] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 398-399.
[358] Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.) по спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Войдановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ, Съобщава Л. Милетичъ, София 1926, 120.
[359] Борбата въ Костурско..., 120-121; Љ. Лапе, Нови документи..., 112.
[360] Turkey No. 2 (1904)..., 9, 110; С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 362; ; Љ. Лапе, Нови документи..., 33, 52, 112, 121; Илинден во француски..., 148; R. Wyon, The Balkans..., 96.
[361] Љ. Лапе, Нови документи..., 52.
[362] Turkey No. 2 (1904)..., 110.

исечена додека се обидувала да го оттргне своето дете од касапите. Во овие соби, сè мали деца изрешетани од куршуми и исечени од ножеви“.[363]

Разните извештаи за малтретирањето и убивањето на цивилите во некои краеви на османлиска Македонија повторно не доведуваат до заклучокот дека насилствата биле извршувани систематски, исто како што било вршено уништувањето на селата. Особено што биле напаѓани и биле вршени масакри во збеговите, каде било засолнето главно неборечкото население. Систаматско убивање се забележува и во некои население места. На 14 август војската која го нападнала селото Неокази, претходно наредила жените и децата да излезат од селото каде ги пречекувале башибозуците и ги ставале сите под нож.[364] Слично пишува еден жител на Крушево, според кој на вториот ден од нападот на градот, на жителите им било наредено „да ги напуштат куќите и да одат во околните шуми каде ги чекал Бахтијар паша нешто да им каже. Сите што поверуваа во оваа лага: жени, мажи, деца, девојки, старци, беа убиени, односно стрелани на најподол начин од страна на трупите и башибозуците.[365]

Најголеми цивилни жртви претпрел Битолскиот вилает, особено местата каде востанието најсилно се разгорело, односно местата како Костурско, Леринско, Битолско и Охрдско. Во еден француски извештај за селото Смилево, се наведува: „Живи изгорени деца во шумата, блиску до селото, отоманските војници запалија големи огнови и таму живи ги запалиле следните деца: Слобода Коќева, девојче старо 6 недел; Павле Стојанов, бебе од една недела; Јоле Георгиев, 6-месечно бебе...“.[366]

Сепак, иако немало општо и масовно востание во Солунскиот (со исклучок на Серскиот револуционерен округ) и во Скопскиот вилает, цивилни жртви во голема мера се присутни и во овие два вилаети. Поплаките против насилствата на војниците и башибозукот се зголемиле и во Солунскиот вилает. Особено страдало населението во Кукушката и Стумичката каза.[367] Османлиските војски извршиле голем број на жестокости и во Скопскиот вилает, а христијаните дури и во вилаетскиот центар, Скопје, се плашеле да ги напуштат нивните домови,

---

[363] R. Wyon, The Balkans..., 84.
[364] Љ. Лапе, Нови документи..., 33.
[365] Македонија во делата на странските патописци 1903, 163
[366] Илинден во француски..., 162.
[367] Љ. Лапе, Нови документи..., 80-84.

стравувајќи дека ќе бидат нападнати.[368] Војските кои минувале од овој вилает кон Битолскиот, особено илавите извршиле голем број на малтретирања врз цивилното населението. Два баталјона илави во Куманово истепале многу од населението таму,[369] додека во Велес илавите, од кои едниот бил наводно пијан, убиле двајца богати и значајни Бугари, односно егзархисти.[370]

**1.** Во Битолскиот вилает најголем број на цивилни жртви, односно лица кои биле убиени претрпела Битолската каза со 514 лица односно 30,37% од вкупниот број на цивилни жртви во Битолскиот вилает. Костурската каза која претрпела најголема материјална штета е дури на третото место со 326 лица убиени или 19,26%, а на второто место е Охридската каза, пред се регионот на Малесија, во која биле убиени 419 лица или 24,76% од вкупниот број на жртви во овој вилает (Табела 7). Бројот на жртви во Костурската каза е помал, иако таа претрпела најголема материјална штета во смисла на уништени недвижности. Тоа се должи најверојатно на фактот што уништените недвижности во неа биле само во 26 населени места. Додека пак, во Битолската и Охридската каза од уништувањето се зафатени поголем број на населени места т.е. 46 и 42 населени места.

| | Убиени цивили |
|---|---|
| Битолска каза | 514 |
| Охридска каза | 419 |
| Костурска каза | 326[371] |
| Леринска каза | 229 |
| Кичевска каза | 204 |
| Вкупно во Битолскиот вилает | 1.692 |

*Табела 7. Преглед на бројот на убиени цивили во Битолскиот вилает*[372]

**2.** Во Солунскиот вилает најголеми жртви претрпела Разлошката каза со 207 убиени цивили. По неа се Неврокопската каза, Мелничката и Серската. Всушност се работи за казите кои го сочинуваат Серскиот санџак, во кој имало

[368] Извештаи од 1903-1904..., 105-109; Reign of Terror, The Globe-Republican, August 27, 1903, 6; Скопско, Автономна Македония, година I, брой 15, 12 октомврий 1903, 2.
[369] Turkey No. 1 (1904)..., 318.
[370] Turkey No. 2 (1904)..., 42.
[371] Во Мемоарот за селото Смрдеш се наведени жртвите и од пролетниот напад на селото. Оттука во овие пресметки тие се одземени, со цел да не дојде до преценување на цивилните жртви.
[372] Процената на жртви е извршена врз податоци од Македония и Одринско..., 198, 201, 206, 212 и 216.

масовни востанички дејствија, па оттука и бројот на жртви во овие кази е најголем. Бројот на жртви од овие четири кази сочинува 96,34% од вкупниот број на жртви во Солунскиот вилает. Во останатите три кази за кои најдовме податоци дека имало цивилни жртви, имаат незначителни загуби во споредба со бројот на жртвите во овие кази (Табела 8).

| | Убиени цивили |
|---|---|
| Серска каза | 5 |
| Неврокопска каза | 43 |
| Мелничка каза | 35 |
| Разлошка каза | 207 |
| Кукушка каза | 9 |
| Дојранска каза | 1 |
| Тиквешка каза | 1 |
| Вкупно во Солунскиот вилает | 301 |

*Табела 8. Преглед на бројот на убиени цивили во Солунскиот вилает*[373]

**3.** Во Скопскиот вилает најголеми цивилни жртви претрпела Кратовската каза со 60 убиени цивили односно 36,58% од вкуниот број на жртви во Скопскиот вилает. Во оваа каза по судирот во месноста Плавица кој се случил на 29 август завладела ужасен терор и речиси целосно движење било прекратено. Само по цена на сопствениот живот човек можел да излее надвор од градот или селанецот надвор од селото.[374]

На второто место по бројот на жртви е Кочанската каза со 44 убиени лица односно 26,82% и на третото место е Скопската каза со 27 убиени лица односно 16,46% од вкупниот број на цивилни жртви во овој вилает. Со исклучок на Штипската каза која има 13 убиени лица, останатите кази од Скопскиот вилает имаат помалку од 10 убиени цивили во текот на востанието.

| | Убиени цивили |
|---|---|
| Скопска каза | 27 |
| Штипска каза | 13 |

[373] Процената на жртви е извршена врз податоци од Македония и Одринско..., 240 и 241; Љ. Лапе, Нови документи..., 82.
[374] А. Апостолов, Кратовско во време..., 87.

| | |
|---|---|
| Кочанска каза | 44 |
| Кратовска каза | 60 |
| Велешка каза | 8 |
| Кумановска каза | 7 |
| Пехчевска каза | 1 |
| Тетовска каза | 4 |
| Вкупно во Скопскиот вилает | 164 |

*Табела 9. Преглед на бројот на убиени цивили во Скопскиот вилает*[375]

***

Вкупниот број на цивилни жртви во османлиска Македонија според податоците до кои дојдовме изнесува 2.157 убиени лица. Од нив најголем процент 78,44% отпаѓа на Битолскиот вилает. Според процената на британскиот вицеконзул Мек Грегор масакрирани биле 3.000 христијани.[376] Во еден натпис пак, во весникот „Глоуб-Републикан“ бројот на убиени „Бугари“ од 15 април до ноември 1903 година изнесувал 15.000, а за податокот се наведува дека бил добиен директно од Солун.[377] Сепак се чини дека бројот на жртви во весникот е преценет. Од друга страна нашата процена се однесува само за цивилите кои ги загубиле животите во текот на востанието. Бројот на цивили кои биле тепани, мачени, ранети и осакатени, и од кои дел од нив засекогаш останале инвалиди е непознат и е невозможно да се процени.

| | Убиени цивили |
|---|---|
| Битолски вилает | 1.692 |
| Солунски вилает | 301 |
| Скопски вилает | 164 |
| Вкупно | 2.157 |

*Табела 10. Преглед на бројот на убиени цивили по вилаети во османлиска Македонија*

[375] Процената на жртви е извршена врз податоци од Македония и Одринско..., 249; С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 380-381; Turkey No.2 (1904)..., 42; Извештаи од 1903-1904..., 105-109.
[376] Turkey No. 2 (1904)..., 54.
[377] Killed Fifteen Thousand, The Globe-Republican, November 19, 1903, 6.

Смртност имало и кај ранетите. Меѓутоа бројот на оние кои подлегнале на повредите исто така не може да се процени поединечно, бидејќи само мал дел се лекувал во хуманитарните болници, а останатите останувале во селата или збеговите, па оттука во статистиките се наведени сумарни жртви на загинатите од селата. Смртноста на оние кои се лекувале во болниците отворени од странските хуманитарни мисии варирал од регион до регион. Во охридската болница смртноста била 10,52%, додека во костурската 2,23%.[378]

### 4.3. Обесчестени и грабнати

**1.** Категоријата силувани и грабнати жени и девојки спаѓа исто така во човечки жртви, но ја издвоивме како посебна категорија. Како поткатегории во оваа група се издвојуваат обесчестените односно силуваните жени, најчесто при нападот на населените места од војската и башибозукот. Втора поткатегорија се грабнатите и пленетите жени и девојки и присилното исламизирање на некои од нив. Најверојатно поради големиот број на насилства и зулуми, некако во заден план се оставени и им се придава помало внимание во изворите за грабнувањето и исламизацијата извршени во текот на востанието.

Најлошо минувале помладите жени. Најчесто кога војниците ќе ги фателе ги носеле во турските логори, држејќи ги по неколку дена, сè додека и последниот силеџија не си го направел ќефот по што биле пуштани.[379] Неретко при нападите на селата се случувало најпрвин жените да бидат обесчестени, а потоа убиени. Така во селото Арменско 15 жени биле обесчестени, а потоа убиени.[380] Во селото Болно војската зела „десетина жени, ги соблекла голи, ги терала така голи по шумите, напаѓала на нив и најодзади неколку од нив и убила. Истото тоа било и во селото Евла. Во Златари убиле 15 жени и деца...“.[381]

Вкупниот број на силувани жени никогаш нема да може да се процени со голема точност. Иако во извештаите се среќаваат одредени бројки, многу жени и девојки, како и нивните сопрузи и родители од срам не кажувале дека тие биле силувани. Кохмански забележува дека при минувањето на еден баталјон војници

[378] Turkey No. 4 (1904)...
[379] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 228-229.
[380] Револуционната борба..., 95.
[381] Љ. Лапе, Нови документи..., 75.

низ селото Черешново, Прилепска каза, покрај грабежот, жените биле изнасилени. Свештеникот кој го известил за овој настан се срамел да признае дека и неговата жена била силувана и тоа од седуммина војници.[382]

**1.1**. Вкупниот број на обесчестени жени и девојки во цела османлиска Македонија се проценува на 2.222 лица. Во Битолскиот вилает тој број изнесува 2.152, односно 96,84% отпаѓаат на овој вилает, каде се случиле всушност и најголемите насилства во текот на востанието. Најголем број на обесчестени жени разгледано по кази имало во Битолската со вкупно 1.094 обесчестени жени[383] или 50,83% од вкупниот број на обесчестени жени во вилаетот. Тоа не е воопшто изненадувачко имајќи предвид колкав дел од оваа каза бил зафатен од востаничките дејствија и активности. Само во Крушево биле силувани 150 жени и девојки.[384] Додека пак, при нападот на логорот на избеганите жители од селата Дупени и Елчани сите жени, на број 200, биле силувани и одведени во Ресен.[385]

Втора каза во Битолскиот вилает по бројот на обесчестени е Костурската. Во неа биле обесчестени 396 жени и девојки.[386] Големиот број на војски кои се сместиле во Костурско, пребарувајќи ги горите, го обесчестувале населението и го распрснувале. Наоѓајќи се во една таква неподнослива положба, селаните започнале да се прибираат во селата и да подигаат бели крпи, наместо бајраци со кои покажувале дека се потчинуваат.[387]

| | Обесчестени |
|---|---|
| Битолска каза | 1.094 |
| Костурска каза | 396 |
| Охридска каза | 362 |
| Леринска каза | 227 |
| Кичевска каза | 73 |
| Вкупно | 2.152 |

*Табела 11. Обесчестени жени и девојки во Битолскиот вилает.*

[382] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 374.
[383] Македония и Одринско..., 198.
[384] Македония и Одринско..., 193-194; Майски Кировъ, Никола, „Гр. Крушово и борбитѣ му за свобода", Илюстрация Илинденъ, година VII, книга 4–5 (59), 1935, 17.
[385] Македония и Одринско..., 195.
[386] Истото, 206.
[387] Освободителната борба въ Костурско, 133-134.

Малку зад Костурската каза по бројот на обесчестени жени е Охридската каза со 362 силувани жени. И во оваа каза воопшто не е изненадувачка оваа голема бројка на цивилни жртви од овој тип, со оглед на жестокото настапување на османлиските војски и башибозуци во овој крај, особено во областа Малесија.

**1.2.** Во Солунскиот вилает бројот на обесчестени жени бил многу помал во споредба со оној во Битолскиот вилает. Најголемиот број на обесчестени жени има во Серскиот санџак и тоа вкупно 50 лица. Во Солунскиот санџак, единствено во Кукушката каза имало обесчестени жени вкупно 20.[388] Не се исклучува можноста да имало по некој случај на обесчествување и во други кази на Солунскиот вилает, особено ако се има предвид големината на вилаетот, но од веќе споменати причини овие се бројките со кои располагаме.

Во Скопскиот вилает според Мемоарот на Внатрешната организација немало обесчестени жени и девојки. Сепак, со оглед на насилствата кои биле застапени и во овој вилает во текот на востанието, најверојатно и тука имало поединечни случаи на силување, бидејќи рускиот конзул забележал еден обид за силување кога единаесетмина селани, кои се враќале од Кочани, каде што биле појдени да се жалат за злосторствата од војската, биле нападнати, а жените соблечени до гола кожа и се спасиле од силување само благодарение на застапувањето на еден случаен минувач – Албанец.[389] Исто така уште пред почетокот на востанието во овој вилет имало обесчестувања. Во јуни во Берово од аскерот биле обесчестени близу 50 жени, одејќи на нива да работат, а истата судбина ја доживеале жени од Русиново, Владимирово и други села од тој крај,[390] но со оглед на сензитивноста на ова прашање, многу жени и девојки како што споменавме не кажувале што доживеале.

| | Обесчестени |
|---|---|
| Разлошка каза | 35 |
| Серска каза | 15 |
| Кукушка каза | 20 |
| Вкупно | 70 |

*Табела 12. Обесчестени жени и девојки во Солунскиот вилает*

388 Македония и Одринско..., 240.
389 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 385.
390 Странскиот печат..., 41.

**2.** Покрај случаите каде жените и девојките биле обесчествуани и држени и по неколку дена во турските воени кампови, бројни се и случаите на грабнатите жени и девојки кои не биле вратени и биле исламизирани.[391] Еден Влав од Клисура јавил дека во Мокрени војниците „исекле многу жени и деца, а други жени и девојки ги зеле со себе во нивните села... Аскерот зема доста жени и девојки и од Загоричани и Бобиште и ги држат во шаторите на планините“.[392] Бугарскиот трговски агент забележал дека биле „извршени најголеми насилства и безчестија од аскерот и башибозукот врз несреќните жени и моми. Убавите моми и невести се пленети и ги полнат турските хареми“.[393] Иако ретки, имало случаи на обид за исламизација на цело село. Така Демир-бег, кој бил сопственик на селото Луковец, Воденска каза, им поставил ултиматум на селаните при што барал од нив да се потурчат доколку сакаат да останат во селото. Поради тоа осум лица со нивните семејства се иселиле во Воден, а на преостанатите им бил даден нов рок за да се потурчат.[394]

Грабнувањето на жени и девојки и нивно исламизирање поради немирните духови во османлиска Македонија имало уште од 1902 година. Во периодот од мај 1902 година до јули 1903 година се регистрирани 20 случаи на исламизирани жени и девојки.[395] Непосредно пред почетокот на востанието од 17 до 24 јули во Битола, Прилеп и Охрид исчезнале 50 жени христијанки,[396] кои најверојатно биле грабнати и присилени да преминат во ислам. Иако најчесто грабнувањата се случувале во текот на нападот и опустошувањето на населените места, имало и случаи каде исклучиво од поединци, плански биле грабнувани и потоа исламизирани некои девојки. Така Аљо Алимов Алиќајовски од Кичево на 25 септември ја грабнал Велика, ќерка на Симон Алексиќ од Пласница, откако истиот еден месец пред нападот на пат кон Кичево го убил татко ѝ за полесно да може да ја земе.[397] Исто така во септември од селото Модриште (Порече) била грабната свршената девојка Трајанка Јовчевиќ и Софка, жена на некој востаник

---

[391] ДАРСМ фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916, 01.0491.0003.0203/0477-0480.
[392] Петър Петров, Исламизации в Македония и Одринско по време на Илинденско-Преображенското въстание през 1903 г., Известия на държавните архиви, брой 85-86, 2003, 201.
[393] Истото, 203.
[394] Истото, 207.
[395] Истото, 190.
[396] Turkey No. 1 (1904)..., 243.
[397] Љ. Лапе, Нови документи..., 126.

заедно со нивната ќерка Цвета (10 годишна), по што биле присилени да преминат во исламска вероисповест.[398]

Да се процени точниот број на жени и девојки кои биле грабнати и исламизирани во текот на востанието е речиси невозможно и може да се даде само приближна бројка,[399] особено што исламизирањето продолжило и по задушувањето на востанието и воведените реформи. Во февруари 1904 година била грабната четиринаесет годишната ќерка на терзијата Стеван, од Брод ќерката на некој Силјан и уште две девојчиња од Крушевската нахија и биле одведени во конакот на битолскиот паша, а секој напор да се вратат бил залуден.[400] Битолската епархија на 21.01.1904 година барала од Егзархијата да помогне за да се спречи потурчувањето на жените и девојките во епархијата, кое продолжило иако востанието веќе биле завршено.[401] Најмногу грабнати жени и девојки имало во казите во Битолскиот вилает, додека во Солунскиот вилает и во Скопскиот вилает има помалу. Вкупниот број на грабнати жени во османлиска Македонија изнесува 200.[402] Меѓутоа во оваа бројка не влегуваат исчезнатите 50 жени непосредно пред и на самиот почеток на востанието кои ги наведува британскиот вицеконзул Мек Грегор. Заедно со нив бројот на грабнати жени и девојки изнесува најмалку 250. Од нив со сигурност имаме податоци дека биле исламизирани 48 жени и девојки. Инаку најголем процент на грабнати имало во Костурската каза, односно 54,4% жени и девојки од вкупниот број на грабнати се од оваа каза. Во другите кази грабнувањата се помали (Табела 13). Спеак, ова е минимална процена и бројката на грабнати била поголема, но за некои села е наведено дека биле грабнати девојки, а никаде не се наведува колку, каков што е случајот со селата Орман и Жупаница во кои според бугарскиот трговски агент имало грабнати моми, жени и деца,[403] но никаде не е наведена конкретна бројка.

---

[398] Истото, 125-126.
[399] Единствените најдетални податоци за грабнати жени има само во Мемоарот на Внатрешната организација, додека во другите извештаи тук-таму се среќава по некој податок, но тие се недовлни за да се изврши процена врз основа на нив. Од друга страна за исламизираните жени не се ниту дадени бројки.
[400] Странскиот шечат..., 146.
[401] ДАРСМ фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916, 01.0491.0003.0223/0520-0520.
[402] Македония и Одринско..., 198, 201, 206, 212, 240 и 243; Љ. Лапе, Нови документи..., 125-126; П. Петров, Исламизации в..., 201, 204, 205, 207-210, 212 и 213.
[403] П. Петров, Исламизации в..., 203.

| | Грабнати |
|---|---|
| Костурска каза | 136 |
| Битолска каза | 44 |
| Кичевска каза | 6 |
| Прилепска каза | 4 |
| Разлошка каза | 4 |
| Леринска каза | 2 |
| Охридска каза | 1 |
| Мелничка каза | 1 |
| Штипска каза | 1 |
| Кратовска каза | 1 |
| Грабнати во периодот 17-24.07.1903 | 50 |
| Вкупно | 250 |

*Табела 13. Број на на грабнати жени во османлиска Македонија*[404]

Исто така се забележани и случаи на продажба на грабнатите жени, девојки и деца. Шопов забележува дека „Грците и Власите купуваа од војниците за по неколку меџидии деца од костурските села. Тоа добрите селани го правеа со единствена цел да не се потурчат децата. Во случај да излегле родителите живи, тие си ги зимале децата".[405] Ретки се случаите каде по силни интервенции странските дипломатски претставници девојките биле враќани. Меѓутоа и да биле вратени тие девојки повторно се наоѓале во опасност поради неказнетоста на виновниците. Така девојката Урбија од селот Трново, Гостиварска каза која била грабната и одведена во селото Вруток со обид за да биде исламизирана, по интервенција на рускиот и австро-унгарскиот конзул биле ослободена. Но нејзино враќање во родното село било невозможно поради опасност од повторно грабнување од истите напаѓачи кои поминале неказнето. Истото важело и за свештеникот Аркадија кој ја спровел девојката во Скопје, поради што добил смртни закани дека не е безбеден да се врати во селото.[406]

---

[404] Табелата е составена според податоците кои ги пронајдовме во Македония и Одринско..., 198, 201, 205, 212, 240 и 243; Љ. Лапе, Нови документи..., 125-126; Turkey No. 1 (1904)..., 243; П. Петров, Исламизации в..., 201, 204, 205, 207-210, 212 и 213.
[405] П. Петров, Исламизации в..., 204.
[406] Истото, 194-197

### 4.4. Жртви кај затворени и осудени лица

**1.** Востанието во очите на османлиските власти било бунт насочен кон нарушување на поредокот во државата, што е и реално погледнато од османлиска перспектива. Во текот и по востанието, биле затворени голем број на востаници. Меѓутоа заедно со учесниците во востанието биле затворени и невини лица, без никаква вина. Од нив голем број потоа биле осудени и испратени во затворите по Османлиската Империја. Во оваа категорија спаѓаат и четниците и лицата кои се предале по ветуваната амнестија и помилување од османлиските власти, а многумина од нив подоцна биле приведени, па дури и осудени, бидејќи оваа првична мерка на властите со лажни ветувања имала за цел моментално ублажување на положбата во земјата и под неа тие не подразбирале вистинска амнестија.[407] Но голем број на востаници, не знаејќи се обиделе да ја искористат оваа мерка. Особено по предвидената демобилизација од Главниот штаб од 02.10.1903 година со која им се советувало на некомпромитираните востаници да се предадат со посредство на дипломатските претставници,[408] очигледно не очекувајќи дека предадените востаници се во опасност да паднат како жртви при предавањето или да бидат затворени.



*Слика 2. Битолскиот суд*

За судење на востаниците во Македонија во трите вилаети биле формирани специјални вонредни судови. Најпрво ваков суд бил формиран во Битолскиот вилает, каде уште на 06.08.1903 година стигнала заповед за формирање на суд, кој ќе ги судел осомничени за државно предавство.[409] Судот бил експресно формиран и започнал со работа на 12.08.1903 година осудувајќи уште веднаш две лица на смрт.[410] За претседател на судот бил избран дотогашниот

[407] Ванчо Ѓорѓиев, Прашањето за амнестија на водачите од Илинденското востание, Гласник 57, 1-2, 2013, 83.
[408] В. Ѓорѓиев, Подземната република..., 333.
[409] Љ. Лапе, Нови документи..., 44.
[410] Истото, 53.

претседател на кривично-апелациониот суд.[411] Потоа ваков суд бил формиран и во Солунскиот вилает.[412] За претседател на солунскиот суд бил поставен Љутви-беј, дотогашен претседател на кривичниот отсек на Апелациониот суд.[413] Инаку овие специјални судови биле без апелација, пресудите не се праќале на касација, односно биле без можност за жалба и требало наеднаш да бидат извршени.[414] Меѓутоа во прво време смртните казни не биле спроведени, бидејќи се чекале инструкции од Цариград.[415] Во Скопскиот вилает ваков суд бил формиран малку подоцна. Тоа се случило дури во јануари 1904 година, со директна наредба од Големиот везир, бидејќи со судењето во Касациониот суд се губело многу време и бунтовниците не ја добивале брзо казната.[416]

Најголем број на пресуди изрекол Битолскиот вонреден суд. Тој формирал вкупно 206 предмети. Од 176 предмети кои биле завршени, со ослободителна пресуда завршиле 267 лица, а 439 лица биле осудени.[417] Во Солунскиот вилает од Вонредниот суд биле осудени најмалку 40 лица, а во Скопскиот најмалку 6 лица.[418] Сепак ова се минимални бројки и најверојатно биле осудени поголем број на лица, бидејќи овие податоци се врз основа на лицата кои биле амнестирани во 1904 година со општата амнестија од страна на султанот. Самиот голем везир изјавувал дека бројот на уапсени и заточени Македонци изнесувал повеќе од 4.000 лица.[419] Во поглед на пресудите тие се движеле од смртни казни и доживотен затвор, па до пресуди од затврска казна од 15 години до 1 година, а има и осудени лица на веслање. Сепак бројот на осудени на смртна казна е многу мал и најчесто лицата се осудувани на затворски казни во различно времетраење.[420] Во однос на обвиненијата на осудените лица, најмногу биле обвинети и осудени со обвиненија: „давање на засолниште на бугарските разбојници", „разбојништво", „помагање на бугарскиот комитет",

---

411 Истото, 44.
412 Turkey No. 2 (1904)..., 3.
413 Извештаи од 1903..., 333-334.
414 Љ. Лапе, Нови документи..., 44; Turkey No. 2 (1904)..., 4.
415 Turkey No. 2 (1904)..., 29.
416 Документи за Българската История, Документи из Турските Държавни Архиви, Том IV, Част II (1863-1909), София 1942, 233.
417 Turkey No. 2 (1904)..., 158; Документи за Българската..., 232.
418 До овие процени дојдовме врз основа на пресметки од Амнестираните илинденци..., 347-351, 366, 369, 371-379, 380, 387-390.
419 В. Китанов, Принос към..., 94. Ваква бројка за осудени затвореници прифаќа и Миле Михов (М. В. Михов, С кърст и..., 135).
420 Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот..., 105, 108, 115,, 136 и 139; Turkey No. 2 (1904)..., 23-30.

„приклучување кон бугарските разбојници“, „нарушување на поредокот“, „бунтовник“, „разбојништво за да се наруши поредокот“ и слични други вкави обвиненија.[421] Притоа, тука треба да се додадат и затворените лица по Солунските атентати, кои им послужиле на властите како повод за претреси и апсења. Бројот на затворени лица по атентатите е проблематичен, како што е проблематичен и бројот на убиени лица. По првичните апсења, некои лица биле ослободени, а кон крајот на јуни 1903 година, во врска со атентатите, во затворите во трите вилаети се наоѓале уште 600 лица.[422]

Рускиот конзул Кохмански упатува голема критика на судењата во овие безапелациони судови. За доволен се сметал доказот од сведител-Турчин, кој воопшто не се проверувал со контра сведоштво од христијанин, при што доволно било само едно такво сведочење да послужи како доказ и обвинетите биле осудувани на 10 до 15 години затвор и прогонство. Поради ваквиот начин на судење, настрадале многу невини и пресуди биле изречени на многу селани.[423] Некои од пресудите се со обвиненија за пружање прибежиште или покажување на патот на разбојниците.[424] Ваквите обвиненија е многу тешко да се докажат, освен со сведочења, кои во овој случај не биле проверени со контра сведоци. Р. Вион го тврди истото како Кохмански. При неговата посета на вонредниот суд во Битола му пристапил еден млад човек од Охрид кој му се претставил како учител. Му се пожалил дека пред четири месеци, заедно со татко му и брат му ги уапсиле, куќата и имотот им го конфискувале, а на прашањето од Вион што сториле тој му одговорил „Господ знае; не знаеме ништо“ и барал во име на Господ да стори нешто за нивно ослободување.[425]

**2.** Втора група која припаѓа во оваа категорија се осудените лица кои умреле во затворите или на пат кон затворите. Всушност некои од комитите кои не загинале во борбите, умреле во затворите или на пат кон нив.[426] Конкретни податоци најдовме само за затворениците во затворот во Дијарбекир. Вкупниот број на донесени затвореници од османлиска Македонија во овој затвор бил

---

[421] Амнестираните илинденци..., 17-68.
[422] За бројот на затворени и осудени лица по Солунските атентати види В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 486-489.
[423] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 433; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 510.
[424] Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот...,115.
[425] R. Wyon, The Balkans..., 101-102.
[426] Британски документи..., 511.

324.[427] Затворениците биле хранети само со леб, по 300 драми на ден и вода.[428] Од лошите услови имало голема смртност кај затворениците уште по пат кон затворот, а дел од нив подлегнале на болестите. Големиот везир смртноста ја припишувал на епидемијата од тифус.[429] На 01.03.1904 година од македонските затвореници биле живи уште 217 затвореници.[430] Од затворениците според А. Тошев 102 лица умреле уште по пат, а 10 умреле од шарка која се појавила во јануари во затворот.[431] За да ги испита санитарните услови на „бугарските затвореници" била испратена во Дијарбекир американска мисија.[432] Докторот Том кој пристигнал во Дијарбекир констатирал дека кога пристигнал затворениците имале комфорт, биле во ќелија од 3 до 5 лица и само на неколку им недостигал овој комфорт и се чекало и тие да бидат згрижени. Исто така тој констатирал дека вкупниот број на умрени од доаѓањето бил 41 затвореник.[433] Меѓутоа неговиот извештај е подоцнежен и е од 01.03.1904 година, а податоците кои ги добил од властите таму се подложни на манипулација.

Кога била прогласена општа амнестија на 12 април 1904 година од Дијарбекир биле амнестирани 204 затвореници обвинети и осудени за активности во периодот на востанието.[434] Не биле амнестирани само 8 лица.[435] Оттука вкупниот број на лица кои умреле во затворот или на пат кон затворот во Дијарбекир изнесува 112 лица, односно стапката на смртност е 34,56%, што е прилочно висок процент. Доколку овоа стапка на смртност на затворениците од

---

[427] За бројот на пристигнати затвореници во затворот во Дијарбекир во секој извештај се среќаваат различни податоци. Така бугарскиот трговски агент тврдел дека во Дијарбекир имало 323 Бугари (Tureky No. 4 (1904)..., 172), а во друг извештај 324 Бугари (В. Китанов, Принос към..., 246). Во еден британски извештај е наведена бројка од 340 лица испратени во Дијарбекир, вклучително и 60 муслимани (Tureky No. 2 (1904)..., 159), во друг 337 затвореници (Tureky No. 4 (1904)..., 69), а во трет извештај 253 затвореници (Британски документи..., 511). Д-р Том од Американската мисија кој бил во Дијарбекир бројот на затвореници го проценил на 258 (Tureky No. 4 (1904)..., 124). Ние ја прифативме бројката од бугарскиот трговски агент А. Тошев и сметаме дека тој успеал да дојде до најточни податоци директно од роднини на затворениците. Во овој интервал се движат и процените во британските извештаи, а податоците на Д-р Том, најверојатно се подложни на манипулација од страна на властите, така што се најверојатно потценети. Исто така податоците кои ги дава Тошев за пристигнати затвореници, потоа умрени и колку останале во затворот по прогласената амнестија, кога ќе се пресмета според неговите податоци колку биле амнестирани, тие се совпаѓаат со османлиските податоци за амнестирани затвореници.

[428] В. Китанов, Принос към..., 246.

[429] Turkey No. 4 (1904)..., 69.

[430] Истото.

[431] В. Китанов, Принос към..., 245.

[432] Turkey No. 4 (1904)..., 76.

[433] Turkey No. 4 (1904)..., 124.

[434] Амнестираните илинденци..., 17-68.

[435] В. Китанов, Принос към..., 245.

Дијарбекир се примени на вкупната бројка од околу 4.000 заточени и затворени Македонци која ја изјавил Големиот везир, бројот на затвореници кои ги загубиле своите животи по пат или во затворите изнесувал околу 1.382 лица, што е поголем број отколку погинатите востаници во битките.

### 4.5. На раб на егзистенција

Како последица од суровото задушување на востанието османлиска Македонија се претворила во арена на болести и глад. Гладот претставувал општа појава во Македонија, кој започнал уште во пролетта 1903 со уништувањето на реколтата при нападите на селата. Па во овој период се појавил глад и во плодородните центри како Кукуш и Солун.[436] Оoбено гладот се засилил во текот и по востанието. Шефот на Лазаристичката мисија во Битола уште на 19 август н. стил предупредувал дека ако продолжи ситуацијата на опустошување на селата, ќе следуваат глад и колера, бидејќи труповите кај Охрид, Лерин, Крушево и други места лежеле покрај патиштата.[437] Чекаларов за проблемот со прехрна кој го имало населението, но и востаниците на 24 август забележува „И тука во Преспа положбата е критична и движењето невозможно. Подобрите села изгорени... Големи маки од сите страни се среќаваат за прехрана“.[438] Останати во уништените села или раштркани по планините и другите околини места, без алати за работа, без добиток, со ограбена или уништената реколта и залихи македонското население било директно загрозено од гладот и болестите.[439] Во октомври луѓето во повеќето места во Битолскиот вилает одвај имале храна за 2 до 3 дена, а во некои места тие веќе умирале од глад.[440] Во местата опфатени најжестоко од востанието гладот царувал најсилно. Во Крушево бил „создаден таков глад, што митрополитот Антим морал да се врати наеднаш (во Битола Д. Б.) за да собере овде колку-толку прилози и да се притече на помош на својата клета паства“.[441] Во Демирхисарско општиот глад бил неизбежен, а ситуацијата

---

436 Манол Пандевски, Илинденските бегалци во Бугарија во 1903–1904 година, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Скопје 1969, 216.
437 С. Димевски, Католичките мисионери..., 235.
438 Васил Чекаларов..., 277.
439 Илинден во француски..., 149.
440 Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 19; Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония. Томъ втори след Илинденското възстание, София 1943, 4.
441 Љ. Лапе, Нови документи..., 41.

се влошила кога оваа област била „херметички запечатена“.[442] Слична била ситуацијата и во Охридско. Во селата Куратица, Опејнца, Сирулја, Свиништа, Речани и Плаќе сета храна била изгорена поради што преживеаното население останало без корка леб.[443] На почетокот на ноември во Охридско 2.206 лица немале никаква храна; 539 лица не можеле да издржат ниту еден недела; 848 лица не можеле да издржат две недели; 373 лица не можеле да издржат три недели, а 1.016 лица не можеле да издржат еден месец.[444]

Особена опасност од глад имало кај бездомните бегалци.[445] Многу од децата од над 150-тина семејства кои од Крушево избегале во шумата, изумреле од глад, а некои бремени жени не можејќи да добијат помош морале да абортираат.[446] Помошта која ја делеле странските лица во почетокот била недоволна за да го опфати целото изгладнето население.[447] Немајќи со што да се хранат, цели села со денови се хранеле исклучиво со корења и трева. Помалите деца во голем број умреле, а мажите и жените се групирале според степенот на заразите кои ги десеткувале.[448] Слабата или никаква исхрана била една од причините која придонела за појавата и на болести. Помеѓу Малесијските бегалци се појавила болест, бидејќи тие биле гладни и се хранеле исклучиво само со сливи и круши. Многу деца и други лица умреле од обично воспаление на грлото.[449] Во Крушево малите резерви од сите видови на прехранбени продукти во градот завршиле, а голем број биле и уништени или украдени при заземањето на градот од војските и башибозукот, па затоа жителите почнале да се хранат со разни растенија поради што и тука проникнале болестите.[450] За ширење на болестите придонело секако и настапувањето на студеното време. Дополнително, уништените куќи и бегањето на населението во соседните села и градови ја зголемило скудноста на просторот, првенствено на селското население, каде и без тоа во една куќа живееле голем број на лица. Тоа, проследено со совршено отсуство на санитарни мерки, непогребаните трупови по патиштата и населените места создале

---

442 Македонија во делата на странските патописци 1903, 206.
443 Љ. Лапе, Нови документи..., 91.
444 Британски документи..., 474.
445 Британски документи..., 430.
446 Романски дипломатски..., 463.
447 Битолско, Автономна Македония, година I, брой 18, 2 ноемврий 1903, 3.
448 Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 19.
449 Борбата въ Костурско..., 133-134.
450 Историја на Крушево и Крушевско: од постанокот на градот до поделбата на Македонија, Крушево 1978, 248.

погодна почва за брзо ширење и никнување на заразни болести.[451] Во Битолскиот вилает се појавила епидемија на сипаници.[452] Во Серскиот санџак болести се појавиле уште во пролетта 1903 година. Овој крај бил погоден од последиците на Врховистичката провокација, но пролетта 1903 година биле запалени селата Балдево и Баница. Населението, останато без кров над главата, живеело во импровизирани колиби заедно или близу до преостанатиот добиток, во нечистотија. Ваквите услови придонеле за појава на болести во селото Балдево од која изумреле 2-3 семејства. Потоа во продолжение на еден месец од истата болест умреле 15-20 луѓе од истото село.[453]

Покрај епидемијата од сипаници која ја зафатила Македонија, најраспространета болест била една опасна инфлуенца што по симптомите личела на тифус.[454] Во Битола се распространиле и болести на респираторниот систем.[455] Локалните власти уверувале дека за епидемијата биле преземени строги мерки. Тие при посетата на Брејлсфорд, го уверувале дека околу заразените села е поставен воен кордон и никој ниту можел да влезе ниту да излезе од овие села, па на тој начин со ставањето каратин тврделе дека епидемијата речиси поминала. Но кога Брејлсфорд го посетила група претставници од селата зафатени со болести, тој дознал дека тие ниту слушнале, ниту пак виделе воен кордон.[456] Османлиските власти според зборовите на рускиот конзул биле совршено неспособни и неподготвени да преземат мерки за спречување на епидемијата од сипаници. Кон крајот на ноември таа се раширила и во самиот вилаетски центар Битола, сред војската и граѓаните.[457] Во една таква ситуација властите наместо да го олеснат отварањето на странски болници, тие ја отежнувале процедурата, најверојатно бидејќи во нив би се лечело население кое тие го сметале за востанато и против власта. Тие не дозволувале да се презема медицинска грижа за ранетите, па дури и полесните случаи кои би можело да се спасат завршувале со смртен исход, како последица од труење или крварење до

---

[451] Лука Групчевъ, Въстанието въ охридска Малесия презъ 1903 г., Илюстрация Илинденъ, година 5, книга 7-8, юний-юлий 1933, 22.
[452] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 514-515.
[453] Македония и Тракия..., 344.
[454] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 62.
[455] Turkey No. 4 (1904)..., 1.
[456] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 63-64.
[457] ДАРСМ фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916 01.0491.0003.0050/0123-0124; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 515.

смрт.[458] Л. Бонд од Балканскиот комитет забележал дека властите во Охрид спречуваат случаите на дифтерија да бидат лекувани.[459] Реформаторот Хилми паша ги спречувал милосрдните сестри да заминат во Крушево за да се грижат за настраданите, па дури и да испратат медикаменти.[460] Притоа тој на нивното барање им одговорил со вистински ориентален фатализам велејќи им: „Кому му е судено да умре, тој ќе умре, а кој треба да остане жив, тој ќе живее, лекови не се потребни".[461] Дури по долго време и настојување им било дозволено медицинските сестри да одат и да ги собираат ранетите кои биле оставени да лежат во планините.[462] Исто така османлиските власти ја попречувале работата на болницата која била отворена во Костурско од страна на Брејлсфорд и се обидувале истата да ја затворат.[463]

Смртта од глад и болести е уште една директна последица од задушувањето на востанието и бробите кои се воделе во османлиска Македонија. Од гладот и болестите без исклучок настрадало како цивилното, така и населението кое се вклучило активно во востанието, па дури и османлиските војски не биле поштедени од болестите кои започнале да заземаат сѐ пошироки размери. Да се процени бројот на починати лица од болести и глад е невозможно, особено што најголемиот процент од луѓето не се лекувале во болници, а на населението не му биле познати сите болести. Уште повеќе што во овој период воопшто не се водела евиденција за тоа кој починал од природна смрт, а кој како последица од болести, гладот и сл. Меѓутоа факт е дека врз основа на извештаите смртта која настапила како последица на глад и болести била во големи размери, особено во местата кои биле најсилно опфатени од востанието и разурнати во текот на истото. Во Костурско во едно село според протестантскиот проповедник Бонд во период од еден месец умреле 80 лица од пневмонија.[464] Брејлсфорд при неговата посета на селото Апоскеп кога ги побарал попот, учителот и кметот на селото, му било кажано дека сите починале во период од 2 недели. Потоа во неговото натамошно распрашување дознал дека секое домаќинство по враќањето од

---

[458] Британските конзули..., 333.
[459] Балканският комитет в Лондон (1903-1946), София 2003, 53.
[460] Истото, 50.
[461] Македонија во делата на странските патописци 1903, 130. Речиси идентичен одговорот на Хилми паша забележал и Р. Вион (R. Wyon, The Balkans..., 45).
[462] Македонија во делата на странските патописци 1903, 107.
[463] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 65.
[464] Македония и Тракия..., 226.

планините изгубило по еден член и речиси во секое мизерно засолниште, кое селаните го подигнале врз урнатините од нивните куќи, барем по едно лице лежело болно.[465] Стег проценува илјадници жртви од глад и болести.[466] Иста процена има и во весникот Автономна Македонија.[467] Во градовите се наоѓале илјадници гладни, голи и боси бегалци кои би изумреле од болести пишува истиот весник.[468] Според Главниот штаб поради гладот, мизеријата и претстојната зима една третина од народот била осудена на јавна смрт.[469] Дневната стапка на смртност кај бегалците кои се наоѓале разпрснати низ османлиска Македонија од глад и студ изнесувала 100 лица на ден.[470] Од друга страна бројот на лица кои се наоѓале во опасност од глад и студ според некои податоци изнесувал околу 30.000.[471] Оттука македонската популација покрај тоа што била десеткувана со загинатите востаници, цивили и затворени лица, на крајот како завршница следувале гладот и болестите.

### 4.6. Рекапитулација на жртвите

Според нашите пресметки во текот на востанието и неговото задушување најмалку 4.619 лица од востаниците и мирното цивилно население, ги загубиле своите животи. Ова е минимална процена и бројот на жртви е поголем, особено што во пресметките не се вклучени лицата кои како последица од задушувањето на востанието починале од болестите или гладот кој царувал во османлиска Македонија. Понатаму, доколку на овие лица ги додадеме жртвите од пролетта тоа се уште 344 лица.[472] Оттука вкупната бројка на човечки жртви од 1903 година е најмалку 4.963 лица. Покрај жртвите со смртен исход, тука се уште безброј ранети лица и лица кои останале со трајни последици од повредите, чија бројка не може да се процени, како и најмалку 2.222 силувани жени и девојки и 250 грабнати жени, од кои дел од нив потоа присилно исламизирани.

465 Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 62.
466 Илинден во француски..., 149.
467 Битолско, Автономна Македония, година I, брой 18, 2 ноемврий 1903, 3.
468 Битолско, Автономна Македония, година I, брой 17, 2 октомврий 1903, 2.
469 Македония, Сборник от документи и материали, София 1978, 490; В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 447.
470 Macedonian Refugees Dying from Famine, The Wahington Times, October 7, 1903, 1.
471 Љ. Лапе, Нови документи..., 89.
472 За жртвите од Солунските атентати во Солун се послуживме со просечна бројка, бидејќи како што споменавме, не постои усогласено мислење за точниот број на жртви во овие настани.

| | Број на жртви |
|---|---|
| Востанички загуби | 993 |
| Цивилни жртви | 2.244 |
| Обесчестени жени и девојки | 2.222 |
| Грабнати жени и девојки | 250 |
| Починати во затвор | 1.382[473] |
| Смрт од глад и болести | невозможно да се проценат |
| Жртви од пролетта 1903 година | 344 |
| минимален вкупен број на човечки загуби | 4.619. |

*Табела 14. Рекапитулација на жртвите во османлиска Македонија*

## 5. Најтешката зима

Зимата 1903/1904 година била особено тешка и критична за населението кое го преживеало востанието. Населението во османлиска Македонија, а особено во Битолскиот вилает се наоѓало во беда и мизерија, со многу села претворени во пепел.[474] Бедата која владеела во земјата била голема уште на почетокот на септември, при што Крал забележува „а бедата во земјата со огромниот број на досега разурнати села (тоа се 500-600) е ужасна“.[475] Проа пак, Битолскиот крај поради пустошењата сметал дека „е за жалење исто толку, колку и кутрата Ерменија“.[476] Гладот и болестите, уште едно бреме кое му тежело на грбот на истоштеното население само се засилиле со доаѓањето на зимата, а продолжиле да беснеат и во 1904 година. Несигурноста за прехрана се чувствувале и пролетта, но и подоцна во текот на 1904 година.[477] Во Охрид дури и летото 1904 година сè уште владеел голем глад.[478] Во Костурско во некои села тифус царувал речиси една година по востанието.[479] Населението со ништо не било подготвено за

[473] Процената на починати во затворите ја добивме врз основа на стапката на смртност во затворот во Дијарбекир. Оттука оваа процена можно е да варира, но се додека не се најдат поконкретни податоци, нема дурга процена со која можеме да го споредиме овој број.
[474] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 447; Извештаи од 1903-1904..., 75; Лука Групчевъ, Въстанието въ..., 22; Илинден во француски..., 121; Странскиот печат..., 118.
[475] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 106.
[476] С. Димевски, Католчиките мисионери..., 237.
[477] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., Томъ втори, 3.
[478] Странскиот печат..., 168.
[479] ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4302, оп. 1, ае. 103, , 7-8.

претстојната зима и било останато без стреа, храна и облека.[480] Народот немајќи каде да се прибере градел колиби од дрвја за да се заштити од зимата.[481] Плат забележува како стотици бездомни и сиромашни селани во Костурско зимата умреле од студот.[482]

Според податоците од Мемоарот на Организацијата вкупниот број на обездомени лица во Македонија изнесувал 63.392.[483] Во еден Меморандум од Организацијата пак, кој е напишан исто така до Големите сили, но уште во текот на востанието во септември месец се наведува дека 65.000 души останале без покрив над главата.[484] Норвешкиот офицер Нандруп наведува 70.000 лица прогонети од своите домови.[485] Битолскиот валија пак, признавал дека 40.000 лица биле останати без основни средства и бездомни.[486] Оваа процена ја прифатил британскиот вицеконзул Мек Грегор.[487] Од друга страна од српскиот битолски конзулат проценуваат дека 8.000 семејства биле останати без покрив над главата, а оваа бројка ја дава и Вион.[488] Во весникот „Глоуб-Републикан" пак, на 21.01.1904 година е проценето дека во Македонија без средства за егзистенција и без кров биле останати 100.000 лица,[489] што е најверојатно претерно доколку се мисли дека сите овие лица биле без покрив. Доколку тоа е вкупна бројка на лица од кои дел од нив биле обездомени, а друг дел останати само без средства за егзистенција, тогаш може оваа процена и да не е толку претерана. Во еден друг напис се наведува дека „над 70.000 население скита по планините без храна и облека".[490] Според бројот на уништени куќи во османлиска Македонија, ако претпоставиме дека во една куќа живеело по едно семејство со просечно шест члена, што е минимална бројка, бидејќи во голем број случаи во куќите во селата семејствата биле со повеќе членови и живееле по повеќе семејства, произлегува дека во османлиска Македонија биле обездомени околу 62.898 лица. Споредено со различните податоци од другите извори, оваа

---

[480] Странскиот печат..., 118.
[481] Истото, 133.
[482] Македонија во делата на странските патописци 1903, 201.
[483] Бројот е пресметан врз основа на Македония и Одринско..., 198, 201, 206, 212, 216, 240 и 243.
[484] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 453.
[485] Б. Стоичковски, Шведско-норвешки документи..., 202.
[486] Turkey No. 2 (1904)..., 45.
[487] Истото, 54.
[488] Љ. Лапе, Нови документи..., 89; R. Wyon, The Balkans..., 80.
[489] 100.000 Destitnte, The Globe-Republican, January 21, 1904, 6.
[490] Странскиот печат..., 107

процена врз основа на бројот на уништени куќи е најблиска до проценате во Мемоарот.

| | Обездомени лица |
|---|---|
| Битолски вилает | 51.606 |
| Солунски вилает | 10.772 |
| Скопски вилает | 1.014 |
| Вкупно | 63.392 |

*Табела 15. Број на обездомени лица според Мемоарот на Организацијата*[491]

Илјадници жители останале без средства за егзистенција.[492] Селаните кои буквално изгубиле сè во востанието, наоѓајќи се во крајно бедна и безизлезна ситуација, парите кои од државата ги добиле за изградба на колиби, биле приморани да ги истрошат за да си купат корка леб.[493] Децата биле исцрпени од глад.[494] Во услови на беда и немаштија се јавувале и меѓусебни грабежи помеѓу христијаните за добиената странска помош.[495] Особено во тешка материјална положба се наоѓале семејствата и жените чии мажи погинале или биле затворени, па немало кој да ги издржува.[496] Уште во август многу жени и деца без засолниште и без парче леб се упатиле кон градовите. На 15 август 1903 година повеќе од 200 жени и деца од запалените Буф и Раково отишле во Битола, барајќи помош кај Хилми паша, кој привремено ги сместил во Занаетчиското училиште.[497] На 14 септември во Битола дошле осумстотини жени од запалените села од Костурската каза кои се наоѓале во критична состојба, без засолниште, растерани по манастирите каде умирале од глад.[498]

---

[491] Табелата е составена според податоците од Македония и Одринско..., 198, 201, 206, 212, 216, 240 и 243.
[492] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 110.
[493] С. Драку, Македонија меѓу..., том трети, 430.
[494] Странскиот печат..., 133.
[495] ДАРСМ фонд 494 Охридска егзархиска митрополија Охрид 1892-1904, 01.0494.001.0261/0566-0566.
[496] С. Драку, Македонија меѓу..., том трети, 363-364, 393; ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, ае. 64, 106.
[497] Илинден во француски..., 121.
[498] С. Драку, Македонија меѓу..., том втори, 374.

Уште позагорозена категорија биле сираците, кои во востанието ги загубиле родителите. Нивниот број започнал да расте уште во почетокот на 1903 година како резултат на нестабилната состојба во Македонија. Во Кукушко бројот на сираци во овој период пораснал вонредно многу, а во католичкиот дом за сираци не биле во можност да ги примат сите.[499] Разгорувањето на востанието довело до уште поголем пораст на сираците. Оставени сами на себе, без ништо и без кој да се грижи за нив тие биле во една катастрофално лоша положба. Некои од сираците биле прибирани од другите бегалци, но бегалците не биле во состојба да се издржуваат самите, а уште помалку и да се грижат за сирачињата.[500] Друг дел од сираците биле оставани кај милосрдните сестри во Битола.[501] Со цел да ги згрижи сираците госпоѓата Зах. Ј. Шумлјанска, придружена од сопругата на воениот аташе при бугарското конзулство во Битола ги поставиле темелите на едно сиропиталиште во Битола.[502] Сиропиталиштето се издржувало најмногу од прилози на хуманите македонски и еврејски битолски граѓани.[503] Голем број на трговци, занаетчии и производители ги доставувале своите продукти како помош за сиропиталиштето. Исто така во Софија било основано женско македонско друштво за помош на оваа хуманитарна иницијатива. На тој начин во сиропиталиштето биле собрани 100 деца.[504]



*Слика 3. Сираци од загинатите револуционери*

Дополнителен товар за осиромашеното население претставувале донесените војски во вилаетите во Македонија за задушување на востанието. Всушност поради нестабилната ситуација во Македонија уште

---

[499] Елица Ѓеорѓиевска, Ставот на римокатоличката пропаганда во Македонија кон Илинденското востание, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од Илинденското востание, II, Крушево 1979, 181.
[500] К. Хр. Сиропиталище Битоля, Илюстрация Илиндень, година II, книга 2, февруарий 1940, 10.
[501] С. Димевски, Католичките мисионери..., 239.
[502] К. Хр. Сиропиталище Битоля..., 10-11.
[503] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 217.
[504] К. Хр. Сиропиталище Битоля..., 10-11.

пролетта 1903 година под оружје се наоѓале вкупно 137.200 војници.[505] Со кревањето на востанието нивниот број бил дополнително зголемен. На 15 август во Румелиските вилаети се наоѓале повеќе од 150.000 војници.[506] Веќе по една седмица биле побарани нови воени засилувања, со што со вклучени технички единици, бројот се искачил на 175.000 души.[507] Биле испраќани војски дури од Анадолија и Акја (Мала Азија).[508] Наспроти очекувањата дека со доаѓањето на зимата и задушувањето на востанието дел од војската ќе се повлече, војската не се повлекла и на многу места направиле подвижни стражарници.[509] Напротив, напнатите османлиско-бугарски односи допринеле Османлиската држава во повостаничкиот период да натрупува дополнителна воена сили и да ги повикува резервистити.[510] Некои од војниците се вселувале во куќите на селаните, а тие неможејќи да го поднесат неморалното однесување на војниците биле принудени да се иселат од сопствените куќи. Притоа во куќите им била причинета значителна материјална штета, та кога ќе се вррателе сопствениците им биле останати само голите ѕидови.[511]

Иако војската требала да се снабдува со храна од главните градски центри, наоѓајќи се во внатрешноста далеку од нив, товарот за нивна издршка паѓал врз грбот на македонскиот селанец. Селаните на војниците им носеле храна, за која не им било плаќано ништо, а во местата каде имало коњаница и сено и јачмик за коњите.[512] За нештата да бидат полоши, војската есента не добила плата за неколку месеци и поради тоа имала големи финансиски потешкотии, а незадоволство имало помеѓу сите чинови на цивилни и воени функционери.[513] Ваквата ситуација во која се наоѓала војската само повеќе ги зголемувала грабежите, насилствата, како и теретот кој и без тоа го претставувале врз плеќите на македонското население. Тие краделе и ги убивале богатите луѓе, земајќи им ги алиштата, па дури и од мртовците.[514] Доколку во летниот период војниците ги

---

[505] Tureky No. 1 (1904)..., 127.
[506] Турски документи за илинденското востание од..., 84
[507] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 309.
[508] Костурско въ..., 53.
[509] Љ. Лапе, Нови документи..., 90-91.
[510] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 387.
[511] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 64-65.
[512] Блѣда картина на революционата наша страна и хуманостьта на вънкашния свѣтъ, Македония мѣсечно илюстровано популярно списание, книга I, София, мартъ 1903, 7.
[513] Turkey No. 2 91904)..., 133.
[514] Странскиот печат..., 107.

пустошеле полињата, оградите и лозјата, со настапувањето на зимата на селаните им ги одземале дрвата и ќумурот, кои во овој период претставувале единствениот извор на приход за селското население продавајќи ги во градовите. Но не било доволно одземањето на тие производи, па од селаните барале и пари, земајќи до 7 лири од човек.[515] Ги одземале и предметите кои населението ги добивало како хуманитарна помош. Во Охридската каза американскиот агент ги снабдувал настраданите жители со топли штофови и ќебиња, кои војниците кога поминувале брзо ги одземале.[516] Има случаи каде биле крадени дури и градежните материјали кои селаните ги собирале за обнова на нивните куќи. Така во изгореното село Мокрени селаните започнале да ја подготвуваат потребната граѓа за изградба на разурнатите домови, преку ден работејќи во селото, а ноќите минувајќи гѝ во блиското гратче Клисура. Но кога башибозукот од соседното село дознал дека гредите се готови, во една вечер го однеле сиот неколку неделен труд на мокреничани.[517]

Грабежи биле вршени и при претресите од војската, барајќи скриено оружје. Иако востанието било завршено, властите ги испраќале војниците да бараат оружје по населените места. Воените одреди под изговор дека бараат оружје, вршејќи претреси, попатно му нанесувале страшни насилства на населнието, грабале сè што ќе им дојде при рака, особено јадење и колејќи го селскиот добиток, без да платат ниту грош.[518] „Од сите страни се слушаат поплаки на војската што оди по селата да го бара оружјето...“ – пишува Љ. Михајловиќ.[519] Некој да собере храброст да се жали кај властите од насилствата било речиси еднакво на смртна пресуда. Тој во најмала рака бил казнуван со „голем ќотек што дури и делумно се однесува на жените и децата“.[520] Но за оние што приговарале имало и смртни казни, каков што бил случајот со една мајка која се жалела кај Хилми паша за убиството на нејзиното дете од страна на башибозукот Нуја, кој

[515] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 513.
[516] Истото, 514.
[517] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 87.
[518] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 509; С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 432-434, 437-439; Љ. Лапе, Нови документи..., 111; Turkey No. 2 (1904)..., 118.
[519] Љ. Лапе, Нови документи..., 111.
[520] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 509.

за тоа што жената се жалела и убил уште еден син.[521] Насилствата од секаков вид продолжиле и во текот на декември 1903 година.[522]

[521] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 440.
[522] Истото, 456.

# ГЛАВА III. Османлиските власти за задушувањето на востанието

*„Се е нормално и тивко. Еден странец би можел добро да си помине во добро управуван турски град, бидејќи не ги знае глетките скриени во затворот, зад болничките ѕидови или во бугарското маало“* – Реџиналд Вион, септември 1903 година[523]

## 1. Спречување на протокот на непријатни вести

Во јавноста, како што веќе споменавме, започнале да се шират секојдневно информации за суровото задушување на востанието. Османлиските власти гледајќи дека ширењето на непријатни информации во европската и светската јавност зема замав започнале да преземаат мерки за спречување на ширењето на истите. Особено што, задушувањето на востанието се одолговлекло, а колку подогло би траело и колку поголем шум би имало во јавноста, толку се зголемувале шансите јавноста да врши притисок врз своите влади за интервенција во работите на Османлиската Империја. Со цел спречување на ширњето на непријатните информации, османлиските власти презеле повеќе мерки.

Првата мерка која ја вовеле османлиските власти била забрана на жителите од уништените и опустошени места да ги напуштаат истите. На жителите на Крушево кои го преживеале заземањето на гратчето практично им бил затворен излезот од градот за да се спречи ширењето на информациите за погромот.[524] Со исклучок на неколку лица кои избегале или со специјална дозвола од генералниот инспектор Хилми паша им било дозволено да го напуштат градот, останатите жители биле држени во Крушево со воен кордон.[525] Во случај некој од жителите да одлучел да го напушти градот, тој напрвин требал да ги исплати сите даноци и давачки за една година однапред и да внесе соодветен бакшиш во полициската станица.[526] Апсурдна ситуација! Во ситуација каде жителите биле ограбени до гола кожа и останати без никакви средства за егзистенција, тие требало однапред да ги платат даноците и не било доволно тоа, па требало да

---

[523] R. Wyon, The Balkans..., 79.
[524] Македонија во делата на странските патописци 1903, 129-130.
[525] Turkey No. 1 (1904)..., 324.
[526] Македонија во делата на странските патописци 1903, 130; Британски документи..., 451.

внесат и бакшиш, со единствена цел да се оневозможи напуштањето на градот и ширењето на вестите за настаните во Крушево. На овој начин само се отежнувало и заминувањето на печалба. Секако, ова имало и економска заднина, со цел државата да се заштити и да не ги загуби приходите од даноци, доколку овие лица трајно емигрираат надвор од нејзините граници.

Меѓутоа оваа мерка не се покажала многу успешна, со оглед на тоа што уште при нападот на селата и градовите, голем број од жителите се разбегувале по планините. Исто така биле потребни големи човечки ресурси за да се задржи населението од толку многу населени места да не ги напуштат истите. Затоа се преминувало на закани кон населението да не се жалат кај странските конзули за сторени насилства при нападите. Стотици жители на изгорените села скитале барајќи храна. Властите внимателно ги следеле истите и гледале да спречат тие да се појават во странските конзулства.[527] За таа цел внимателно биле надгледувани странските конзулати и кој сè влегувал во нив. Влез во конзулатот на лицата од погодените места значело затвор, тепање или нешто полошо. Затоа, за разлика од претходно, населението не се осмелувало во толкав број да оди кај конзулите и да им се жали за тоа што ги снашло.[528] Меѓутоа гласовите за случувањата врз населението го наоѓале својот пат до ушите на дипломатските претставници. Мерките за ненапуштање на уништените огништа, забраните и заканите кон жителите од уништените места за да не се жалат во странските конзулати не биле доволни за спречување на протокот на информации. Востанието предизвикало огромен интерес во светската јавност, поради што во османлиска Македонија престојувале голем број на новинари и дописници од европските и американските весници и списанија, кои секојдневно испраќале дописи до нивните новински агенции за најновите случувања. Дописниците, со цел добивање информации од прва рака се впуштале во авантури и директно се упатувале кон местата на злосторот. За да се спречи ширењето на вистината, не биле допуштани обиколките на кореспондентите во внатрешноста на Македонија, а локалните власти внимателно ја чувале земјата од странски набљудувачи.[529] Еден руски новинар забележува дека „на кореспонденотот не му било допуштено да патува дури и во оној дел од земјата каде, според

[527] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 332-333.
[528] Македонија во делата на странските патописци 1903, 107.
[529] Македонија во делата на странските патописци 1903, 129-130.

официјалниот извештај, „е воспоставен целосен мир““.[530] Хилми паша стриктно забранил на дописниците кои се наоѓале во Битола да излегуваат надвор од градот.[531] Оваа забрана кон дописниците била применувана посуптилно, но дописниците не биле наивни. Така кога Л. Вилари го прашал Хилми паша дали човек може да патува безбедно насекаде, пашата му одговорил „Ти си слободен да патуваш каде што сакаш“, но подоцна кога Вилари ја искажал својата желба да посети некои изгорени села, дозволата која му била дадена му ја одзеле.[532] Кога во Лерин пристигнале двајца англиски новинари кои посакале да го посетат опожареното Арменско, помошниот кајмакам дознал за тоа и доставил прашање до генералниот инспектор во врска со нивниот престој и барање. Притоа ги зел двајцата дописници под присмотра и им забранил фотографирање во казата.[533] Сепак, се случувале пропусти па новинарите успевале да се искраднат скришум од очите на стражарите. Дописникот на весникот „Вечерна пошта“, Даскалов направил обиколка во Кочанско и Скопско. Кога дознале османлиските власти во Цариград за оваа обиколка на Даскалов искажале негодување за тоа како му било дозволено да патува во тие места. Притоа било наредено во иднина да не се допуштаат такви грешки.[534] Исто така покрај новинарите кои влегувале легално во османлиска Македонија со пасоши и одобрение, имало и такви кои границата ја минувале нелегално и се движеле со четите, со цел добивање информации од прва рака и пишувајќи за случувањата.[535]

Од друга страна ѝ покрај забраната Хилми паша во одредени случаи делумно ги отварал вратите кон внатрешноста на Македонија со цел да се дознае „правата вистина“, особено поради појавените озборувања во јавноста. Но дозволите за посета на некои места биле со големи рестрикции и ограничувања, со очигледна намера прикривање на вистинската состојба на теренот и обид за создавање на една искривена слика за настаните.[536] Покрај тоа османлиските дипломатски претставници низ Европа дејствувале енергично, плаќајќи публикации и поткупувајќи новинари за да го претставaт востанието како разбојничка акција,

[530] Македонија во делата на странските патописци 1903, 131.
[531] Илинден во француски..., 162.
[532] Македонија во делата на странските патописци 1903, 110.
[533] Турски документи за Илинденското востание, 111-112.
[534] Документи за българската..., 243.
[535] Стоян Германов, Европейският печат за въстаническите действия в Серски революционен окръг, Македонски преглед, бр. 3, 2003, 30.
[536] Македонија во делата на странските патописци 1903, 179.

која го нарушува мирот и спокојството на Балканот.[537] Османлиите имале поткупено повеќе кореспонденти на весниците, кои преземале патувања по краиштата каде имало востание и давале благопријатни извештаи за османлиската влада. Месната управа со наредба од големиот везир отворила безплатен прием за секаков вид телеграфски соопштенија што ги предавал за Париз францускиот журналист Наполеон.[538] И покрај сите овие мерки на османлиските власти, тие се покажале како залудни, а протокот на непријатни информации не само што не бил намален, туку секојдневно во печатот се објавувале нови и нови описи на ужасот. Затоа во почетокот на септември Портата доставила безусловна наредба до сите европски дописници да ја напуштат Македонија. Причината била дека тие шират лажни вести за состојбата.[539]

## 2. Негирање и прикривање на вистината

Информациите за суровите истапи на војската и башибозукот се ширеле со светлосна брзина и покрај сите преземени мерки од властите за спречување на протокот на непријатни вести од уништените места. Не било доволно ниту херметички да се изолираат местата. Затоа, Османлиите наоѓајќи се во една непријатна ситуација пред очите на европските држави и плашејќи се од растечката тензија за интервенција преминале кон тактика на негирање на пишувањата. Портата преку своите амбасадори и дипломатски претставници во европските држави редовно добивала известувања за написите во тамошните весници за настаните и состојбата во османлиска Македонија. На тој начин таа била во тек со настаните и подготвувала одговор во обид да ги демантира пишувањата и да ја сокрие вистината.[540] Во еден демант од турската амбасада во Виена, поради написи во повеќе виенски весници за злосторства извршени во Крушево, пишува: „царската војска, како во секое место, така и во Крушево редовно ги уништува само разбојниците, а клеветите за злосторства потекнувале

[537] С. Германов, Европейският печат..., 29.
[538] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 450.
[539] Британските конзули..., 334; Документи о спољној..., 432.
[540] Види Турски документи за илинденското востание..., 93, 95 и 112-113, 135; Turkey Denies It All, The Globe-Republican, October 8, 1903, 6.

од лажни информации добиени од бугарски извори“.[541] Исто така било забранeто внесување на весници во Османлиската држава кои имале несоодветна содржина според османлиските власти, секако со цел спречување на протокот на непријатни информации и на домашна територија и уште поголемо револуционеризирање како последица. Така турската амбасада во Виена побарала да се забрани внесување на виенскиот весник „Цајт“ и неговиот додаток во царските вилаети.[542] Османлискиот амбасадор во Париз пак на 7 октомври 1903 година публикувал нота добиена од Портата во која Бугарија била обвинета за ширење невистинити вести до Големите сили за ситуацијата во Македонија, а извештаите за уништени села и масакри биле неточни.[543]

Официјалните османлиски извештаи за ситуацијата и случувањта во Македонија биле апсолутни невистинити. Во нив се тврди дека во внатрешноста владеел мир.[544] Во турските рапорти и извештаи дури жените и децата кои биле убиени биле објавувани како убиени комитаџии, а на работата и придавале значење „задушување на востанието“.[545] Исто така Портата од страницте внимателно го криела бројот на изгорени села до темел.[546] На локално ниво Хилми паша и останатите пониски османлиски чиновници пред странците ги негирале тврдењата за наводни масакри и злосторства. Хилми паша секогаш тврдел дека сѐ е во ред, па оттука Плат пашата го оценува дека „според честите лаги, инспектор-генералот веројатно нема рамен во Османлиската Империја“.[547] Пашата со сите напори се обидувал да ги увери странските претставници дека војската на која ѝ било наредено да го задуши востанието се држела спрема мирното население рицарски, а башибозуците кои самоволно се замешувале во дејствувањето на војската биле прогонувани.[548] Рејнхелит Николај Николаевич во разговорот со Хилми паша, му рекол дека веројатно мирното население во Македонија претрпело големи загуби поради немирите, на што Хилми паша одговорил: „А не, загубите воопшто не се големи... дури и минатата година, во време на востанието, загубите не беа ниту еден отсто, а годинава во Македонија

[541] Турски документи за Илинденското востание..., 93.
[542] Истото.
[543] Turkey Denies It All, The Globe-Republican, October 8, 1903, 6.
[544] Љ. Лапе, Нови документи..., 31.
[545] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 329 и 359.
[546] Истото, 329.
[547] Македонија во делата на странските патописци 1903, 176-177.
[548] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 354.

се очекува невидено богат род“.[549] Жителите на Ѓавато по уверување на Хилми паша се вратиле во селото, но на нивна вчудоневиденост кога пристигнале, таму се наоѓале војските и башибозуците кои ги истерале и притоа истепале неколкумина. Бегалците за случајот поднеле жалба до Хилми паша, но ништо не било преземено. Кога дознале за настанот австрискиот и рускиот конзул тие се обратиле кај пашата за да се застапат за селаните, но пашата тврдел дека ниту слушнал за таков настан, ниту жалба добил. Меѓутоа рускиот конзул успеал да добие копија од поплаката и му ја претставил на Генералниот инспектор. Откако „повторно извршил проверка“ пашата го известил конзулот дека таква жалба сепак била најдена кај него.[550]

Реџиналд Вион имал повеќе лични средби со Генералниот инспектор кого го смета за најпаметниот од сите Турци кои ги запознал. „Неговата перверзија за вистината била врвна... може да направи човек да верува дека Париз навистина е главен град на Англија и да го докаже со статистики... Хилми паша е добар говорник и господар во уметноста за задржување на конверзацијата во негови раце“ – пишува Вион.[551] Меѓутоа пашата никогаш не бил наивен да порекнува сè. Запрашан за масакрот во Крушево, одговорил дека тоа било дело на 30 лица од башибозукот кои и покрај залудните напори на Бахтијар паша не успеал да ги спречи. Сепак, ниту Вион не бил наивен и се запрашува како толку мала бројка на башибозук и пркосел на дисциплинираната војска од повеќе од 4.000 лица, правејќи толку голема штета, грабеж и убивајќи жители на градот.[552] Слични изјави Вион добил и од Назир паша кој му рекол „Сега гледате колку се преувеличени сите извештаи за немирите и бруталностите во Монастир...Во Европа има лажна претстава за овдешните случувања и ние правиме сè за да го исправиме тоа“.[553]

Со цел негирање и прикривање на вистината Османлиите отишле и чекор понатаму. Бидејќи очевидно поткупените новинари и проосманлиски весници не го давале посакуваниот резултат со информациите кои ги ширеле, султанот на почетокот на септември од османлискиот амбасадор во Вашингтон побарал

---

[549] Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, 152.
[550] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 356-357.
[551] R. Wyon, The Balkans..., 38.
[552] Истото, 39.
[553] Истото, 79,

да му испрати еден Американец кој би бил поставен за шеф на османлиското Пресбиро, со главна должност да не се распространуваат неповолни гласини за Империјата.[554] Во име на султанот, Чекиб-бег го вработил Американецот Џозеф Е. Маркомбе како дописник за да ги презентира „вистинските факти" за настаните во Македонија.[555]

## 3. Кој го запали селото?

Бројот на уништени села и населени места, насилства и цивилни жртви секојдневно растел. Гневот, пред сѐ кај европска јавност се зголемувал, а мерките за спречување на протокот на информации за случувањата во османлиска Македонија и негирање на вистината не биле доволни. Затоа властите примениле уште една тактика за смирување на страстите во јавноста, започнувајќи да опрадвудваат некои од извршените злосторства. Министерот за надворешни рабтои Тефик паша пред дипломатските претставници убиствата на цивили ги оправдувал со тоа што војската од далеку кога ги напаѓала востаниците, не можела да ги разликува мирните граѓани од востаниците, кои се криеле по куќите. Сепак, тврдел Тефик паша, невините повеќе страдале од комитите кои им ги одеземале сите потребштини, а потоа со динамитски бомби уништувале сѐ.[556] Главни причини во турските официјални кругови за уништување до темел на толку голем број села биле: експлозија на покриен магацин со динамит, силниот ветар го раширил огнот на другите куќи, востаниците сами го запалиле селото. Овие причини според Крал не биле издржани бидејќи „верното наведување на динамитот е премногу смешно, за да биде сметано за сериозно со оглед на толку големиот број разурнати села".[557] Селото Смрдеш кое биле запалено уште во предвостаничкиот период, според официјалната верзија на Хилми паша „во почетокот и за време на битката пламнаа една-две куќи, од каде пожарот се распространи и на горните згради. Пожарот се рашири и од тоа што внатре, во куќите биле складирани многу воени материјали".[558] Валијата пак, за палењето на истото село тврдел дека имало

[554] Документи о спољној..., 432.
[555] An American Press Agent Employed by the Sultan, The Washington Times, September 8, 1903, 1.
[556] Документи о спољној..., 425.
[557] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 110
[558] Костурско въ..., 47-48.

експлозии и дека од востаниците биле правени утврдувања, што било полна невистина според Ростковски. Никакви експлозии немало, а божемното градење на укрепувања било всушност поправка на стариот вир кој служел за водопој на добитокот, кој се наоѓал надвор од селото.[559] Уништувањето на селата Османлиите го сведувале и на палење на куќи поради борба на улиците и внатре во самите куќи, а се останато било дело на „бугарските банди“.[560] Овие тврдења Кохмански ги оценува како нереални. „Властите, како и секогаш, им го припишуваат пожарот на експлозиите на бомбите, фрлани од револуционерите, но очигледно ни тие самите не си веруваат во оваа верзија... Од друга страна како сведоштво за тоа, дека востаниците во реонот не располагаат со сериозни средства за разурнување, служи фактот, што, вршејќи нееднократни напади врз железничката пруга Битола-Солун, тие сѐ досега не успејаа неа позначително да ја оштетат, и возовите одат без прекин“.[561]

Во Битола уште пред почетокот на востанието се рашириле гласини дека ќе има сеопшто востание. Притоа се зборувале дека ќе бидат нападнати муслиманските села, а нивните жители заклани, со што би се предизвикала експлозија на муслимански фанатизам, за потоа тие да извршат колеж во градот и најпосле Европа да се заземе за Македонија.[562] Сѐ одело дотаму што за уништувањето и палењето на селата биле обвинети востаниците. И доколку се читаат само османлиските извештаи се добива една слика дека за сите злодела и палења на селата се виновни востаниците. Од друга страна, сосема спротивни се извештаите на Организацијата, што истражувачот и читателот би го навеле на прашањето Кој ги запалил селата? Притоа властите и востаниците започнале меѓусебно секојдневно да се обвинуваат за тоа кој го наредил палењето на поедини села.[563]

**1.** Османлиите ги обвинувале востаниците како за палење на муслиманските села, така и на христијанските. Хилми паша на 12 септември 1903 година известува за сторени злосторства од страна на востаниците, односно како што ги нарекува разбојниците, кои опожариле 80 села и 7.000 куќи.[564] Тој дури и

---

559 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 213.
560 Turkey No. 2 (1904)..., 47-48.
561 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 311.
562 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 283.
563 Илинден во француски..., 152.
564 Костурско въ..., 55.

обесчестувањето и грабежите им ги припишувал на востаниците, кои го правеле тоа обивнувајќи ја потоа војската и башибозукот со цел меѓународна реакција.[565] Главни прични според османлиските власти за палење на селата од страна на востаниците биле: **1.** палење на селата кои манифестирале наклонетост кон власта; **2.** селата во некои нахии како Дебарца биле изградени од слама, па цената и времето за изградба биле мали. Востаниците нанесувајќи си незначителни штети, подоцна, пред европската јавност имале алиби за да се прикажат како жртви.[566] Затоа Османлиите ги обвиниле востаниците дека ги запалиле селата Раково, Буф, Опсирини, Битуше, Прекопана, Апоскеп, Загоричани, Черечница, Бобишта, Вишени, Обидим, Кремен, Белица, Смилево и други села.[567] За Смилево Османлиите тврделе дека востаниците при повлекувањето фрлиле бомби во куќите кадешто имало муниција и така селото изгорело.[568] За селата Белица, Обидим и Кремен, со исклучок на Белица каде имало едно турско маало, според Грејвс тешко може да се верува на зборовите од Османлиите.[569] Л. Томов за Белица тврди дека востаниците го запалиле турското маало. Меѓутоа дојдените турски војски влегле во селото и започнала борба во која се опожарило и бугарското маало, црквата и училиштето. Сите селани избегале во Бугарија, додека изнемоштените, стари и болни лица кои останале биле убиени од војската и башибозукот.[570]

Особено еклатантен е случајот на Крушево, чие уништување и злосторства одекнале и ја разбранувале меѓународната јавност. Изјавите во врска со злосторствата во Крушево на османлиските чиновници се контрадикторни, па дури и трагикомични. Хилми паша изјавил дека грчката црква била разурната од страна на комитите, а Али бег, командант на баталјон, негирал било какви убиства и малтретирања, па дури кажувал како пронашол една торба со накит кај некој мртов комита и побарал нејзината содржина да биде разделена помеѓу законските сопственици. Но една грчка депутација ги демантира ваквите тврдења обзнанувајќи дека војниците ја разурнале грчката црква.[571] За Бахтијар

[565] Турски документи за Илинденското востани од...,
[566] Турски документи за Илинденското востание, 153.
[567] Турски документи за оружените..., 85, 86, 90 и 110; Љ. Лапе, Нови документи..., 32 и 64; Turkey No. 2 (1904)..., 68; Турски документи за Илинденското востание..., 126-128.
[568] Љ. Лапе, Нови документи..., 64.
[569] Turkey No. 2 (1904)..., 68.
[570] Л. Томовъ, Революционите действия въ Разложко презъ 1903 год. (спомени), Илюстрация Илиндень, година 5, книга 7-8, юний-юлий 1933, 29.
[571] Британски документи..., 452-453.

паша во еден османлиски документ се наведува дека извршил евакуација на мирното население надвор од градот со што осигурал тие да не бидат изложени на опасности. Па дури и се наведува дека не била забележана ниту една башибозучка дружина.[572] За да по неколку редови во истиот документ се демантира тврдењето „единствено овде-онде распрснатите групички на вооружени башибозуци, од кои еден дел вооружани избегале дома, се претпоставува дека му припаѓаат на Прилепскиот втор резервен табур војска“.[573] За жените во Крушево се тврди дека биле организирани постојани дежурства од страна на царската војска со цел да се заштитат, па така „не се слушнало за напад, ниту за кражба на нивните пари или скапоцености, ниту пак за нивната чест“. Доколку постоел било каков напад на жените, тој бил сторен во првиот ден од битката, кога османлиските војски немале влезено во грчкото и влашкото маало, па бил сторен од востаниците.[574] Дури и палежот на околку 40-50 дуќани и убиството на 10 Грци, односно патријаршисти им е припишано на востаниците. Затоа на крајот од документот се заклучува: „Како што погоре е изложено, по воспоставувањето на власта во селото, со патроли се дејствувало за осигурување на мирот и заштитата на имотот и животите на жителите на селото. Не е точно дека притоа многу лица, особено некои угледници, биле отепани од страна на царската војска и башибозукот“.[575] Бахтијар паша на забелешките од грчкиот митрополит Антим одрекувал секаква вмешаност, и сите ѕверства им ги припишал на востаниците, независно од тоа што дел од ограбениот плен од војниците и башибозукот му бил донесен токму на него.[576] Официјалната верзија за настаните во Крушево, која Фуад паша му ја соопштил на романскиот амбасадор во Цариград гласи дека за сè бил виновен бугарскиот свештеник во Крушево и востаниците. Имено, султанот направил последен обид за капитуалција на востаниците, притоа повикувајќи го егзархот да му телеграфира на бугарскиот свештеник во Крушево како бандите би си го спаселе животот доколку го положат оружјето. Но свештеникот му одговорил дека во неговата црква има само две ранети лица, а бандите биле во грчката црква и квартовите населени со Грци и Куцовласи. Па така, изманипулирани со оваа информација

[572] Турски документи за илинденското востание..., 130.
[573] Истото.
[574] Истото, 131.
[575] Истото, 131.
[576] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 306.

турските војници навлегле во градот во кој востаниците подметнале оган во различни делови.[577]

Со цел Османлиите да докажат дека востаниците биле виновни за сè што се случило во Крушево, на жителите на градот им било дадено да потпишат Мазбата дека грабежите и палењето на градот биле дело на востаниците. Притоа бил вршен силен притисок за истата да биде потпишана.[578] Случајот на Крушево не бил изолиран. Потпишување на вакви Мазбати од локалните власти било барано и на други места. Во Клисура за одрекување на сите злосторства на османлиските војници била доставена исто така Мазбата до христијанското население во нахијата. Во неа се одрекува вистината за злосторствата. Притоа Мазбатата гласи:

„Тоа е во рамките на знаењето на целиот свет и почисто од сонцето, дека неговото царско височество Султанот, нашиот ценет заштитник, не удостои да запосли царски трупи и да ги употреби сите други средства за зачувување на нашите животи, чес, имот и посебно нашите домови и индивидуална слобода од сите напори. Во исто време слушнавме дека некои заинтересирани лица се препуштиле на клевета и изјавиле дека во текот на неволјите предизвикани од Бугарските комитети десет млади девојки и некои млади момчиња од христијанските жители на Клисура биле однесени од офицер, дека четири млади девојки биле обесчестени и дека некои други млади девојки и момчиња на истиот начин биле однесени и дадени на војниците од Албанците; при што царските војници никогаш не направиле вакви одвратни акти и ние христијанските жители, кои ја имаме честа да бидеме поданици на неговото царско височество не можеме да дозволиме вакви лаги да бидат поставени на наша сметка. Следствено на тоа ние го презентираме овој документ до властите единствено и едноставно за негово водење и дека може да се постапи по него доколку е потребно.

Клисура, октомври 5 (18), 1903“.[579]

Британскиот конзул сер О’Конор пишува дека изнесеното во Мазбатата за порекување на сите злосторства на турските војници било неточна информација

[577]Romански дипломатски..., 376.
[578] Turkey No. 1 (1904)..., 319 и 324; Извештаи од 1903-1904..., 81.
[579] Turkey No. 2 (1904)..., 137.

и тоа е вообичаен обид на локалните власти да ги одречат сите злосторства доколку во иднина пристигнат жалби за злосторства до владите на Европските држави.[580]

**2.** Организацијата, односно Задграничното претставништо на 29 јули ст. стил по раширените вести за жестокоста на востаниците спрема мирното муслиманско население во Битолскиот вилает, излегла со демант на информациите како апсолутно невистинити.[581] Напад на турски села и чифлици, и на христијани бил дозволен само доколку тие направат некаква штета на македонските села или доколку се против македонското ослободително дело. Никако не било дозволено убивање на жените и децата.[582] Уште на Смилевскиот конгрес било одлучено:

„Прво: Прекинување на патните, телеграфски и поштенските врски и да не се допушти воспоставување од страна на турската власт за време на востанието.

...

Трето: Напаѓање на владините институции“.[583]

Додека во Општиот план и целите на востанието за Задачи на четите и начин на дејствување во точка 4 се предвидува:

„Разрушување на јавни европски постројки:

а) патнички возови;

б) железнички мостови;

в) тунели;

г) шини;

д) телеграфски жици;

ѓ) макази по железницата;

е) телеграфски станици;

ж) железнички станици...

5. Разрушување:

а) Зградите при рудниците кои се експлоатирани од Европејци...

в)кредитни институции, банки;

г) фабрики и слично“.[584]

---

[580] Turkey No. 2 (1904)..., 136-137.
[581] Македония, Собрник..., 465-466.
[582] Странскиот печат..., 61; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 497.
[583] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 380.
[584] Истото, 395-396.

Со цел избегнување на невини жртви Главниот штаб до дирекцијата на Ориенталните железници испратил писмо со кое ја известува за претстојното востание кое по „апсолутна неопходност ќе мора да биде проследено со некои атентати врз железнички патишта“.[585] Главниот штаб имал човечка должност да ја извести дирекцијата „таа да има предвид во текот на овие денови да не им дозволи на жителите од овие краишта да патуваат со ориенталната железница, за да не станат невини жртви“.[586] Како што било и најавено од челниците на Организацијата, напади на железничките линии имало и тоа не било порекнато. На железничката линија Битола-Скопје биле извршени два атентати. Во Скопскиот вилает исто така два, додека во Солунскиот вилает 14 напади на железничката линија.[587] Главен атентатор на железницата во Гевгелиско бил Сава Михајлов.[588] Железнички мостови и мостовите по патиштата, како и телеграфските линии низ целиот Битолски вилает и до Воден во Солунскиот вилает биле мета на напад и уништување.[589] Телеграфските врски помеѓу Битола и сите кази биле прекинати.[590] „Прекинувањето на телеграфските врски секој еден час е најобична работа... понекогаш на редовното стасување на солунскиот воз секој му се чуди“ - забележува М. Ристиќ,[591] а Мек Грегор пак пишува: „телеграфските жици се пресекуваат веднаш штом тие ќе бидат поправени, и среќа е ако пораките што се испраќаат стигнат во текот на денот“.[592]

**3.** Францускиот вицеконзул Готје се потрудил да најде кој навистина бил виновен за уништувањето на големиот број на села и доаѓа до заклучок дека „ако навистина неколку села запалиле востаниците, поголемиот дел од пожарите треба да им се припишат на Турците“.[593] Тешки борби навистина имало и во некои краеви како Разлог и Неврокоп, села биле запалени од двете страни.[594] Меѓутоа во тоа прединчеле османлиските војски. Тоа го потврдуваат самите дипломатски претставници во Македонија, кои информациите ги добивале

---

585 Истото, 409.
586 Истото, 410.
587 Македония и Одрниско..., 180.
588 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 348.
589 Љ. Лапе, Нови документи..., 23.
590 Кочо Сидовски, Италијанските политички и општествени кругови за Илинденското востание во 1903, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 46, Скопје 1993, 129.
591 Љ. Лапе, Нови документи..., 25.
592 Британски документи..., 373.
593 Илинден во француски..., 152.
594 Turkey No. 2 (1904)..., 50.

директно од терен. Крал кој за себе сѝ вели дека има посебни симпатии кон мухамеданците, бил принуден да констатира дека постапките на востаниците биле хумани и лојални, без да ги палат или уништуваат селата или живеалиштата на невините.[595] Тврдењата за палење на селата од страна на востаниците ги смета за неразумни, бидејќи на тој начин востаниците би се лишиле од сопствените засолништа, од скривалиштата на храна, од својата оперативна база и од своите животни услови.[596] На 17 август Крал забележува дека „додека востаниците палат чифлици на намразените Турци, но ги штедат муслиманските селски жители, војниците и башибозукот досега опожарија тотално веќе над 22 христијански села“.[597] Изнесените османлиски информации за палење на селата од страна на востаниците ги демантира и Вилфред Тецигер, британскиот вицеконзул во Белград, кој колку што успеал да дознае „турските жени и деца, со мали исклучоци, биле почитувани, и иако востаниците не им отстапувале ниту една четврт на турските војници, тие имале правило да не ги напаѓаат муслиманските села, онаму каде што немало турска војска, со исклучок кога станува збор за одмазда за свирепите злодела што се вршеле врз невините селани“.[598] Навистина биле нападнати некои муслимански села од страна на востаниците, но нивниот број е незначителен. Нападите најчесто не биле од верски побуди и некаков верски фанатизам, туку пред сè поради предавство и вакви убиства од востаниците се забележуваат и кон христијани кои извршиле некакво предавство кон Организацијата. Така по наредба на Чекаларов било запалено муслиманското маало во селото Тухол.[599] Наредбата за палење била дадена по отпор и напад на четата.[600] Во Ресенско во знак на одмазда за големиот број на уништени села, востаниците ги запалиле Лавци и Буково.[601] Таму биле запалени и селата како Доленци, Лера и Рамна, кои биле познати како тирански, претставувале страв и трепет за соседите и помогнале да се пролее многу крв во Цапари, па од тие причини ги опожариле. Меѓутоа во Ресен турскиот имот останал негибнат.[602] Кога востаниците го нападнале селото Жервени,

595 Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 104-105.
596 Истото, 110.
597 Извештаи од 1903-1904..., 73.
598 Британски документи..., 463.
599 Турски документи за Илинденското востание..., 148-149.
600 Дневници и спомени..., 64-65.
601 Британски документи..., 398-400.
602 Извештаи од 1903-1904..., 70.

населението отворило оган кон нив, па и ова село го запалиле.[603] Во знак на одмазда за опожарувањето на Обидим и Кремен, Георги Шопов потпалил дел од помашкото село Рибново, а С. Малчаков Горно Дреново.[604] Меѓутоа со османлиските пустошења не може да се спореди ниедна слична постапка од страна на востаниците.[605]

Османлиските власти не се откажувале од своите тврдења за уништувањето на селата, дури ниту кога пред нив ќе се прикажеле цврсти докази. Тие со „префрлањето на топката" кон противникот, односно обвинувањата насочени кон востаниците, се обидувале на уште еден начин да ги прикријат направените злодела. Иако во почетокот можеби со тоа постигнале некаков ефект, подоцна, со оглед на тоа што странците одблизу во детали биле запознати со состојбата во османлиска Македонија, негирањето и извртувањето на вистината постигнувало само спротивен ефект од посакуваниот во очите на европските дипломати и политичари. Ниту пред доставените докази од дипломатските претставници за извршени злодела од османлиските војски или башибозуци, османлиските преставници од власта не отстапувале. На почетокот на септември амбасадорите на Русија и Австро-унгарија испратиле до Портата промеморија во која детално ги изнеле сите злодела кои османлиските војски ги извршиле во Македонија. Портата го негирала изнесеното, тврдејќи дека податоците се погрешни и повторно одговарајќи дека комитите и востаниците се виновни за злоделата. Со овој одговор таа оставила многу неповолен впечаток кај амбасадорите.[606]

## 4. Преземени мерки по надворешен притисок

Османлиите потфрлиле востанието да го задушат веднаш, уште во својот зародиш. Вестите за случувањата во османлиска Македонија се рашириле молњевито во меѓународната јавност, а османлиските власти не успеале да ги спречат и демантираат непријатните информации, поради што притисокот од јавноста се зголемувал. Портата стравувала од можна странска интервенција. Откако сите преземени мерки од османлиските власти за случувањата во

[603] Дневници и спомени..., 207
[604] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 343.
[605] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 111.
[606] Документи о спољној..., 532

Македонија да не стигнат до јавноста не го дале посакуваниот резултат, под притисок од странските конзули, очевидно за замаглување и фрлање прав во очите кај меѓународниот фактор, Генералниот инспекор започнал да „презема“ мерки за пронаоѓање на виновниците кои ги палеле селата, испитување на случаите на насилство, помош на настраданите и сл. Властите се впуштиле во формирање на најразлични комисии кои имале задача да ги испитаат штетите, да ја утврдат потребната помош или украдената стока и предмети. Но се поставува прашањето колку навистина овие формирани комисии биле ефикасни и ги оствариле своите цели?

### 4.1. Комисии за истражување на злосторствата

По големиот број на жалби пристигнати во рускиот конзулат за палење на села и злосторства и по интервенција на конзулатот, Хилми паша на 16 август н. стил формирал една комисија која требала да испита дали војската ги запалила селата Буф, Арменско, Раково, Ехла и други населени места.[607] Комисијата била составена од пет члена, на чело со грчкиот митрополит Амвросија, двајца христијани од меџлисот и двајца Турци.[608] М. Ристиќ се сомневал во верноста на извештаите кои оваа комисија може да ги поднесе и смета дека комисиите од овој вид никогаш не поднесуваат точни извештаи.[609] За тоа колку може да бидат објективни извештаите доволно говори фактот што на чело на комисијата бил поставен грчки митрополит, а официјалните ставови на Грчката држава и грчката црква спрема востанието и движењето ни се познати. И во селото Смрдеш била испратена османлиска комисија која требало да истражи што точно се случило, но не било преземено ништо. Кохмански на 23 август за комисиите испратени во запалените села заклучува дека „до овој миг уште ниеднаш не ја имаат утврдено вистината“.[610]

Неможејќи да ги сокријат сите сторени кривични дела под превезот на формираните комисии или со негирање на вистината, властите започнале да признаваат некои од ексцесите на војниците и оргабувањето, тврдејќи дека

---

607 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 303; Документи о спољној..., 337.
608 Љ. Лапе, Нови документи..., 44.
609 Истото.
610 С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 311.

виновниците се казнуваат.[611] За казнување и осудување на војниците осомничени за престап и офицерите кои дозволиле пропусти во воспоставувањето ред и дисциплина во војската, бил формиран Воен суд во Скопје, Битола и некои други места во вилаетите.[612] Гонењето на некои виновници и нивното божемно судење било веќе проверен рецепт од османлиските власти за надмудрување на европската дипломатија и јавност, со цел да се прикаже дека ситуацијата е под контрола, а тук-таму случените насилства врз цивилното население се казнуваат и за тоа се преземаат строги мерки. За сите осудени виновници властите веднаш ги известувале конзулатите. Меѓутоа до средината на октомври според Кохмански никој од офицерите и војниците не бил обвинет за убиство или палење, туку за насилства и грабежи, а казните биле од 3 до 5 месеци.[613]

При откривањето на злоупотреби од муслиманите се делувало сосема неискрено. Вообичаено, иследувањето се одложувало со надеж делото да се заборави и наеднаш било доведувано до посакуваниот резултат, откако од Цариград ќе пристигнел одговор за даденото дело.[614] Честопати приведените лица биле ослободени со рушвет, каков што е случајот со бегот Џафер, кој од Костурската каза продавал украден добиток во Солун по ниски цени. Истиот бил затворен на 12 октомври, но по два часа поминати во затвор со рушвет од 7 лири бил пуштен на слобода и веќе по неколку дена повторно продавал украден добиток во Солун.[615] Исто така граѓанските власти биле немоќни против насилствата на војниците, а воените не преземале мерки, било од страв или од попуштање, додека пак, воениот суд „се трудел да ги оправда обвинетите војници и офицери“.[616] По големиот број на протести до Хилми паша, дури во септември било одлучено да се уапси башибозукот кој го ограбил Крушево и се формирала комисија за откривање на виновниците.[617] Во Скопскиот вилает по посетата на австро-унгарскиот и рускиот конзул во септември на источните делови на вилаетот, 24 лица од јавната администрација, жандармерија и полиција биле

[611] Илинден во француски..., 127.
[612] Турски документи за Илинденското востание..., 25.
[613] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 433.
[614] Истото, 397.
[615] Истото, 449.
[616] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 510.
[617] Романски дипломатски..., 393.

разрешени и судени.[618] Меѓутоа војници помеѓу уапсените и осудени, како што се забележува, немало. Во судените лица се наоѓале и кајмакамите на Штип и Радовиш, со обвиненија: мачење на жителите барајќи оружје. Но, повторно не се работи за судење поради убиства или палење на села. Судската постапка за двајцата кајмаками завршила со ослободителни пресуди поради недоволно докази, за што конзулите на валијата му изјавиле дека не се воопшто задоволни од пресудите.[619]

Очевидно со цел извлекување и оправдување од ситуацијата во која се нашол, султанот на 1 октомври 1903 година излегол со еден Меморандум во кој наведува дека тој повеќе пати давал наредба за добробит на неговите поданици без оглед на расата и религијата, при судирите мирното население треба да биде заштитено. Оние кои не ја почитувале неговата наредба биле веднаш казнети и изведени пред воен суд и специјално формиран комитет.[620]

На крајот надворешниот притисок врз Османлиската држава сепак имал одреден ефект. Колку и да било одбегнувано казнувањето на виновниците, некои од нив биле фатени и осудени, иако овој број е минимален. Вкупниот број на затворени муслимани со обвиненија за убиство на цивили, украден добиток од населението кое бегало од селата, украдени предмети и сл. изнесува 103 лица. Од нив 32 се осудени за настаните во Крушево.[621] Меѓутоа треба да се истакне дека со општата амнестија од 12 април 1904 година заедно со востаниците биле амнестирани ѝ овие лица. За масакрот во Смрдеш од воениот суд биле осудени 33 лица од војската, но казните се многу ниски, притоа највисоката изнесува 10 месеци затворска казна во пранги и тоа само за еден подофицер, за останатите казните се пониски, а на некои лица само им биле намалени чиновите.[622]

Од друга страна главните лица одговорни за најголемите ужаси останале неказнети. Бахтијар паша бил награден со орден Меџидие од I степен, чие

[618] Turkey No. 2 (1904)..., 81.
[619] Истото, 81-82.
[620] Истото, 49.
[621] До податокот дојдовме со пресметка на податоците од Амнестираните илинденци..., 120-129, 131-143, 147-149, 156-157 и 160-161. Според документи од романска провиниенција за учество во катастрофата во Крушево биле осудени 40 лица од кои еден на смрт, а другите на казна затвор од еден месец до една година (Романски дипломатски..., 482). Крсте Битоски вкупниот број на осудени Турци за вршени кражби и насилства врз цивилното население го проценува на 34 лица (К. Битоски, Дипломатски одгласи..., 174).
[622] Turkey No. 2 (1904)..., 105.

одликување предизвикало голема реакција во меѓународната јавност. Во весникот Автономна Македонија запрашуваат дали одликувањето се казнувало од воениот суд.[623] Британскиот вицеконзул Мек Грегор во својот извештај пишува дека жали што мора да извести дека „Бахтијар-паша, кој беше одговорен за ексцесите извршени за време на повторното освојување на Крушево и кој ги раководеше разурнувањето на Смилево и масакрирањето на населението, доби орден „Меџидие“ од неговото височество султанот“.[624]

### 4.2. Постапување со украдениот добиток

Османлиските вилаетски власти покрај комисиите за утврдување на злосторства, формирале и комисии за прибирање на украдената стока, кои биле испратени во местата каде биле извршени големи злосторства и грабежи.[625] Но веројатно и ова било направено по надворешен притисок, бидејќи ограбената стока од Крушево, забележува Кохмански, од војниците била продавана во Битола, и само по интервеницја од страна на конзулите кај органите на власта, ограбениот имот започнале да го одземаат. Хилми паша уверувал дека за таа работа затворил неколкумина кои за стореното биле изведени пред суд.[626] Но и покрај интервенциите на дипломатските претставници во Македонија и наводните преземени мерки, неретко се случувало селаните да одат во градот и од илавето да си ги купуваат ограбените сопствени коњи, кои биле продавани по ниски цени, под пазарните.[627] Формираната комисија за собирање на украдената стока, не покажала особена ефективност во работата. Биле најдени само околу 4.000 грла стока.[628] Во Крушево биле вратени на сопствениците 2.200 грла.[629] Меѓутоа кога станува збор за украдените предмети, конкретно во случајот на Крушево, било вратено само по нешто и тоа биле претежно стари палта, стари кошули, јамболии, чорапи и сл., а од вредните предмети како накит, свила, пари,

[623] Цариградъ, Автономна Македония, година I, брой 18, 2 ноемврий 1903, 3.
[624] Британски документи..., 445.
[625] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 109.
[626] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 310-311.
[627] Истото, 385.
[628] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 109.
[629] Турски документи за Илинденското востани..., 111-112.

сребрени предмети и прибори ништо не било вратено, ниту пак се слушнало за нивно враќање.[630]

Уште еден проблем искрснал со добитокот на населението кое избегало од селата пред опасноста која му се заканувала. Генералниот иснпектор за Битолскиот вилает испратил упатство за тоа како да се постапува со добитокот и предметите на ова население. Притоа било предвидено тие да се регистрираат и да се стават на чување.[631] Во некои општини биле објавени јавни огласи во кои до сопствениците на добиток кои се разбегале од селата се обзнанувало нивното право да си го подигнат добитокот од пред резиденцијата на кајмакамот или од Битола, каде многу од добитокот бил однесен. Во случај во предвидениот рок никој да не се пријавел, добитокот бил продаван, а парите било предвидено да им бидат предадат на сопствениците кога тие ќе се појават.[632] На овој начин во Охридската каза според официјалните османлиски податоци биле собрани 50.000 куруша.[633]

Сиот предвиден протокол за постапување со стоката на бегалците на хартија звучи коректно и најверојатно со тоа биле задоволени барањата на странските дипломатски претставници. Во пракса, како и многу други предвидени со закон работи во Османлиската држава, тие не биле исполнети. Пред сѐ имало простор за манипулации околу тоа колкав број на добиток бил пронајден, докажувањето на сопственоста на истиот, бидејќи тој веќе бил продаден, како и висината на цената по која бил продаван. Жителите на селото Д’мбени поднеле 100 пријави за обештетување за нивниот продаден добиток. Од органите им биле исплатени пари само колку за 30 вола, од 228 што ги имало селото. За останатите им било кажано дека не биле продаден преку властите, иако селаните со сигурност биле информирани дека целиот добиток им бил продаден од властите.[634] Слична ситуација имало со извесен Коста Јануле од селото Попадија, на кој војниците по грешка му убиле четири коњи. Во Битола никој не сакал да слушне за

[630] Романски дипломатски..., 462.
[631] Турски документи за Илинденското востание, 84.
[632] Романски дипломатски..., 479.
[633] Истото.
[634] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 94-95.

обештетување, па дури по интервенција на романскиот конзул директно кај Хилми паша, споменатиот бил обештетен со 11 лири.[635]

### 4.3. Комисии за помош на настраданото население

Османлиските власти, со цел да покажат дека се грижат за населението, а пред опасноста од мешање на Големите сили, како што вообичаено било правено и во минатото, на 25.09.1903 година формирале една комисија под претседателство на валијата за доставување средства за живот и обезбедување на мирот на муслиманското и немуслиманското население кое настрадало од нападите на „бугарските бандити“.[636] Потоа биле назначени уште шест поткомисии,[637] секоја составена од два члена, христијанин и муслиман чија цел била утврдување на загубите и распределување на помошта. Вкупната сума која Хилми паша ја побарал од Цариград изнесувала 5.000 лири, и таа била одобрена од султанот.[638] Вака определената сума била недоволна и со неа не можеле да се задоволат ниту основните потреби, што е забележано од странските конзули во Битола.[639] Со цел да го спречат гладот кој самите го создале, османлиските власти во Крушево испратиле 10.000 оки брашно.[640] Исто така султанот за настраданите Грци подарил 300 лири, а за поправка на грчката црква отпуштил 4.000 лири.[641] Во Клисура властите за прехрана на жителите дале помеѓу 100 и 200 кг жито и дополнително барале информации што уште е потребно за осигурување на нивната прехрана и мирно живеење.[642] Задднината зад оваа селективна помош е очевидна. Пред опасноста од заострување на односите со Грција поради тоа што настрадало патријаршиско население, Османлиската држава се обидела да ја ублажи неговата состојба и страдања, а со цел

[635] Романски дипломатски..., 480.
[636] Романски дипломатски..., 465.
[637] Во документот е наведено комисии, но очевидно е дека се работи за поткомисии, на споменатата комисија за доставување средства за живот.
[638] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 391.
[639] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 391; Романски дипломатски..., 492.
[640] Љ. Лапе, Нови документи..., 41; Turkey No. 1 (1904)..., 278. Во еден романски документ пишува дека Хилми паша испратил 80.000 оки брашно за настраданите кои останале без храна во Крушево, но очигледно се работи за грешка, или пак, можеби така помошта ја претставувале османлиските власти.
[641] Британски документи..., 451; Цариградъ, Автономна Македония, година I, брой 9, 30 августъ 1903, 4. Во весникот пишува дека помошта била 400 лири за изгорените куќи, но како по веродостоен го сметаме извештајот на британскиот вицеконзул.
[642] Турски документи за Илинденското востание, 132-133.

задржување на пријателските односи со грчката држава и спречување на ескалација и заострување на односите. Во тие критични моменти, кога не било познато дали ќе има или ќе нема турско-бугарска војна, на Османлиската држава од големо значење и било задржување на добрите односи со Грчката држава.

Во октомври 1903 година султанот издал ираде во кое меѓу другото се наредува срушените куќи да се обноват на трошок на државата како доказ за „великодушноста и филантропијата на Суверениот“.[643] Затоа била формирана комисија и поткомисии за изградба на засолништа во изгорените села. Овие комисии било предвидено да ги обиколат христијанските и муслиманските села во нахиите Демир Хисар, Ресен и Преспа, како и казите Битола, Охрид, Лерин, Костур и Корча со средствата определени од владата за изградба на неопходните живеалиште.[644] Колку комисиите биле всушност нефункционални и немале никаков ефект се гледа од тоа што цел еден месец по нивното формирање ништо не било сторено за целите за кои тие биле основани.[645] Покрај тоа поради големата корупција на администрацијата дел од средствата наместо за намените завршувале во други џебови. Од примените 462 лири скопскиот валија Шакир паша распределил само 360 лири назначени за изградба на куќи во четири настрадани села во вилаетот.[646] Оттука комисиите претставувале само една маска на османлиските власти, со која очекувале да ги задоволат Големите сили и меѓународната јавност, дека ситуацијата се држи под контрола и како на настраданото население веднаш му се помага, нешто што во реалноста воопшто не било правено и фигурирало само на хартија. Но, на османлиските власти најлесно им било за сè да формираат комисија и да покажат дека се работи на случајот, дека ќе биде истражена вината од страна на комисијата и сл., одолговлекувајќи го прогресот и надевајќи сè дека откако ќе помине време ќе се заборави на целата работа.

[643] Turkey No. 2 (1904)..., 102.
[644] Турски документи за Илинденското востание..., 175-176; Романски дипломатски..., 490.
[645] Романски дипломатски..., 492.
[646] М. В. Михов, С кръст и..., 131.

# ГЛАВА IV. Обиди за спречување на хуманитарната катастрофа

*„Неодамна, толпа бегалци успеала да се пробие до бугарскиот дел на градот Монастир; многу од нив биле сосема голи, некои биле во крв и изгледале полумртви од страв“* – непознат руски новинар[647]

## 1. Помош од Организацијата

Населението во османлиска Македонија уште во текот на востанието се наоѓало во крајно лоша ситуација. Поради големиот број на уништениот села, раселените жители останати без ништо, зимата која доаѓала и други моменти кои веќе беа разгледани, Македонија била во состојба на хуманитарна криза. Главниот режисер на востанието, Организацијата, иако била оптоварена со други проблеми, особено во текот на востанието, а по задушувањето се наоѓала во една хаотична ситуација, не заборавила на цивилното население. Уште пред почетокот на востанието Организацијата, длабоко во шумите и планините организирала збегови и магацини со храна во кои би се евакуирало мирното, неборечко население во случај на опасност. Магацините со храна и брашно како кај Смилево и Гопеш биле во состојба да испраќаат помош на настраданите селани и на оние кои им биле запалени куќите.[648] При контранападот на Смилево, Главниот штаб наредил итна евакуација на населението во организираните збегови. Најголемиот збег се наоѓал во месноста Голем Гар, и во него биле сместени бегалци од Стрежево, Свињишта, Цапари, Метимер, односно вкупно над 2.000 жени, деца и стари лица.[649] Животот во збеговите се одвивал под строго раководство на четите, војводите или други раководни тела. Покрај физичката заштита која му била пружана на цивилното население од напади, била обезбедена исхрана, па дури се организирала во рамки на можностите, заштита од болести. Во некои збегови биле организирани и импровизирани болници кои имале за цел да ги лекуваат ранетите востаници, но во нив се породиле и многу бремени жени.[650] Покрај организираната евакуација во

---

[647] Македонија во делата на странските патописци 1903, 129.
[648] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 106.
[649] Душко, Хр. Константинов, Смилево во Илинденското востаие, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Скопје 1969, 146.
[650] Миле, Хаџивасилев-Вардарски, Социјалната политика на македонското националноослободително движење спроти и за време на Илинденското востание, Прилози за

збеговите, Организацијата во некои случаи организирала или ја помагала евакуација надвор од границите на државата, каков што е случајот со населението од Обидим и Кремен. Во една состојба на голема раздвиженост на војската, Организацијата успеала да го евакуира целото население од овие села, со само една жртва и тоа да стигне на бугарска територија.[651]

Иако четите се наоѓале во воена состојба и постојана будност тие во текот на востанието, во рамки на можностите му помагале на населението кое избегало од селата. Така четата на А. Кецкаров направила комисии кои требале да се грижат за сместување и прехрана на избеганите жители од месноста Малесија.[652] Комитетот во Охрид ги помагал во рамки на неговите можности бегалците од изгорените села кои побарале засолниште во градот, но таа помош не била доволна.[653] Во текот на септември Организацијата започнала да презема мерки за нејзините членови кои се наоѓале во бедна положба, особено за оние жени и деца чиишто машки роднини се имале придружено на доброволните чети или погинале во борбите. На нив им била делена парична помош, а во местата кои не настрадале на женското население му било наложено да прави алишта и материјали за преврска на раните од оган и огнено оружје.[654] Со настапувањето на зимата, Организацијата иако со разнишана и во некои места уништена мрежа, во рамки на нејзините можности, организирала заштита од зимата на селаните од разрушените села. Од поштедените места, по заповед на Организацијата пред очите на власта биле пренесувани прехранбени продукти во краевите кои имале потреба од нив.[655] Организациската помош, иако во скромни размери, помогнала колку-толку за олеснување на положбата на населението, особено бројот на жртви да не се зголеми.

Организацијата во текот на востанието испратила неколку протести до османлиските власти и дипломатските претставници на Големите сили, со надеж дека злосторствата врз мирното цивилно население ќе запрат. Даме Груев

---

Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од Илинденското востание, II, Крушево 1979, 327.
[651] Георги, Радулов, Въстанието в селата Кремен и Обидим, П. Македония, 100 години Илинден 1903–2003 прилози од научниот собир одржан на 6–8 мај 2003, Том I, Скопје 2005, 252.
[652] А. Кецкаровъ, Презъ втората..., 4.
[653] Љ. Лапе, Нови документи..., 112.
[654] Извештаи од 1903-1904..., 137.
[655] Исто, 259.

се обратил директно до Хилми паша пишувајќи му: „Вие, и само Вие сте виновни за сите ужаси и насилства извршени по ваша заповед. Ние долго и многу трпевме и нашето трпение се исцрпува. Ве предупредувам, дека ако во септември не наредите да прекинат насилствата, грабежите и колежот на мирното немухамеданско население, тогаш ние со волјата на Семожниот создател, откако ќе и се покориме на злата неопходност, ќе извршиме такви ужаси над мухамеданското население, така што ќе Ви се крене косата на главата“.[656]

Главниот штаб за жестокоста на турските власти при задушувањето на востанието уште на 30 јули/12 август протестирал до претставниците на Големите сили и ги навел изгорените села и злодела направени дотогаш. Притоа во протестот меѓу другото е наведено: „Турската влада, чуствувајќи се бессилна да ги уништи директно нашите вооружени сили, им препорача на своите војски еден од најварварските начини на задушување на движењето кој што се состои во ограбување и горење на христијански села и во обесчестување и убивање жени и деца“.[657] Но како што е познато овие протести не постигнале никаков ефект. За трагедијата да биде поголема, истиот ден кога бил упатен Мемоарот на Главниот штаб било нападнато и разрушено Крушево. Подоцна во текот на месецот со османлиската офанзива особено дошло до израз однесувањето на османлиските војски за кое токму се протестира во Мемоарот. Со цел да се поштедат селата и да се избегнат катастрофи четите добиле наредба колку што е можно поретко борбите да се одвиваат во населените места и тие и најчесто се одигрувале надвор од селата.[658]

### 1.1. Активноста на Задграничното претставништво

За помош на настраданите се вкучило и Задграничното претставништво на Организацијата, односно двајцата задгранични претставници Христо Матов и Христо Татарчев. Тоа уште во април 1903 година формирало „Благодетелно друштво за потпомагање на настраданите од турскиот режим во Македонија и

[656] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 462.
[657] Истото, 428.
[658] Извештаи од 1903-1904..., 45,

Одринско“.[659] За претседател на друштвото бил избран Никола Червен Иванов, секретар бил Христо Матов, а Христо Станишев дотогашен претседател на едниот комитет по расцепот на ВМК бил член на друштвото. Уставот бил изработен од Карајовов.[660] Всушност под името на благотворителното друштво во Софија се офицјализирале задграничните претставници на Организацијата, и набрзо претседател на друштвото станал Татарчев, а касиер си останал Матов.[661] За формирањето на друштвото веднаш е известено во една османлиска телеграма во која се вели дека целта на друштвото била да „собира парична помош за настраданите бугари во Османлиската држава“.[662] Групи од друштвото биле организирани во градовите Видин, Русе, Шумен и Софија.[663]

Веќе на 11 мај друштвото се обратило со специјален повик кон благотворителните организации, комисии и граѓани и ги поканило да помогант во собирањето на помош, бидејќи таа година ќе била „една од најсудбиносните за нивните сонародници во Турција“.[664] Друштвото ја продолжило својата активност и во периодот по востанието. Христо Матов на 07.02.1904 година пишува до извесен Сарафин Бојанов, учител во Златица, барајќи тој да ги употреби сите напори за да се олесни собирањето на доброволната помош за настраданите во Македонија и Одринско од нивниот претставник М. Сотиров.[665] За жал подетални информации околу собраната помош од Благодетелното друштво на Татарчев и Матов не најдовме податоци.

Во 1904 година Задграничното претставништво изготвило проект за реформи во Македонија и Одринско. Овој проект се однесува за подобрување на положбата на населението, но во него не се разгледани толку прашањата за последиците од востанието и се посветува внимание на многу посуштински и круцијални проблеми кои ги имало. Во првата точка од проектот е начнато прашањето за амнестија, и се барало генерална амнестија за сите политички и криминални престапници во Турција и надвор од неа, како и на сите вооружени

[659] Костадин Н. Христов, Кога затрака револверот, София 2011, 36; Слави Славов, Финансовото и военното подпомагане на ВМОРО от българските правителства (1903-1908), измерения, характер и проблеми, Исторически преглед, 1-2, 2006, 85.
[660] К. Н. Христов, Кога затрака..., 36.
[661] С. Славов, Финансовото и военното..., 85-86.
[662] С. Кендерова и М. Добрева, Документи за историјата..., 302.
[663] Истото.
[664] К. Н. Христов, Кога затрака..., 36.
[665] Цочо Биляарски, Документи за Христо Матов и ВМОРО от Илинденско-Преображенското въстание до Балканската война (1903-1912 г.), Известия на държавните архиви, 85-86, 2003, 93.

кои се наоѓале избегани зад границите. Во оваа точка е посветено внимание и за репатријацијата на бегалците, со комисии на државен трошок.[666] За остварување или имплементација на овие реформи воопшто не станало ниту збор, но од нив повторно се гледа грижата која Организацијата ја посветувала за добробит на целото население.

## 2. „Хуманитарни" пропаганди

Во османлиска Македонија се вкрстувале интересите и претендирале за проширување на својата територија во прв план Кнежевството Бугарија, Кралството Србија и Кралството Грција, а во втор план Кралството Романија и Кнежевството Црна Гора. Со исключок на Црна Гора, дипломатиите на овие земји биле ставени во служба на дневната политика на нивните пропаганди.[667] Со територијалните промени санкционирани со Берлинскиот конгрес надежите на балканските држави за нивно проширување кон територијата на европските османлиски владенија пораснале. Со цел стекнување на доминантни позиции, односно обезбедување на поголем број грчки, бугарски, српски или румански припадници, балкански држави го засилиле пропагандниот притисок и присуство во османлиска Македонија.[668] Македонија кон крајот на XIX и почетокот на XX век претставувала арена на пропагандните активности и конфронтации.[669]

На територијата на Македонија во овој период дејствувале како главни порпагандите на грчката, бугарската и српската држава, а кај влашкото население била застапена на романската држава. Покрај овие, дејствувале и католичката и протестантската пропаганда, но тие биле со далеку помала распространетост и обем. Пропагандите дејствувале најмногу преку црквите, училиштата и други хуманитарни институции.[670] Со разгорувањето на пропагандните битки, тие отишле дотаму што се појавила дури една бизарна ситуација која во буквална смисла прераснала во битка за гробиштата, па

[666] В. Китанов, Принос към...,174.
[667] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 17-18.
[668] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 93.
[669] Види В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 93-124.
[670] Ванчо, Ѓорѓиев, Битка за гробишта – бизарноста на пропагандите во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 64, 2011.

доаѓало до тоа да има попречување во погреби, откопување на покојниците и нивно исфрлање надвор од гробиштата, насилно одземање на покојникот и сл.[671] Во една ваква политичка констелација, во моменти кога населението на османлиска Македонија се наоѓало во хуманитарна криза, истата побрзале да ја искористат пропагандите, што воопшто не е изненадувачки. На тој начин во Македонија пропагандите нашле уште еден начин за дејствување – „хуманитарен“. Владите на матичните држави воопшто не штеделе средства кога во прашање била „хуманитарна помош“ за настраданите од востанието. Меѓутоа прашање е всушност колку оваа помош воопшто била од некакви хуманитарни побуди и дали хуманитарната криза не била користена само како повод за добивање на што поголем број приврзаници. Доволно за тоа говорат постапките кон ранетото население во текот и по востанието кое имало потреба од болничко лекување. Имено во османлиските болници за сиромашни како „Гураба Хаста Ханеси“ ретко имало место за рајата.[672] Оттука населението кое настрадало во востанието единствена надеж за лечење имало во болниците отворени од странските пропаганди. Меѓутоа овие болници биле исклучиво за нивните приврзаници. Во патријаршиските болници, амбуланти и аптеки повластено (бесплатно) можеле да се лекуваат само патријаршистите.[673] При посетата на грчката болница во Битола, Р. Вион изненаден прашал зошто сите пациенти во болницата се Грци и Власи, а нема Бугари, на што добил ладнокрвен одговор дека тие не се примаат за лечење во болницата и одат во труската, ако успеат да стигнат дотаму.[674] Ова е всушност најеклатантен пример колку пропагандната помош имала хуманитарен карактер.

### 2.1. Грчка помош

Грчката влада, најмногу преку дејствување на грчката црква побрзала да го искористи погодниот момент за стекнување уште подоминантни позиции во Македонија, и враќање на оној дел од населението кој во претходниот период подпаднал и преминал под некоја од другите пропаганди кои дејствувале во

---

[671] Види В. Ѓорѓиев, Битка за..., 177-191.
[672] Илија, Глигоров, Здравствената помош во времето на Илинденското востание, 100 години Илинден 1903–2003 прилози од научниот собир одржан на 6–8 мај 2003, Том I, , Скопје 2005, 461.
[673] Истото, 462.
[674] R. Wyon, The Balkans..., 99-100.

Македонија. Во Атина грчката влада отворила книга за давање помош за жртвите во Крушево. Истовремено Патријаршијата испратила помош од 180 лири.[675] Во грчката престолнина бил создаден Комитет за помош на Македонците. За негов претседател бил поставен атинскиот архиепископ Теоклитос, а негови членови биле познати лица од грчкиот јавен живот.[676] Овој комитет редовно објавувал во весниците колкава сума на средства за настраданите биле собрани.[677] Неколку недели по катастрофата во Крушево грчкиот конзул тврдел дека биле собрани 200.000 драхми, сума која ќе била испратена на настраданите Грци.[678] Љ. Михајловиќ од српскиот конзулат се сомнева дека помошта била толку голема.[679]

Крушево веднаш по повторното заземање од османлиските војски било посетено од грчкиот конзул, придружуван од грчкиот митрополит. Тие поделиле помош само на нивните приврзаници и на оние кои ќе се произнеселе како Грци, истовремено споменувајќи ја сумата од 200.000 драхми собрна во Грција за помош која би била поделена во иднина. Сето тоа било правено со цел да го привлечат населението кон грчката црква.[680] Патријаршискиот свештеник во Крушево на неделната служба проповедал на населението да не подлегнува на помошта која ја делеле странците, бидејќи тие биле смртен отров. Сумите кои се очекувало да бидат доставени од Патријаршијата и Силогурот на Грција ќе биле многу поголеми од минатото и затоа требало да ги почекаат и да не поптпаѓаат под друго влијание.[681]

Во Костурско, грчката влада го испратила пратеникот Јоанис Кафспансоглу од Трикала за да подели една минимална помош „на настраданите наши“ според зборовите на митрополитот Германос Каравангелис.[682] Споменатитот митрополит, кој претходно направил многу големи штети на македонското ослободително дело, ја користел опасната состојба во која се наоѓало

---

675 Романски дипломатски..., 376.
676 Далибор Јовановски, Грчки реакции за Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 65, 2012, 74.
677 Истото, 80.
678 Љ. Лапе, Нови документи..., 77; Историја на Крушево..., 255. Според податоците до кои дошол Јовановски сумата која била собрана изнесувала 153.517 драхми, вклучувајќи ги и 400 фунти донирани од грчкиот крал (Д. Јовановски, Грчки реакции..., 79).
679 Љ. Лапе, Нови документи..., 77.
680 Крушевско, Автономна Македония, година I, брой 14, 5 октомврий 1903, 2; Историја на Крушево..., 255.
681 Романски дипломатски..., 444.
682 Г. Каравангелис, Македонската борба..., 32.

населението за да го врати под духовната капа на Патријаршијата. Во Митрополијата во Костур преку Костурското Езеро со кајчиња се засолнувале селаните од кои некои биле патријаршисти, но доаѓале и нивни роднини припадници на егзархијата барајќи спас. Така како што пишува Каравангелис „тогаш најдов шанса и им наложив да изјават дека се враќаат во православието и дека ѝ припаѓаат на Патријаршијата“.[683] Притоа, Каравангелис го искористил погодниот момент за него и гневот на Турците од востанието за да ја растури егзархиската гимназија во Градот. „Влегов во гимназијата и растурив сè пред мене. Мебел, прибор, клупи, средства за учење, карти... Толкава беше катастрофата, така што оттогаш оваа школа не се отвори никогаш повеќе“.[684] Однесување кое воопшто не му доликува на едно духовно лице.

Грчкиот владика со 600 души војска одел во месноста Пополе и Олишкиот манастир убедувајќи ги семејствата да се предадат востаниците, а тој би им пружел заштита, доколку станат патријаршисти. И некои села како Апоскеп, Габреш, Загоричани, Олишта станале повторно патријаршиски.[685] Првенците на селата и свештениците од околината на Клисура, кои се наоѓале во тешка и безизлезна положба, Каравангелис ги поканли во Клисура, каде од него требале да побараат прошка и да се покаат за своето преминување, заколнувајќи се на верност до гроб кон мајката црква, по што им делел брашно и пари.[686]

Грчкиот конзул очевидно за да ги смири страстите кај силно разочараните приврзаници од „крвавите докази на турското пријателство“ ги посетил во Лерин и други места тешко погодените патријаршисти делејќи им парична помош.[687] Покрај тоа, страдањата на населението, грчката држава се обидела да ги искористи спремајќи Меморандум, на кој требало да има што повеќе потписи и селски печати. Таа вешто ја искористила тешката материјална положба на населението, делејќи пари на селаните и мухтарите кои ќе се потпишеле.[688] Оттука грчката држава и црква гледале на секој можен начин да ја искористат хуманитарната катастрофа во османлиска Македонија во нивна корист. Ништо поразлични не биле ниту другите пропаганди кои дејствувале на теренот во

683 Истото.
684 Истото, 33.
685 Освободителната борба въ Костурско..., 133.
686 Д. Љоровски Вамваковски, Германос Каравангелис..., 235.
687 Извештаи од 1903-1904..., 121.
688 Љ. Лапе, Нови документи..., 90.

Македонија. Успехот од грчката пропаганда се гледа од тоа што во текот на востанието и месеците кои следувале по неговото задушување, 300 села се откажале од Егзархијата и повторно преминале под капата на Патријаршијата.[689]

### 2.2. Бугарска помош

Кога е во прашање помош за хуманитарната катастрофа и бугарската држава и егзархијата постапиле многу „великодушно“. За Битолско уште во септември бугарското министерство одобрило и испратило помош од 10.000 лева, а требало да пристигнат уште 25.000 лева од хумани граѓани кои донирале за настраданите.[690] Исто така Бугарското трговски агентство наредило да се формира комисија за раздавање на помош за настраданите во востанието Бугари.[691] Во декември истата година биле испратени додатни 20.000 лева за Битолско.[692] Помош од 4.000-5.000 лева била испратена за настраданите во Разлошко од Бугарското благотворително друштво.[693] Во март била испратена помош за сираците и вдовиците во Костурскиот крај во висина од 2.000 лева,[694] а иста сума била испратена од Бугарската влада и за бугарските затвореници.[695] Кон крајот на 1904 година бугарската држава предвидела за настраданите семејства во нужда безкаматни заеми во пари и натура. Овие заеми согласно доставените списоци се однесувале за Охридската, Костурската, Битолската, Леринската, Кичевската, Неврокопската, Разлошката, Горно-Џумајската, Серската, Лозенградската и Мало Трновската каза, последниве две во Одринскиот вилает. Комисијата определила вкупен заем за сите овие кази во вредност од 536.544 лева.[696]

Сите овие испратени големи суми на помош, доколку не се знае начинот на кој биле дистрибуирани ќе изгледа дека била од хуманитарен карактер. Меѓутоа кога ќе се види како била делена помошта, зад маската на хуманитарна помош

689 М. В. Михов, С кръст и..., 100.
690 ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, АЕ. 69, 12; Македония и Тракия..., 213.
691 Македония и Тракия..., 213.
692 ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, ае. 69, 20.
693 Македония и Тракия..., 223.
694 ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, ае. 69, 1-2.
695 Истото, 31.
696 Македония и Тракия..., 338-339.

се проsираат задните намери на бугарската влада и црква за проширување на нивното вилјание. Сумите отпуштани од бугарската влада во документите ги пишуваат како суми за бедните Бугари,[697] односно се однесуваат за населението под црковна јурисдикција на Егзархијата. Самата помош се дистрибуирала преку битолскиот владика, епархискиот свештеник или црковните настојателства.[698] Исто така помошта се делела според списоци изготвени од Бугарската егзархија.[699] Бугарските свештеници оделе по куќите и го наговарале населението да го остави свештеникот кој го имаат и да го прифатат бугарскиот доколку сакаат да добијат брашно.[700] Со цел проширување на егзархиското влијание, помошта која пристигнувала започнала да се дистрибуира и во патријаршиските села, дури и во оние кои не биле погодени од востанието, односно се гледа дека целта на средствата кои се делеле воопшто не била со хуманитарна заднина. Битолскиот валија во втората половина на ноември испратил писмо до пелагонискиот егзархиски митрополит Гирогриј, барајќи тој да престане да дели помош во грчки села кои не биле оштетени во востанието.[701] Во декември грчките митрополити повторно протестирале, овој пат кај генералниот инспектор за делењето помош лично од бугарскиот митрополит во Битола, во диоцезите кои се наоѓале под Патријаршијата.[702] Покрај помошта која била делена преку Егзархијата, а одобрена од бугарската влада, Егзархијата презела мерки за самата да „помогне“ на својата паства. Таа испраќала помош во текот на 1903 и 1904 година, а буџетот на Егзархијата бил покачен од 1.180.000 лева во 1903 година на 2.180.000 лева во 1904 година, што е покачување за 84,74%.[703] Овој зголемен буџет секако бил и за спроведување на засилени пропагандни активности. Самата помош се делела со редица шпекулации и изигрувања, поради што помошта до настраданото население во некои случаи стигнувала многу подоцна, кога тешкотиите во одредена мера биле надминати.[704] Исто така дел од сумата одобрена за хуманитарна помош од бугарската влада, била користена за поткупување на македонски дејци, имајќи

[697] Истото, 31 и 32.
[698] Истото, 3.
[699] Истото, 7.
[700] Документи о спљној..., 824; Извештаи од 1903..., 360.
[701] ДАРСМ фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916, 01.0491.003.0252/0583-2589.
[702] Turkey No. 4 (1904)..., 3.
[703] А. Трајановски, Егзархијата и Илинденското..., 161.
[704] Истото.

ја предвид ситуацијата во која се наоѓале по востанието, за да се создаде растројство и шпионирање во редовите на Организацијата.[705] Специфичен орган преку кој се префрлал голем дел од средствата неменети за дејци на Организацијата е Благодетелната комисија. Таа била формирана во летото 1903 година за отпуштање на помош за настраданите во востанието.[706] Меѓутоа послужила како еден параван преку кој се исплаќале суми на одредени организациони дејци. Според еден извештај околу една третина од сумите од безотчетните фондови минувале преку Благодетелната комисија, а останатиот дел бил даван на одделни лица со расписки.[707] Благодарејќи на организираната хуманитарна помош преку зимата 1903-1904 година и амнестијата која следувала по склучувањето на турско-бугарскиот договор влијанието на бугарските дипломати во Османлиската Империја помеѓу населението порасннало.[708]

### 2.3. Српска помош

Српската помош за настраданите од востанието не била толку голема, колку што била грчката и бугарската. Од друга страна по карактерот, воопшто не се разликувала од другите пропагандни донации. Самиот писар во српскиот конзулат во Битола пишува дека со помошта кај пострадаанте селани „тоа ќе го подигне, прво, авторитетот на Србија, и, второ, ќе му помогне на нашето дело“.[709] Во Србија бил формиран „Одбор за собирање доброволни прилози во Белград за настраданите од палењето во Крушево“. Помошта која ја делел овој одбор била само на избрни лица. На 10.11.1903 година тој поделиле помош во вкупна вредност од 4.750 куруша на 32 лица.[710] Од парите што требало да бидат за настраданите, 4.000 златни динари биле одделени за потребите на

---

[705] Ангел Динев, Илинденската епопеја, книга втора, Скопје 1987, 10.
[706] Слави Славов, ВМРО от Илинден до Балканската война (1903–1912), София 2016, 135.
[707] Истото, 135 фунсота 12.
[708] М. В. Михов, С кърст и..., 154. Авторов пишува дека „Бугарија ги заштитува интересите на учесниците и жртвите на востанието, независно од нивната припадност кон Егзархијата или патријаршијата (М. В. Михов, С кърст и..., 154). Ова негово тврдење не е издржано, бидејќи од погоре наведеното се гледа прво колку помошта која се делела била со пропаганден карактер и второ и во случај кога се делела и на патријаршистите, тоа не било случајно туку повторно со пропаганден карактер, па затоа има случаи каде помош се делела во села, кајшто воопшто немало последици од востанието, за што протестирале грчките митрополити.
[709] Љ. Лапе, Нови документи..., 113.
[710] Извештаи од 1903..., 343-344.

новоформираниот четнички одбор во реонот на Битолскиот конзулат.[711] Оттука се гледа како зад превезот на добротворната акција се криеле политички задни интереси.

На 18 и 19 август 1903 година се формирало женско патриотско здружение именувано како „Коло на српските сестри". Неговата задача била да ги потпомага настраданите во Стара Србија и Македонија, но исто така тоа требало да создаде „прави Срби и Србинки, челичејќи во нив патриотско чувство, чувство национално, чувство човечко".[712] Претставници на ова друштво на 23.11.1903 година пристигнале во Битола.[713] Од друга страна до доаѓањето на претставниците на „Колото на српски сестри" во некои краеви, приврзаниците на српската пропаганда немале примено никаква помош. Така во Кичево на селата кои биле приврзаници на српската пропаганда до доаѓањето на претставниците на „Колото на српски сестри", според зборовите на српскиот конзул во Битола, не им била пружена никаква помош.[714] Од овој податок пак, се гледа „хуманитарниот" карактер на толку големите суми за помош одобрени од бугарската и грчката држава.

Во агитацијата се вклучил и скопскиот митрополит Фирмилијан. Тој во предвечерјето на востанието најмил двајца емисари во Скопје со задача да агитираат помеѓу „Бугарите" да се запишат Срби за да се спасат од очекуваното иселување. Меѓутоа за ова дознал бугарскиот трговски агент, и како резултат на неговото застапување, Хилми паша наредил емисарите да се затворат.[715]

Во поглед на одобрените суми од Српската држава, тие биле скромни. Конкретни податоци најдовме за поделената помош во Крушево. Српскиот конзулат во Битола барал помош од 1.500 динари за настраданите од министерот за надворешни работи, но добил само 1.000 динари, кои биле поделени на 32 семејства.[716] Од Српските сестри биле доделени уште 500 динари и од Учителското здружение 200 динари.[717]

---

[711] Истото, 357.
[712] Документи о спољној..., 438.
[713] Извештаи од 1903..., 357.
[714] Извештаи од 1903..., 357.
[715] М. В. Михов, С кръст и..., 101-102.
[716] Историја на Крушево..., 256.
[717] Љ. Лапе, Нови документи..., 90.

## 2.4. Романска помош

Романската пропаганда во османлиска Македонија била распространета кај влашкото население. Оттука и помошта која била испратена од Романската држава била главно насочена кон постраданото влашкото население, пред сè во градот Крушево. Романската влада за Крушево отпуштила помош од вкупна вредност од 10.000 романски леи, која романскиот вицеконзул ја однел во Крушево.[718] Од оваа сума на пари, најпрво била поделена речиси половина од сумата, односно 4.990 леи на привржаниците на романската пропаганда. Потоа била поделена помош на оние Власи кои имале деца во романските училишта, но грчки свештеник, а на последно место биле Романците гркомани и вдовиците на Бугарите, кои добиле најмала помош.[719] Поделената помош на лица кои не биле привржаници на Романија не била случајна. По распределената помош, многу патријаршиски семејства ги напуштиле грчките свештеници и побарале во нивните куќи да оди романски свештеник, па Јонеску и Дума, кои ја делеле помошта, констатираат дека „ќе профитираме благодарение на овој факт, за она што се обидуваме да го постигнеме во рамките на нашето овдешно национално прашање“.[720] Романската влада покрај поделената помош, ветила уште дополнителни 80.000 франци за настраданите „Романци“, но за возврат тие требало да се изјаснат против востанието и за тоа да ги обвинат Бугарите, нешто што било во согласност со политиката на Романија. Наоѓајќи се во крајно лоша ситуација, дел од привржаниците на романската пропаганда, го свртеле грбот на своите довчерашни сојузници и соборци и доставиле поинаква верзија за настаните во Крушево при заземањето на градот. Грбот им го свртиле, но ветената помош ниту по речиси цела една година не пристигнала![721]

Колку романската помош која била делена во османлиска Македонија била за пропагандни цели се гледа воедно и од пишувањето на романскиот конзул во

---

[718] Романски дипломатски..., 338-439. Во друг романски доумент пишува дека помошта изнесувала 10.000 франци (Романски дипломатски..., 349). Додека во српските документи помошта е наведена во висина од 10.000 динари (Љ. Лапе, Нови документи..., 90). Оваа валута е прифатена и во книгата Историја на Крушево и Крушевско...(Историја на Крушево..., 255). Всушност прикажувањето на помошта во различни валути се должи на тоа што сите овие три валути во овој период имале речиси идентичен девизен курс.

[719] Романски дипломатски..., 441.

[720] Истото, 444.

[721] Н. Минов, Влашкото прашање..., 404.

Битола, Јонеску. Тој сметал дека во турската комисија за помош на настраданите нема потреба да има романски претставник, бидејќи средствата кои би биле делени од неа биле мали, а меѓу романските општини кои настрадале била само Крушево. Но, во случај средствата со кои располага комисијата да станат позначајни, не би било лошо да се обидат да вметнат свој претставник во истата. Со тоа многу повеќе според Јонеску ќе се потенцира постоењето на романската националност.[722] Всушност ѝ романскиот конзул воопшто не бил загрижен за добробит и помош на настраданите, и како што се забележува тој гледал начин како да го искористи погодниот момент за ширење на романското влијание.

### 2.5. Помош од католичките мисионери

Католичката и протестантската пропаганда во османлиска Македонија биле второстепени пропаганди, со многу помал интензитет споредено со погореспоменатите. Тие се разликуваат од останатите пропаганди во Македонија, по тоа што биле врз база на верска основа, но со политички заднини и немале денационализаторски карактер за македонскиот народ. Со прифаќањето на католичката или протестантската пропаганда македонскиот народ се надевал на покровителство од соодветните земји.[723]

На теренот во османлиска Македонија од католичките пропаганди дејствувала лазаристичката мисија, односно тоа биле сестрите на Св. Винсент. Тие уште во немирната пролет 1903 година започнале да му помагаат на населението. Во текот на востанието нивната дејност уште повеќе се засилила. Милосрдните сестри во погодените места веднаш испраќале лица за да ги лекуваат ранетите.[724] Кога добиле информација дека во Леринската каза се наоѓаат голем број на ранети лица, со дозвола од Хилми паша, старешинката на редот Виолета во придружба на сестрата Марта и еден од докторите од нивниот диспанзер заминале во Лерин.[725] Во градот била организирана амбуланта каде биле лекувани и негувани речиси сите болни кои доаѓале.[726] Во Лерин подоцна заминал и отецот Прој кој таму отворил магацин за распределување на

[722] Романски дипломатски..., 492.
[723] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 107.
[724] С. Димевски, Католчиките мисионери..., 235.
[725] Илинден во францускi..., 141; Е. Ѓеорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 188.
[726] С, Димевски, Католичките мисионери..., 242

хуманитарната помош.[727] Всушност, разликата од помошта на католичките мисионери во споредба со другата пропагандна помош е што католиците не правеле дискриминација при распределувањето на помошта или лекувањето на болните, што не е случај кај другите пропаганди. Сепак, и нивната помош била со пропаганден карактер што меѓу другото се гледа од пишувањето на Емил Казо во едно писмо: „За католичкото влијание во Македонија сепак е среќа што ние први започнавме и што Одборот за англиска помош се обрати кај нас, односно до милосрдните сестри да ги дели милостињите“.[728] Од друга страна католичките мисионери, поддржувајќи ја политиката на својата црква не презеле чекори за да се обидат да го спречат теророт врз невиното население, постапувајќи како хуманисти христијани откако тоа ќе настрадало од османлиските војски, се со цел на овој начин да ги придобијат симпатиите на населението.[729]

Успех во работата на католичката пропаганда се гледа уште во пролетта 1903 година. Поради големата несигурност и напади на населението, некои жители почнале да го примаат католицизмот заради поголема заштита. Заедно со католичките мисионери дејствувале конзулите на државите со доминантна католичка вера. Во мај по колежите во Битола католичките свештеници, но и австрискиот конзул им советувал на егзархистите да ја примат Унијата. За возврат им ветувале дека во случај повторно да дојде до колеж нивната духовна мисија и католички конзули ќе им ги отворат вратите давајќи им прибежиште, но исклучиво само на оние кои ќе преминат под капата на Унијата.[730] Стравот од повторни насилства, кај одреден дел од населението предизвикал премин во католицизам, особено во деловите кои најмногу биле опфатени од пролетните насилства. Грофот Ламсдорф искажува голема загриженост за некои егзархиски села во Солунскиот вилает, особено во Кукушкиот кварт на градот Солун и на најблиската околина на градот, бидејќи преминале кон Унијата.[731] Унијатската пропаганда во Кукушкиот крај испратила свои агенти помеѓу исплашеното градско население кои го убедувале тоа да премине кон Унијата со цел да има една сенка покровител која ќе го оттргне од рацете на палачите. Во лицето „на

[727] Turkey No. 4 (1904)..., 2.
[728] С, Димевски, Католичките мисионери..., 244.
[729] Е. Ѓорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 185.
[730] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 202.
[731] Истото, 292.

унијатскиот епископ секој еден Бугарин гледал еден покровител, којшто бил способен да го оттргне од злита судбина невиното население, поддложно на страдање".[732] Преминувањето кон унијатство или патријаршијата се вршело и под пристисок на властите. Во многу христијански села кадешто имало и турско население или соседни турски села, на егзархиското население му било изрично кажувано „станувајте или грци или унијати".[733] Додека во Дојранската каза локалните османлиски власти отворено го советувале населението да станат патријаршисти или унијати.[734] Во текот на востанието бројот на католици во Кукуш и околијата непрестано растел. Населението преминувало во католичката вера затоа што унијатскиот владика и неговото свештенство потпомогнато од францускиот конзул во Солун, колку-толку го заштитувале населението кај властите.[735] Мисионерите при дистрибуцијата на помошта го користеле секој момент за врбување на постраданите во Унијата. Во Кукушко бројот на села кои го прифатиле унијатството изнесува 14 села, а во Битола 10-тина домови, плашејќи сè од турскиот терор.[736] Исто така, многу македонски бегалци станувале католици пред да се вратат во своите места, со цел кога ќе се вратат тие да уживаат странска протекција поради новата вера.[737] Сепак, по смирување на состојбите по востанието, дел од новопечените унијати се враќале во православие.[738]

Помошта која ја разделиле лазаристите според бугарски извори изнесувала 20.000 лева.[739] Милосрдните сестри со посредство од францускиот конзул Стиг добиле 1.000 франци за хуманитарна помош кои требало да ги разделат како милостиња во натура по изгорените села.[740] Покрај помошта делена на населението во османлиска Македонија, помош од католичките свештеници им била делена и на бегалците зад границата во Бугарија. Лично папата Пиј X преку надбискупот во Пловдив испратил контрибуција од 1.000 долари за настраданите бегалци. Македонските бегалци биле толку благодарни за помошта што и помеѓу нив започнало големо движење за премин кон католичка

---

[732] Освободителната борба на Българите..., 297.
[733] Истото, 298.
[734] Истото.
[735] Љ. Лапе, Нови документи..., 82-83.
[736] Е. Ѓорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 190.
[737] The Mercury, October 20, 1903, 5.
[738] Е. Ѓорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 190.
[739] Македония и Тракия..., 225.
[740] С. Димевски, Католичките мисионери..., 243.

вера, со што очекувале да ги избегнат и турските просекуции.[741] За разлика од другата помош, католичката имала во одреден степен хуманитарен карактер, иако и таа била користена за пропагандни цели. Притоа не била правена дискриминација и била делена подеднакво на целото население, без оглед на црковната припадност.

Организацијата била свесна за недостатоците и предностите од католичката хуманитарна помош. Притоа Главниот штаб испратил едно писмо до владата на Бугарија на почетокот на септември во кое известувал за тајните предлози до населението од пред некое време, тоа да премине под католичка црква, ако сака да биде заштитено од турските ѕверства.[742] Веројатно ова било едно суптилно предупредување, дека доколку бугарската влада не му помогне на населението тоа има друга црковна алтернатива, со која тоа би добило заштитник. Од друга страна за хуманитарната работа на француските милосрдни сестри во Битола претставниците на Задграничното претставништво на ТМОРО, Христо Татарчев и Христо Матов искажале голема благодарност испраќајќи му писмо на католичкиот архиепископ во Пловидв, Менини.[743]

## 3. Хуманитарна помош од Големите сили и останати држави

Ситуацијата во која се нашло населението во Македонија предизвикала голема раздвиженост во меѓународната јавноста. Од голем број на индивидуалци и организации била искажана поддршка за населението, биле организирани митинзи во престолнините на европските држави и се формирале одбори и друштва за собирање на помош. Низ Европа во градовите како Париз, Милано, Рим, Џенова, Валенца и други се одржувале митинзи за лошата состојба и насилствата во Македонија и Ерменија.[744] Вакви митинзи продолжиле да се организираат и одржуваат и по задушувањето на востанието. На нив разните друштва протестирале за жестокостите и насилствата, барајќи вмешување на нивните држави, за давање автономија или самоуправување на Македонија и

[741] Pope Pius Makes a Donation to the Destitute People in Macedonia, Omaha Daily Bee, November 15, 1903, 1.
[742] Македония, сборник..., 490.
[743] С. Димевски, Католичките мисионери..., 240.
[744] Види Македонофилското движење...

сл.[745] Притоа во една Резолуција од Годишната христијанска конвенција во Даблин на 1 октомври 1903 година, на која присуствувале околу 2.000 лица пишува: „Оваа Христијанска Конвенција, вклучувајќи ги и членовите на сите протестантски цркви во Ирска, искрено протестира против шокантните злосторства и масакри што се вршат врз нашите браќа, несреќни жени и деца во Македонија од страна на турските власти. Понатаму, протестира против апатијата на големите европски сили за обезбедување на поданиците во Турската Империја ефикасна заштита и добра власт за што овие сили се обврзаа со Берлинскиот договор“.[746]

Особено голем бил собирот кој се одржал во театарот „Сара Бернар“ во Париз на 25 октомври 1903 година, кој бил меѓународен собир на кој учествувале и збор земале голем број на видни интелектуалци и научници од европските држави.[747] Митинзи и протести за состојбата во Македонија биле одржани и во престолнините на балканските држави.[748] На Балканот особено голем бил митингот во Бугарската престолнина, кој се одржал на 27 септември 1903 година. На истиот излегле 15.000 Македонци да го искажат своето незадоволство за насилствата во Македонија. По верската служба во Софиската катедрала за жртвите, толпата се упатила кон палатата на бугарскиот принц, но тој мудро отишол на лов. Потоа за момент, немо застанала пред францускиот и англискиот конзулат.[749]



*Слика 4. Поворка на Македонците во Софија 27.09.1903 година*

[745] Види Британски документи..., 411-412, 418, 429-430, 437-438, 442-444, 448, 453-454, 455-456, 475-477 и 488-490.
[746] Британски документи..., 438-439.
[747] Македонофилското движење..., 137-167
[748] Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први од населувањето на Словените во Македонија до крајот на Првата светска војна, Скопје 1981, 434; Митингъ въ Бѣлградъ, Автономна Македония, година I, брой 8, 23 августъ 1903, 4.
[749] L'Illustration, 61 Annèe, N 3163, 10 Octobre 1903, 244.

Тука би ја спомenале и самопомошта од самото христијанско население во османлиска Македонија. Така битолскиот граѓанин Д. Робев за вредност од 2.000 тогашни динари купил гуњи за сиромашните.[750] Оваа помош била во мали размери, но во состојба на хуманитарна катастрофа секоја помош била добродојдена.

### 3.1. Хуманитарна помош од Велика Британија и Балканскиот комитет

**1.** Во поглед на помошта за настраданите, најголема активност во собирањето и разделувањето на хуманитарна помош не само од Велика Британија, туку и воопшто, покажал и развил Балканскиот комитет. Овој комитет одиграл и најважна улога за афирмирање на македонското прашање во Велика Британија. Балканскиот комитет е формиран во Лондон уште пред Илинденското востание во 1903 година од страна на либералниот пратеник Ноел Бакстон.[751] Претседател на комитетот бил Џејмс Брајс, а претседател на извршниот одбор Ноел Бакстон.[752] Комитетот го сочинувале истакнати членови од британскиот парламент, претставници на црквата, новинари и историчари како: Хенри Ноел Брејлсфорд, Роберт Грејвс, Дејвид Џејмс Баучер, Херберт Гледстон, сер Артур Еванс, лордот Фицморис, Лилианд Бакстон и други.[753] Според зборовите на основачот Бакстон, Балканскиот комитет бил основан за да се занимава само со работи со Европска Турција.[754] Целта била да врши притисок врз британската влада за да се намали опасноста од војна на Блискиот исток и да се натера османлиската влада да изврши реформи во Македонија.[755] Според Нехир и Булут иако тој бил формиран како невладина организација од британски интелектуалци, комитетот бил поддржан од Британската влада и разузнавачки агенции и служел како ефективно средство за спроведување на

---

750 М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 217-218.
751 Х. Андонов—Полјански, Илинденското востание..., 201; Александар Растовић, Балкански комитет о Македонији, Историјски часопис, књ. LIII, 2006, 217; Македонофилското движење..., 133; Nurullah Nehir & Hüseyin Bulut, Balkanlardan Van'a Buxton Kardeşler ve Balkan Komitesi, Kafkas Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Dergisi 27, 2021, 260. Според еден спомен од Ноел Бакстон Балканскиот комитет бил основан во раната есен 1902 година, меѓутоа според Илчев врз основа на документи од комитетот поверојатно е да бил основан во летото 1903 година (Балканският комитет..., 7); 260.
752 Macedonia 1903, London 1903, 1.
753 Macedonia 1903, 1; А. Растовић, Балкански комитет..., 218.
754 Македонофилското движење..., 133.
755 А. Растовић, Балкански комитет..., 217.

британската балканска политика.[756] Составен од поддржувачи на некогашниот британски премиер Вилијам Гладстон, познат по својот анимозитет кон Турците, се базирал на крајот кон идејата за протерување на Турците од Европа и Анадолија.[757]

Со помош на Балканскиот комитет се организирале голем број на митинзи и собири во Велика Британија за поддршка на Македонија. Движењата биле толку силни што и градоначалниците биле принудени да присуствуваат на средбите во градските општини. Во периодот од август до септември 1903 година биле организирани повеќе од 200 митинзи.[758] Есента 1903 година при Балканскиот комитет бил формиран „Македонски помошен комитет“ за собирање на хуманитарна помош и испраќање на истата во Македонија. Овој помошен комитет претставувал егзекутивно тело и за секретар на истиот бил назначен Хенри Н. Брејлсфорд. Тој бил задолжен да формира мисија и да замине во Македонија за помош на настраданите. Брејлсфорд заедно со неговата сопруга, Ноел Бакстон, Леди Елинор Томсон и сестра Августина (раководителка на сестринскиот ред Св. Винсент) на 06.10.1903 година пристигнал во Македонија.[759] Помош во македонскиот добротворен фонд дале разни хумани британски граѓани.[760] Сумата која била собрана за помош до октомври изнесувала 25.000 фунти.[761]

Помошта која ја делеле претставниците на Балканскиот комитет била главно во натура и на настраданото население му се делеле жито, брашно, ќебиња и сл. Исто така на населението му се делело и парични средства во висина од 10 куруша.[762] Всушност постоела соработка помеѓу хуманитарните мисии, пред сè на Балканскиот комитет, француско-католичката и американските мисии и тие дејствувале заеднички. Битолскиот вилает бил поделен грубо на 9 области и биле отворени магацини за скалдирање на хуманитарната помош и разделување во: Битола, Ресен, Охрид, Клисура, Костур, Биглишта, Кичево, Лерин и Крушево.[763] Помош од овие складови била поделена на: 3.400 лица во Битола;

---

[756] N. Nehir & H. Bulut, Balkanlardan Van'a..., 260.
[757] Истото.
[758] Македонофилското движење..., 160-161.
[759] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 18.
[760] Балканският комитет..., 54.
[761] А. Растовић, Балкански комитет..., 219.
[762] Turkey No. 4 (1904)..., 110.
[763] Turkey No. 4 91904)..., 1.

10.700 лица во Ресен; 14.000 лица во Охрид; 3.800 лица Лерин; 10.200 лица во Костур; 7.600 лица во Кичево и на 4.000 лица во Крушево, или вкупно на 53.700 лица,[764] со исклучок на Биглишта и Клисура за кои не најдовме податоци на колку лица била делена помошта. Брашното во сиромашните села се делело по 15 оки на глава месечно, во останатите од 10 до 12 оки, додека во неколку неизгорени, но ограбени села од 5 до 7 оки.[765] Само ќебиња на населението му биле поделени 10.555 парчиња и додатно уште 5.000 користени воени ќебиња. Но, според Брејлсфорд, иако била поделена голема количина ќебиња, тој смета дека не успеале да се задоволат потребите од облека и покривки за сето настрадано население.[766] Во декември за задоволување на потребите за затоплување на населението му бил делен и јаглен.[767]

Мисијата на Балканскиот комитет во Македонија во градовите Охрид и Костур отворила привремени болници. Болницата во Охрид постоела од претходно и се наоѓала во куќата на М. Патчев. Пред да биде предадена на добротворната мисија во неа се лекувале сиромашните, ранетите и болните од востанието од страна на хирургот д-р Патчев, градскиот лекар Ерменец, заедно со 11 учителки.[768] Потоа болницата преминала во надлежност на госпоѓата Брејлсфорд, која лекувајќи ги болните дури се разболела од тифус.[769] Охридската болница располагала со 25 кревети. Вкупно во оваа болница и во Костурската имало 326 медицински и хируршки интервенции, покрај илјадниците диспанзерски прегледи.[770] Диспанзерот при болницата бил бесплатен, а во три села во Охридско била направена инокулација против дифтерија.[771] Костурската болница била во надлежност на сестрите од редот Св. Винсент. Притоа две од сестрите и госпоѓата Брус паднале сериозно болни. Костурската болница располагала со 25 кревети.[772] Биле третирани 296 случаи од кои 196 биле од инфлуенца. Исто така во оваа болница имало бесплатен диспанзер за сите села, а доктор правел посети во 11 изгорени села и доколку се појавеле потреба и во

[764] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 19.
[765] Turkey No. 4 (1904)..., 110.
[766] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 19.
[767] Балканският комитет..., 53.
[768] И. Глигоров, Здравствената помош..., 467.
[769] Turkey No. 4 (1904)..., 100.
[770] Истото.
[771] Turkey No. 2 (1904)..., 110.
[772] Turkey No. 4 (1904)..., 100.

други села од овој крај.[773] Привремените болници работеле до март 1904 година, кога биле затворени.[774]

Покрај помошта на населението во османлиска Македонија, Балканскиот комитет испраќал помош и на македонските затвореници во Дијарбекир. По негова иницијатива биле преземени санитарни мерки за спречување на болеста шарка која се појавила помеѓу затворениците во јануари 1904 година. Без преземени санитарни мерки болеста ќе ги покосела затворениците. Исто така во неколку наврати на затворениците им бил поделен шеќер, чај и сапун, а на секој затвореник му бил подарен по еден пар облека.[775]

Иако била собрана голема сума на пари од Балканскиот комитет, а имало и други хуманитарни мисии кои делеле помош, потребите на настраданото население воопшто не можеле да се задоволат. Затоа на 28.01.1904 година Македонскиот добротворен фонд објавил дека се потребни уште средства за помош, а средствата со кои располагал комитетот би стасале најмногу до крајот на месецот.[776] Според Растовиќ во текот на шестмесечната мисија на Македонскиот помошен комитет вкупно биле потрошени за помош 40.000 британски фунти.[777] По заминувањето на мисијата на Брејлсфорд, хуманитарната помош за настраданите во Македонија не била прекината. Во летото 1904 година бил испратен друг претставник Бертрам Кристиан со помош од 5.000 фунти со кои купил 213 чифта волови и семе за посевите во Охридско и Кичевско. Домаќинствата со воловите требало да се служат најзименично по ред и најпосле тие биле подарени на најбедните селани, пред сѐ на вдовиците. Друг член на мисијата Едјард Џонтгајт во есента 1904 година купил и раздал 200 чифта волови во Малесија и Дебарца.[778]

**2.** Покрај помошта од Балканскиот комитет, од Велика Британија била испратена и друга помош, главно преку верските здруженија и цркви. Протестантското верско друштво за помош на Македонија преку британскиот конзул во Битола испратило извесна помош во пари и натура за настраданите.[779]

[773] Turkey No. 2 (1904)..., 110.
[774] Истото, 100.
[775] В. Китанов, Принос към..., 245-246.
[776] Балканският комитет..., 57.
[777] А. Растовић, Балкански комитет..., 220.
[778] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 5.
[779] Е. Ѓорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 189.

Презвитеријанците пак испратиле своја мисија во Македонија. Тие зеле под наем еден магацин и на настраданите во Леринско, Костурско и Преспанско им делеле жито, брашно, памук и веленцијња.[780] Сопствениците на весникот „Дејли Њуз" отвориле претплата во која самите внеле 307 фунти, а за кратко време претплатата собрала повеќе од 500 фунти.[781] Голема дејност пројавила и претседателката на „Society of Zrninds"[782] госпоѓата Кин Луиз која ги посетила Разлошко и Неврокопско разделувајќи 1.500 фунти и истовремено испраќајќи 100 фунти за настраданите во Скопскиот вилает.[783] Имало и индивидуалци кои на конзулите им испраќале хуманитарна помош за тие да ја разделат. Така госпоѓата Рендел Харис преку британскиот конзул во Скопје испратила 80 фунти за Скопскиот вилает.[784]

### 3.2. Американска помош

**1.** Значителна помош и своја мисија за настраданото население, болните и ранетите била испратена и од Соединетите Американски Држави. Во оваа земја биле формирани Македонски комитети кои го предводеле македонофилското движење за поддршка и помош на македонското население. Во септември 1903 година биле формирани два вакви комитети во Њујорк и Филаделфија, кои истиот месец излегле со заеднички Апел до американската јавност насловен како „Плач од Македонија" (The Cry from Macedonia).[785] Во Апелот од страна на Комитетот во Њујорк се потпишале 15 личности, а од Комитетот во Филаделфија 14 лица. Сите од овие лица биле видни дејци на американскиот политички, културен и верски живот.[786] Меѓу потпишаните бил и градоначалникот на Њујорк, Сет Лоу и бискупот Потер.[787] Во Апелот меѓу другото пишува: „Она што Павле го виде во духот, визијата на човекот од Македонија, кој го повикуваше него да му помогне на неговата земја, ние сега тоа го имаме пред нас. Од болките и сиромаштијата резултираше востанието во Македонија, тоа беше крајност.

---

[780] Љ. Лапе, Нови документи..., 114.
[781] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 5.
[782] Најверојатно има некоја печатна грешка кај Сиљанов и не успеавме да откриеме за кое здружение се работи.
[783] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 5.
[784] Истото.
[785] Документи за борбата..., 437, фуснота 1289.
[786] Истото, фуснота 1293.
[787] Make Appeal for Macedonians, New-York tribune, December 11, 1903, 5.

Четириесет илјади Македонци беа принудени да ја преминат границата за во Бугарија... ние не можеме да не бидеме заинтересирани да им помогнеме на тие човечки суштества и сродни христијани, на невините жени и деца, што гинат по стотици и ќе гинат на илјади, најсвирепо ако не е христијанска Европа и христијанска Америка да ги спаси“.[788]

Слична резолуција била донесена и на Панамериканската конференција на бискупите одржана во октомври 1903 година во Вашингтон.[789] Во ноември 1903 година бил основан Македонските комитет во Бостон, со главна цел да агитира за македонското ослободително дело и да собира помош за настраданите во востанието. За претседател на комитетот бил избран градскиот гувернер.[790] Исто така амеркиканските весници отвориле рубрика за потписка на прилози. Најзабележителен на ова поле бил весникот „Христијански Хералд“ кој испратил на овој начин 30.000 долари хуманитарна помош за Македонија.[791] Не изостанале ниту американските мисионери во Македонија. Тие се активирале во есента 1903 година испраќајќи писмо до дипломатскиот претставник во Цариград, Џон Лајшмен, барајќи од него да се обрати до претседателот на САД за тој да упати апел до јавноста за собирање на помош. Истовремено американските мисионери самите испратиле апел до Американците за собирање на помош за настраданите во Македонија.[792]

**2.** Помошта во Македонија била делена главно преку Американскиот црвен крст и неговата претседателка мис Клара Бартон. Таа неколку години пред востанието била на чело на хуманитарна мисија во Ерменија. Во декември 1903 година пристигнала во Македонија со собраната американска помош.[793] Помошта која ја делеле американските мисионери исто така била во натура и се состоела главно од брашно, постелнини и сл. Особена потреба имало од постелнини.[794] Во Крушево мисионерите во декември зеле стан под наем за три

[788] Документи за борбата..., 437.
[789] Документи за бробата..., 437, фуснота 1292; Христо Андонов-Полјански, Односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 2 (28), 1976, 81.
[790] Х. Андонов-Полјански, Односот на Соединетите..., 82.
[791] Истото, 83.
[792] Истото, 81.
[793] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 6.
[794] Turkey No. 2 (1904)..., 110-111.

месеци и врз основа на списоци кои ги добиле од свештениците делеле брашно за настраданите.[795]

Американските мисионери дејствувале особено во Битолскиот и Ресенскиот регион. За Битолско бил задолжен Р. Л. Бонд, на кој му помагал господинот Кириас, локален претставник на Британското и странското библиско друштво.[796] Мис Клара Бартон во Битола формирала привремена болница.[797] Болницата располагала со 21 кревет.[798] Притоа оваа болница имала 30 пациенти, вклучувајќи 20 ранети.[799] Во Ресен, во чијшто регион за хуманитарна помош спаѓале и селата од Преспанско работел господинот Хаскел, кој дотогаш бил американски мисионер во Солун, а му помагал извесен Цико од Библиското друштво.[800] Не биле заборавени ниту македонските бегалци во Бугарија. Мадам Бакметиев од Вашингтон, која била омажена во Софија за руски дипломатски агент испратила помош од 5.000 долари за бегалците. Друг хуман американец Чарлс Крејн од Чикаго дал исто така значајни суми за истата цел. Затоа кога овие добротвори го напуштале Рилскиот манаситр, повеќе од 600 бегалци се наредиле пред вратата и инсистирале од благодарност да се поздрават со нив.[801]

### 3.3. Помош од останатите држави

Покрај споменатите хуманитарни мисии кои донеле хуманитарна помош и дејствувале директно на теренот во османлиска Македонија, имало и други држави и поединци кои испратиле помош во готовина или натура за настраданите. Оваа помош е многу мала во споредба со помошта која ја разделиле погоре споменатите хуманитарни мисии. Руското конзулство добило 51.000 динари кои требало да се разделат на сиромашните.[802] Од Данска биле испратени 60 лири за помош.[803] Во Словенија по иницијатива на љубљанскиот жупаник Иван Хрибар бил образуван на 04.12.1903 година одбор за помош на бедните Македонци. Во него биле застапени сите словенечки партии, а за

[795] Извештаи од 1903..., 360.
[796] Turkey No. 4 (1904)..., 1.
[797] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 6.
[798] Turkey No. 4 (1904)..., 100.
[799] Turkey No. 2 (1904)..., 111.
[800] Turkey No. 4 (1904)...,, 2.
[801] Macedonian Refugees, Evening Times-Republican, October 15, 1903, 1.
[802] Љ. Лапе, Нови документи..., 114.
[803] Turkey No. 4 (1904)..., 111.

претседател бил избран Васо Петричиќ.[804] Средства за сиромашните биле собирани и во Хрватска.[805]

Била испратена помош и за македонските бегалци. Кралот Виктор Емануел донирал од своите приватни средства 2.000 долари помош за македонските бегалци.[806] Иста сума испратил и австро-унгарскиот император Франц Јозеф.[807] Кајсерот Вилхелм пак, за бегалците во Бугарија испратил 80 фунти на почетокот на декември.[808] Во Италија повеќето весници отвориле потписка за помош за настраданите, а папата одделил од своите средства. Собраните пари биле испратени во Македонија и во Бугарија за помош на македонските бегалци.[809] За бегалците била испратена помош и директно од разни хумани лица. Докторот Ото Конхајм кој бил во посета на Бугарија за научни цели, ужаснат од положбата на македонските бегалци подарил 4.000 лева. Госпоѓата Варвара Петровна Самарина за македонските бегалци испратиле 1.000 рубљи во спомен на нејзиниот споруг и истите ги предала во Руското императорско дипломатско агентство.[810] Помош за македонските бегалци била дадена и од некои Македонци кои живееле од претходно во Бугарија.[811] Сета оваа испратена помош била добродојдена за настраданото население, но била во далеку помали размери, од помошта испратена од Балканскиот комитет, Амерка и католичките и протестантските мисионери.

---

[804] Странскиот печат..., 126-127.
[805] Истото, 131.
[806] The Rich Hill Tribune, December 31, 1903, 2.
[807] Appeal for Help for the Macedonians, The San Francisco Call, November 7, 1903, 1.
[808] Darling Downs Gazette, December 3, 1903, 3.
[809] К. Сидовски, Италијанските политички..., 136.
[810] Помощи въ странство за македонцитѣ, Автономна Македония, година I, брой 23, 7 декемврий 1903, 4.
[811] Автономна Македония, година I, брой 25, 21 декемврий 1903, 4.

# ГЛАВА V. Обид за плакнење на гревовите или одложување на конфликтот

*„Претставниците на европските држави самите инсистираат пред Портата за побрзо задушување на востанието, а потоа срамежливо протестираат, кога тоа задушување се прави со вообичаените турски средства, без поштедување на жените и децата. Истовремено тие ги убедуваат македонците и нивните заштитници мирно да го поднесат масакрот, имајќи надежи во ветуваните реформи, а притоа, сепак, се жалат пред Портата за јаловоста на нејзините ветувања.“* – непознат руски новинар[812]

## 1. Дволичноста на Големите сили

**1.** Политичката ситуација во османлиска Македонија имала критични моменти и во годините пред Илинденското востание. Проекти за реформи пред опасноста од вмешување на Големите сили, султанот носел уште пред востанието, а биле спроведувани и реформи изготвувени од Големите сили. Непосредно пред востанието како резултат од Врховистичката провокација и поради опасноста од ново востание наредната пролет, султанот на 1 декември 1902 година прогласил реформи, за чие спроведување бил назначен Хилми паша во својство на генерален инспектор на трите вилаети кои ја опфаќале територијата на Македонија. Целта била да се одбегне вмешување од Големите сили. Меѓутоа, вака на брзина донесените реформи, не ги ставил пред свршен чин и Австро-унгарија и Русија ја зеле иницијативата во свои раце. За да му дадат легитимитет на својот проект за реформи тие побарале и добиле поддршка од државите потписнички на Берлинскиот договор. Проектот за реформи по сугестија од Германија бил прифатен од Портата во февруари 1903 година.[813] Прифатените реформи не се разликувале многу од османлиските реформи, па султанот ги сметал за безопасни. Хилми паша бил задржан за главен инспектор на трите вилаети. Реформите се однесувале исклучиво на Македонија. Меѓутоа со заменувањето на турските падари со христијански речиси целосно се

[812] Македонија во делата на странските патописци 1903, 127.
[813] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 114.

исцрпиле сите реформи, па оттука иронично се наречени падарски реформи.[814] Доколку целта на реформите била превенирање на состојбата, тие доживеале тотално фијаско со избувнување на Илинденското востание. Фијаското на реформите и непревенирањето на востанието се должи на тоа што секоја држава од Големите сили тргнувала од своите интереси и воопшто не гледала за суштинско решавање на проблемите. Затоа не е воопшто изненадувачки неуспехот на реформите и фијаското било речиси неизбежно. Жорж Бери во францускиот парламент изразил голема критика кон европската дипломатија изјавувајќи: „За неа како воопшто да не е важно што прават Турците, не е важно дали тие крадат и грабат од Македонците, но од моментот кога тие ќе се обидат да се спротивстават, кога комитетите ќе ја започнат борбата, требаше да се попречи нивната дејност и да се спречи избувнување на каков и да е судир“.[815]

**2.** За Балканските држави и европските империјалистички кругови МРО била трн во очите, бидејќи таа им била главен спореник и бариера на патот за реализацијата на нивните аспирации кон Македонија.[816] Македонското востание не наоѓало речиси никакви симпатии во западна Европа, особено во официјалните сфери.[817] Главните миротворци Русија и Австро-Унгарија и нивната дипломатска поддршка на Портата за смирување на немирите во Македонија „фактички била вперена против македонското националноослободително движење со крајна цел за негово физичко ликвидирање“.[818] Руската дипломатија отишла дотаму што дефинирала концепт за реформи, кој бил поддржан и прифатен од австро-унгарскиот министер за надворешни работи и кој се однесувал исклучиво на територијата на Македонија, но за конкретната област да не се користи „терминот Македонија, туку трите вилаети“, а наместо терминот Македонци да се користи терминот „христијанско население“.[819]

Русија и Австро-Унгарија во мај 1897 година потпишале спогодба со која се обврзале за зачувување на статус квото на Балканот.[820] МРО била извор на

---

[814] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 21.
[815] Македонофилското движење..., 75.
[816] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 29.
[817] По Македонския въпросъ, Миръ, година IX, брой 1300, 5 августъ 1903, 1.
[818] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 29.
[819] Види Ванчо Ѓорѓиев, Забранетото име, Седумдесет години Институт за историја / Седумдесет години македонска историографија, 2017.
[820] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 43.

нестабилност и рушител на политиката на статус кво. Иако овие две држави биле редовно известувани од нивните дипломатски претставници за случувањата во Македонија пред востанието и во текот на востанието, не било преземено ништо, бидејќи тие целеле колку што е возможно да се задржи статус квото, а источното прашање да се решава подоцна.[821]

Зиновјев на 13/26.09.1903 година му испратил писмо на османлискиот министер за надворешни работи оцртувајќи му ја состојбата во Македонија, обусловена од дивјаштвото на турските војски и муслиманското население. Писмото му било прочитано на Големиот везир, и притоа му било посочено дека општественото мислење особено во Англија било до крајност возбудено, и доколку османлиската влада не побрза со преземање на мерки за прекинување на насилствата врз христијаните, многу лесно државите можело да се случи да се согласат за назначување на меѓународна комисија заради исполнување на желбите на христијаните.[822] Од писмото јасно се гледа дека Руската држава не била посебно загрижена за положбата на македонското население и дека ја предупредува Османлиската држава да припази на злосторствата поради притисокот на општественото мислење. Австрискиот конзул Крал до Голуховски на 5 септември 1903 година пишува дека „задушувањето на востанието е во таква мерка варварски, што изгледа дека е итно потребна интервенција од страна на европските сили“.[823] Дури речиси еден месец по ужасите во Крушево, Арменско, Смилево итн. Крал советува дека изгледа е потребна интервенција. Какво лицимерие! Од друга страна грофот Голуховски на 20 септември во еден разговор со грофот фон Билов изјавил дека најпожелно би било да се остави на Турците да владеат како што сакаат во Македонија, но тоа би довело до такви сосојби со кои ќе биде предизвикана возбуда во јавното мислење во Русија, што би ја принудило руската влада да дејствува заштитнички над населението.[824] Всушност дипломатите на Големите сили не биле загрижени за тоа што му се случува на населението како што може и да се види, туку за одгласот од насилствата, кој би предизвикал возбуда во јавноста. Кога Бугарија поделила во Софија една меморија до странските мисии со наведени злосторства вршени во

[821] Документи за борбата..., 416; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 15.
[822] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 369-371.
[823] Извештаи од 1903-1904..., 113.
[824] Документи за борбата..., 415.

Македонија, амбасадорот на Австро-унгарија спремил демарш до бугарската влада, укажувајќи дека објавување на слична меморија во весниците била во спротивност со дотогашните изјави на владата,[825] сакајќи да ја прикрие вистината за случувањата во Македонија. Русија од друга страна ја предупредила Бугарија да не им укаже ниту најмала помош на востаниците.[826]

**3.** Политиката на Германската држава била слична во однос на македонското револуционерно движење, дури и поекстремна, отколку австро-унгарската и руската. Германија поради засилување на своето економско и културно влијание во Османлиската Империја, особено кога требало да се гради познатата железница Багдадбан, станала најжестокиот бранител на султанот и Империјата, чија стабилност била неопходна за јакнење на германската просперитет и моќ.[827] Фрејзер пишува како „Цела Европа лае на Султанот со исклучок на Германија која е пасивна".[828]

Уште во текот на востанието Германската влада оценила дека доколку востанието потрае подолго ќе се постави прашањето за нови реформи. Поради тоа на Портата и советувала да се справи со револуционерното движење на начин со кој ќе се одврати вмешување на Големите сили.[829] Баронот фон Маршал по средбата со султанот на 28 август 1903 година му дал совет „со сета енергија да се смири Румелија. Одржување на редот и мирот, како и уништувањето на револуцијата би била првата задача на една монархиска влада. Долгото траење на македонската револуција ја крие востинската опасност за... Турција... Недостига вистински план, единство на акција и секаква инцијатива. Заповедниците чекаа на инцијатива одстрана на непријателот и, место да дејствуваат на своја одговорност, чекаа наредба од Дворот... Ако со енергична акција се уништи востанието за четири недели, тогаш султанот не треба да се грижи за лагите што се шират од Софија. Работата ќе биде решена во негова полза".[830]

---

825 Romански дипломатски..., 329.
826 В. Китанов, Принос към..., 34.
827 Фредерик Гелтон, Македонското прашање и Франција, Прилози за Илинден 9, Крушево 2003, 34.
828 J. F. Fraser, Pictures from..., 180.
829 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 22.
830 Документи за борбата..., 413-414.

Политиката на Италија била солидарна со политиката и дипломатските чекори на нејзините сојузници Германија и Австро-Унгарија.[831]

**4.** Велика Британија во почетокот на XX век ја сменила својата политика кон Османлиската Империја, и од поборник за одбрана на османлискиот интегритет, кој бил сфаќан како препрека за напредување на Русија кон југ, станала жесток приврзаник за распаѓање на Империјата.[832] Меѓутоа во поглед на востанието, британскиот премиер Балфур заземал речиси идентичен став како погоре споменатите држави. На седницата на Долниот дом од 11 август 1903 година Балфур буквално ги обвинил востаниците за нередите во Империјата, но и за неспроведувањето на реформите,[833] иако одговорноста и кривицата за неспроведувањето на реформите лежела во нивната суштина, односно во нејзините творци и османлиските власти кои не се ни потрудиле многу за нивна примена: „Револуционерните банди спречија проектите на двете сили (реформскиот проект изготвен од Австро-унгарија и Русија Д. Б.) да бидат спроведени... Можам да речам дека вистината нѐ обврзува да признаеме оти одговорноста за сторените злочини паѓа многу повеќе на востаничките банди отколку на турските трупи... потврдена е намерата на востаниците ситацијата во Македонија да ја направат толку неподнослива и, по цена на мирот во Европа, Австрија или Русија или и двете да бидат присилени да интервенираат“.[834]

За политиката на исчекување и не преземање ништо во однос на настаните во Македонија, британскиот премиер бил нападнат во весникот „Дејли Хроникл“ при што пишува дека иако било веќе задоцнето можеби сѐ уште има време да се преземе нешто. Притоа поставувајќи реторичко прашање „Или нашиот премиер сѐ уште го мери „балансот на криминал“?“.[835] Нешто подоцна Балфур во едно писмо до надбискупот во Кантербери се обидел да ги исчисти рацете на Англија од одговорност за случувањата на Балканот, препуштајќи им сѐ на Австро-Унгарија и Русија.[836] Поранешниот колонијален секретар Чемберлен не се

---

[831] Анастас Митрев, Илинденското востание, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Скопје 1969, 14-15.
[832] Ф. Гелтон, Македонското прашање..., 33.
[833] Румански дипломатски..., 380-381.
[834] Истото.
[835] Macedonia 1903, 19.
[836] Bulgarian Flame Fanned by Reports od Outrages, The Wahington Times, September 26, 1903, 1.

сложувал со мислењето на премиерот и фаворизирал самоуправа за Македонија.[837]

**5.** Франција по француско-пруската војна водела политика која била насочена против Германија. Тоа и налагало да се сврти кон Русија и Велика Британија.[838] Со оглед на тоа што Русија и Велика Британија воделе противречна политика кон источното прашање, но и со цел да не бидат погодени француските регионални, економски и културни интереси, Франција зазела средишна позиција за почитување на интегритетот на Османлиската држава во согласност со Берлинскиот договор и изразената волја за примена на членот 23 од договорот.[839] Политиката за мир во Османлиската Империја ја налагал и фактот што Франција имала вложено голем капитал во Империјата, а очекувала и нови концесии.[840] Затоа Франција се согласувала со дотогаш извршената брза репресија без претерувања од регуларните трупи.[841] Директорот за политички работи Кордоган, кој го раководел департманот на Франција за надворешни работи во отсуство на министерот Делкасе, на 19.08.1903 година имал средба со османлискиот амбасадор Наби-бег на која му советувал Турција да направи се што е можно во овие рамки за повторно воспоставување на статус квото.[842] Ова било потврдено и од францускиот министер за надворешни работи Делкасе.[843] Очевидно ужасите и злосторствата кои биле вршени врз населението како во Крушево, за Делкасе биле без претерувања или пак можебине бил информиран за нив?!

**6.** Тргнувајќи од своите политики владите на Големите сили во почетокот, како што беше споменато, не презеле ништо за спречување на насилствата во Македонија. Според романскиот амбасадор Арџетојану, Големите сили ја оставиле Турција да дејствува без да се мешаат.[844] Тоа наишло на голема критика во меѓународната јавност која ја прозрела нивната политика. Во многу написи се критикува политиката на воздржаност и не преземање никакви мерки. Фрејзер ги критикува Австро-Унгарија и Русија уште за февруарските реформи, кога по

---

[837] Истото.
[838] Ф. Гелтон, Македонското прашање..., 31.
[839] Истото, 33.
[840] А. Митрев, Илинденското востание..., 15.
[841] Романски дипломатски..., 345.
[842] Истото.
[843] Истото, 366-367.
[844] Истото, 326.

настаните од 1902 година им се дало правото за средување на состојбата, но „тие не сакале мир на Балканот, туку се надевале да имаат територијален бенефит од еден генерален балкански пожар – како кучиња чувари“.[845] Романскиот амбасадор во Константинопол во еден доверлив извештај од пролетта 1903 година за состојбата во Македонија известува „со убиство на еден конзул, бомби во Солун, престрелки по улиците, напади и грабежи во Битола, атентати на железничките пруги и во јавните згради, крвава борба против бандите“ во очите на Големите сили “претставува само инциденти и треба да биде третирано само како такво“.[846] Ј. Ф. Христиќ од српската амбасада во Константионопол смета дека востанието било задушено „бидејќи Европа и до ден денешен ја остава Портата со слобода за акција; таа дури и советува без двоумење да преземе против бунтовниците најозбилни мерки... Европа која уште денес и ја дава на Турција целата слобода за да го задуши востанието, ќе се вмеша утре, кога ќе се совлада револуционерното движење, во турските работи и ќе излезе со свои барања...“.[847] Превдидувањата на Христиќ се оствариле.

Политиката на Големите сили е мошне критикувана и во печатот. Во „Вашингтон Тајмс“ одговорноста за крвопролевањето и суровоста во османлиска Македонија ја ставаат врз европските Големи сили кои ветиле сигурност на населението кое страдало и донеле програма за реформи само за да гледаат како се прекршуваат од султанот.[848] Некоректната политика на Големите сили била согледана и внатре во Организацијата, која во вториот Меморандум до претставниците на Големите сили од 11.09.1903 година ги критикува дека тие не преземале ништо за турските жестокости, притоа обвинувајќи ги дека „тие го посоветуваа султанот да ги преземе сите можни мерки за воспоставување на редот, а Турците ја протолкуваа оваа препорака за колење и разрушување. За жал вистина е, дека по овие ужасни настани, Европа не презеде ништо, за да го натера султанот да ги толкува советите на похуман начин“.[849]

Дволична политика на европските сили од една страна да го поддржуваат востанието, а од друга страна да ја критикуваат Османлиската Империја за

---

[845] J. F. Fraser, Pictures from..., 180.
[846] Романски дипломатски..., 298.
[847] Документи о спољној..., 293-294.
[848] The Macedonian Rising, The Washington Times, August 15, 1903, 6.
[849] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 452-453.

насилства при задушувањето се должела на запазување само на нивните лични интереси, кои во моментот на востанието биле зачувување на статус квото. Затоа во моменти кога ќе се дигнела поголема врева во општествената јавност за ѕверствата и случувањата во османлиска Македонија, владите и дипломатите на Големите сили настапувале критикувајќи ги насилствата, со цел да се намали вревата, за потоа повторно премолчано да ги поддржуваат насилствата, надевајќи се на брзо задушување на востанието и смирување на ситуацијата, мислејќи дека со тоа јавноста ќе се смири и ќе заборави на тоа што се случило.

## 2. И повторно реформи

Австро-унгарскиот министер за надворешни работи и неговиот дипломатски претставник меѓу првите ја согледале потребата од нови реформи, а Русија го признала неуспехот на дотогашните Февруарски реформи. Сепак, двете држави кои по падарските реформи го имале мандатот за спроведување на реформи, заземале курс на исчекување тргнувајќи токму од нивната политика. Главни аргументи биле дека Турција била суверена држава и сама треба да го воспостави редот.[850] Меѓутоа Илинденското востание како ретко кој друг настан влијаело многу на реформскиот процес во Македонија.[851] Вревата која се кренала во општествената јавност во врска со насилствата во Македонија, ги принудила Големите сили на крајот да излезат од нивната зона на комфор и да преземат порадикални мерки за смирување на духовите во османлиска Македонија и јавноста. Резултат од преземените мерки било повторно донесување на проект за нови реформи познати под името Мирцштегски реформи. Дотогашните проекти за реформи кои биле носени со избувнувањето на Илинденското востание и масовното учество на населението во него покажале дека тие не успеале да ги елиминираат големите општествено-економски тешкотии на населението и биле депласирани.[852]

Главни покровители на Мирцштегската програма за реформи биле рускиот цар Николај II и австро-унгарскиот император Франц Јозеф I, заедно со нивните

850 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 23.
851 Глигор Тодоровски, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т. II, Реформите на големите сили по Илинденското востание, Скопје 1984, 5
852 Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 5; Ванчо Ѓорѓиев, Анастас Лозанчев, 182.

министри за надворешни работи Ламсдорф и Голуховски.[853] Реформската програма била усогласена и донесена на 02.10.1903 година.[854] Откако и била испратена Мрицштегската програма на османлиската Империја, таа го одложувала нејзиното прифаќање и на 22 октомври дури и го одбила.[855] Султанската канцеларија имала повеќе забелешки на реформската програма меѓу кои биле и за помошта на настраданите во востанието. Тие барале при распределба на средствата за помош да не се прави разлика помеѓу христијаните и муслиманите, бидејќи според Османлиите сите подеднакво настрадале.[856] По редица дипломатски сплетки и вршени притисоци врз султанот и Портата од страна на Големите сили, реформите конечно на 23.11.1903 година биле начелно прифатени. Притоа османлиската држава го задржала правото да стапи во преговори со подносителите на реформската програма во однос на нивната содржина за да постигне согласност за деталите во нивната примена.[857]

Мирштегската програма за реформи е составена од 9 одделни членови.[858] Почетните членови се однесуваат на административни реформи, во жандармеријата, учество на христијаните во административните органи и сл. Членовите од 5 до 9 се однесуваат директно на последиците од востанието. Со членот 5 од реформската програма се предвидува „да се установат во главните центри на вилаетите мешани комисии во еднаков број христијански и муслимански делегати, за разгледување на политичките и другите престапи извршени во текот на немирите. Во овие комисии треба да земат учество конзулските претставници на Австро-Унгарија и на Русија“.[859] Членовите 6 и 7 се однесуваат на материјалната штета од востанието и помошта за настраданите. Притоа со овие членови е предвидено:

„6. Од османската влада да се бара одобрување на специјални суми:

---

[853] В. Ѓорѓиев, Реформи за мир..., 115.
[854] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 32
[855] Истото, 67.
[856] Истото, 101-102
[857] Истото, 90.
[858] Подетално за Мирцштегската програма види Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II и т. III. и В. Ѓорѓиев, Реформи за мир... Целиот текст на реформите види го во Turkey No. 2 (1904)..., 97-98 и Документи за борбата..., 419-420.
[859] Текстот на реформите го користевме од Turkey No. 2 (1904)..., 97; Документи за борбата..., 420.

(а.) за враќање на куќите на христијанските семејства, кои како бегалци пребегнале во Бугарија или на друго место,

(б.) за помош на христијаните што ги изгубиле имотите и своите живеалишта;

(в.) за поправка на куќите, црквите и училиштата урнати од Турците за време на востанието.

Комисии во кои истакнати христијани ќе членуваат, ќе ја одредуваат дистрибуцијата на овие суми. Австро-унгарскиот и рускиот конзул ќе вршат супервизија на расходите.

7. Во христијанските села изгорени од турските трупи и башибозук, вратеното христијанско население ќе биде ослободено од плаќање на сите такси во рок од една година.“[860]

Членот 8 се однесува дека Портата ќе ги спроведе и Февруарските реформи, а членот 9 за распуштање на илавите и башибозукот кои ги извршиле повеќето престапи во текот на востанието.[861] Со Мирцштегската програма за реформи, Хилми паша бил задржан за генерален инспектор, со тоа што при него се именувале двајца специјални цивилни агенти од Австро-Унгарија и од Русија кои биле задолжени секаде да го придружуваат генералниот инспектор.[862] Со само тоа што Хилми паша останал генерален инспектор и бил задолжен за спроведувањето на реформите кај населението се влевало голема недоверба, што е и очекувана реакција. Човекот кој бил одговорен за многу ужаси кои ги снашле, прикривање на истите и пренесување на неточни информации во текот на немирите, повторно бил главниот реформатор.[863]

### 2.1. Турска помош за настраданите

Со членот 6 точки б и в од Мирцштегската програма за реформи е предвидена социјална помош за настраданите семејства кои ги изгубиле своите имоти и живеалишта, како и помош за повторна изградба на нивните уништени

---

[860] Turkey No. 2 (1904)..., 97-98; Документи за борбата..., 420.
[861] Истото.
[862] Turkey No. 2 (1904)..., 97; Документи за борбата..., 419.
[863] Македонија во делата на странските патописци 1903, 177.

домови. Иако османлиските власти уште пред воведувањето на реформите започнале со формирање на комисии за распределба на помош на настраданите и за обнова на куќите, сега таа била санкционирана со реформскиот проект и со тоа била обврзувачка за Османлиската држава. Комисиите кои биле формирани уште пред донесените реформи за распределба на помошта, за обнова на куќите и изградба на засолништа продолжиле да функционираат. За настраданото население, кое се наоѓало во бедна положба и чии куќи биле ограбени или изгорени била определена помош во висина од 15 куруша. Помошта била во траење од четири месеци, а им следувала на децата до 15 години, жените и лицата над 60 години.[864] Хилми паша изјавил дека на муслиманските и христијанските семејства кои во востанието останале без добиток им биле поделени 4.000 глави говеда, кози и овци и 3.700 кокошки.[865] Меѓутоа помош им следувала само на членови на домаќинства кои биле против востанието и не зеле учество во истото. Ова пак, оставало можност на властите да не им доделат помош на сите домаќинства со обвинување за учество или поддржување на востанието.[866]

Во поглед на обновата и изградбата на куќите, османлиските власти со голема брзина започнале со ситни поправки, купување прилози и изградба на куќи на место на изгорените сакајќи на тој начин да ја покажат својата добра волја за спроведување на реформите.[867] Уште пред прифаќањето на реформите, во октомври, комисии назначени од Хилми паша започнале да ги обиколуваат селата за да определат колкава била штетата и колкави суми за изградба на куќите биле потребни. Комисиите куќите ги делеле на две категории: 1. куќи кои треба да се изградат од темел и 2. куќи кои може да се поправат. Во зависност од тоа сумата за обнова на куќите варирала од 100 до 150 куруша за првата категорија и 50 до 100 куруша за втората категорија.[868] Во турски лири тоа се суми кои варираат од 1 до 1,5 лири за првата категорија и половина до 1 лира за втората категорија.

---

[864] Документи о спољној..., 815; Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 512; Македония и Тракия..., 226.
[865] Романски дипломатски..., 475.
[866] Дино, Г. Кьосев, Илинденско въстание, София 1953, 94.
[867] Љ. Лапе, Неколку нови..., 279.
[868] Македония и Тракия..., 289.

Жителите на селата како Бобишта, Загоричани, Д'мбени, Косинец и Смрдеш овие суми ги сметаат за недоволни и според нив само за чистење на местата на разурнатите куќи била потребна сума од 500 до 800 куруша,[869] односно од околу 5 до 8 лири. Согласно одлука од властите семејствата кои имале до пет члена би добиле средства за живеалиште од една соба, а семејствата со повеќе од пет члена живеалиште од две соби.[870] Оттука сумите за обнова на куќите варирале и од бројот на членови во семејството, односно од 1 лира за семејство од пет лица, па до 3 лири за семејство со повеќе од 20 лица.[871] Притоа како времени живеалишта биле подигнати 4.000 колиби од даски.[872] Генералниот инспектор за ублажување на состојбата во Костурско на локалните власти им дал инструкции да обезбедат дрвена граѓа за изградба на куќите. Понатаму во секое село да се изгради мелница за жито на државен трошок и да им се помогне на селаните при жнеење на житото кое било останато на полоњата.[873]

Вкупната османлиска сума за помош за изградба на изгорените куќи изнесувала 35.000 лири. Оваа сума според дипломатските претставници се покажала едвај доволна за да му помогне на сиромашното население да ја помине зимата, така што за обнова на куќите со оваа сума не можело ниту да стане збор.[874] Претворено во девизи, според пазарниот девизен курс во 1904 година оваа сума изнесувала 28.000 британски фунти, а според официјалниот државен девизен курс 31.818 фунти. Таа не била ниту блиску до потребната за да се избегне гладот во османлиска Македонија, за чие избегнување според проценките на Македонскиот добротворен фонд во Лондон биле потребни не помалку од 50.000 британски фунти.[875]

Исто така султанот издал наредба со која Земјоделската банка требало да им помогне на сите христијани или муслимани кои го изгубиле добитокот и средствата за работа. Вкупната сума, одобрена од султанот изнесувала 510.000 куруша и била поделена на пет области:

- Охридска каза 200.000 куруша;

---

[869] Истото.
[870] Романски дипломатски..., 514.
[871] Turkey No. 2 (1904)..., 109.
[872] Документи о спољној..., 815.
[873] Turkey No. 2 (1904)..., 69.
[874] Turkey No. 4 (1904)..., 214; Австриски документи за реформската..., 228.
[875] Балканският комитет..., 57.

- Костурска каза 70.000 куруша;

- Ѓоригеа каза 75.000 куруша;

- Битолска каза 150.000 куруша;

- Крушевска нахија 10.000 куруша.[876]

## 3. Успешни реформи или ново фијаско?

На прв поглед донесената програма за реформи и прифатена од султанот започнала веднаш да се имплементира во пракса. Биле назначени двајца цивилни агенти при Генералниот инспектор и се започнало со реформи во жандармеријата. За излез од хуманитарната криза навидум османлиските власти енергично се зафатиле со задачата на настраданото население да му испраќаат социјална помош и неповратна помош за изградба на куќите. За таа цел биле испратени комисии во разурнатите и засегнати области од востанието. Но прашањето кое се поставува е колку и дали навистина преземените мерки биле успешни во обновата на селата и подобрувањето на положбата на македонското население? Познато е дека и дотогаш реформи бил носени повеќе пати. За сите тие султанот и Портата прикажувале дека биле применети и успешни, но во пракса не бил постигнат никаков ефект, т.е. подобрување за населението. Ќе започнеме по ред.

**1.** Помошта која била отпуштена од државата, иако навидум во извештаите изгледа дека е прописно разделена, фактичката ситуација била далеку од таа на хартија. Најпрвин, властите во помошта што требало задолжително да ја разделат имале обичај да вклучат и средства кои ги добиле од разни благотворителни и благодетни здруженија и индивидуалци.[877] Но, тоа е минорен проблем. Во некои села помошта никогаш не стигнала. Селото Балдево изгорено во текот на востанието помош никако не добило.[878] Всушност во целиот Солунски вилает на почетокот на ноември властите сè уште немале поделено ниту грош, а ниту пак, изградиле некои од изгорените домови.[879]

[876] Румански дипломатски..., 514.
[877] Македония и Тракия..., 347.
[878] Истото, 344.
[879] А. Шопов, Дневник, дипломатически..., 101.

Висината на определената месечна помош е друг момент. Таа ни од далеку не била доволна да ги задоволи основните потреби на населението, особено ако се има предвид поскапувањето на животот, поради изгорената жетва, украдениот добиток и сл.[880] Едно семејство во Костурската и Леринската каза сочинето од 8 до 10 члена годишно трошело просечно најмалку 30 лири,[881] односно 250 куруша месечно. Помошта од 15 куруша по лице и кога хипотетички би била делена на сите членови од семејството, повторно била далеку од доволна за задоволување на месечните потреби на едно семејство. Со една толкава мала сума на пари делена како помош, што можеле жителите попрво да направат? Дали да купат храна, дали добиток или основна покуќнина.[882] Ф. Мур кој престојувал во Македонија во периодот 1904-1905 година ситуацијата ја оценил со „пуста земја населена со гладувачко население, чија единствена шанса за егзистенција лежи во приклучување кон бандите".[883] Но не било доволно тоа што помошта била мала, па властите побрзале и да ја соберат помошта која ја делеле, во форма на данок. И не само државната помош, туку и помошта од разни хуманитарни организации и добротвори. Во селото Балдево од едната страна си одела госпоѓата Кинг Луиз, која на населението му делела хуманитарна помош, а од другата страна влегувал таксилдарот кој ја собирал истата на име данок за добитокот. Во Обидим се случило истото. Кога жителите отишле да се жалат кај кајмакамот и да го прашаат за совет, тој ги испратил кај нивните чорбаџии кои според него ги научиле да прават востание.[884] Бугарскиот трговски агент во Битола, Кожухаров, забележува дека месечната помош била собирана како данок за изгорените жита, слама и куќи.[885] Од сето ова се гледа дека државата немала никаква намера да му помогне на настраданото население и сето тоа било само „маска" која ја прикажувале пред претставниците на Големите сили, истовремено наоѓајќи начини како да си ги врати парите кои ги дала како помош.

**2.** Кога сме кај даноците, населението според членот 7 од Мирцштегските реформи било ослободено од сите такси во траење од една година. Меѓутоа

---

[880] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 215.
[881] Тодор Добриянов, Документ за икономическото и политическото състояние на Битолския вилает след Илинденско-преображенското въстание, Македонски преглед, бр. 1, 2002, 128.
[882] Македония и Тракия..., 344.
[883] The Balkan Question..., 227.
[884] Македония и Тракия..., 501.
[885] Истото, 226.

имало бројни жалби и поплаки од населението дека од властите им биле напалаќани даноците.[886] Османлиската држава успеала вешто да изманипулира со членот 7. Имено Портата се нафатила на ослободување од даноци за 1903 година. Имајќи предвид дека буџетската година во Османлиската Империја започнувала во март, даноците за 1903 година биле веќе исплатени уште пред почетокот на востанието.[887] Во места како Крушево жителите кои сакале да го напуштат, морале најпрвин да ги исплатат сите даноци.[888] На овој начин Портата тврдела дека ја исплонила одредбата предвидена со реформската програма, но всушност најголемиот дел од даноците и биле веќе исплатени и иако *de jure* имало ослободување, во пракса тоа било само на хартија. И не само што населението требало да ги плати даноците. За десетокот се барало тој да биде исплатен без оглед дали житото било изгорено или не. Исто така во 1904 година на селаните им било побарано да го откупат десетокот по суми како и минатите години, иако во некои места било посеано помалку.[889] Така на пример во селото Селце, Битолско, на селаните им била побарана за 1904 година сума за десеток во висина од 5.000 куруша, а селаните немале изорано и посеано ниту четвртина во споредба со претходните години.[890]

За сплетот на нештата да биде уште потрагичен даноците во периодот по востанието пораснале и тоа веднаш уште во 1904 година.[891] Данокот на домашни животни со покачувањето станал поголем отколку што чинело самото животно.[892] Во периодот од 1904-1906 година споредено со годините непосредно пред востанието даноците пораснале за 50%. Покачувањето се должело во прв ред на трошоците за спроведување на реформите.[893] Каква иронија, наместо со реформите да се олесни положбата на населението, поради нив даноците пораснале! И тоа не било сè! Во текот на 1904 година даночните службеници започнале со собирање на стари даночни побарувања од пред 20-30 години, и тоа веднаш по разделувањето на помошта. Целта со прекумерната даночна педантерија е очигледна, целосно елиминирање на резултатите од

[886] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 52, 74, 202-203 и 228; Македония и Тракия..., 350.
[887] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 196-197.
[888] Turkey No. 2 (1904)..., 115.
[889] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 202-203, и 340.
[890] Истото, 340.
[891] Извештаи од 1903-1904..., 204.
[892] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 319.
[893] Иван Катарџиев, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција национално-политички борби, Култура, Скопје, 1968 267.

хуманитарната мисија.[894] На тој начин властите „од една страна демонстрирале загриженост и раздавале земјоделски заеми на селаните, а од друга страна се собирале тие заеми од „таксидарите“ по однапред изготвени списоци“.[895] На овој начин населението изгубило доверба во мерките од властите и дури и на ветуваниот безкаматен заем од државата гледало со грижа дека доколку земе кредит тој ќе биде веднаш одземен во форма на данок.[896]

**3.** Во однос на помошта за изградба на куќите, определената државна помош ни од далеку не била доволна да ги задоволи потребите за обнова на куќите. Дури и за најсиромашните краеви биле потребни најмалку 10 или 12 фунти за да се изгради нешто, наспроти 1,5 фунти државна помош, а во селата како во Костурско често се сретнувале и куќи кои вределе од 100 па до 200 фунти.[897] Смилевчани се жалат за помошта од 2 лири со тврдење дека и најпростата куќа во нивното село чинела не помалку од 100 лири.[898] Бидејќи владината помош ни од далеку не ги задоволувала потребите за изградба на куќите, во многу места населението одбивало да ја прими помошта, не сакајќи да преземе обврска да ги гради куќите со несоодветна помош.[899] Вакви случаи на одбивање на помошта имало во Скопскиот вилает и во Серската каза.[900] Од друга страна пак, во некои села во 1904 година сѐ уште не им била исплатена помош за обнова на куќите.[901] За несреќата да биде уште поголема се случувало доделената државна помош да биде веднаш потоа ограбена од илавите и башибозукот. Така на 16.10.1903 година поткомисијата на жителите од селото Арменско им доделила средства за повторна изградба на куќите, за да по два дена во селото дојдат илавите од еден баталјон кој минувал оттаму, кои ја ограбиле не само помошта, туку и она малку од пари и накит што претходно жителите успеале да го зачуваат[902]

Колку била неефикасна помошта се гледа од тоа што во 1905 година сѐ уште куќите не биле обновени. Во селото Белица, Разлошко од 400 куќи, колку што броело пред опожарувањето, во 1905 година имало 180-190 полу изградени куќи

---

[894] М. В. Михов, С кърст..., 132-133.
[895] Истото, 133.
[896] Истото.
[897] Британски документи..., 507.
[898] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 33.
[899] J. F. Fraser, Pictures form..., 210.
[900] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 2.
[901] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 33, 255-256.
[902] Turkey No. 2 (1904)..., 110.

и колиби.[903] Истата година во Мехомија 27 семејства сѐ уште не биле во можност да почнат да си ги градат куќите; 17 семејства приготвувале материјал за градба; 35 семејства започнале да градат минатото лето, но не ги доградиле куќите, а таа пролет 14 семејства ги поставиле темелите.[904] Тоа се вкупно 93 семејства од овој град кои две години по востанието сѐ уште немале покирв над главата. Во рапортот од декември 1905 година на бугарското трговско агентство во Битола се одбележува дека во целиот Битолски вилает само неколку одделни куќи биле обновени.[905] Неуспехот во обновата на куќите го констатирале и самите цивилни агенти Милер и Демерик, одбележувајќи дека доделената државна помош била недоволна,[906] а во некои места не било сторено ништо за повторна изградба на куќите.[907] Но освен констатирање на состојбата, од страна на цивилните агенти ништо не било сторено за да се „поттурне работата". Сѐ се сведувало на предавање на проекти и размена на официјални писма со османлиските власти и ништо повеќе. Во јануари 1905 година цивилните агенти му предале нови предлози на Хилми паша за изградба на разурнатите места.[908] Овој пат преку банкарски заем да се дојде до потребните средства за изградба на разурнатите села.[909]. Заемот требал да изнесува 6.000.000 француски франци и да се склучи кај некој од паричниите заводи во Европа. Овој пат предлогот пропаднал поради алчноста на Големите сили. Франција и Велика Британија интервенирале заемот да не биде склучен со австро-унгарски паричен завод, туку со учество и контрола на другите европски големи сили. Поради разногласијата од заемот не испаднало ништо.[910] Во продолжение на неколку години по востанието куќите биле обновени, но тоа не било сторено ниту со државна помош, ниту со специјален заем, туку со сопствени пари на населението кое ги спечалило во туѓина на печалба.[911]

Балканскиот комитет на митинг во Лондон кој се одржал на 29 март 1904 година ја повикал британската влада наместо дотогашните јалови реформи да преземе посериозни мерки со поставување на еден христијански гувернер во

[903] Македония и Тракия..., 346.
[904] Истото, 345.
[905] М. В. Михов, С кърст..., 134
[906] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 184.
[907] Австриски документи за реформската..., 222.
[908] Австриски документи за историјата на Македонскиот народ 1905-1906. Т. I, Скопје 1977, 3.
[909] Истото, 45.
[910] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 195-196.
[911] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., Томъ втори, 3.

Македонија, независен во однос на султанот и единствено одговорен пред Големите сили.[912] Но ништо од тоа не постигнувало ефект кај Големите сили.

**4.** Со Февруарските реформи биле предвидени и реформи во финансиите на трите вилаети кои ја опфаќале територијата на Македонија. Притоа се предвидувало формирање на одделен буџет за секој вилает, кој ќе биде контролиран од Османлиската банка. Неговата намена во прв ред требала да биде за потребите на локалната самоуправа. Била предвидена и реформа во начинот на собирање на десетокот, а кулукот требало да се укине.[913] Со Мирцштегската програма на реформи како што споменавме било предвидено без одложување спроведување на Февруарските реформи, а со тоа се подразбира и воведување на финансиската реформа во вилаетите. Со извесно одложување во октомври 1905 година започнала со работа Меѓународна финансиска комисија. Таа изготвила буџет за 1905/1906 година.[914] Значењето на формирањето на одделен буџет за трите вилаети било големо од аспект на нормално функционирање на администрацијата и институциите, како и за спроведување на останатите реформи.[915] Од друга страна ниту формираната Меѓународна финансиска комисија не бил многу ефективна. Во планираните буџети за 1905/1906 година предвидените суми за капитални инвестиции се незначителни. Така за Солунскиот вилает за јавни работи се планирани 2,52% од буџетот. За Битолскиот вилает за јавни работи се предвидени 2,9% од буџетот и истиот процент е планиран и за Скопскиот вилает.[916] Овие суми се незначителни имајќи ги предвид големите оштетувања на патиштата, мостовите, железничките пруги и телеграфските линии во текот на востанието. Самите патишта вушност се наоѓале во лоша состојба и пред почетокот на востанието, бидејќи властите го смениле системот за поправка и одржување. Со султанско ираде за реформи во 1902 година било определно 5% од сите приходи да се резервираат за патишта, но со новите укази во 1903 година тоа било сменето. Патиштата во иднина требало да се градат и поправаат со ангарија и парите добивани од јол параси (патарина), во прв ред големите воени патишта. Но

---

[912] А. Растовић, Балканскиот комитет..., 223.
[913] Документи за бробата..., 413.
[914] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. III, 264-267.
[915] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 27.
[916] До пресметките дојдовме врз основа на податоците за буџетите кои ги дава Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 267.

„бидејќи луѓето се извлекуваат од ангаријата, а плаќаните не стигаат, сиот сегашен систем за изградба на патиштата е воопшто неодржив, поради кое само куси делови од познатата категорија се одржуваат в ред, а останатите се занемарени“.[917] Дури со планираните буџети за вилаетите за 1907/1908 година се забележува одредено подорбување, со одвоени средства за поправка на патиштата и мостовите, но се работи за поправки на кратки релации до 10 километри.[918]

**5.** Иронијата е уште поголема што истиот дотогашен „реформатор“ Хилми паша, кој е одговорен за многу ужаси и неприлики кои го снашле населението во текот и по востанието, кој ништо не преземал, па дури и ги спречувал медицинските лица да ги лечат ранетите, повторно со Мирцштегската програма е задржан за генерален иснпектор. Без оглед што покрај него биле назначени двајца странски цивилни агенти, тој продолжил да работи како што работел и дотогаш. Што може да се очекува од некој кој до вчерашниот ден ги прекршувал реформите и не ги спроведувал, а сега треба повторно да спроведува нови реформи! Хилми паша, како и вообичаено за него, во своите извештаи состојбата не ја прикажувал каква што била на терен. При посетата на Битолскиот вилает од страна на цивилните агенти тој ја претставил положбата на населението дека била подобрена, со повратена благосостојба и обновени куќи.[919] Брејлсфорд ја демантира прикажуваната состојба од генералниот инспектор забележувајќи: „А што се однесува до куќите, Хилми-паша потврди дека ги поправиле, што е, се разбира многу смешно. Досега немам видено ниедна поправена куќа. А полски куќички изникнуваат скоро насекаде“.[920]

И во поглед на распуштањето на илавите предвидено со реформите не биле преземено многу. Да, навистина тие биле распуштени, и сето тоа изгледало во ред на хратија. Меѓутоа, во пракса илавите во почетокот на ноември 1903 година, иако распуштени продолжувале да вршат насилства во населените места во Скопскиот вилает, грабајќи ситен и крупен добиток.[921] Властите кои ги распуштиле, не сториле ништо по однос на насилствата кои продолжувале да ги

[917] Извештаи од 1903-1904..., 205.
[918] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. III, 282-283.
[919] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 176.
[920] Британски документи..., 506.
[921] Битолско, Автономна Македония, година I, брой 18, 2 ноемврий 1903, 3.

прават истите тие лица, како и дотогаш, само овој пат веќе официјално гласело дека се распуштени.

**6.** Всушност, иако реформи биле воведени, согласно политиките на Големите сили, немало ниту обид за плакнење на гревовите, туку само одложување на решавањето на источното прашање, за чие решавање би избувнало војна. Затоа на Големите сили наједноставно им било колку што може да го одложуваат конфликтот со воведување на реформи сѐ додека не се појави погоден момент, а дотогаш населението да се отргне од револуционерните влијанија. Оттргнувањето од револуционерни дејствија го констатирал самиот А. Рапопорт кој во еден доверлив извештај од 26.08.1904 годна до министерот Фон Ерентал пишува дека „варварските опустошувања во овие села мене и господинот фон Гирс нѐ уверија во тоа дека, доколку населението треба да се оттргне од револуционерните влијанија, се наложува итно целосно поправање на разурнатите културни, образовни и станбени градби“ – забележува Крал во средината на 1904 година.[922] Но ниту тоа што сакале да го постигнат владите на Големите сили за моментално смирување на состојбата со оттргнување на населението од револуционерни влијанија, не го постигнале. Британската влада била разочарана од малиот прогрес на реформите за која од голема важност била брза акција, уште на крајот на декември 1903 година.[923] Во еден разговор на маркизот Ленсдаун со рускиот амбасадор, маркизот му изјавил дека барал „докази кои би покажале стварно подобрување на ситуацијата во државата. Но никој не можеше да ме снабди со некој таков доказ“.[924] Маркизот Империјали во 1907 година на фон Маршал му изјавил дека целото реформско дело не ја погодило целта и состојбата во Македонија од ден на ден станувала сѐ полоша, додека Де Џорџис на маркизот му изјавил дека моменталната состојба била полоша од кога и да било.[925] Меѓутоа, кога станувало збор за извештаи до јавноста странските цивилни агенти прикажувале дека ситуацијата е во ред и се подобрува. Норвешкиот офицер К. И. Нандруп присутен во Македонија поради реофрмата во жандармеријата на 30.12.1904 година до неговата влада жестоко ја критикува европската дипломатија за прикривањето на вистинската состојба.

[922] Австриски документи за реформската..., 234-235.
[923] Turkey No. 2 (1904)..., 162.
[924] Turkey No. 2 (1904)..., 151.
[925] Германски документи..., 212.

Меѓу другото во писмото тој наведува: „европскиот печат објави еден извештај од тие цивилни агенти, во кој сегашната состојба и напредувањето во извршувањето на Реформата се насликани како задоволителни. Очевидно, овој извештај бил напишан со цел да се смири јавното мислење во Европа, кое би можело да биде вознемирено од дневните прикази во списанијата за убиствата и свирепоста... Ако овој извештај е барем делумно точен, вие би можеле да речете дека решавањето на македонското прашање е на добар пат да се оствари и дека европската дипломатија извојувала победа со Мирцштегската реформа. Жалам што морам да кажам дека ние, кои сме во најтесна врска со овие настани, не сме во можност да го забележиме ни најмалиот знак на некое подобрување; напротив, морам да потврдам дека вистинската состојба е полоша од порано. Според мене, извештајот на цивилните агенти е напишан со цел да ја измами Европа и да го покрие жалниот неуспех на Мирцштегската програма и тажната комедија одиграна од страна на Големите сили на Балканскиот Полуостров“.[926]

Даме Груев уште на 14 февруари 1904 година во едно окружно писмо ги критикувал реформите сметајќи дека „тие се фалшливи и неискрени мерки, кои ќе пропаднат, како што пропаднале сите ним слични... Заинтересираните сили Русија и Австро-Унгарија не сакаат подобрување на положбата... туку одново да го одложат конечното решавање на прашањето“.[927] Еден непознат Македонец за весникот „Порт Гибсон Ревеил“ изјавил: „Дали Русија и Австрија се искрени во нивните планови за реформа? Никој не може да поверува. Зошто не се потрудиле да дознаат што се случува со прогонетите Македонци? Тие ги гледаат само своите интереси и никогаш не помислуваат за спасување на макдонските христијани... Големите сили плачат „Цивилизација“, но тоа е само претекст за нивно сопствено зголемување на моќта“.[928]

Реформите кои биле воведени иако имале одреден исчекор во однос на претходните, бидејќи за нивно спроведување била одредена меѓународна контрола, сепак тие биле далеку од суштински, а во поглед на подобрување на положбата на населението и ублажување на последиците од востанието немале голем ефект. Па дури и тоа што големите сили навистина сметале дека треба да се исполни со цел смирување на состојбата како што била обновата на

[926] Б. Стоичковски, Шведско-норвешки документ..., 202.
[927] Ванчо, Ѓорѓиев, ВМРО 1904-1908 поглед низ документи, Скопје 2020, 48.
[928] Groans of the Macedonians, The Port Gibson reveille, may 19, 1904, 3.

разурнатите села, не се одвивала во најдобар ред и било проследено со корупција на османлиските власти и грабеж. Со исклучок на подобрувањето во однесувањето на жандармите, во останатите работи не може да се констатира вистински успех на реформите.[929] Во некои сегменти положбата не само што не се подобрила ниту во политички, ниту во економски поглед, туку таа станала уште потешка".[930] Затоа ситуацијата во 1905 година во Македонија била сè уште за голема грижа, а земјата била опустошена.[931]

Уште една негативна последица од реформите е појава на странски вооружени пропаганди во Македонија. Поради третата точка од Мирцштегската програма со која се предвидувала измена на дотогашната административно-територијална поделба за подобро групирање на националностите уште повеќе била разгорена борбата помеѓу различните чети. Убиствата растеле, а биле правени и материјални и економски штети од страна на странските чети кои биле уфрлани.[932] Вооружени чети го обложувале македонското население со даноци, со закани за киднапирање и убиство во случај на неплаќање. Секој побогат селанец бил должен да им плаќа на овие чети по 5, 10 или 20 лири за да има спокојство.[933] Тие станале уште еден додатен товар на грбот на мекдонското население.

Влегувањето на странските чети само дополнително ја влошило и така лошата положба на населението настаната по востанието. Фрејсер кој ја посетил земјата во 1905 година забележува дека „целата земја е комплицирана маса на неред".[934] Според Балканскиот комитет во периодот од 1904-1908 во периодот на т.н. реформен план имало 10.000 убиства, притоа оценувајќи ја реформата како „трагична фарса".[935] Слично ја оценува и Луици Вилари кој смета дека „Мирцштегската реформа не е само неуспех, туку фарса".[936] До руските и австро-унгарскиот цивилен агент секојдневно пристигнувале писма и жалби во кои македонското население моли за помош.[937] Селаните од Демирхисарско во една

---

929 Германски документи..., 121-122.
930 Х. Андонов–Полјански, Илинденското востание..., 155. Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 379 и 387.
931 The Balkan Question..., V.
932 Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. III, 15-21.
933 И. Катарџиев, Серскиот округ..., 335.
934 J. F. Fraser, Pictures form..., 210.
935 Балканският комитет..., 62-63.
936 The Balkan Question..., VIII.
937 Види С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети.

жалба од 13 јули 1904 година пишуваат: „Од востанието наваму, место да се радуваме на малку поподнослив живот, положбата со секој ден ни се влошува. Го доживуваме истиот минат режим, озгора плус поголеми жестокости“.[938]

Според наше мислење со воведувањето на Мирцштегската реформска програма сепак имало одреден исчекор, но тоа не било ниту од далеку доволно за суштинско подобрување на положбата. Реорганизацијата на жандармеријата, предвидената амнестија, формирањето на посебен буџет се до одреден степен успешни, но за да се говори за голем успех на реформата, особено за подобрување на положбата на населението, капитални инвестиции, изградба на уништените куќи требало многу повеќе и особено поголема ажурност на османлиските власти при спроведувањето. Не само колку за прикажување пред меѓународната јавност дека нешто се работи, а сите проблеми да се задскирјат под „тепих“. Меѓутоа извесно подобрување во земјата во 1904 година во однос на претходната година се чувствувало, иако во местата во Битолскиот вилает, околу Крушево и Охридскиот округ, каде што биле живи трагите од неодамнешните погроми сѐ уште се чувствувала немирна состојба.[939] Меѓутоа негативните последици од реформите како заострување на странските пропаганди и појавата на вооружените чети го неутрализирале позитивниот ефект кој бил постигнат со реформската програма, колку и да бил тој мал.

[938] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 257.
[939] Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, 140-141.

# ГЛАВА VI. Демографски движења на населението во повостаничките години

*„Една од најважните придружни појави на македонското востание во 1903 година беше почеток на едно големо движење за иселување од сите делови на вилаетот. Ова иселување по својата масовност и тотална различност од иселувањата од другите земји дава повод за многустрано интересирање“* – Д-р Ранци, австриски конзулат во Битола[940]



*Слика 5. Беглаци во Рилскиот манастир по врховистичка провокација*

Раздвижување на населението и поголеми емиграциони движења во османлиска Македонија започнале кон крајот на 1902 година и почетокот на 1903 година, како директна последица од Врховистичката провокација. Овие миграциони движења биле главно ограничени на просторот зафатен од провокацијата, каде биле извршени репресалии од османлиските војски и властите. Со оглед на тоа што овој регион граничи со Бугарија, емигрантите се насочиле кон кнежевството, барајќи привремен спас од насилствата. Според Силјанов во Бугарија имало повеќе од 2.000 бегалци од Горноџумајско,[941] а според Брејлсфорд 3.000 лица кои побегнале како последица од теророт.[942] Само во Рилскиот манастир на крајот од ноември 1902 година имало 446 лица бегалци од Македонија.[943] Некои села, како селото Бистрица биле целосно опустошени и раселени. Во него од 96 семејства останале само 4-5.[944] Емиграцијата продолжила и во текот на пролетта и летото 1903 година. Таа повторно била насочена кон Бугарија. Само во последните денови на јуни 1903 година во Бугарија пристигнале 400 бегалци.[945] Меѓутоа емиграцијата од Врховистичката

940 Австриски документи за историјата..., 158.
941 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 179.
942 Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 198.
943 Македония и Тракия..., 143.
944 Македония и Тракия..., 92.
945 Turkey No. 1 (1904)..., 164

провокација била бледа сенка во споредба со емигрантскиот бран кој ја зафатил Македонија во текот и по Илинденското востание.

Со почетокот на востанието на територијата на османлиска Македонија најпрвин започнале внатрешни миграциони движења, кои пред сè биле со привремен карактер. Поради настанатата паника населението масовно, заедно со децата и нешто покуќнина, заминало во планините. Но, еден голем дел од нив набрзо се вратил во селата, бидејќи со нивното одење во планините го попречувале движењето на востаниците и снабдувањето со храна.[946] Настапувањето на османлиските војски и башибозук, и насилствата кои започнале да ги вршат тие врз цивилното население, го принудиле тоа повторно да бега во планините. Наоѓајќи сè во крајна беда, останато без ништо, немајќи кров над глава, населението било принудено да оди и кон градовите. Многу селани од изгорените села избегале во градовите.[947] Брејлсфорд забележува дека „многу пред ноември градовите биле преполни со немоќни толпи изгладнети жени, кои од порта до порта питале за леб, врвеле крај главните влезови на епископските палати и спиеле во напуштените и разурнати куќи што ги има и отповеќе во секој македонски град".[948] Само во Охрид од околните изгорени села дошле над 1.000 бегалци.[949] Во Клисура ситацијата била уште полоша со околу 4.000 бегалци од околните разурнати места.[950] И во Битола ситацијата била критична. Само од Смилево по неговото разурнување, 400 бегалци, главно жени и деца дошле во Битола.[951] На 14 септември во Битола дошле други осумстотини жени од запалените села од Костурската каза кои се наоѓале во критична состојба без засолниште.[952] Пристигнувањето на голем број на бегалци во градовите создавало голем терет врз градското население. Ресурсите биле ограничени, а и тамошното население не се наоѓало во добри услови.[953] Вкупниот број на лица распрснати по планините и градовите се проценува на околу 60.000.[954]

[946] Ѓ. Стојчевски, Неколку австроунгарски..., 106.
[947] Љ. Лапе, Нови документи..., 112.
[948] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 229.
[949] Љ. Лапе, Нови документи..., 112.
[950] Turkey No. 2 (1904)..., 39.
[951] Истото, 6.
[952] С. Драку, Македонија меѓу..., том втори, 374.
[953] Turkey No. 2 (1904)..., 39; Љ. Лапе, Нови документи..., 112.
[954] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 226; Turkey No. 2 (1904)..., 39.

Всушност ова е приближно до бројката на обездомени лица, кои останати без засолниште лутале, барајќи храна и спас.

Веќе од септември селското население започнало масовно да се враќа од планините.[955] Главно во есента 1903 година селаните од позафрлените села се вратиле во своите разурнати села, но селата кои се наоѓале долж главните друмови биле препуштени на пустош, и во нив жителите не било возможно да се натераат да се вратат дури и со закани и уведување.[956]

## 1. Надворешен емигрантски бран

**1.** Тешката економска и политичка состојба во Македонија во текот и по задушувањето на Илинденското востание, приморало илјадници лица од цивилното население, но и лица компромитирани пред османлиските власти и востаници да го побараат својот спас зад границите.[957] Иако нема доволно податоци за да се прави споредба на емиграцијата година по година, очигледно е дека пресвртна точка претставува Илинденското востание, бидејќи мерките кои биле преземени не биле доволни за обнова на изгорените села.[958] Една од најважните придружни појави на востанието била почеток не едно големо движење и иселување од сите делови на османлиска Македонија, особено од Битолскиот вилает. Поради силниот економски пад емиграцијата продолжила во годините по востанието.[959] Австрискиот конзул во Солун, Пара во 1906 година забележува дека „иселувањето од Македонија е појава, што трае веќе околу 3 години и изгледа сè повеќе се зголемува и добива на значење... Бројот на иселени лица во текот на минатата година изнесува околу 8.000; од тие околу 6.000 тргнале по сувоземен пат, додека 2.000 од нив отпатувале по море... Најголем дел од емигрантите доаѓаат од Битолскиот вилает“.[960] Уште во првата година по востанието емиграцијата зела масовни размери и се иселиле 5.000 лица, а до 1906 година 25.000 лица само од Битолскиот вилает.[961]

---

[955] С. Драку, Македонија меѓу..., том втори, 373.
[956] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 87.
[957] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 218.
[958] Basil C. Gounaris, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, Volume 7, 1989, 137.
[959] Т. Добриянов, Документи за..., 140.
[960] Австриски документи за историјата..., 196.
[961] Истото, 158.

Избувнувањето на востанието ја распламтило емиграцијата „додавајќи дрва во огнот“. Бугарскиот трговски агент А. Тошев како главна причина за заминувањето на печалба од некои краеви на Македонија ја смета сиромаштијата и економскиот пад.[962] Од друга страна австрискиот конзул во Солун причините за зголемената емиграција ги гледа не толку во „тешката економска положба во татковината и изгледот за поголема заработувачка во туѓина... вистинската причина за појавата лежи, изгледа, во безнадежните политички прилики, во стравот од прогонување од власта и од репресалиите од комитите“.[963] Односно главно како причини за емиграцијата на населението од Македонија се издвојуваат две. Првата е тешката економска ситуација на дел од македонското население кое настрадало од востанието, па било принудено средства за егзистенција да бара надвор од границите на државата. И втората причина за еден друг дел од населението не била само економската, туку и политичката ситуација, која за овој дел од населението немала изгледи за подобрување, па затоа својот спас решиле да го побараат надвор од гранците на државата.

Во прв момент, како што е и вообичаено спас зад границите побарале богатите лица. До српскиот конзул во Солун, најголемите богаташи од Солунскиот вилает испратиле барања за помош за добивање на пасоши со цел да заминат во Србија, под претекст дека имаат трговска работа или од здравствени причини и заминување на бања. Но, вусшност се работело за нивно бегање стравувајќи за нивниот живот и животот на нивните семејства.[964] Потоа следувала емиграцијата на жителите од погодените места од востанието. Оваа емиграција била насочена пред сè кон соседните балкански држави, но и поодалечените европски држави, па дури и кон Американски континент.

Во поглед на траењето разликуваме трајна емиграција кон овие држави и привремена, сезонска. Привремената, сезонска емиграција е поврзана со она население кое привремено се засолнило во соседните балкански држави, чекајќи да се смири ситуацијата и да се врати во својата родна грутка. Меѓутоа и меѓу нив

[962] Т. Добриянов, Документи за..., 139-140.
[963] Австриски документи за историјата..., 196. Во согласност со политиките на Австро-унгарија виновни за состојбите во Македонија се сметаат не само османлиските власти, туку и востаниците, па затоа е ваквото обвинување од австрискиот конзул кон комитите.
[964] Љ. Лапе, Нови документи..., 30.

имало население кое изгубило сѐ и повеќе не планирало да се врати. Оваа емиграција е поврзана и со печалбарските традиции, кои ги имало од претходно, а особено се засилиле по задушувањето на востанието. Населението останато без ништо, започнало многу помасовно да заминува на печалба за да стекне средства за обнова на своите домови. Во 1903 година бил донесен едикт со кој припадниците на Егзархијата од Македонија не можеле да влегуваат во Цариград, а оваа забрана продолжила да важи и во 1904 година. Со тоа оние печалбари кои дотогаш заминувале на печалба во Константинопол биле спречени да одат да работат во престолнината, а со тоа лишени од профитабилни приноси на кои биле навикнати со години.[965] Овие печалбари останати без средства за егзистенција биле принудени да бараат нови дестинации за печалба, во некои случаи и надвор од границите на Османлиската Империја. Бројот на Македонци кои заминувале во најоддалечените краеви на Империјата и во странските држави по 1903 година достигнал извонредно високи размери.[966] Цивилниот агент Милер во средината на 1904 година забележува дека бројот на трговци на мало, полски работници или занаетчии кои оделе во различни делови на Османлиската држава и во странство достигнал значителна висина. Исто така веќе бил забележлив и одливот на луѓе кон Америка. Меѓутоа Милер не е сигурен дали станува збор за иселување и тоа го смета за неизвесно.[967] Главно кај привремената емиграција се иселувале мажи на возраст од 20 до 40 години.[968]

**2.** Емиграција од Македонија имало во сите соседни и поодалечени земји. Најголем број на бегалци имало во Бугарија. Од бегалците кои се наоѓале во Бугарија најголемиот дел ја преминал границата при задушувањето на востанието во месеците септември и октомври 1903 година.[969] За бегалци и емиграција во Србија се споменува во повеќе извори, но нема конкртни бројки за нивната големина.[970] Најголем број на бегалци имало во Белград, каде од претходно имало традиција за одење на печалба.[971] Милосрдните сестри во

---

[965] Turkey No. 4 (1904)..., 212.
[966] Истото.
[967] Австриски документи за реформската..., 225.
[968] Австриски документи за историјата..., 158.
[969] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 221.
[970] Документи о спљној..., 452, 609 и 624; Странскиот печат..., 155; Бѣлградъ, Автономна Македония, брой 18, 2 ноемврий 1903, 4.
[971] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 218.



*Слика 6. Бегалци*

Србија собирале и разделувале помош за бегалците од Македонија таму.[972] За некои Македонци пак, Србија претставувала почетна точка и потоа од таму тие емигрирале во Австрија и Романија, а многу од нив и во Америка.[973] На почетокот на април 1904 година, за 14 дена, границата ја преминале речиси 10.000 лица.[974] Повеќе групи на Македонци како печалбари се упатиле кон Словенија, Хрватските земји и Војводина.[975] Еден друг дел од населението кој од претходно одел на печалба во Романија или поради трговски реалции, некои лица занимавајќи сѐ со кираџилак заминувале претходно таму, по востанието ги искористиле овие печалбарски традиции и реалции повлекувајќи ги ѝ своите семејства и трајно населувајќи се Романија.[976]

Во Бугарија вкупниот број на бегалци од османлиска Македонија се движи помеѓу 20.000 до 30.000 лица.[977] Според Г. Тодоровски бројот на бегалци во ноември 1903 година изнесувал 35.000, додека во февруари 1904 година нивниот број се зголемил за уште 30.000 лица.[978] Во октомври 1903 година според Бошко М. Чолак-Антиќ во Бугарија бројот на бегалци од Македонија бил околу 20.000,[979] а според коресподенотот на „Тајмс“ од Македонија и Одринскиот вилает во Бугарија има 22.000 бегалци.[980] Додека во еден апел на македонските комитети во Њујорк и Филаделфија од септември 1903 година пишува дека 40.000 Македонци биле принудени да ја поминат границата за во

[972] Бѣлградъ, Автономна Македония, брой 18, 2 ноемврий 1903, 4.
[973] Странскиот печат..., 155.
[974] Истото.
[975] М. Пандевски, илинденските бегалци..., 218.
[976] Македония, Сборник..., 499.
[977] Во изворите се среќаваат различни бројки, а да се одреди точната бројка е речиси невозможно, бидејќи нивниот број варирал и имало постојан прилив во период кој следувал по востанието, но и одлив, на кои Бугарија им служела како почетна точка за понатамошна емиграција кон други држави.
[978] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 202.
[979] Документи о спољној..., 610,
[980] Bulgaria Haven for Refugees form Macedonia, The Washington Times, 3.

Бугарија.[981] Во мај 1904 година според бугарскиот министер Петков, во Бугарија имало помеѓу 25.000 и 30.000 бегалци од Македонија и Одринскиот вилает.[982] Нандруп споменува 30.000 лица избегани, но не кажува поединости за нив, освен дека само 6.000 се вратиле назад.[983]

За помош на бегалците по предлог на министерот Петков од народното собрание на 22.11.1903 година бил изгласан кредит од 500.000 лева, но во оваа сума влегувала и помош за настраданите во Македонија. Бидејќи сумата се покажала како далеку недоволна биле изгласани уште дополнителни 1.000.000 лева за помош.[984] Овие суми служеле и за поткупување на македонски дејци со цел создавање на растројство и шпионирање.[985] По лични тврдења на Рачо Петров, од ноемвриската помош министерот за внатрешни работи, Димитар Петков отпуштал суми на македонските дејци.[986] Од втората помош од 1.000.000 лева изгласана за враќање на македонско-одринските бегалци, 56.412 лева била исплатена на задграничните претставници Матов и Татарчев, а 82.000 лева иако не е посочено директно во документацијата најверојатно била исплатена на Борис Сарафов.[987] Сарафов бил славољубив по природа и со хедонистички манири, кој знаел да извлече пари од разни страни на име на македонското ослободително дело, но овие средства тој ги користел пред сѐ за задоволување на своето его и амбиција. Своето дејствување во март 1904 година го институционализирал преку т.н. „ Времен комитет“ и по разни основи од бугарската влада добил многукратно финансиски средства, а дел од парите ги испумпувал преку овие фондови за помош на бегалците. Со тие парични средства тој потоа го градел својот имиџ и престиж пред обичните војводи и надворешен свет, а несомнено соодветно обврзувајќи сѐ кон своите „спонзори“.[988] Странските новинари, особено оние кои имале можност да престојуваат во Македонија, ги пренесувале негативните чувства кои се ширеле за Б. Сарафов, кој бил обвинуван за преголема близкост со официјалните

[981] Документи за бробата..., 437.
[982] Turkey No. 4 (1904)..., 156.
[983] Б. Стоичковски, Шведско-норвешки документ..., 202.
[984] А. Динев, Илинденска епопеја, книга втора, 10; С. Славов, ВМОРО..., 20 фуснота 3.
[985] А. Динев, Илинденска епопеја, книга втора, 10.
[986] С. Славов, ВМОРО..., 134.
[987] Истото, 150-151.
[988] Ванчо Ѓорѓиев, Андон Јанев-Ќосето, Скопје 2016, 189-190.

кругови во Бугарија како и за самоволно и неконтролирано располагање со зннначајни владини средства.[989]

Од вака поставените нешта може да се забележи дека Бугарската држава кога ги гласала сумите за помош на настраданите и бегалците, во прв ред не се гижела толку за нивната добробит, а зад маската на хуманитарната помош се криеле интересите за Бугарија за создавање на раздор во Организацијата и зголемување на своето влијание. Сета грижа за бегалците во Бугарија била пренесена на една специјална комисија наречена Специјална комисија за бегалците. До оваа комисија била испраќана помошта во пари и материјали. Во секоја населба кадешто имало бегалци имало месна комисија потчинета на централната.[990] И покрај вака определената помош од Бугарија таа не била доволна. Бегалците биле запустени и преовладувала неопислива сиромаштија.[991] Имало многумина болни и истоштени лица, пред сè деца. Исто така имало тешкотии за изнаоѓање на простории за сместување, покривки и облека.[992]

Во Рилскиот манастир, кој бил поблиску до границата, исто така доаѓале голем број на бегалци. Тие се наоѓале во идентична бедна состојба како и бегалците во другите делови на Бугарија. Монасите со нив го делеле црниот леб и сол со кој располагале и ги потрошиле сите нивни ресурси за помош на гладните бегалци, но „оваа помош била само капка во огнениот океан“.[993] Вион кој ги посетил овие бегалци, ја опишал нивната положба: „Ги проверивме бегалците и нивните делови. Тие се претежно жени, деца и старци. Кутри бедници, барем најдоа мир, топлина и храна, но сето тоа што им беше драго, сопрузи, честа, домот изгубија. Нивните приказни? Исти какви што слушавме безброј пати во Македонија – борба во сосдеството, пристигнување на разгневени турски војници, па масакр, насилство, грабеж и оган. Сега има 800, а минатата недела биле повеќе од 2.000, но биле однесени во внатрешноста на Бугарија во поудобни конаци. Утре ќе пристигнат уште, со свежи приказни за осакатување и хорор“.[994]

[989] С. Славов, ВМОРО..., 134.
[990] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 222-223.
[991] Истото, 225.
[992] Истото, 222.
[993] Macedonian Refugees, Evening Times-Republican, October 15, 1903, 1.
[994] R. Wyon, The Balkans..., 180-181.

Покрај егзистенцијалните тешкотии со кои се соочувале во Бугарија, македонските бегалци не наишле секаде на добар прием и широкоградост од бугарското население. Така неколку кременски семејства кои емигрирале во Софилар (Скобедево), Казанлашко, немајќи од што да се прехрануваат биле принудени да просат. Но Бугарите, таму запонале да ги ругаат, дека биле млади и здрави луѓе кои треба да работат наместо да просат. Не наидувајќи на добар прием овие емигранти пролетта заминале во Пазарџик.[995]

Поради лошиот прием и тешката ситуација во која се нашле, еден дел од бегалците започнал да ја напушта Бугарија и да бара спас во други држави. Уште во октомври 1903 година во Дипломатската агенција на Кралството Србија во Софија доаѓале Македонци кои поради отежнатиот опстанок во Бугарија барале издавање на дозволи за да заминат во Србија.[996] До 27.10.1903 година веќе на 66 Македонци во Бугарија им било одобрено заминувањето кон Србија.[997]

**3.** Емиграција од Македонија кон Америка[998] се зголемила уште во пролетта 1903 година. Министерот за внатрешни дела на Србија, Стојан Протиќ на 8/21.07.1903 година забележал дека во последните неколку месеци 3.000 Македонци преку некој Богомир од Македонија, а населен во Белград, биле испратени за Америка. Ова иселување заземало се поголеми размери.[999] Причините за емиграцијата иако не се наведени се очигледни, тешката ситуација исполнета со насилства, стагнацијата на економијата, трговијата и сл. Ранци од австриското конзулат во Битола забележува дека „иселувањето се насочува пред сè кон Америка и тоа околу ¾ во северна и ¼ во јужна Америка.“.[1000] Дека целта на движењето била исклучиво Северна Америка забележува и генералниот конзул Пара.[1001]

Превозот на емигрантите бил преку бродски компании, од кои повеќето имале свои агенции во Битола и Солун, а било предвидено отварање на една

995 Г. Радулов, Въстанието в селата..., 252.
996 Документи о спољној..., 609.
997 Истото, 624.
998 За емиграцијата кон Северна Америка види Димитар Димески, Миграциските движења од османлиска Македонија кон Северна Америка (1878-1913) - магистерски труд одбранет на Филозофски факултет – Скопје, ментор проф. д-р Ванчо Ѓорѓиевв, 2023.
999 Документи о спољној..., 219.
1000 Австриски документи за историјата..., 159.
1001 Истото, 197.

таква и во Скопје.[1002] Османлиската влада во почетокот формално го забранила емигрирањето во Америка, но увидувајќи дека државата има профит од таксите на парите кои биле испраќани до семејствата на емигрантите, го сменила својот став кон ова прашање.[1003] Инаку емиграцијата кон Америка во голема мера била времена.[1004] Просечниот период на отсуство бил 3 години и веќе кон крајот на 1905 година и особено во 1906 година започнал обратен процес на враќање на емигранти од Америка.[1005]

По востанието започнала уште поголема емиграција кон Америка и САД која продолжила и во наредните години.[1006] Рускиот конзул на почетокот на 1904 година забележал дека емиграцијата кон Америка почнала во последно време и предимно емигрирале млади луѓе.[1007] Со цел да се предизвика македонското население да емигрира во Америка се развила жива агитација.[1008] Во оваа агитација учествувале самите трансатлантски бродски компании поради големиот профит кој им го носела емиграцијата. Имено патните трошоци биле високи и не сите печалбари имале средства за да ги покријат. Според извештај на австрискиот конзул во Битола од 1906 година, одвај половина од иселениците ги имале потребните патни средства.[1009] Покрај патните трошоци постоеле и други трошоци како трошоци за вадење на документи за престој во Америка и сл. Од овие причини, поради големата можност за заработка во османлиска Македонија започнале да се отвораат трансатлантските бродски агенции, кои покрај тоа што го организирале превозот на печалбарите, давале и кредити за иселениците да си ги платат патните и останатите трошоци. Трансатлантските бродски агенции одобрувале кредити врз основа на залог и давање гаранции. Самата камата била прилично висока и таа изнесувала од 2,5 до 3% месечно. Од ваквите кредити и камати, како што е забележано во извештајот на австрискиот конзул „со точното исплатување на долгот заедно со каматата, тие прават најдобри гешефти“.[1010]

---

[1002] Истото.
[1003] Британските конзули..., 375.
[1004] Австриски документи за историјата..., 159.
[1005] B. C. Gounaris, Emigration form..., 146.
[1006] Британските конзули..., 374.
[1007] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 46.
[1008] Bulgarian Revolutionists to Disband, The Topeka Journal, October 19, 1903, 3.
[1009] Австриски документи за историјата..., 159.
[1010] Истото.

Во периодот кој е од наш интерес, односно во зимата 1903/1904 година според Брејлсфорд над 3.000 селани ја напуштиле Македонија и заминале во Америка.[1011] Слични се податоците од Бугарското трговско агентство според кое вкупни 3.889 лица заминале кон Америка до 1904 година.[1012] Разгледувано по кази најмногу лица емигрирале од Леринската каза, вкупно 1.851 лица.[1013] Веднаш зад неа е Битолската каза со 1.538 емигранти, додека од другите кази имало многу помала емиграција[1014] (табела 16).

| | Број на емигранти |
|---|---|
| Леринска каза | 1.851 |
| Битолска каза | 1.538 |
| Преспанска нахија | 239 |
| Костурска каза | 225 |
| Ресенска нахија | 24 |
| Поречка каза | 8 |
| Охридска каза | 4 |

*Табела 16. Број на емигранти кон Америка по населени места до 1904 година*[1015]

## 2. Бегалското прашање и Турско-бугарската спогодба

Во текот на 1903 година состојбата на турско-бугарската граница била мошне тензична и затегната.[1016] Особено по избувнувањето на Илинденското востание таа била на раб до војна. Со цел нормализирање на односите помеѓу двете земји, Бугарија на 20.09.1903 година го назначила Григор Начович за бугарски дипломатски агент во Цариград, кој требал да стапи во преговори со османлиската влада.[1017] Всушност овие преговори помеѓу Османлиската Империја и Бугарија биле поттикнати од Големите сили, а со цел смирување на немирните духови на Балканот и спречување на турско-бугарска војна. Грофот

[1011] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 92.
[1012] ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4302, оп. 1, ае. 110, 12-14.
[1013] Истото, 12.
[1014] Истото, 13-14.
[1015] Табелата е составена соред податоците од ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4302, оп. 1, ае. 110, 12-14.
[1016] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 48.
[1017] В. Китанов. Принос към..., 64.

Голуховски се држел цврсто до ставот да се направи сè што е можно за да се спречи избувнување на судирот помеѓу Бугарија и Османлиската држава.[1018] Преговорите, односно како што пишува Начович до премиерот Р. Петров на 13.02.1904 година „миролубивата политика на бугарската влада остава пристоен впечаток помеѓу амбасадорите; германскиот стана извонредно љубезен и ги опсипува со комплименти кнезот и министерството".[1019] Со умерената политика Бугарија сакала да ја заработи довербата и почитта на европските народи.[1020]

Од друга страна кога ќе се погледне всушност во кои основи се воделе преговорите, Бугарија стапила во нив и од други практични причини. Сместувањето и издршката на големиот број на бегалци кои пристигнале во Бугарија за бугарската влада биле сврзани со големи тешкотии и материјални расходи.[1021] Бугарскиот премиер Данев на 24.01.1903 година уште за бегалците од Врховистичката провокација на британскиот дипломат Елиот му изјавил дека би бил многу задоволен ако се спасат од нив. Кредитот одобрен за нивна помош бил истрошен и тие претставувале голем терет за Бугарската држава.[1022] Меѓутоа и покрај тоа што преговорите помеѓу Бугарија и Османлиската Империја биле започнати како поради надворешниот притисок, така и поради теретот од бегалците, по склучувањето на спогодбата бугарскиот премиер Р. Петров склучувањето на истата го прикажувал „со цел пацификација ние инсистиравме на склучување на турско-бугарски договор".[1023]

Дел од македонските бегалци во Бугарија биле спремни да се вратат во својата татковина, но под услов исполнување на минимални барања. Така бегалците од Разлошко, од опожарените села Белица, Обидим, Кремен, Мехомија и Бачево во едно писмо до околискиот управник на Самоков на 28.09.1903 година изјавиле дека сите тиа сакаат да се вратат во нивните родни места, но не како раја како дотогаш, туку како рамноправни граѓани со исти права како Турците. Исто така бараат да се вратат со бугарски или со руски и австриски чиновници, за да бидат заштитени од самоволието на властите.

---

[1018] Документи за борбата..., 415
[1019] В. Китанов. Принос към..., 95.
[1020] Истото, 103.
[1021] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 222.
[1022] Turkey No. 3 (1903)..., 29.
[1023] ДРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола, мф 4304, оп.1, ае. 133, 31.

Понатаму дека би се вратиле кога ќе се востанови редот заедно со ветените реформи уште од Берлинскиот конгрес.[1024]

Турско-бугарските преговори започнале во октомври 1903 година и траеле речиси половина година. Главни прашања што биле разгледувани се однесуваат на реформите, амнестијата, репатријацијата на бегалците, прекратување на воените подготовки и забрана на револуционерните комитети во Бугарија. Прашањето за амнестија кое било разгледувано, всушност од Османлиската држава било прифатено со прифаќањето на Мирцштегската реформска програма и тоа имало форма на меѓународно договорена обврска. Меѓутоа Османлиите поучени од долгогодишното искуство амнестираните македонски револуционери по амнестирањето повторно да се зафаќаат со револуционерна дејност ја одложувале истата.[1025] Одложувањето на амнестијата пак, го оневозможувало враќањето на бегалците, па затоа ова прашање било поставено како едно од поважните од страна на Начович.

Османлиските власти до Бугарската влада настапиле со барање да исполни: премавнување на дејствувањето на комитетите, прекратување на воените подготовки, спречување на внесување на секаков вид експлозиви во Империјата, и назначување на еден муфтија во Софија кој ќе го претставува Шејх-ул-ислам во религиозната дејност на муслиманите.[1026] За возврат Портата би се ангажирала во исполнување на амнестија на некриминалните престапници, примена на Мирцштегската реформска програма, премавнување на санкциите за бугарските и румелиските стоки и востановување на директна железничка линија до Мустафа паша.[1027]

Бугарската држава од друга страна претставена од Начович до Османлиската држава имала поголем број на барања. Меѓу поважните барања биле: полна амнестија за сите кои директно или индиректно учествувале во востаничките дејствија, помош на „Бугарското население“ во Европска Турција и бегалците во Бугарија, обезбедување на најширока општинска автономија за „бугарското население“ во Солунскиот, Битолскиот, Скопскиот и Одринскиот вилает, допуштање на „Бугарите“ во судски и административни должности какви што

---

1024 Македония, Сборник..., 496-497.
1025 М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 227.
1026 В. Китанов. Принос към..., 68.
1027 Истото.

имале муслиманите, употреба на бугарскиот јазик заедно со турскиот во институциите на санџаците и казите и да не се прибегнува до административно испраќање на заточение.[1028] За возврат бугарската влада се обврзувала да ги исполните условите: преземање на сите потребни мерки за да не се формираат и организираат револуционерни комитети на нејзина територија, спречување на внес во Османлиската Империја на секакви експлозивни и запалливи материи, обезбедување на нормално функционирање на Муфтиствата согласно бугарскиот устав и склучување со османлиската влада на воен договор.[1029]

Како течеле преговорите, барањата се намалувале, што е и очекувано кога се водат преговори најпрвин да се настапи со максимални барања и од двете страни. Подоцна бугарскиот премиер Р. Петров на 11.02.1904 година го известил Начович преговорите да ги води на четири основи: 1. Општа амнестија на обвинетите за учество во востание во Македонија; 2. Гаранции за исполнување на Мирштегските реформи; 3. Востановување на црковни и училишни права на „бугарското население“ во Турција; 4. Да престанат произволните мерки против бугарските поданици и трговија.[1030] Според премиерот уредувањето на прашањето за црквите и училиштата било извонредно важно за иднината.[1031] Оттука се гледа колку Бугарската држава повторно ги гледала исклучиво своите интереси, а ни најмалку интересите на населението во османлиска Македонија за кое всушност била толку многу „загрижена“. Таа барала начин за да го прошири своето влијание во Македонија и се обидувала да обезбеди истрасиран терен со овие преговори, истовремено ослободувајќи се од теретот од македонските бегалци. Попатно доколку успее гледала како да добие и некои трговски поволности.

Спогодбата помеѓу Османлиската Империја и Кнежевството Бугарија била склучена на 26.03/08.04.1904 година.[1032] Од бугарска страна како претставник договорот го потпишал Начович, а од османлиска страна претседателот на државниот совет Саид паша и началникот на артилеријата Зеки паша.[1033]

---

[1028] Истото, 69-70.
[1029] Истото, 70.
[1030] Истото, 94.
[1031] Истото, 95.
[1032] В. Китанов. Принос към..., 126; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 100, Turkey No. 4 (1904)..., 127.
[1033] В. Китанов. Принос към..., 127; Х. Силянов, Освободителнитѣ борби..., томъ втори, 100.

Спогодбата содржи осум точки или членови. Првата и втората точка се однесуваат Кнежевството да спречува формирање на револуционерни комитети и внесување на експлозивни и слични материјали во Османлиската Империја. За последиците од востанието се однесуваат главно третата и четвртата точка. Третата точка се однесува на примена на Мирцштегските реформи и амнестијата која ја ветил султанот да стапи на сила. Четвртата точка е за репатријацијата на бегалците. Со оваа точка се предвидува жителите на Румелиските провинции кои поради метежите во последните две години преминале во Бугарија или Источна Румелија и кои се наоѓале таму да се вратат во своите родни места, со државна (турска) помош за нивно враќање и обнова на нивните домови. Петтата точка се однесува за предавање на престапници и дезертери кои пребегнале во Кнежеството и Источна Румелија. Шестата точка се однесува на царините, а седмата за железничките линии помеѓу двете држави. Последната точка се однесува за граѓанските и судските служби да бидат достапни за сите според способностите.[1034]

### 2.1. Репатријација на бегалците од Бугарија

**1.** Веднаш по потпишувањето на спогодбата се пристапило кон нејзина примена. Согласно постигнатиот договор со кој се предвидувала репатријација на бегалците кои се наоѓале во Бугарија, генералниот инспектор за трите вилаети Хилми паша изготвил на 14/27.04.1904 година инструкции за начинот на кој ќе се врши враќањето на бегалците. Со инструкциите било предвидено и се формирале комисии на кои требало да бидат поверени бегалците. Било предвидено комисиите да се составени од компетентни лица назначени директно од генералниот инспектор. Секоја од комисиите добила списоци на семејства од вилаетите кои ги напуштиле домовите во последните две години. Репатрираните на овој начин не требало да платат никаков „бакшиш“, односно мито за својата сопственост и домови. Доколку некој бегалец поради невнимание или грешка не бил внесен во списоците, била потребна гаранција од нивните блиски за да може да се врати.[1035] За изготвување на списоците на османлиски граѓани кои во последните две години избегале на територија на Кнежевството

[1034] В. Китанов. Принос към..., 126-127.
[1035] Истото, 188-189.

и Источна Румелија била задолжена бугарската влада. Истите требало да се изготват по села, нахија, каза и вилает.[1036] За премин на бегалците биле отворени неколку пунктови и тоа: Деве Баир (Ќустендилско), Бараково (Дупничко), Демир Капја (Самоковско), Лжене при постот Пашово (Пештерско), Чепеларе (Станимашко).[1037]

На почетокот на мај репатријацијата официјално започнала и првите групи на бегалци започнале да пристигнуваат во османлиска Македонија. Според британски извештаи околу 4.000 бегалци ја поминале границата во овој период.[1038] Меѓутоа репатријацијата не течела без проблеми. Веднаш искрснале проблеми околу протокот на бегалци на граничните пунктови. Османлиските власти не дозволувале минување на повеќе од 100 лица дневно преку пунктовите.[1039] Ова прашање било набргу решено и Хилми паша издал заповед да се пропуштаат онолку лица колку што ќе успеат да преминат во текот на денот.[1040] Сепак, и понатаму османлиските власти наоѓале изговори да не ги пропуштаат сите бегалци. Така на Чепеларскиот пункт не биле пропуштени 29 бегалци, под претекст дека биле избегани пред повеќе од две години.[1041] Истото се случило и на пунктот Бараково, каде за два дена не биле пропуштени 68 лица од истата причина.[1042] Исто така Портата одбивала да ги прими назад и учителите кои избегале во Кнежевството или Источна Румелија. На учителите не им било дозволено да се вратат, бидејќи тие по пристигнувањето во Бугарија бил вработени во училиштата. Образложението од Портата било дека тие веќе влегле во работен однос зад границата поради што немаат право да се вратат.[1043] Всушност, во заднина на забраната за враќање на учителите се криела причината за нивното масовното учество во востанието и Организацијата. Со недозволувањето да се вратат, османлиските власти имале можност да ги прочистат училиштата од неблагонадежните.[1044]

---

[1036] Истото, 200.
[1037] Истото, 208.
[1038] Turkey No. 4 (1904)..., 156.
[1039] В. Китанов. Принос към..., 207.
[1040] Истото, 216.
[1041] Истото, 213.
[1042] Истото, 221.
[1043] М. В. Михов, С кърст..., 112.
[1044] Истото, 115.

Вкупниот број на македонски бегалци кои не биле пропуштени, а сакале да се вратат, според бугарскиот дипломатски агент во Берлин, М. Шишманов изнесувал 3.000.[1045] Всушност, непропуштањето на бегалците било тактика на Османлиската држава. Иако начелно таа се согласила тие да се вратат, на секој начин гледала како да го намали бројот на вратени бегалци. Тоа било во согласност со нивната политика за намалување на населението. За Македонските вилаети не најдовме податок, но за Одринските вилаети дури најдовме официјален документ од дворската канцеларија до Големото везирство каде изрично се вели „бидејќи не е во интерес на Османлиската Империја да се зголемува бројот на бугарско население во Одринско, не треба да им се дозволи на оние Бугари кои на времето избегале да се вратат“.[1046]

Предвидениот рок до кој требала да заврши репатријацијата на македонските бегалци бил средина на јуни 1904 година.[1047] Меѓутоа во предвидениот рок не било возможно да се заврши репатријацијата. Затоа бугарската влада побарала продолжување на рокот. Портата го прифатила барањето и репатријацијата била продолжена до 04.08.1904 година.[1048] Во август како што било договорено комисиите за примање на бегалците биле распуштени. Сепак, Големиот везир изјавил дека бегалците и понатаму ќе можело да се вратат преку вообичаените патни правци, каде што издал заповед да се прават олеснувања за нив.[1049]

**2.** Бројот на вратени бегалци во Македонија до средината на јули 1904 година изнесувал повеќе од 6.000 лица според дипломатските претставници и европската јавност.[1050] Од друга страна Хилми паша на 1 мај изјавил дека бројот на вратени лица како резултат на амнестијата изнесувал 8.572 лица.[1051] Но пашата не бил постојан во своите изјави и набргу потоа, на 7 мај изјавил дека се вратиле околу 3.000 бегалци.[1052] Вкупниот процент на вратени бегалци во текот на целиот период според цивилните агенти изнесувал 85% од вкупниот број на

---

[1045] В. Китанов. Принос към..., 348.
[1046]Документи за Българската..., 241.
[1047] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 230.
[1048] Истото, 230-231.
[1049] В. Китанов. Принос към..., 318.
[1050] Австриски документи за реформската..., 225; Turkey No. 4 (1904)..., 212; Странскиот печат..., 175.
[1051] Документи за Българската..., 238.
[1052] В. Китанов. Принос към..., 220.

бегалци.[1053] Според пресметките на М. Пандевски барем половина од бегалците од Бугарија се вратиле назад во текот на месеците јули и август 1904 година.[1054] Сепак, еден голем дел од бегалците не се вратил и не сакал ниту да се врати, бидејќи куќите им биле уништени.[1055] Според цивилните агенти бројот на лица кој не се вратил изнесувал 6.000.[1056] Така жителите на селата Прекопана, Бобишта, Мокрени и Загоричани во август 1904 година сè уште не биле вратени во своите села.[1057] Во селото Белица се вратиле само 1.200 нуфузи, додека 2.000 останале во Бугарија.[1058]

**3.** Османлиската влада за помош на бегалците предвидела отпуштање на кредит.[1059] Обезбедената сума од Портата изнесувала 4.000 лири, но во оваа сума влегува и Одринскиот вилает.[1060] Помош во вид на кредит предвидела и бугарската влада. Таа земала заем од Земјоделската банка во висина од 40.000 лири, кој би го плаќале селаните по пет години без интерес.[1061] Друштвото на пријатели за македонските бегалци пак, распоредило 1.500 лири за селата Белица, Балдево, Баница, Кремен и Обедим.[1062]

Определената помош ни од далеку не била доволна. Положбата на вратените бегалци била критична до крајност. Околу 7.000 лица вратени во Македонија се наоѓале во лоша состојба. Во Охрид рапатрираните се наоѓале на раб на гладување.[1063] Османлиските власти со помошта делена во храна правеле малверзации. Бегалците во селото Белица од османлиската комисија добиле по 40 оки пченка по лице, но тоа била тежина заедно со кочаните, па излегувало околу 26 оки во зрна. Исто така им биле поделени по 150 драми грав за прехрана за 2 месеци, како и по половина турска лира за да си купат земјоделски орудија. На дел од населението на кој властите му го продале добитокот, сега му ги исплатиле парите од него. За економската ситуација на бегалците да биде уште полоша, Турците во нивно отсуство ги изорале најдобрите нивни ниви, кои биле

---

[1053] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 184.
[1054] М. Пандевски, Илинденските бегалци..., 231.
[1055] В. Китанов. Принос към..., 209.
[1056] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 184.
[1057] Македония и Тракия..., 273.
[1058] Истото, 346.
[1059] В. Китанов. Принос към..., 189.
[1060] Turkey No. 4 (1904)..., 156.
[1061] Истото, 167.
[1062] Истото, 173.
[1063] Истото, 174.

оставени под угар. Властите наредиле производството од овие ниви да се подели на половина помеѓу сопствениците и тој што ја посеал нивата. Со тоа била сторена голема неправда кон вратените бегалци, бидејќи на овој начин според месните обичаи, се делело производството кога целиот труд и семето биле од најмувачот, а во конкретниот случај тој само еднаш ја изорал земјата и ја посеал, а бегалците пред тоа за да ја подготват земјата ја имале орано 4 пати.[1064] Не била ништо поразлична ниту ситацијата со изградбата на куќите во Белица. Населението ниту имало добиток за да си донесе градежни материјали, ниту пак алати. Затоа во селото била изградена само една куќа и тоа на лице кое не било бегалец, и кој започнал да ја гради истата уште во март 1904 година.[1065]

Состојбата на бегалците била речиси идентична во цела османлиска Македонија. Дел од куќите на бегалците биле во голема мера уништени од војската која се сместила во нив и која постепено го уништувала инвентарот, подовите и слично користејќи ги истите за огрев.[1066] Во некои од куќите и по враќањето на бегалците сè уште престојувале турските војници. Напразни биле сите молби за ослободување на куќите.[1067] Затоа некои бегалци биле принудени да спијат под отворено небо,[1068] или по четири семејства да живеат заедно во една куќа.[1069]

Во поглед на обновата на куќите од Портата за изградба биле давани по 500 куруша заем, но како залог за враќање на заемот селаните требале да ги стават своите фарми.[1070] Од друга страна на оние чии куќи биле сосем збришани им биле дадени по 50 куруша, „но на патот меѓу границата и селото има многу војници. Многу мудар треба да биде оној што ќе стигне дома со своите педесет пијастри!“ – забележува Џон Бут кој ја посетил Македонија во овој период.[1071]

**4.** Тешката материјална положба не бил последниот проблем со кој се соочиле репатрираните. Против нив се извршиле и многу насилства.[1072] Опстанокот им бил крајно небезбеден, а властите против одделни повратници

---

[1064] Македония, Сборник..., 499.
[1065] Истото, 500.
[1066] Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, 212.
[1067] Странскиот печат..., 161-162.
[1068] Истото.
[1069] Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, 212.
[1070] Истото.
[1071] Истото.
[1072] Странскиот печат..., 157.

во зависност од обвинувањето презеле репресивни мерки.[1073] Така во Кукуш бегалците кои се вратиле биле веднаш упасени под претекст дека избегале во Бугарија пред повеќе од две години.[1074] Џон Бут на еден циничен начин ја критикува османлиската власт: „Заклучивме дека внатрешноста е во својата вообичаен состојба на лажен спокој; дека репатријацијата (ужасен збор) на бегалците се одвива под несреќни околности; дека сите нивни уништени куќи Турците веќе ги обновиле или го прават тоа во моментов, па ќе бидат убави и удобни за повратниците; дека во земјата не постои такво нешто, односно востаник, и, на крајот, дека насекаде владее длабок мир“.[1075]

Од друга страна ништо подобра не била ниту положбата на бегалците кои решиле да останат во Бугарија. Бугарската држава гледала и барала начин на кој би ги присилила македонските бегалци да ја напуштат државата, пристапувајќи и кон порадикални мерки за отежнување на нивната положба и престој. Бугарската влада по потпишувањето на договорот започнала многу строго да постапува со македонските бегалци, па дури и да ги затвара.[1076] Веднаш по стапувањето на сила на договорот и започнување на процесот за репатријација, на 24.04.1904 година од окружните управители во Ќустендил, Пловидв, Стара Загора, Бургас и Варна било побарано да ги известат бегалците во нивните окрузи за постигнатиот договор и можностите за нивно враќање во родните места. Притоа од 01.05.1904 година се скратувала помошта за нив и немало да се пушта никаква помош од бугарската држава, поради нивната можност за враќање.[1077] Покрај сопрената помош, секој еден кој ќе одбиел да се врати во Македонија, а престојувал во Бугарија, по автоматизам ќе се третира за бугарски државјанин и во таа смисла биле издадени упатства на бугарските даночни власти.[1078] Па така не било доволно кратењето на помошта, туку веднаш се пристапувало и со барање за бегалците да платат данок, сѐ со цел да ги присилат да се отселат. Каква хуманост!

Фредерик Мур во 1905 година потпишаниот турско-бугарски договор смета дека не ја променил многу ситуацијата во османлиска Македонија, освен што на

---

1073 Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 203.
1074 В. Китанов. Принос към..., 260.
1075 Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, 181.
1076 Странскиот печат..., 156.
1077 В. Китанов. Принос към..., 208-209.
1078 Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 203.

Бугарија и давал *locus standi* во македонското прашање, кое дотогаш ѝ било одбивано, бидејќи во овој период таа сè уште била вазална држава.[1079] Интересите поради кои бил склучен турско-бугарскиот договор биле прозрени и од страна на Организацијата. Колебливото поведение на Бугарија за време на собитијата од 1903 година и потоа со договорот кај повеќето македонски револуционерни дејци наишло на критика и траен негативен став кон официјалната бугарска политика. Тие согледале дека македонското прашање се исползувало како елемент во политичките комбинации и игри.[1080]

### 2.2. Прашањето за амнестија

Единствениот успех од потпишувањето на турско-бугарскиот договор, ако воопшто може да се каже дека е успех на договорот било давањето на амнестија од страна на султанот. Всушност амнестијата била предвидена уште со Февруарските реформи од 1903 година. Во ставот 8 од овие реформи е напишано: „Многубројните апсења извршени по неодамнешните немири во трите вилаети ги возбудија духовите, со оглед на тоа, за да го забрза враќањето на нормалната ситуација, Отоманската влада ќе прогласи амнестија за сите обвинети или осудени од политички причини, како и на емигрантите".[1081]

Предвиденото спроведување на одредбите од Февруарските реформи со донесувањето на Мирцштегската реформска програма значело задржување на одредбата за амнестија. Уште повеќе што со членот 5 од Мирцштегската програма се предвидувало веднаш да се востановат комисии составени од еднаков број на христијански и муслимански делегати заради разгледување на политички и други престапи извршени во текот на немирите. Во овие комисии учество требале да земат и конзулските претставници на Австро-Унгарија и Русија.[1082]

Султанот и Портата го одолговлекувале давањето на амнестија, но на крајот попуштиле. Секако дека во тоа улога одиграл и потпишаниот договор со Бугарија, но амнестијата била дадена и поради силниот притисок од европската

---

[1079] The Balkan question..., 227.
[1080] С. Славов, ВМРО..., 59-61.
[1081] Документи за бробата..., 413.
[1082] Истото, 420.

јавност, како и од едноставни економски причини.[1083] Конечно, на 13 април 1904 година султанот донел ираде со кој се прогласувала амнестија.[1084] Амнестијата предвидувала ослободување на христијани и муслимани кои до немирната 1903 година имале извршено одредени дејствија. Таа ги опфаќала и оние кои имале пребегнато во Бугарија или се криеле во внатрешноста на Империјата, што било во согласност со турско-бугарскиот договор. Исто така таа важела и за лица кои не биле уште осудени и кај кои сè уште траела истражната постапка.[1085] Исклучени од амнестијата биле само оние кои употребиле динамит за уништување јавни институции, мостови, железници, односно првенствено тоа се однесувало на учесниците во Солунските атентати и на лицата кои учествувале во кревањето на мостот на реката Ангиста во април 1903 година.[1086]

На 13 април во вилаетските центри на јавните места и на повеќе јазици било прочитано султанското ираде.[1087] Во Битола низ целиот град биле залепени соопштенија за амнестијата која ја доделил Султанот. Притоа се истакнало дека таа ќе важи и за оние кои избегале, но сакале да се вратат во татковината.[1088]

Со стапувањето на сила на амнестијата, веднаш се пристапило кон ослободување на затворениците. Веќе на 1 јуни амнестираните кои биле затворени во затворот во Дијарбекир пристигнале во солунското пристаниште.[1089] Вкупниот број на затвореници амнестирани со амнестијата изнесува 1.301 лице. Меѓутоа меѓу нив, не биле само лица директно вклучени во востаничките дејствија, туку и лица осудени пред востанието како соработници, учесници во некои судири или во подготовките на востанието. Погледнато поединечно по затвори од затворот во Дијарбекир биле амнестирани 204 затвореници;[1090] од затворите во Битолскиот вилает 412 лица, помеѓу кои и 103 лица муслимани, кои во текот на востанието вршеле насилства врз

[1083] Глигор Тодоровски, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Гласник на Институтот за национална историја, год. 15, бр. 3, 1971, 205.
[1084] Извештаи од 1903-1904..., 173.
[1085] Амнестирани илинденци..., 71-163.
[1086] Амнестираните илинденци..., 10; В. Ѓорѓиев, Прашањето за амнестија..., 84.
[1087] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 200.
[1088] В. Китанов. Принос към..., 148.
[1089] Turkey No. 4 (1904)..., 171.
[1090] Амнестираните илинденци..., 17-68.

христијанското население;[1091] од централниот затвор во Скопје 88 затвореници[1092] и од затворот во Солун и околните области 597 затвореници.[1093]

Паѓа во очи дека од најмалку 4.000 затвореници биле ослободени само 32,52%. Па се поставува прашањето што станало со останатите 67%? Во прв ред, дел од нив како што веќе беше истакнато понапред ги загубиле животите во затворите. Друг дел не бил ослободен, бидејќи бил очевидно со обвиненија за учество во динамитски дејствија. Но, еден дел не бил ослободени поради неспроведување на амнестијата во целост. Бугарскиот агент А. Тошев пишува дека за одреден број затвореници во Битолскиот затвор се појавиле мошне тешкотии за да се разбере кој е политички, а кој обичен престапник. Така валијата му изјавил дека затворениците од селата Буф и Брусник нема да бидат ослободени, затоа што тие биле обични убијци.[1094] Истото го забележува и австро-унгарскиот конзул Крал кој известува дека „такво двоумење се појавува за некои политички убијци, за такви, чии евентуални други престапи барем делимично би можеле да се класифицираат како неполитички, кај лица против кои од било каков граѓанско-правен основ се бараат оштети и сл.“.[1095] Крал во истиот извештај забележува дека при спроведувањето на амнестијата често доаѓало до противречни решенија кои воделе кон недоразбирање и други поводи. До такви ситуации доаѓало бидејќи валијата истовремено се обраќал и до Генералниот инспектор и до Портата, иако согласно Мирцштегската реформска програма валиите биле „лишени од правото на директни врски со Цариград ако институцијата на генералниот инспектор не треба да биде друго ништо освен пречка за управување“.[1096]

Амнестијата неуспех доживеала во однос на амнестирањето на водачите во Илинденското востание.[1097] Имено со амнестијата сите политички престапници кои ќе се покаеле и ќе престанат да бидат востаници имале право да ја користат амнестијата која ја да султанот. Во рок од 40 дена тие требало да се пријават кај властите, по што следувало снабдување со илмихабере (потврда) и ќе можеле да

[1091] Истото, 412.
[1092] Истото, 208.
[1093] Истото, 597.
[1094] В. Китанов. Принос към..., 190-191.
[1095] Извештаи од 1903-1904..., 173.
[1096] Истото, 173-174.
[1097] Види В. Ѓорѓиев, Прашањето за амнестија...

се вратат во своите родни места. Оние лица кои немало да се предадат во предвидениот рок, по истекот повеќе немало да имаат таква можност и ќе биле преследувани согласно законите.[1098] Овој рок Хилми паша потоа го продолжил за уште еден месец.[1099] Меѓутоа и покрај вака прокламираната амнестија водачите на Организацијата како Груев за да не се дискредитираат воопшто не размислувале доброволно да се предадат.[1100] Притоа како резултат од една страна на применување на недоречени, комплицирани и непрецизни процедури за легализација и од друга страна незадоволството на водачите на револуционерното движење од Мирцштегските реформи и решеноста да се борат понатаму, поради што ја отфрлале амнестијата, таа доживеала тотално фијаско во овој поглед. Дури и оние што изразиле желба да бидат амнестирани „власта не сакала да ги амнестира. Оттука, предавањето и амнестирањето на илегалните вооружени активисти на ТМОРО се свеле на инцидентна појава на поедини лица од низок ранг, кои случајно или под пристисок на стихијата се нашле во востанието“.[1101]

Бугарскиот премиер Р. Петров во испратените инструкции до бугарските претставници во престолнините на Големите сили од 08.04.1905 година пишува дека Портата била далеку од исполнување на обврските од договорот, амнестијата ја смета за мамка, а свештениците и учителите кои добиле амнестија не добиле дозвола за да ги исполнуваат совите должности.[1102] Очигледна е фрустрацијата на Петров бидејќи со недозволувањето на гореспоменатите да работат се отежнувало ширењето на бугарската пропаганда. Всушност, факт е дека султанската амнестија имала одреден успех, и покрај сите опструкции од властите и избегнување да се амнестираат сите лица во целина со амнестијата. Бројката од 1.301 амнестирано лице не е воопшто за отфрлање.

## 3. Стагнантен раст на населението

Задушувањето на востанието проследено со голем број на жртви, како цивилни така и востанички, како и емиграцијата предизвикале пад на

[1098] В. Китанов. Принос към..., 132; Г. Тодоровски, Неколку нови..., 210.
[1099] В. Китанов. Принос към..., 295; Австриски документи за реформската..., 231.
[1100] Извештаи од 1903-1904..., 174.
[1101] В. Ѓорѓеив, Прашањето за амнестија..., 92-93.
[1102] ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4304, оп. 1, ае. 133, 31.

населението, и стагнација во растот во наредните години. Да се одреди точната бројна состојба на население непосредно по востанието е невозможно, бидејќи веднаш по востанието не бил спроведен попис. Всушност статистичките извори од овој период никогаш не можеме да ги земе со апсолутна сигурност за точни и за годините кога располагаме со податоци. Секогаш во предвид треба да се имаат методолошките принципи, односно кој попишувал, со која цел и од која побуда било попишувањето. Постојат повеќе причини зашто овие статистики не можеме да ги зимаме со сигурност како точни. Жителите во Османлиската Империја биле запишувани во нуфузи, кои претставуваат еден вид матични книги, но тие не биле точно водени, а со бројките се правеле манипулации. Христијаните не го кажувале својот точен број, и го смалувале поради даноците, а муслиманите поради служењето на воен рок, додека пак, женските лица воопшто не ни влегувале во статистиките на Османлиската Империја. Ваква била ситуацијата во местата каде што се правеле нуфузи, бидејќи имало и места како Дебар, Љума и други каде воопшто тие не се правеле.[1103] Османлиите биле свесни за грешките, па затоа повеќе го бележеле бројот на куќи во одредени места, отколку бројот на жители. Покрај сето ова, секој валија бил должен на секои пет години да издаде селнаме за својот вилает, кое претставувало годишник во кој биле внесувани статистички податоци за жителите, школството, судовите, стопанството итн. Знаејќи како се водат нуфузите и другите статистички податоци во Османлиската Империја, и селнамињата претставуваат несигурен извор на податоци.[1104] Статистиките на црковните власти исто така не се точни, бидејќи свештениците го намлувале бројот на верниците за да плаќаат помали даноци на повисоките органи во црковната хиерархија, а митрополитите пак, произволно го зголемувале бројот на верниците за да ја прикажеле пред своите претпоставени активноста во привлекување на македонското население кон себе. Со резерва треба да се гледаат и конзулските извештаи, затоа што тие податоците ги добивале посредно, преку трети лица, или спроводници на туѓи влијанија.[1105] Се случувало попишувачот воопшто да не го посети местото за кое пишува.

---

[1103] Светозар Томиќ, Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник, Браство, 17, 1923, 228.
[1104] Истото, 228.
[1105] Г. Тодоровски, Малореканскиот предел..., 24.

Со цел барем приближно да ја процениме бројната состојба на населението ќе се служиме со статистиките на Васил К’нчов од 1900 година и на секретарот на бугарската егзархија Димитар Мишев од 1905 година. Бидејќи немаме статистика веднаш пред востанието и веднаш потоа од 1903 или 1904 година, пртпоставуваме дека во периодот од 1900 година па до 1903 година населението најверојатно имало одреден пораст, за да во текот на востанието и потоа бројот опадне. Но во 1904 година веќе со договорот за репатријација одреден број од населението со вратил, така што до 1905 година веќе тоа очекувано е да имало одреден пораст. Погледнато по број на население по кази и вилаети се забележува дека во некои кази тоа има одреден пораст во периодот 1900-1905 година, но тој не е многу голем, а од друга страна во некои кази во овој период дури бројот на населението опаднал, иако веќе имале поминато две години од востанието. Колку бил голем падот на населението во настраданите села веднаш по востанието се гледа од еден извештај на Пелагониската егзархиска митрополија од крајот на 1903 година во кој се вели дека во селата Загоричани, Мокрени и Бобишта нема потреба да се отворат училиштата бидејќи немало население.[1106]

**1.** Во Битолскиот вилает во периодот од 1900 година до 1905 година вкупниот број на христијанско население пораснал за само 6,24%. Интересно е што во казите како Битолската и Костурската, каде што имало голема материјална штета и човечки жртви од востанието, веќе во 1905 година има значителен пораст на христијанското население. Исклучок претставува Охридската каза каде што е забалежлив сѐ уште пад на населението и тоа за 4,29%. Најголем пад на населението има во Дебарската каза и тоа за 14,48%.

| | 1900[1107] | 1905[1108] | Стапка на раст |
|---|---|---|---|
| Битолска каза | 116.199 | 128.554 | + 10,63% |
| Охридска каза | 49.688 | 47.552 | - 4,29% |
| Леринска каза | 46.295 | 50.252 | + 8,54% |
| Прилепска каза | 59.731 | 55.188 | - 7,60% |

[1106] ДАРСМ фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916 01.0491.0003.0090/0198-0198.
[1107] Васил Кънчов, Македония, Етнография и статистика, София 1900, 242, 247, 251, 254, 258, 262, 264, 268, 271, 274 и 281.
[1108] D. M. Brancoff, La Macédoine et..., 242.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кичевска каза | 28.740 | 28.304 | + 9,96% |
| Дебарска каза | 16.138 | 13.800 | - 14,48% |
| Реканска каза | 15.236 | 18.872 | + 23,86% |
| Кајларска каза | 11.446 | 13.812 | + 20,67% |
| Кожанска каза | 9.273 | 8.520 | - 8,12% |
| Населичка каза | 25.292 | 25.171 | - 0,47% |
| Костурска каза | 62.398 | 74.717 | + 19,74% |
| Вкупно во Битолски вилает | 437.436 | 464.742 | + 6,24% |

*Табела 17. Број на христијанско населението и стапка на раст во Битолскиот вилает*

Опаѓањето на бројот на население се должел како на востанието, така и на емиграцијата, но и несигурниот живот. Оттука сметаме дека во некои кази како во Дебарската бројот на население е намален иако таа не претрпела некои значителни последици од востанието. Во овој крај особено се разбојничките напади и грабежи поради нестабилноста. Порастот на населението во 1905 година пак, во кази кои претрпеле значителна штета како Костурската и Битолската ни говори дека најголемиот дел од населението се вратил и очигледен е позитивниот ефект на емиграцијата во овие кази, кои испраќале пари до домашните со кои селата започнале да се обновуваат. Инаку пред 1905 година во Битолската каза каде е забележан раст на населението од 10,63%, имало голем број на пусти села. А Шопов во својот извештај пишува дека во Битолската каза по востанието исчезнале селата Вакаф, Егри вакаф, Радомир, Чарма, Влахлар, Вочени, Кочишта, Мачкарица, Стрежево, Свиништа, Кобалевци, Смилево, Старо-Смилево, Суфо Грло, Цапари, Ѓавато, Метимер, Зулица и Подзем.[1109] Но, повеќето од овие села веќе во 1905 година повторно се населени и населението се вратило. Сепак имало и места кои не се опоравиле во толкава мера од востанието, каков што е случајот на градот Крушево, кое се соочило со најмасовната депопулација дотогаш.[1110] Поради големата материјална штета, претрпените загуби, лошата економска положба во која се

1109 ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4310, оп. 1, ае. 288, 2.
1110 Астериос Ј. Кукудис, Власите: Метрополи и дијаспора, Скопје 2013, 446; Јован Трифуноски, Варошица Крушево. Прилог проучавању варошица у Н.Р. Македонији, Гласник Етнографског института Српске академије наука, књ. IV–VI (1955–1957), 1957, 189.

нашле жителите и гладот кој се појавил, по востанието населението започнало масовно да емигрира. При бомбардирањето на градот за време на Илинденското востание се споменува дека гратчето имало околу 15.000 жители, а во прилог на таквото мислење оди и статистиката на Никола Киров Мајски според кој градот имал 1.450 патријаршиски, 1300 егзархиски и 100 албански куќи, од што би произлегло дека градот броел околу 15.000 жители.[1111] Иста бројка дава и Гастон Рутие.[1112] Но веќе во 1905 година според Мишев гратчето има 12.094 жители.[1113] Евидентно е намалувањето за 19,37%. Жителите немајќи средства за живот започнале уште помасовно да заминуваат на печалба. Истовремено многу семејства им се придружиле на мажите печалбари, а насекаде низ Македонија биле основани нови или пак дошло до засилување на старите крушевски колонии.[1114] Иселувањето продолжило и во наредниот период, секако како резултат на влошената ситуација во градот, за да во 1913 година според спроведениот попис живеат само 7.941 жител.[1115] Според ова во период од само десет години бројот на жители во Крушево опаднал за 47,06%. За толкаво намалување на бројот на жители секако допринеле и Балканските војни. Особено масовно било иселувањето на мијачките семејства, пред сè во Бугарија.[1116] Зголемената емиграција од Крушево, придонела за дополнително влошување на економската состојба на населението во градот.

---

1111 Историја на Крушево..., 58.
1112 Македонија во делата на странските патописци 1903, 162.
1113 D. M. Brancoff, La Macédoine et sa population chrétienne, Paris 1905, 172.
1114 А. Ј. Кукудис, Власите: Метрополи..., 446.
1115 Борче Илиевски, Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година), Скопје 2017, 76.
1116 Ј. Трифуноски, Варошица Крушево..., 193.




*График 1. Број на христијанско населението и стапка на раст во Битолскиот вилает*

**2.** Во Солунскиот вилает порастот на христијанското население е исто така стагнантен во посочениот период и стапката на раст е речиси идентична со Битолскиот вилает, односно таа изнесува 6,21%. Погледнато по кази евидентно најголем негативен раст, односно депопулација имало во казите Саричабанска и Касандра, кази кои не биле погодени многу директно од востанички дејствија, но не значи дека секогаш главната причина за иселување треба да се востаничките дејствија. За тоа дејствувале и економските фактори на кои непосредно и посредно влијаело задушувањето на востанието. Од друга страна депопулација има и во кази како Дојранската, Тиквешката, Струмичката, Драмската каде што имало востанички акции. Дури и во Солунската каза, во која спаѓа градот Солун како најголемо пристаниште во Европска Турција, и второ по значењето по Цариград, иако во периодот 1900-1905 година е забележителен раст на христијанското население, тој е незначителен и изнесува само 2.08%. Ова е индикатор дека ниту економијата не била во најдобар ред.

| | 1900[1117] | 1905[1118] | Стапка на раст |
|---|---|---|---|
| Солунска каза | 69.978 | 71.435 | + 2,08% |
| Лангаза каза | 20.245 | 24.618 | + 21,60% |
| Касандра каза | 30.354 | 21.925 | - 27,76% |
| Енице Вардарска каза | 27.065 | 31.141 | + 15,06% |
| Берска каза | 31.333 | 26.656 | - 14,92% |
| Кукушка каза | 23.250 | 29.968 | + 28,89% |
| Дојранска каза | 10.826 | 8.792 | - 18,78% |
| Гевгелиска каза | 30.728 | 33.459 | + 8,88% |
| Воденска каза | 27.142 | 31.550 | + 16,24% |
| Тиквешка каза | 27.256 | 25.895 | - 4,99% |
| Струмичка каза | 25.952 | 22.860 | - 11,91% |
| Серска каза | 75.684 | 81.743 | + 8% |
| Зихненска каза | 36.147 | 39.144 | + 8,29% |
| Демирхисарска каза | 34.980 | 35.578 | + 1,70% |
| Петричка каза | 28.913 | 31.778 | + 9,90% |
| Мелничка каза | 22.020 | 29.613 | + 34,48% |
| Неврокопска каза | 37.453 | 46.118 | + 23,13% |
| Горноџумајска каза | 22.823 | 26.116 | + 14,42% |
| Разлошка каза | 24.400 | 30.656 | + 25,63% |
| Драмска каза | 17.725 | 16.862 | - 9,94% |
| Кавалска каза | 4.985 | 4.100 | - 17,75% |
| Саричабанска каза | 1.135 | 505 | - 55,50% |
| Правишка каза | 8.516 | 9.200 | + 8,03% |
| Вкупно во Солунски вилает | 639.910 | 679.712 | + 6,21% |

[1117] Васил Кънчов, Македония, Етнография..., 142, 145, 148, 150, 153, 156, 161, 164, 168, 171, 173, 180, 183, 186, 188, 190, 192, 193, 196, 200, 202 и 203.
[1118] D. M. Brancoff, La Macédoine et..., 240.

*Табела 18. Број на христијанско населението и стапка на раст во Солунскиот вилает*




*График 2. Број на христијанско населението и стапка на раст во Солунскиот вилает*

**3.** Во Скопскиот вилает е забележителна најмала стапка на раст на христијанското населението во периодот 1900-1905 година и таа изнесува само 3,09 %. Пад на населението или стагнација е најмногу забележителна во кази кои најмногу страдале од насилства, малтретирања и разбојнички напади во текот, но и во годините по востанието. Единствено во Радовишката каза е евидентен поголем пораст на христијанското население и тоа за 19,15 %. Најголема депопулација на христијанското население пак, има во Скопската каза со негативна стапка на раст од 11,71 % и во Кривопаланечката каза со 5,52 %.

| | 1900[1119] | 1905[1120] | Стапка на раст |
|---|---|---|---|
| Скопска каза | 38.781 | 34.239 | - 11,71% |
| Велешка каза | 36.944 | 41.069 | + 11,16% |
| Кумановска каза | 35.275 | 40.229 | + 14,04% |
| Кочанска каза | 24.158 | 25.267 | + 4,59% |

[1119] Васил Кънчов, Македония, Етнография..., 159, 209, 214, 217, 220, 223, 225, 227, 229, 233 и 235.
[1120] D. M. Brancoff, La Macédoine et..., 244.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кратовска каза | 20.045 | 20.132 | + 0,43% |
| Штипска каза | 23.132 | 24.328 | + 5,17% |
| Кривопаланечка каза | 25.072 | 23.688 | - 5,52% |
| Пехчевска (Османие) каза | 20.236 | 19.906 | - 1,63% |
| Радовишка каза | 9.433 | 11.240 | +19,15% |
| Тетовска каза | 34.482 | 34.078 | - 1,17% |
| Прешевска каза | 27.678 | 30.184 | + 9,05% |
| Вкупно во Скопски вилает | 295.236 | 304.360 | + 3,09% |

*Табела 19. Број на христијанско населението и стапка на раст во Скопскиот вилает*




*График 3. Број на христијанско населението и стапка на раст во Скопскиот вилает*

# ГЛАВА VII. Економски импликации од востаничката година

*„Оваа зима селаните ќе бидат во немаштија и глад; за сопственикот на земјата тоа значи немање пари, а потоа следува беда; за ситниот трговец тоа е најбрзо уништување, а за крупниот, тешко снабдување и пропаднатата иднина“* – Гастон Рутие[1121]

## 1. Економијата на османлиска Македонија на работ на новото столетие

### 1.1. Земјоделство

**1.** Македонија била првенствено аграрна земја, во која на почетокот на XX век близу ¾ од населението живеело на село, а речиси 80% од македонското население било вклучено во земјоделското производство.[1122] Со Рамазанскиот закон во 1858 година бил укинат тимаро-спахискиот систем кој бил заменет со чифлигарскиот аграрен систем. Воведувањето на „новиот“ систем претставувало отворена врата за забрзан развиток на капиталистичките односи во земјоделството.[1123] Чифлигарскиот систем опстојувал во османлиска Македонија уште пред неговото официјлано признавање од властите. Сопствениците на земјата во овој аграрен систем се наречени чифликсајбии, а лицата кои ја обработувале чифлигари. За разлика од старите чифлизи од XV и XVI век, особено во XVIII век со приграбување на селската или необработената државна земја настанале чифлизи од подруг вид како крупни земјоделски стопанства.[1124] Инаку чифлизите главно се создавале по три основи. Првиот бил по пат на трансформација на старите феудални земјопоседи; вториот со купопродажба и третиот по пат на узурпација и насилство.[1125] Кај чифлигарите кои ја обработувале земјата разликуваме три категории на работници и тоа кесимџии (арендаши, закупувачи), јараџии (наполичари) и ајлакчии (надничари, момоци). Во најлоша положба биле последните, кои немале сопственост во чифлизите и се издржувале со изнајмување на својата работна

---

[1121] Македонија во делата на странските патописци 1903, 156.
[1122] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 53.
[1123] Истото, 38.
[1124] Данчо Зографски, Економски текови и промени, книга втора, Скопје 1986, 64.
[1125] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 66.

рака. Тие биле плаќани во пари или натура, но помалку од вредноста на вложениот труд, со што биле присилени да водат полугладна егзистенција. Наполичарите биле во нешто подобра положба од момоците. Тие биле со малку сопствена земја или воопшто без земја обработувајќи најчесто чифлизи со обврска половина од сето производство да му го предадат на сопственикот на чифлигот. Покрај тоа, тие најмалку еден ден во неделата морало да одат на ангарија, вршејќи му полски или други работи на бегот. Во најдобра положба биле ќесимџиите кои земале земја под закуп по однапред утврдена цена во готови пари или во натура. Меѓутоа и тие требале да вршат ангарија, но помалку од наполичарите.[1126] Всушност сите три вида на чифлигари биле во тешка економска состојба и одвај обезбедувале средства за егзистенција, а разликите помеѓу нивниот статус и економско-социјална положба се мали нијанси и минимални.

Во последното десетлетие на XIX век во османлиска Македонија егзистирале околу 15.000 крупни и 10.000 ситни чифлизи, но околу 70% од македонското население не поседувало земја.[1127] Постоела и категорија на слободни или рајатски селани. Овие села се наоѓале претежно во планинските предели, каде имало малку или воопшто немало земја за обработка, па тие претежно се занимавале со сточарство.[1128]

**2.** Од сите насади во османлиска Македонија најповеќе се саделе житните култури. Во Солунскиот вилает 81,57% од вкупните посеани површини го сочинувало житото; во Битолскиот вилает 89,17% и во Скопскиот вилает 91,52%.[1129] Зад житото биле индустриските култури од кои се одгледувале памук, лен, афион тутун, коноп и маслинки.[1130] Најголемо економско значење од овие култури кон крајот на XIX век и почетокот на XX век имал тутунот. Тој се одгледувал во Драмската котлина и рамнините на македонското приморје, во Прилепското поле и други места.[1131] Памукот го заземал второто место, но веќе во последната четвртина на XIX век, неговото производство започнало да опаѓа

[1126] Д. Зографски, Економски текови..., 128-139.
[1127] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 66.
[1128] Истото, 70.
[1129] Мита Димитријевић, Привреда и трговина у Новој Србији, књига прва, Београд 1913, 24.
[1130] Истото, 38.
[1131] Д. Згорафски, Економски текови..., 199-200.

за сметка на одгледувањето на афион.[1132] Афионот се раширил главно поради неговата рентабилност. На почетокот на XX век сите трошоци за одгледувањето на афион можеле да се покријат со семето кое се добивало, а опиумот останувал како чист профит.[1133] Значајно место во производството заземало и лозарството и овоштарството.[1134]

Обработената земја во османлиска Македонија во однос на вкупната земја расположлива за обработка била многу мала. Во Солунскиот вилает биле обработувани само 6,21% од вкупната површина на земја, во Битолскиот вилает 7,30% и во Скопскиот вилает 10,61%[1135] Исто така земјата се обработувала поприлично примитивно, а модерни земјоделски направи се користеле мошне малку во земјоделскиот процес. Главно земјата била обработувана со дрвено рало и попримитивни видови на плуг.[1136] Ваквиот начин секако резултирал со послабо производство, а со тоа и повисока цена и послаба конкурентност во однос на европската стока која била увезувана.

Домашниот буџет на македонското земјоделско население бил пополнуван и од приходот од сточарството, свиларството, пчеларството и риболовот.[1137] Најмногу стока се одгледувала во Солунскиот вилает и тоа 1.340 грла на км$^2$. Потоа следувал Битолскиот со 1.038 грла на км$^2$ и на последно место бил Скопскиот вилает со 613 грла на км$^2$.[1138] Од сточарските гранки еден од најголемите извори на приходи носело овчарството, кои млечни и месни поризводи на населението му служеле и за прехрана.[1139]

### 1.2. Индустрија

Индустриското производство во Македонија започнало во втората половина на XIX век.[1140] Кон средината на XIX век кога веќе била извршена неопходна

---

1132 Д. Згорафски, Економски текови..., 210-214; В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 75.
1133 Дамјан Бужаровски, Значењето на афионот за економијата на османлиска Македонија, Историја, год. LVII, бр. 1, 2022, 101.
1134 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 74.
1135 М. Димитријевиќ, Привреда и тровина..., 23.
1136 Д. Згорафски, Економски текови..., 245.
1137 В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 74.
1138 М. Димитријевиќ, Привреда и тровина..., 49.
1139 Истото, 53.
1140 Ванчо Ѓорѓиев, Хемиската и сродни индустрии во Македонија до 1912 година, 100 години прехрамбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија, Скопје 2009, 39.

акумулација на капитал и постигнат значителен напредок во производството врз база на поделба на трудот со што се создале поволни услови за развој на индустријата.[1141] Меѓутоа само еден мал дел од македонското население бил ангажиран во индустријата. Индустриските капацитети биле во скромни размери и претежно се работи за лесна индустрија, главно прехранбена и текстилна.[1142]

Првите индустриски фирми кои биле отворени во османлиска Македонија биле мелниците кои работеле на машински погон. Во Солунскиот вилает во градот Солун во 1857 година била отворена првата парна мелница за мелење на брашно во Македонија од страна на браќата Алатини.[1143] Оваа мелница по извесно време со проширување на својот обем на работа и капацитети станала најголема и најдобро опремена во целата Османлиска Империја, а нејзините производи се продавале дури до Бејрут.[1144] Бројот на парни мелници во Солун со тек на времето се зголемил и во 1890 година нивниот број се искачил на 13.[1145] Скромен број на мелници биле отворени и во градовите Бер, Воден, Драма и Негуш во Солунскиот вилает.[1146] Во Битолскиот вилает во 1897 година во самиот вилаетски центар имало 8 хидраулични мелници, во Прилеп 3 и во Крушево 1.[1147] Најмалку мелници имало во Скопскиот вилает и на самиот почеток на XX век имало само 7 автоматски мелници.[1148]

Во османлиска Македонија биле подигнати и индустриски претпријатија и фабрики за проиводство на пиво, шарлаган и кондиторски производи. Покрај прехранбената индустрија имало поголем број на предилници и ткајачници, фабрики за точење и предење на свила, во помал обем фабрики за производство на сапун, дестилирање на алкохол, а во последните децении на XIX век се појавиле зачетоци и на современата металургија, во лицето на неколку претпријатија со мал капацитет кои се занимавале со преработка на метали.[1149]

---

[1141] Д. Зографски, Економски текови..., 568.
[1142] В. Ѓорѓиев, Хемиската и сродни..., 44.
[1143] Д. Зографски, Економски текови..., 570.
[1144] В. Ѓорѓиев, Хемиската и сродни..., 45.
[1145] Д. Зографски, Економски текови..., 574.
[1146] Истото, 576.
[1147] Истото, 577.
[1148] Истото, 579
[1149] Види Д. Зографски, Економски текови..., 568-646; В. Ѓорѓиев, Хемиската и сродните...

## 1.3. Економските движења и трендови

**1.** Во поглед на целокупната економија и економски движења втората половина на XIX век и почетокот на XX век е бурен период за османлиска Македонија од економски, но и од политички аспект. Од економска гледна точка, периодот почнувајќи од 1873 година, па сè до 1890-тите години бил период на економска криза, која е познат како Голема или Долга депресија. Оваа депресија претставува широко распространета ценовна и економска рецесија.[1150] Од неа не била заобиколена ниту Македонија. Таа се одразила мошне негативно на цените, платите, трговијата и целокупно на економијата во Македонија и воопшто на Османлиската Империја.[1151] Светските цени на пченицата во периодот помеѓу 1873 и 1894 година опаднале за повеќе од 60% и овој пад оставил големи последици врз целокупната османлиска економија и финансии.[1152] Имајќи предвид дека најголем процент од населението во османлиска Македонија се занимавал со земјоделство, а житата биле главниот и најважниот извозен продукт, падот на цената особено ги погодил селаните во Македонија.[1153] За ситуацијата да биде полоша во кратки периоди во османлиска Македонија, како 1874-1875 година и 1879-1880 година, жетвата била слаба, што предизвикувало голем глад, и што доведувало до голем пораст на цените на основните суровини за производство на леб. Така во османлиска Македонија во овие години со слаби жетви не само што имало економска депресија, туку таа се наоѓала во стагфлација, поради порастот на основните производи за живот. Но оваа стагфлација била само повремена.[1154] Самите цени на житото продолжиле да варираат во целиот период до 1890-тите години. Некои години доаѓало до нивно покачување и подобрување на состојбата, за потоа тие повторно да паднат.

**2.** Во поглед на финансиите на Османлиската Империја, светска економска криза допринела за банкрот на државата. Колапсот на државните финансии бил неизбежен и дошол уште со пропаста на светските берзи во 1873 година.

---

[1150] Rondo A. Cameron, Concise Economic History of the World from Paleolithic Times to the Present, Oxford 1989, 279.
[1151] За ова прашање види Şefket Pamuk, The Ottoman Empire in the "Great Depression" of 1873-1896, The journal of Economic History, vol.44, No.1, 1984; Дамјан Бужаровски, Влијанието и последиците од Долгата депресија (1873-1890-тите) врз османлиска Македонија, Историја, 58, 2, 2023.
[1152] Ş. Pamuk, The Ottoman Empire..., 111-112.
[1153] Д. Бужаровски, Влијанието и последиците..., 60.
[1154] Истото, 60-62.

Почетокот на кризата довел до прекин на извоз на капитал од индустриски развиените земји, по што брзо следувало неисполнување на обврските од османлиска страна. Во октомври 1875 година плаќањето на државниот долг било намалено на половина,[1155] што довело до депрецијација на лирата до 30%.[1156] А веќе во 1876 година исплаќањето на кредитот било целосно прекинато со што Османлиската Империја прогласила банкрот.[1157]

Финансиските потешкотии и проблеми со кои се соочувала Османлиската држава во овој период мошне негативно се одразиле врз економската благосостојба на населението. Уште пред државата да банкротира, Портата се обидела преку зголемување на даночните обврски да ги зголеми државните приходи. За таа цел, десетокот кој во 1856 година се земал само од некои земјоделски продукти, во 60-тите и 70-тите години се раширил на сите земјоделски продукти,[1158] а во 1874 година бил покачен за 25%.[1159] Со цел да дојде до дополнителен приход, Портата ги прогласила сите тапии на недвижните имоти за невалдини, наложувајќи издавање нови. Исто така во 1873 година бил воведен монопол на тутунот и солта, а истовремено била покачена цената на овие производи.[1160] Данокот за ослободување од војска, со кој бил задолжен секој рајатин, се покачил за 34,48%. Понатаму, сите селани кои дотогаш плаќале два дела од данокот вергија, во 1875 година требало да го платат и третиот дел, кој дотогаш бил само за градските занаетчии и трговци. Данокот на ситен добиток и таксите на вино биле зголемени дојно, а биле воведени нови даноци од 2,5% во форма на ресумат на оние селани што во град носеле да продаваат волна, масло и сирење. Исто така биле воведени и нови такси за сечењето дрва, тутунот, колењето добиток во градските кланици и сл.[1161] Сè одело кон тоа натуралните даноци да бидат претворени во парични.[1162] Големото покачување на даноците е во прв ред поради тешката финансиска состојба на државата и опасноста од

---

1155 Ş. Pamuk, The Ottoman..., 114.
1156 Д. Димески, Македонското националноослободително..., 44.
1157 Ş. Pamuk, The Ottoman..., 114; Димески 1979, 87.
1158 Љубен Лапе, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје 1976, 14.
1159 Љубен Лапе, Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза, Македонија во источната криза 1875-1881, Скопје 1978, 25.
1160 Љубен Лапе, Разловечкото востание..., 14.
1161 Историја на Македонскиот народ книга втора 1969, 79-80; Љ. Лапе, Внатрешната положба..., 25.
1162 Данчо Зографски, Причините и насоките на превирањата за време на источната криза, Македонија во источната криза 1875-1881, Скопје 1978, 161.

банкрот кој и се заканувал. Но, како резултат на кризата банкротот бил речиси незибежен.

Особен проблем кај даноците претставувало закупувањето на десетокот. Тој бил откупуван скапо, а потоа закупците биле во состојба да ја соберат и целата реколта, бидејќи знаеле дека властите нема да ги спречат во тоа. Бројни се ваквите случаи и ги имало во селата Тихолишта, Апоскеп, Неволјани, Лаген и други. Всушност во пракса се земал десеток од најмалку 30 до 40%.[1163] Од друга страна со оглед на фактот што најголемиот процент од македонското население се занимавало со земјоделство „незбежна е констатацијата дека со овој данок на своевиден начин биле поврзана судбината на секоја македонска куќа“.[1164] Затоа ваквото закупување на десетокот мошне тешко се одразувало на економската положба на населението во османлиска Македонија.

Новите даноци и зголемувањето на постоечките дополнително ја влошиле веќе лошата економска и социјална положба на населението во османлиска Македонија. Зголемените даноци, опаѓањето на трговијата, гладот и поморот на добитокот, ги приморало македонските селани да се задолжуваат, претежно кај лихварите кои земале 10 до 12% месечно камата.[1165]

### 1.4. Кредитот и банките

Во Македонија и воопшто во Османлиската Империја банките биле отворени релативно доцна во споредба со западноевропските држави. Патот за оворање на банки и слични финансиски институции во Империјата бил поплочен со донесувањето на Хатихумајунот на 18.02.1856 година.[1166] Обиди за отворање на банки имало и пред донесувањето на овој правен акт. За прва успешна модерна банка која била отворена во Османлиската Империја се смета банката во Цариград, отворена во 1849 година, но по неколку години работа таа била затворена.[1167] Во 1856 година, во Лондон, била основна банка именувана како „Османлиска банка“ со основачки капитал од 500.000 фунти. Центарот на

[1163] Т. Добриянов, Документи за..., 131.
[1164] В. Ѓорѓеив, Слобода или смрт..., 70-71.
[1165] Историја на Македонскиот народ..., 79.
[1166] Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 110.
[1167] Hüseyin Al, Banks and banking, Agston, G. & Masters, B. Encyclopedia of the Ottoman Empire, 2009, 75.

операции на банката бил во Цариград. Во 1863 година на британските сопственици им се придружила француска финансиска групација со 50% учество и на тој начин била формирана Империјалната османлиска банка.[1168] Основачкиот капитал изнесувал 10.000.000 британски фунти.[1169] Банката имала двојна природа. Од една страна како приватна француско-британска банка, а од друга како државна банка, бидејќи добила ексклузивно право да издава конвертибилни банкноти во злато.[1170]

Една година по основањето на Империјалната османлиска банка, во 1864 година била отворена филијала на банката во Солун.[1171] Таа е првата филијала на банка во модерна смисла која била отворена на територијата на Македонија. Во другите градови во Македонија филијали на Империјалната банка биле отворени многу подоцна и тоа: во 1903 година биле отворени филијали во Битола и во Скопје; во 1904 година во Кавала и Дедеагач; во 1909 година во Ѓумурџина, а наредната година во Сер и во Драма.[1172] Чемерикиќ отварањето на филијала на Османлиската банка во Скопје дури не го ни смета за прва банка во градот, бидејќи таа се занимавала најмногу со работи за сметка на државата, а ретко и во исклучителни случаи со кредитирање и тоа само на поедини сарафи и големи трговски фирми.[1173] Кредитите на Империјалната османлиска банка најмногу ги користеле странските трговци, припадниците на буржоазијата и некои македонски трговци и занаетчии, а селаните кои имале најголема потреба од кредити и биле најбројни во Македонија, ретко успевале да добијат кредит.[1174]

Поради големото економско значење кое го имал градот Солун и солунското пристаниште во меѓународната трговија, најголемиот број на филијали и експозитури биле отворени токму таму. Така, во Солун свои филијали отвориле Митиленската банка, Атинската банка, Националната банка на Грција,

---

[1168] Şefket Pamuk, A Monetary History of the Ottoman Empire, Cambridge 2003, 212.
[1169] The Balkan States part I, London 1920, 133.
[1170] Ş. Pamuk, A Monetary..., 212.
[1171] List of Branches of the Imperial Ottoman Bank 1914. На сајтот Salt Research, https://archives.saltresearch.org/handle/123456789/13847, 9. Д. Зографски пишува дека филијала на Османлиската банка во Солун била отворена во 1863 година (Д. Зографски, Економски текови..., 520). Меѓутоа во еден список на филијали на банката од 1914 година, а изработен од самата Империјална банка е наведено дека филијалата во Солун била отворена во 1864 година, па оттука овој податок го сметаме за поверодостоен.
[1172] List of Branches of the Imperial Ottoman Bank 1914, 3, 5, 7, 9 и 11.
[1173] Милан Чемерикић, Трговина, занатство, индустрија, кредитне установе од 1875 до 1937 године, Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље 1937, 695.
[1174] Д. Зографски, Економски текови..., 522.

Ориенталната банка, Ханделс-Актиенгеселшафт, Романската банка, Унгарската банка, Белградска задруга и Извозната банка.[1175] Во внатрешноста на Македонија пак, бројот на банки бил многу помал. Исто така и тие кои биле отворени, во однос на Солун, биле многу подоцна отворени. Меѓутоа, отварањето на банки не ја изменило од корен ситуацијата за достапност на кредитот во османлиска Македонија. Слично како Империјалната банка, банките не ги кредитирале ситните земјоделци и трговци, па за најголемиот процент од населението кредитот бил и понатаму недостапен.

Во 1888 година бил предложен и усвоен закон со кој била формирана нова Земјоделската (Зираат) банка, која требало да дава кредити исклучиво на земјоделците.[1176] До крајот на XIX век Земјоделската банката имала свои филијали во седиштата на Солунскиот, Битолскиот и Скопскиот вилает, кои пак имале свои експозитури во сите кази во Македонија. Кредитите кои ги давала Земјоделската банка биле со законски пропишана каматна стапка од 9%. Долгорочните кредити биле хипотекарни и тоа со хипотека на обработливата земја, а краткорочните и среднорочните со гранација.[1177] Меѓутоа оваа банка не ги остварила целите за кои била формирана и кретидот за најголемиот дел од ситните земјоделци и селани останал недостапен. Земјоделската банка давала кредити во прв ред на чифликсајбиите, крупните земјоделци и поимотните селани, па на тој начин ниту таа не одговорила целосно на својата намена поради која била формирана. Исто така таа претежно го фаворизирала муслиманското население, а останатите земјоделци ретко добивале кредити.[1178] Дури и самата држава индиректно ја признала неправилната распределба на кредити од Земјоделската банката и со реформите за европските вилаети од 1896 година било предвидено создавање на трговски, индустриски и земјоделски комори. Притоа тие требало да внимаваат на праведна распределба на износите одобрени за замјоделството од Земјоделската банката.[1179]

Покрај банките во османлиска Македонија имало и други финансиски институции кои се занимавале со давање на капитал на заем со интерес, како

---

[1175] Д. Зографски, Економски текови..., 531-532; Чемерикић 1937, 700-701.
[1176] Истото, 524-525.
[1177] Истото, 524.
[1178] Истото, 525-526.
[1179] Христо Андонов-Полјански, Одбрани дела 2. Од Македонската историја, Скопје 1981, 405.

сарафите, вакафите, но особено многу просперирале лихварите и лихварството. Поради недостапноста на кредитот за најголемиот дел од населението, како и влошената економска положба, македонските жители биле туркани во „канџите“ на лихварството, кое во Македонија цветало во текот на сета втора половина на XIX век, придонесувајќи за руинирање и економско потчинување на голем број сиромашни селани и занаетчии.[1180] Ваквата положба на населението ја опишува К'нчов: „Лихварите не се подолу во однос на спахијата, а лихварството цвета не само во Велешко, туку и низ цела Македонија, и тоа е најприходното занимање, бидејќи лихвите овде се такви какви што не можат да бидат никаде во светот. Во селата ретко се даваат пари под 20%, а обичната лихвата е повеќе од 25%... Лихварот дава 3 лири под услов кога работникот ќе се врати наесен да му даде 4 лири“.[1181]

Како лихвари најчесто се јавувале чифликсајбиите, рентиерите, трговците и други имотни лица.[1182] Каматните стапки кои ги наплаќале лихварите биле далеку повисоки од тие кои ги давале банките и од законски пропишаниот годишен интерес, кој во 1864 година бил одреден да изнесува 12%.[1183] Годишниот интерес, по кои позајмувале капитал лихварите, се движеле помеѓу 20 и 40%, па дури и 50%, а во некои случаи и повеќе. Во Битола во 1866 година се наплатувала каматна стапка која изнесувала од 30 до 40%.[1184] Многу селани не можејќи навремено да ги плаќаат своите даноци и такси, земјаќи заеми од лихварите, а потоа неможејќи да ги исплатат истите, на крајот им ја отстапувале земјата на кредиторите, со што се овозможило создавање и заокружување на чифлиците.[1185] Јохан Хан во 1863 година за селата во Тиквеш забележува дека во минатото имало многу села биле сопственост на самите селани, односно кефалохори, но поради задолжувањето на селаните, тие го изгубиле сиот имот и станале чифчии на сопствениот имот. Во моментот на неговата посета имало уште три села кои биле кефалохори во Тиквеш.[1186]

---

[1180] Д. Зографски, Економски текови..., 158.
[1181] Васил Кънчов, Избрани произведения. Том II, София 1970, 211.
[1182] М. Чемерикић, Трговина, занатство..., 694.
[1183] Д. Зографски, Економски текови..., 157; Крсте Битоски, За лихварството во Македонија во втората половина на XIX век, Гласник на институтот за национална историја, година XIV, број 2-3, 1970, 116.
[1184] Д. Зографски, Економски текови..., 158.
[1185] Истото, 123.
[1186] Македонија во делата на странските патописци 1850-1864, Скопје 1992, 660.

## 1.5. Трговија

Градот Солун поради неговата географска положба бил најважниот трговски центар на османлиска Македонија.[1187] Тој го заземал второто место во Османлиската Империја, веднаш по престолнината, Цариград.[1188] Со железнички врски Солун бил поврзан со Битола, Скопје и Цариград и во него пристигнувале суровите производи од цела Македонија, додека по истите релации од Солун во внатрешноста се испраќале европски фабрички производи.[1189]

Трговијата со внатрешноста главно се одвивала по железничките врски. Изградбата на железнички линии започнала во 1871 година и тоа била линијата Солун–Скопје, која била пуштена во употреба во 1873 година. Во 1894 година во употреба била пуштена линијата Солун – Битола.[1190] Една од поважните карактеристики на железницата во османлиска Македонија била што со нејзината изградба била значително олесента и проширена меѓународната трговија со Македонија. Но, негативна појава била што со железницата била зголемена диспропорцијата помеѓу увозот и извозот во Македонија.[1191]

Во последните неколку десетлетија на XIX век земји кои вршеле трговија и испраќале свои бродови во Солунското пристаниште биле главно Франција, Австро-унагрија, Англија, Грција, Италија, Холандија, Германија, Белгија, Русија и други држави. Меѓутоа на првите три места според извезената и увезена количина се наоѓаат речиси секогаш Франција, Англија и Австро-унгарија.[1192] Главно во Македонија, со оглед на слабо развиената индустрија се увезувале разни фабрички и мануфактурни производи пред сѐ текстилни производи, алкохоли, книги и хартија, сапун, а од останатите производи најмногу шеќер,

---

[1187] Бѣлѣжки за търговията..., 86.
[1188] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 82.
[1189] Истото, 83.
[1190] Истото.
[1191] Д. Зографски, Економски текови..., 432.
[1192] Бѣлѣжки за търговията..., 89; Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica, London 1896, 11; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVI, бр. 1, 1972, 213.

кафе, метали, сурови и обработени кожи и сл.[1193] Од друга страна главно се извезувале земјоделски производи. Главен и најважен производ кој се извезувал биле житата.[1194] Покрај нив се извезувал тутнот, опиумот и афиновото семе, кожурци од свилена буба, волна, кожи, памук, некои руди и други производи кои не биле во толку големи количини.[1195]




| | 1869 | 1871 | 1872 | 1876 | 1877 | 1878 | 1879 | 1880 | 1883 | 1884 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извоз | 35730774 | 17418250 | 23584384 | 30135974 | 33087453 | 16340000 | 15826064 | 15817067 | 37482475 | 35637750 |
| Увоз | 37457774 | 14060430 | 31485057 | 26914057 | 26238940 | 20950000 | 24496130 | 23982644 | 30670000 | 34950000 |

*График 4. Преглед на увозот и извозот преку Солунското пристаниште во периодот од 1869 до 1884 година (во франци)*[1196]

Самиот увоз и извоз варирал од година во година и не бил постојан. Меѓутоа е забележлив еден драстичен пад во годините по 1873 година и на увезената и на извезената стока (График 4). Ваквиот пад особено може да се забележи во некои години, а особено во периодот од 1878 до 1880 година. Во 1878 година има пад

[1193] Бѣлѣжки за търговията..., 103-104; А. Матковски и П. Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, 211, 216, 222, 228; Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica, London 1896, 13.
[1194] Бѣлѣжки за търговията..., 91.
[1195] Бѣлѣжки за търговията..., 91-103; А. Матковски и П. Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, 212, 216, 217, 223, 229; Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica, London 1896, 12.
[1196] Графикот е составен според податоците од А. Матковски и П. Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, 210, 215, 221 и 227; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун од 1883–1885 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVI, бр. 2, 1972, 208, 209, 218 и 219; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVIII, бр. 2, 1974, 213, 214, 226, 227 и 230.

на увозот од 54,26% во споредба со 1869 година, и 44,07% пад на извозот. Наредната година извозот опаднал дополнително во споредба со 1869 година и падот изнесува 55,73%, а узвозот за нијанса пораснал во споредба со претходната година, но во споредба со 1869 година сè уште е опаднат и тоа за 34,60%. Овие драстични падови се должат на економската криза која ја споменавме. Во понатамашниот период следувал пораст, но и понатаму немало голема стабилност. Инаку порастот се должел на фактот што Долгата депресија не била обележана со непрекинати лоши години во двете десетлетија додека траела, и во одредени години имало подобрување и раст, за потоа да следува повторен пад.[1197]




*График 5. Трговскиот биланс преку Солунското пристаниште во периодот 1869-1884*[1198]

Во однос на трговскиот биланс како што може да се забележи од податоците претставени на График 5 тој генерално е во дефицит. И кај него се забележливи вариации и во годините 1871, 1876, 1877, 1883 и 1884 има суфицит. Сепак дефицитот во поедини години, далеку го надминува суфицитот.

---

1197 Д. Бужаровски, Влијанието и последиците..., 68.

1198 Графикот е составен според податоците од А. Матковски и П. Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, 210, 215, 221 и 227; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун од 1883–1885 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVI, бр. 2, 1972, 208, 209, 218 и 219; Александар Матковски и Поликсена Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVIII, бр. 2, 1974, 213, 214, 226, 227 и 230.

Големо влијание врз трговијата на османлиска Македонија по 1879 година имало враќањето на протекционистичката економска политика од страна на европските држави, а која била воведувана поради економската криза. Една по една европските држави, почнувајќи од Германија во 1879 година, па Италија, Франција, ги зголемиле царините за увоз на стоки и се враќале на протекционизмот. Од сите големи индустриски земји, само Велика Британија се држела цврсто на неограничената слободна трговија, и покрај повремените предизвици од протекционистите.[1199] Османлиската Империја, за разлика од западноевропските држави водела сосема спротивна политика, со ниски царински стапки од 3%, 5%, 5,3% и 8% на увезената европска стока. Оваа политика довела до преплавување на османлискиот пазар со високо конкурентна индустриска стока. Истовремено наместо да се стимулира домашното производство и извозот со премии за извезената стока, била воведена царинска бариера од 1-2% на извезената стока и 12% на опиумот.[1200] Политиката за ниски царински стапки на Османлиската Империја се должела на трговските договори (капитулациите) наметнати на државата од страна на западните сили. Оттука, тие претставувале големо ограничување за развој на државните приходи, а со постепеното опаѓање на Османлиската држава, капитулациите добиле форма на наметнувања со кои се ограничил суверенитетот на владетелот. Прво големо ограничување наметнато преку капитулациите било лишување на Портата од нејзините суверени права да поставува царини со цел максимизирање на нејзините приходи, а истовремено да ја штити локалната индустрија.[1201] Дури во 1907 годна царината на увезени стоки била покачена на 11% и тоа со поддршка на Управата за јавниот долг, која ги контролирала овие приходи согласно Мухаремскиот декрет.[1202] Царинските стапки влијале во овој период дестимулативно и на домашното производство и на извозот на производи. Индустријата која и без тоа била со скормни капацитети и во развој била дестимулирана со ниските царини за увезена висококонкурентна европска стока. Ниските увозни царини биле една од причините и за негативниот трговски биланс.

---

[1199] R. Cameron, A Concise Economic..., 279-281.
[1200] Д. Димески, Македонското националноослободително..., 41.
[1201] M. Birdal, The Political Economy of Ottoman Public Debt. Insolvency and European Financial Control in the Late Nineteenth Century, London • New York 2010, 19-20.
[1202] Истото, 21.

## 2. Економијата во востаничката година и потоа

Предвостаничката атмосфера, востанието и неговото задушување, кои ги разгледувавме се одразило и тоа како на целокупната економија на османлиска Македонија, која и така не била во многу добра состојба. Случувањата од 1903 година во османлиска Македонија се одразиле на сите сектори во економијата без исклучок. Со оглед на интеракцијата и поврзаноста на економските сектори последиците од еден сектор се прелевале во друг, во некои случаи и кога тие не биле директно засегнати од задушувањето на востанието, со што уште повеќе се засилувал ефектот врз економијата кои го имале случувањата и превирањата во 1903-тата. Всушност ситуацијата не била стабилна уште од есента 1902 година и неизвесноста била голема. Со политичка нестабилност била проследена и првата половина на 1903 година до почетокот на самото востание, а веќе во април се случиле Солунските атентати. Самата политичка неизвесност ја погодува секогаш економијата. Вообичаено луѓето се во исчекување и се воздржуваат од преземање на бизнис одлуки, а со тоа деловната активност опаѓа.

Очекувањата во јуни 1903 година за економските движења во наредниот период сѐ уште биле позитивни. Се очекувало дека доколку не се случат непредвидени настани, состојбата на пазарот ќе се подобри, жетвата давала надежи, па се очекувал добар бизнис со зимските артикли.[1203] Но проекциите за економските движења не се оствариле и излегле апсолутно погрешни. Само по неполн месец од проекциите, во еден друг австриски извештај од 10.07.1903 година по добиените извештаи од конзуларните претставници било констатирано дека политичките превирања на Балканскиот Полустров штетно се одразуваат на општата деловна ситуација. Притоа се препорачувало да се преземе претпазлив став при одобрувањето на кредити на компании во овие предели и внимателно да се добијат прво податоци за кредитната способност на компаниите.[1204]

---

[1203] Христо Андоновски Пољански, Неколку австриски документи за стопанската ситуација во Македонија непосредно пред Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 10-11, 1959, 96.
[1204] Истото, 91.

Некои од економските последици како емиграцијата и стандардот веќе беа разгледани и запознаени сме каков негативен ефект врз нив предизвикала мешаницата во османлиска Македонија. Во продолжение ќе ги разгледаме и другите економски сектори и сегменти и влијанието од востаничката 1903 година врз истите.

## 2.1. Земјоделство

**1.** Како што беше веќе споменато речиси 80% од населението на османлиска Македонија се занимавало со земјоделие и било вклучено во земјоделското производство. Затоа земјоделството претставувало најбитниот економски сектор во Македонија со најголемо значење. Неколку години по ред пред востанието на многу места населението страдало од лоши жетви.[1205] Во 1902 година имало слаби приноси поради што селското население во 1903 година сè уште не можело да се соземе и живеело во немаштија.[1206] Токму кога се очекувале успешни идни години на жетва и подобрување на положбата, сета надеж исчезнала во пожарите.[1207] Уште од пролетта 1903 година поради грабежи и малтретирања од војските, селаните не смееле и не можеле да си ги извршуваат полските работи, поради страв да не бидат натепани, па дури и убиени, било од војниците или од башибозуците.[1208] Деновите непосредно пред и во текот на востанието опасноста станувала уште поголема. Работата на нивите била несигурна. Иако дури и востаниците пред почетокот и на почетокот на востанието ги задолжувале селаните да брзаат да го соберат житото и да го стават во нарочно ископани дупки за да го заштитат од грабежи, некои од селаните настрадале. Така двајца селани од селото Болно, Ресенско биле убиени жнеејќи ги своите ниви.[1209] Мирното население доколку излегло во полето да работи веднаш било напаѓано. Од многу христијански села се поплакувале дека кога некој ќе се осмелел да оди на полето, мухамеданите од соседните села постапувале со него како со комита, стрелајќи веднаш по него.[1210] Токму поради ваквите вршени злосторства,

---

[1205] Крсте Битоски, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Скопје 1983, 54.
[1206] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 93.
[1207] Македонија во делата на странските патопсци 1903, 156.
[1208] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 248.
[1209] Въстаническото движение..., 107.
[1210] Извештаи од 1903-1904..., 112; Британски документи..., 409.

селаните тешко се решавале да излезат да ги работат полските работи.[1211] Тоа по автоматизам доведувало до намалена продуктивност во земјоделството. Култивацијата во некои региони, како во пределот помеѓу Ѓавато и Ресен била наполно прекината.[1212] Било отежнато и наводнувањето на полињата, каков што е случајот во селото Чучер, каде што еден илаве одред во текот на август на жителите им попречувал да ја пуштат водата од реката Лепенец во полињата, неопходна за полевање на пченката, додека жените не смееле да излезат во полето поради опасност од обесчестување.[1213]

Несобраната рекола била палена од војските и башибозуците.[1214] Од друга страна делот од реколтата која останала неизгорена била собирана од турското население под протекција од властите. Голем дел од неа потоа, како и украдениот добиток се употребувала за издршка на донесените војници за задушување на населението.[1215] И во двата случаи било да е изгорена реколтата или украдена евидентна е штетата која била предизвикана за населението кое се занимавало со земјоделство и вопшто немало разлика за него дали се работи за изгорена или украдена реколта.

Несигурноста која владеела ја одложувала и оневозможувала есенската сеидба, која доколку не се реализирала би предизвикала генерален глад.[1216] За среќа во областите Битола, Ресен, Преспа и Охрид селаните во октомври конечно започнале со берба на преостанатото и подготовка на земјата за сеење.[1217] Но работата на земјата била крајно отежната. Населението било оставено без орудија и добиток за обработка на земјата, кои биле изгорени или разграбани.[1218] Поради тоа селаните не биле во можност ниту да ја посеат земјата како во претходните години. Некои села немале воопшто ништо посеано и немале волови. Други пак, наместо да ги ораат, сами ги прекопувале нивите, а трети немале семе за да ги посеат нивите.[1219] Така селото Селце, Битолско во 1904 година немало посеано и изорано ниту четвртина во споредба со други

---

1211 Извештаи од 1903-1904..., 108.
1212 Македонија во делата на странските патописци 1903, 181.
1213 Извештаи од 1903-1904..., 108.
1214 Љ. Лапе, Неколку нови..., 271.
1215 Македония, Сборник..., 489.
1216 Turkey No. 2 (1904)..., 40.
1217 Истото, 104.
1218 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 448.
1219 Британски документи..., 505.

години.[1220] Дури и Хилми паша ја признал намалената земјоделска продуктивности и на британскиот конзул во Солун, Грејвс му изјавил дека селаните не биле во состојба да ја ораат и сеат земјата како обично, поради што жетвата во 1904 година ќе се намалела за 10% во најлошите области.[1221]

Гледано во целина во османлиска Македонија понудата на жито во 1903 година била намалена. Областите кои вообичаено давале редовен и богат род, не успеале да произведат ниту добар дел од нивната понуда и можности. Доколку се имаат во предвид немирите во земјата годината била со просечен просперитет, и дури жетвата била нешто подобра во однос на 1902 година, која била катастрофална година. Меѓутоа родот за 1903 година ветувал многу, а се претворил во просечен,[1222] како резултат на востанието. Од друга страна едно е родот кој бил собран, а друго е кој го имал профитот од реколтата. На населението голем дел од жетвата му бил украден така што профитот не завршил во негови раце. Дополнително во 1903 година летните култури како сусам, пченка и просо биле уништени во голема мера од суша.[1223]

Веќе во 1904 година следувало подобрување на родот. Жетвата била над просекот, но многу малку од реколтата бил извезен. Сета пченица се конзумирала за домашната потрошувачка.[1224] Намалениот извоз на житните култури бил директна последица на задушувањето на востанието, односно на предизвиканиот глад кај македонското население.

**2.** Над земјоделското населението надвиснала опасноста од губење на земјата. Немајќи со што да ја обработува земјата, ниту средства за да купи алати или добиток, се појавила опасност од претворање на слободното населението во чифлигарско.[1225] На тоа предупредувал и Главниот штаб уште на почетокот на септември 1903 година велејќи дека населението ќе биде принудено да им ја отстапи земјата на „Турците и на фанатиците гркомани“, со што тоа целосно ќе биде претворено во чифлигарско.[1226] Покрај ваквиот начин за претворање на

---

1220 С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 340.
1221 Британски документи..., 504.
1222 Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica, London 1904, 3.
1223 Истото.
1224 Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, London 1905, 3.
1225 Македония, Сборник..., 490.
1226 В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 449.

населението во чифлигарско се дозволило и присвојување на земјата оставена од христијанските бегалци.[1227] Тоа се случувало и кога бегалците имале блиски роднини во селата. Така имотот на Јане И. Куцаков од Мехомија кој избегал во Бугарија бил присвоен од страна на чифликсајбијата Мустафа Хаџија Салиов, заедно со производите на нивата од една година и добитокот, иако споменатиот во селото имал сестра којашто можела да му го чува имотот.[1228]

Уште еден момент кој влијаел на земјоделството, но и воопшто на стопанството и производството на брашно, било систематското уништување на водениците во текот на востанието со цел да им се онеовозможи на селата да доставуваат брашно за четите.[1229] Затоа во Ресенско, во Костурско и во Охридско биле уништени речиси сите воденици.[1230] Со уништувањето на водениците преостанатото жито, кое не му било украдено или уништено на населението, немало каде да се претвори во брашно, за потоа населението да го користи било за исхрана или за продажба. Уништувањето на сите селски воденици придонело за зголемување на бедата.[1231]

**3.** Покрај производството на земјоделски култури од растително потекло, како последица од немирите опаднало и сточарството. Речиси сиот добиток бил убиен или разграбан.[1232] Затоа во годините по востанието бројот на добиток бил драстично намален. Така на пример во селото Белица населението пред востанието имало околу 200 чифта впрегнат добиток и околу 800-900 крави, а во 1905 година во селото имало само 50 чифта впрегнат добиток и ништо повеќе од други домашни животни.[1233] А. Тошев забележува во 1904 година дека сточарството во Костурската и Леринската каза опаднало на најдолен степен веќе неколку години, бидејќи властите обвинувајќи ги овчарите за разбојништво не им давале мир.[1234] За намалување на сточарството секако допринело и систематското уништување на шумите и пожарите предизвикани од османлиските војски во текот на востанието, обидувајќи се на тој начин да го

[1227] В. Китанов, Принос към..., 79.
[1228] Истото, 299.
[1229] Извештаи од 1903-1904..., 134.
[1230] Љ. Лапе, Неколку нови..., 271; С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 355; Дневници и спомени..., 121-122.
[1231] Извештаи од 1903-1904..., 134.
[1232] В. Ѓорѓиев, ВМРО 1893-1903..., 448; Македонија во делата на странските патописци 1903, 156.
[1233] Македония и Тракия..., 346.
[1234] Т. Добриянов, Документи за..., 128.

затегнат обрачот околу востаниците. Мошне сликовит опис за состојбата на селаните и земјоделството ни дава опис Брејлсфорд кој заппишал: „Водениците, како и куќите, изгореле, браните им биле разурнати, машините уништени, а на некои дури им се тресеа и камењата, здробени на парчиња. Од коњите и воловите што селаните ги поседувале, дури откако властите јавно тврделе дека можем ќе го надоместат ограбеното, од четири одвај остана еден. Што се однесува до овците и другите помали животни и живина, се сомневам дека од десет остана едно. Дури и ралата беа изгорени, или украдени“.[1235]

Вака очајната состојба во земјоделството немала многу надежи за подобра иднина. За несреќата да биде уште поголема, зимата 1904 година била многу студена со големи снежни врнежи, а селаните не се сеќавале на полоша зима.[1236] Во годините по востанието дополнително за опаѓање на земјоделството влијаела емиграцијата. Од емигрантите 2/3 биле земјоделци, а останатите занаетчии, што доведувело до намалување на земјоделските и делумно на другите работници.[1237] Ситуацијата со работна рака за полињата од 1905 година станала екстремно сериозна, а земјата која била под култивација започнала да се намалува.[1238]

### 2.2. Трговијата

Нестаблината политичка ситуација започнала да се чувствува во трговијата во османлиска Македонија уште од пролетта 1903 година. Во еден австриски документ од 16 март е забележано дека политичките настани фрлале длабока сенка на трговијата со внатрешноста на Македонија.[1239] Францускиот вицеконзул во Битола пак, на 3 април запишал дека насилствата и разбојничките напади имале посебни последици врз трговијата на Прилеп, која веќе била сериозно нарушена.[1240] Уште поголем застој во трговијата и во деловната активност бил предизвикан по Солунските атентати. Сиот стопански „живот во целата страна се скова во мртвило“.[1241] Застојот на бил само во Солун

[1235] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 229-230.
[1236] Грчки документи..., 202.
[1237] Австриски документи за Македонија..., 196.
[1238] B. C. Gounaris, Emigration form..., 144.
[1239] Х. Андоновски Пољански, Неколку австриски..., 86.
[1240] Илинден во француски..., 65.
[1241] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 266.

и околината, туку во цела Македонија.[1242] Репресијата и затворените лица во Скопскиот вилает довеле до потполно замирање на трговијата и стопанскиот живот во овој вилает, првенствено во Скопје. Во такви услови граѓанството било готово да крене јавни демонстрации кои бугарскиот трговски агент Недков со мака ги предодвраќал.[1243] Во вилаетскиот центар на Битолскиот вилает, по Ѓурѓовденските настани, како резултат од несигурноста, честите насилства и убиства, чаршијата била затворена, а напорите на властите за отварање биле безуспешни.[1244] Така Битола имала „пустински изглед“.[1245] Поради тоа започнал да се чувствува недостиг од храна и само фурните печеле леб, бидејќи биле чувани од полицијата. Валијата побарал од владиките да испратат свештеници за да го наговорат населението да ја отвори чаршијата. Но од друга страна стражарите кои патролирале по улиците се заканувале дека доколку некој „ѓаур“ се покаже од куќата тие ќе го заколат, па затоа никој не се осмелувал да излезе надвор од својата куќа.[1246] Бугарскиот трговски агент ги известил жителите дека доколку ја послушаат наредбата од валијата и ги отворат дуќаните, тоа ќе биде на нивен сопствен ризик.[1247] Конечно на 4/17 мај дел од чаршијата бил отворен, но немало воошто промет. Селаните не доаѓале од селата како што било вообичаено за да ги продаваат своите производи и да купат друга потребна стока.[1248] Слична била ситуацијата и во Солун и останатите градови. На 6 мај според зборовите на О’Конор спокојството во Солун било вратено, но кај населението владеела голема вознемиреност од идни немири, па водењето на бизнисот било парализирано.[1249]

Трговско-економскиот застој продолжил во текот на летните месеци пред востанието. Кон крајот на јуни ситуацијата сè уште не била многу изменета. Поради гласините за претстојна војна сите сериозни трговски текови биле закочени.[1250] Француските конзул во Солун во својот извештај од 27 мај пишува дека состојбата во трговијата од ден на ден станува сè посериозна. Полициски мерки со кој се запирал сиот сообраќај по 8 часот навечер, биле доволни за да се

[1242] К. Битоски, Дипломатски одгласи..., 118.
[1243] М. В. Михов, С кръст..., 45.
[1244] Извештаи од 1903..., 204; Д. Димески, Ѓурѓовденскиот масакр..., 150-151.
[1245] Британските конзули..., 304.
[1246] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 124.
[1247] Британските конзули..., 304.
[1248] Извештаи од 1903..., 220.
[1249] Turkey No. 1 (1904)..., 95.
[1250] Извештаи од 1903..., 237 и 246.

парализираат голем број на трговски дуќани.[1251] На сите страни владеела голема недоверба, бидејќи не се знаело кој ќе биде вовлечен од пропаѓањето на некои трговски куќи во сопственост на егзархистите. Повеќе не важел ниту дотогашниот обичај во Солун стоката да се плати во готово првиот петок по зделката и поради несигурноста се барало таа да се плати веднаш во злато или сребро.[1252] Компанијата градски трамваи губела дневно по 300 франци, додека компанијата за гас не остварувала доволно приходи за да го плати персоналот. Приходите на пристаништето од увоз за првата половина на мај биле намалени за 50% во споредба со истиот период 1902 година.[1253] Со тоа и доходот на пловидбените компании се смалил за 50% во споредба со истиот период претходната година.[1254] Со пропаѓањето и загубите кои ги претрпеле некои трговци опаднал нивниот стандард, но опаѓал и стандардот на сето работно население, кое сега компаниите и фирмите немале доволно приходи за да го плаќаат.

Во Серскиот санџак економијата не била ништо подобра. Особено ваквата состојба се чувствувала во самиот град Серес. Почнувајќи од мај и во почетокот на јуни пазарот речиси не работел, а повеќето дуќани биле затворени. На Македонците им било забрането да патуваат со железница, возовите се движеле празни со 20-30 патници, а селаните имале дозвола да одат само во казалиските градови. Оттука трговијата била во речиси целосен застој и за некаква трговија не можело да стане ниту збор.[1255]

Од оскудицата најмногу настрадало егзархиското население, но се оплакувало и турското. За економската стагнација не придонела само општата несигурност и застојот, туку и економскиот бојкот, кој некаде спонтано, некаде поради затегнатост на ситуацијата, а во некои места и по заповед на Организацијата бил објавен од страна на селската конзуматроска маса.[1256] Самите Евреи во Солун се жалеле, „бидејќи не останаа трговци-христијани со кои можат да тераат бизнис. Градовите беа во опсадна состојба“.[1257] Се оплакувале и

[1251] К. Битоски, Дипломатски одгласи..., 117.
[1252] Истото, 118.
[1253] Истото.
[1254] М. Пандевски, Илинденското востание..., 83.
[1255] В. Ѓорѓиев, Слобода или смрт..., 517.
[1256] Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ први, 266-267.
[1257] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 202-203

странските трговци.[1258] Речиси еден месец по солунските собитија кореспондентот на „Die Information“ во Солун пишува: „Нашиот град се наоѓа сè уште под ужасниот впечаток од скорешните случки. Трговијата и движењето престанаа. Странците го избегнуваат градот, каде убиствата и атентатите со бомба се на дневен ред. Странецот кој доаѓа тука ризикува да биде уапсен без било каква причина“.[1259]

Генералниот австриски конзулат на 13.06.1903 година известува дека комерцијалната состојба во областа станала мошне тешка поради македонските немири. Сообраќајот со внатрешноста бил речиси целосно во прекин, а фирмите кои биле зависни од наплата на долгови биле во голема неволја.[1260]

Во опаѓањето на трговијата, но и стандардот на трговците егзархисти придонесувала интернацијата која ја правеле властите. Егзархот Јосиф на 23 јуни пишува дека сите трговци-Бугари кои имале обрт во милиони биле затворени и потоа интернирани во родните места, иако со години живееле во Солун. На трговците им било забрането и не им се издавале дозволи ниту да патуваат во странство во центрите со кои имале трговски релации и со кои соработувале. „Штом е бугарин трговецот, занаетчијата и работникот, во внатрешноста“.[1261] Дозволи за заминување не биле давани ниту во Костурско и Битолско. Населението требало да премине кон Патријаршијата за да може да ја заобиколи забраната.[1262] Рускиот конзул во Скопје, Менделштам за истово пишува дека провинциските власти во последно време ја „откриле мерката заточение во татковината“. Па така на пример ако еден човек бил роден во Велес, но живеел веќе 30 години во Куманово, каде оформил и свое семејство и работни односи, изненадно еден ден добивал покана за во полициската управа и се интернирал веднаш во родното место, понекогаш и без семејството, кое често се оставало да умре од глад на овој начин, немајќи кој да го издржува.[1263]

Со големата несигурност и политички превирања економијата на османлиска Македонија која веќе била навлезена во стагнација уште во пролетта

---

1258 Х. Силяновъ, Освободителнитѣ борби..., томъ първи, 266-267.
1259 Истото, 267.
1260 Х. Андоновски Пољански, Неколку австриски..., 92-93.
1261 Освободителната борба на Българите..., 268-269.
1262 Истото, 269.
1263 Истото, 287.

1903 година, влегла во нова уште полоша фаза со избувнувањето на востанието и особено по задушувањето на истото. Уништените патишта, железнички пруги и мостови создавале прекин во трговијата. Уште на 23.07/05.08.1903 година сите патишта биле непроодни.[1264] Комуникацијата во некои места од османлиска Македонија, освен со железница била речиси невозможна, бидејќи патниците биле редовно претресувани било од војниците или башибозукот, кои им одземале сè што претставува некаква вредност.[1265] Од друга страна и желенизцата не била сигурна и имало секојдневни прекини. Долготрајните прекини во сообраќајот се провлекувале и во септември во Охридската, Костурската, Кичевската и Прилепската каза.[1266] Главниот пат од Охрид кон Битола бил целосно затворен и „на целиот пат немало жива душа".[1267] Тој бил прекинат на 6 август, а со тоа кираџиите не можеле да си ја вршат работата, трговијата била во целосен прекин, па дури и царската војска имала брашно за леб за само 5 дена.[1268] Но не била ситуацијата таква само во Битолскиот вилает, туку во цела османлиска Македонија. Како резултат на интензивната атентатска активност во почетокот на август четите две недели го задржувале сообраќајот дури и околу Солун, а кон север тој бил прекинат на еден поголем простор.[1269] Трговијата и движењето во Солун, како и во Битолско, Скопско и Серско продолжувале да бидат прекинати во текот на август.[1270] Селаните поради прекините на патните правци, но и поради несигурноста повеќе не оделе во градовите на пазар.[1271] Мантегаца пишува дека „во внатрешноста каде што не постојат повеќе врски, ниту патишта, каде за да се оди од еден крај во друг треба да се качува по врвиците како коза...".[1272] Во текот на востанието биле уништени и царинарници со што се правел целосен прекин во извозот и увозот на стоки. Така на 27.07/09.08.1903 година востаниците ја кренале во воздух и до темел ја срушиле царинарницата во Зибевче.[1273]

---

[1264] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 286.
[1265] Љ. Лапе, Нови докуементи..., 60.
[1266] Извештаи од 1903-1904..., 121.
[1267] Илинден во француски..., 148.
[1268] Турски документи за Илинденското востание, 77.
[1269] А. Митрев, Илинденското востание, 27.
[1270] Новини изъ Турция, Автономна Македония, година I, брой 7, 16 августъ 1903, 2.
[1271] Илинден во француски..., 97
[1272] К. Сидовски, Италијанските политички..., 131.
[1273] Извештаи од 1903-1904..., 69; Љ. Лапе, Нови документи..., 23.

Избувнатата паника, несигурноста и насилствата имале за последица затварање на дуќаните и потполн застој во трговијата и занаетчиството.[1274] Чаршиите и пазарите во градовите една по една се затварале. Во Битола веднаш по објавувањето на востанието чаршијата била затворена и 10 дена воопшто не работела. Потоа иако била отворена и најмала паника предизвикувала затворање.[1275] Кваквата состојба во градот продолжила и во септември и во едно писмо од Битола објавено во весникот „Автономна Македонија" пишува дека трговијата во Битола одамна била сопрена и се стоело во мртвило, а сите се прашувале до каде ќе ги доведе таквата положба. [1276] Стоковиот сообраќај со карвани од товарни животни бил речиси наполно прекинат.[1277] Но тоа било во градот, а положбата во другите градови и села каква била „само Бог знае"![1278] Слично било и во Лерин, каде по два грабежи извршени на 7 и 14 август, а под изговор на претрес на сомнителни куќи, работните луѓе ги држеле дуќаните затворени 14 дена.[1279] Во Прилеп пак, бил правен економски бојкот од христијанските трговци, поради што биле осудени 6 трговци на по 3 години затвор, меѓу кои и општинскиот комесар Михаил Коне со обвинение: „вршел провокации и поттикнувал затворање на дуќаните од страна на христијанското еснафско население во Прилеп".[1280]

Слична ситуација со затворање на дуќаните и чаршиите поради насилства и стравот имало и во Скопскиот и Солунскиот вилает, во места во кои немало масовни востанички акции. Во Велес иако немало живо востание кое би им дало повод за напад на војниците, положбата била многу опасна за христијанското население. Од самиот град поминувале турски војници за цела југозападна Македонија, а илавите правеле големи пакости. Жителите на градот исплашени се затварале дома, а чаршијата со тоа се затворала.[1281] На ист или сличен начин, поради страв биле затворани дуќаните и чаршиите и во градовите Крива

---

[1274] Извештаи од 1903-1904..., 111.
[1275] Љ. Лапе, Нови документи..., 24 и 31; Документи о спољној..., 277 и 303; К. Сидовски, Италијанските политички..., 136.
[1276] Писмо отъ Македония, Автономна Македония, година I, брой 10, 6 семтемврий 1903, 3.
[1277] Извештаи од 1903-1904..., 111.
[1278] Писмо отъ Македония, Автономна Македония, година I, брой 10, 6 семтемврий 1903, 3.
[1279] Извештаи од 1903-1904..., 119-120; Документи о спољној..., 335-336
[1280] Амнестираните Илинденци..., 105-106.
[1281] Љ. Лапе, Нови документи..., 87; Велешко, Автономна Македония, година I, брой 12, 21 семтемврий 1903, 3.

Паланка, Куманово, Кочани и Радовиш.[1282] Дури и трговијата во најголемиот и најпросперитетен трговски град Солун, во октомври сè уште била совршено запрена.[1283] Во Скопје исто така немало речиси никаква трговија. Занаетчиите не се впуштале во работа и склучување зделки, чекајќи од ден на ден што ќе биде.[1284] Ситуацијата била толку несигурна, што се случувале и убиства доколку некој муслиман бил незадоволен од цената која ќе ја побарал продавачот.[1285] Паника се појавувала при најмала гласина и настан. Така во Битола се прошириле лажни гласини дека била издадена наредба „сите млади Бугари“ да се придружат на востаниците. Поради ваквите гласини продавниците за брашно биле испразнети инстантно.[1286]

По задушувањето на востанието, за стабилизација на состојбите во економијата и трговијата било потребно време, како и услиби и напори од властите за да се подобрат нештата, но нив ги немало. Пазарот во Битола во октомври бил веќе подобро посетен во однос на претходните три месеци.[1287] Меѓутоа, тоа не значи дека трговијата повторно доживеала процвет, бидејќи состојбата се подобрила во однос на востаничките месеци, а инаку таа била во стагнација и пред овие три месеци уште од почетокот на 1903 година. Готје забележува дека по завршувањето на востанието би било пожелно трговијата во Битола повторно да заживее и истата да излезе од стагнација, но за повратување на мирот по толкава вознемиреност на населението треба време.[1288] Сепак, изгледа духовите биле далеку од смирување. Дуќанџиите во Скопско, во декември потворно се спремале да ги затворат дуќаните. Тие трпеле големи загуби од Турците, кои си ја избирале и пазареле стоката, но не ја плаќале, барајќи да бидат запишани во тефтерот, а доколку некој се обидел да ги наплати побарувањата веднаш се соочувал со закани и насилства.[1289] Брејлсфорд за економијата забележува: „Во општество во кое преовладува страв, не може да постои претприемаштво, трговија, ниту постојан стопански живот“.[1290]

---

[1282] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 385 и 387; Љ. Лапе, Нови документи..., 49 и 85.
[1283] Солунско, Автономна Македония, година I, брой 16, 19 октомврий 1903, 3.
[1284] Извештаи од 1903..., 331.
[1285] С. Дракул, Македонија меѓу..., том втори, 357.
[1286] The Events of..., doc. 41.
[1287] Turkey No. 2 (1904)..., 104.
[1288] Илинден во француски..., 172.
[1289] Скопско, Автономна Македония, година I, брой 25, 21 декемврий 1903, 3.
[1290] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 92

Веќе кон средината на 1904 година, според извештаите и статистиките од странските дипломатски претставници трговијата во османлиска Македонија, цветала.[1291] Солунските комисионери на 10 јули 1904 година за трговијата пишуваат дека во „некои места се зголемила со таков залет каков што немало од пред многу години“.[1292] Но тука се поставува едно друго прашање тука: Како кога населението немало ништо, стандардот му опаѓал, трговијата наеднаш доживеала бум?

Одговорот на ова прашање е едноставен. На населнието сѐ му било уништено. Немало никаква основна покуќнина, облека, покривки и слично. Куќите требало да се градат од почеток. Голема улога играле и хуманитарните мисии кои набавувале од домашните трговци основи производи за населението. Во услови кога се гради наеднаш, иако тоа во случајов и не одело така наеднаш, но имало голема потреба од најразлични производи, трговијата е нормално да „процвета“. Но далеку е од тоа дека процветот на трговијата се должел на некој пораст на стандардот на населението. Дополнително за порастот на трговијата влијаело што веќе кон средината на 1904 година, некои емигранти и печалбари кои заминале претходната година, веќе испраќале пари на своите семејства за да ги обноват куќите или да си купат покуќнина, па на тој начин се слевал капитал однадвор кој ја стимулирал трговијата.

Од друга страна надворешно-трговската размена анализирана преку Солунското пристаниште не ветувала толку многу, ниту пак, толку многу цветала. Бројот на бродови кои влегле и излегле во Солунското пристаниште во 1903 година е за нешто поголем во споредба со 1902 година. Но, превезената стока на овие бродови, која имала тенденција на раст во 1901 и 1902 година, во 1903 година опаднала за 8,03% во споредба со 1902 година.[1293] Притоа треба да се има предвид дека 1902 година била лоша година за земјоделството, и родот во 1903 година бил дури и подобар, а сепак превезената стока од ова пристаниште покажува пад. Ваквиот пад е директна последица на задушувањето на востанието и ситуацијата во која се наоѓала Македонија. Веќе во 1904 година

---

[1291] Австриски документи за реформската..., 225; Turkey No. 4 (1904)..., 146 и 212; Б. Стоичковски, Шведско-норвешки документ..., 203.
[1292] Австриски документи за реформската..., 225.
[1293] Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica, 8.

вкупната превезена стока во однос на претходната година пораснала за 9,17%, а зголемен е и бројот на бродови кои влегле и излегле во Солунското пристаниште.[1294] Меѓутоа говориме во однос на востаничката година во која имало драстичен пад. Во однос на 1902 година, која како што споменваме исто не била многу добра, количината на превезена стока во 1904 година е порасната за само 1,13% што е незначително.[1295]

Погледнато поединчено за 1903 година и наредните години вкупниот увоз и извоз од Солунското пристаниште покажува тенденција на стагнација. Количината на извезена стока во востаничката година споредена со 1902 година опаднала за 2,16%, додека увезената стока пораснала за 51,51%.[1296] Ова е поприлично голем пораст на увозот, од кој дел најверојатно се должи на увезената стока како хуманитарна помош. Меѓутоа доколку споредиме со десет години претходно извозот во 1903 година е намален во споредба со 1893 година за 14%, а узвозот за 7,07%.[1297] Притоа треба да се има предвид дека во 1890-тите години сè уште се чувствувале последиците на Долгата депресија и поедини години имало подрастични падови, но 1893 година не е една од тие години (види график 6). Од друга страна Солун имал многу пораснато во годините по 1900 година во секој поглед.[1298] Оттука би се очекувало многу повеќе зголемена надворешна и внатрешна трговија, а уште помалку стагнација или пак, пад. Меѓутоа ваквата стагнација и пад се очекувани со оглед на политичките прилики во земјата.

[1294] Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, 6.
[1295] Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, 6.
[1296] Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica, 9, 11-13.
[1297] Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica, 9, 11-13; Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica, 2.
[1298] Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, 3.

Наредната 1904 година не се разликува многу од 1903 година. Во извозот е забележителен дури незначителен пад во споредба со претходната година, а увозот е речиси идентичен.[1299] Ова ни покажува една стагнација на трговскиот биланс. 1904 година пак, споредена според количината на увезена и извезена стока од Солунското пристаниште со 1900 година покажува пад од 20% на увезената стока, а кај извозот раст од само 8,33%.[1300]




| | 1892 | 1893 | 1894 | 1895 | 1902 | 1903 | 1904 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| извоз | 2260000 | 1560000 | 980000 | 800000 | | 1341470 | 1299200 |
| увоз | 2000000 | 1860000 | 1720000 | 1085000 | 1140810 | 1728455 | 1743640 |

*График 6. Преглед на увозот и извозо од Солунското пристаниште во последното десетлетије на XIX век и почетокот на XX век*[1301]

### 2.2. Цени и стандард на живеење

По Долгата депресија која траела до 1890-тите и дефлацијата, веќе околу 1895 година во османлиска Македонија дошло до одредено стабилизирање на цените и како што пишува во два извештаи за состојбата на Битолскиот пазар,

---

1299 Според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, 7-9.

1300 Пресметките се направени според податоците од Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, 3.

1301 Графикот е составен според податоците од Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica; Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1895 on the trade of the consular district of Salonica, Foreign office, London, 1897; Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica; Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica.

цените биле стабилни и во тој момент непроменливи.[1302] Помеѓу 1895 и 1900 година цените на Битолскиот пазар во голема мера биле стабилни. Цените на волната, маслото, маста, охридската јагула и пастрмка биле речиси непроменливи, додека пак, цените на житата варираат надолу и нагоре, меѓутоа тоа се должи на родот во поедини години, кој е пак условен од временските услови.

Стабилизирањето на цените во османлиска Македонија не било за долго. Почеток на XX век е период исполнет со неизвесност и политичка нестабилност, надополнет со чести судири. Непосредно пред, во текот, но и по востанието, недостатокот на основни производи и несигурноста, во комбинација со намаленото земјоделско производство донело драстично покачување на цените на основните прехранбени продукти. Со повеќе од половина од реколтата на жито уништена, генерална стагнација се осеќала од есента 1903 година. Месото понекогаш било недостапно, млечните производи биле ретки и скапи, а цените на огревното дрво и јагленот пораснале за 150%, забележува Грејвс.[1303] Прехранбените производи кои вообичаено ги носеле селаните во градовите за продажба и исто така особено дрвата и јагленот станале многу ретки и скапи. Селаните не доаѓале повеќе во градовите. Во вообичаените пазарни денови во Битола не можело да се сретне ниту еден селанец било да е тоа христијанин или муслиман.[1304] Значително зголемување на цените на најпотребните производи во септември предизвикал и целосниот прекин на транспортот со кирации.[1305] Есента 1903 година Плат забележува дека во Костур поради скудноста, цените на храната биле високи.[1306] Од недостатокот и големата потреба од покривки, антерии, опинци, чорапи и слично во Битола и околните градови магацините биле изпразнети, додека цените пораснале. Занаетчиите работеле ден и ноќ не успевајќи да постигнат.[1307] Оттука цените на сите производи растеле, што е и нормално и очекувано во воени околности, а имајќи недостаток од производи. Рускиот конзул Кохмански забалежува дека како последица на последните

---

[1302] Цариградски гласник година I, број 5, 11 февруар 1895, 8; Цариградски гласник година I, број 10, 16 март 1895, 8.
[1303] Turkey No. 2 (1904)..., 57.
[1304] Романски дипломатски..., 387.
[1305] Илинден во француски..., 161.
[1306] Македонија во делата на странските патописци 1903, 197.
[1307] Македония и Тракия..., 225.

настани, односно на востанието имало големо поскапување на животот.[1308] По делумното стабилизирање на ситуацијата порастот на цените не бил нормализиран и тие продолжиле да растат во наредниот период. Како една од главните причини за порастот на цените во наредниот период била емиграцијата од Македонија, особено кон земјите од Новиот свет, во која пресвртна точка за пораст на оваа емиграција било Илинденското востание.[1309] Поради емиграцијата ситуацијата со немање доволно на работна рака особено од 1905 година станала екстремно сериозна. Недостатокот на работна рака придонесувал за пораст на дневниците, но тоа доведувало до раст на цените на производите.[1310] Покрај во земјоделството недостаток во работна рака се чувствувал и во рудниците, а пораснала и дневницата на другите работници по градовите.[1311] Поскапувањето на човечкиот труд во одредена мера се должи и на жртвите од востанието. Загинатите, убиени и затворени лица сите биле во работоспособни години и со нивното загинување, траен инвалидитет или затварање се намалувала работната сила.

Емиграцијата кон Америка не била од привремен карактер, па затоа емигрантите своите заштеди ги испраќале во Македонија, што претставувало позитивен економски ефект од емиграцијата, особено за подобрување на трговијата. Меѓутоа во најголем процент тие ги испраќале своите заработки со цел да купат земја. Само во 1905 година тие испратиле 4 милиони долари во Битолскиот вилает. Зголемената побарувачка на земја од страна на семејствата на емигрантите пак, како негативен ефект довела до поскапување на цената на земјиштата. Едно земјиште во Леринската каза кое пред 2 години се продавало за 1.800 лири и за кое никој не се јавувал да го купи, во 1906 година истото се продавало по цена од 3.000 лири,[1312] односно за само 2 години цената на земјиштето пораснала за 66,66% што не е воопшто мал пораст.

Во османлиска Македонија цените на храната по 1904 година имале огромен пораст, а трошоците растеле. Помеѓу 1904 година и 1911 година во Скопје цената на месото пораснала за 400%, на путерот и јајцата за 100%, на лебот за 150%, на

---

1308 Љ. Лапе, Одбрани текстови..., 512.
1309 B. C. Gounaris, Emigration from..., 137.
1310 Истото, 144-145.
1311 Истото, 137.
1312 Британските конзули..., 375.

јагленот за 250%, на рибата за 165% и на млекото за 200%.[1313] Трендот за покачување на цените продолжил до крајот на османлиското владеење. Оваа ситуација е опишана сликовито во еден допис од Кратово испратен до весникот Право во 1912 година во која се вели: „Како резултат од атентатите со бомби во Штип, Кочани и на други места, селското население е мошне исплашено и од кочанскиот погром наваму ниеден селанец не дошол в град во пазарен ден, ниту пак има од каде да се набавуваат за граѓаните прехранбени производи, како: брашно, зеленчук и др. Трговијата сосем е во застој. поради несигурноста на животот не може да се преземе никаква трговска работа“.[1314]

Цените и трошоците за живот пораснале, но животниот стандард на населението не го следел овој пораст. Напротив, првовремено дури стандардот опаѓал. Имено, уште пред Илинденското востание населението во некои места поради последователните лоши жетви се наоѓало во бедна положба.[1315] Густав Мишел на почетокот на 1903 година запишал дека стандардот на христијанското население бил драстично опаднат, леб немало, а населението немало ниту пари за да го купи, па луѓето продавале се што имале дома за малку брашно.[1316] Во текот на востанието, поради срамнувањето со земја на многу села, дошло до осиромашување на илјадници жители.[1317] Жителите на селото Бобишта се жалат дека покрај тоа што останале без ништо, па и цените поскапеле. Секоја покупка пораснала за двојно и тројно, и бедното население немајќи никакви парични средства не можело ништо да купи.[1318]

Фактори кои придонесувале за опаѓање на стандардот се надоврзувале еден на друг. Уништените имоти и украдени или уништени движени предмети, покуќнина, реколта, добиток, неможноста да се обработува земјата и уште многу други придонесувале за опаѓањето на стандардот. А. Тошев забележува дека во Костурската и Леринската каза жителите до востанието живееле поприлично раскошно, но по востанието тоа се сменило.[1319] Додека за Ресенско забележува

---

[1313] B. C. Gounaris, Emigration from..., 144-145.
[1314] Цитирано од кај Манол Пандевски, Македонското ослободително дело во XIX и XX век. Политичките партии и организации во Македонија (1908 – 1912), Том четврти, Скопје 1987, 21-22.
[1315] К. Битоски, Дипломатски одгласи..., 54.
[1316] Е. Ѓеорѓиевска, Ставот на римокатоличката..., 186.
[1317] Извештаи од 1903-1904..., 100.
[1318] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 406.
[1319] Т. Добриянов, Документи за..., 128.

дека во 1904 година сиромаштијата била голема поради што селаните биле принудени да заминуваат на печалба.[1320]

Покрај земјоделците особено биле погодени и печалбарите кои работеле и живееле со години во Цариград. На 23 април 1903 година била издадена заповед со која се забранува на Бугарите, односно егзархистите да одат во туѓина, особено во Цариград.[1321] Печалбарите кои по оваа забрана во текот на 1903 година биле интернинарни во нивните родни места останале без работа и средства за живот. Нивната голгота продолжила во 1904 година. Тие оваа година го молеле бугарскиот премиер Р. Петров да се обиде да издејствува со давањето на амнестијата да се овозможи нивно повторно заминување во Цариград на печалба.[1322] Во Ресенско, од каде поголемиот дел од селаните заминувале на печалба во Цариград, со забраната, економската положба на овие лица и нивните семејства станала крајно тешка и неподнослива. Да се занимаваат со земјоделство не можеле бидејќи се им било однесено и уништено во востанието. Не можеле ниту да заминат во Америка на печалба бидејќи немале пари за да ги платат потребните документи и патот.[1323] Но не биле проблем само парите за заминување на печалба, туку и целосните забрани. Ваквите забрани за заминување на печалба придонесувале најмногу според Брејлсфорд за лошата економска положба, поради што смета дека требало да се реши прашањето за издавање на дозволи за заминување во странство. Дозвола за емигрирање се давала само за во Грција и тоа најмногу во Костурско, а за Ресенско немало никакви надежи.[1324] Секако се изнаоѓале „кривини“ за да се замине на печалба, но сето тоа чинело пари, кои населението ги немало, па било принудено да се задолжува кај лихварите. А. Тошев во еден извештај од 24.04.1904 година до бугарскиот премиер забележува дека „ако се земе превид дека големиот дел од селата тука (се мисли на Ресенско Д.Б.) многу настрадаа во периодот на востанието, секој може да создаде претстава за тажната состојба во која западнаа жителите на оваа нахија во моментов. Ако се подобрат работите во земјава, тие

[1320] Истото, 139.
[1321] Освободителната борба на Българите..., 269.
[1322] В. Китанов, Принос към..., 193-197.
[1323] Т. Добриянов, Документи за..., 139.
[1324] Британски документи..., 506.

можат за кратко време да дојдат на себе сѝ, затоа што се претпримечиви и работни луѓе“.[1325]

Не опаднал само стандардот на земјоделците и печалбарите на кои им било онеовозможно повторното заминување на работа во туѓина. Опаднал стандардот на целокупното население во османлиска Македонија. Во ништо подобра ситуација не се наоѓале ниту работниците, кои во текот на востанието биле секојдневно напаѓани или пак отпуштани од работи. Така на 17.08.1903 година пет „бугарски“ железнички работници кои работеле на линијата Велес-Скопје, биле нападнати од војници кои дошле со воз од север, притоа убивајќи двајца од нив и ограбувајќи ги.[1326] Во еден напис од весник од крајот на август пак, се тврди дека железничката компанија Ориен ги отпуштиле сите „Бугари“ кои работеле во неа, поради сомнеж дека соработувале со востаниците.[1327] Подоцна, благодарејќи на намалената работна рака поради емиграцијата, започнале да растат и дневниците, но тоа доведувало и до уште поголем пораст на цените. Од друга страна немањето на доволно евтини работници го намалувало придонесот од земјоделството, и иако во нетолку значаен обем и на другите производствени гранки. Тоа пак, од своја страна доведувало до поскапување на средствата за живот, намалена комерцијална способност за потрошувачка на домашното население и слични последици.[1328] На овој начин задушувањето на востанието и непосредно и посредно влијаело на повеќе начини за покачување на цените, така што стандардот на населението не само што тапкал во место, туку и опаѓал.

Сите економски индикатори укажуваат дека османлиска Македонија во периодот на 1903 година била зафатена од состојба на економска стагфлација, односно општ пораст на цените, проследен со истовремено намалување на економската активност, пред сѐ на земјоделското производство кое било едно од главните економски сектори. На 24.04.1904 Тошев според економијата го дели Битолскиот вилает на четири групи: прва група Леринска и Костурска каза кои биле во најдобра економска положба; втора група Битолска и Прилепска каза; трета група Преспанска и Охридска каза и Демирхисарска и Крушевска нахија и четврта група Кичевска каза и Поречка нахија, во кои жителите се наоѓале во

[1325] Т. Добриянов, Документи за..., 139.
[1326] Turkeu No. 1 (1904)..., 298.
[1327] Balkans Aflame; Turks Defeated; Powers uneasy, The Washington Times, August 28, 1903, 1.
[1328] Австриски документи за Македонија..., 198.

најдеградирана егзистенцијална положба.[1329] Во извештајот на цивилните агенти од ноември 1904 година е констатирано дека во економските состојби не биле постигнати посакуваните резултати.[1330]

### 2.4. Останати економски импликации

Во периодот по востанието дошло до значителен пораст на задолженоста на населението. Изгубените приноси, уништениот имот, опаднатиот стандард, безработицата и сл. биле главните фактори кои го туркале населението во „канџите“ на лихварите. Жителите останати без средства за егзистенција, особено вдовиците, биле принудени да се задолжуваат. Потоа немајќи пари да го исплатат долгот го губеле сиот имот кој го имале.[1331] А. Тошев во 1904 година забележува дека лихварството во Ресен „е ужасно. Мнозината сиромаси се принудени да плаќаат по 30 до 50% претворајќи се во вистински робови“.[1332]

Лихварството многу се зголемило и во Леринската каза во 1904 година, особено откако многу сиромаси започнале да заминуваат во Америка. Најумерената лихва и тоа со хипотека изнесувала 20%, а достигала и до 60%. Секој што емигрирал во Америка земал по 20 лири со услов за една година да плати 28 лири.[1333] Во некои случаи дури ни лихварите не сакале да го ризикуваат својот капитал и не им давале заеми на селаните, кои биле спремни да го стават под хипотека сопственото земјиште, а по прекумерни каматни стапки до 60%, за да купат волови за орање, орудија и градежен материјал. Лихварот им давал заем само на оние кои сакале да ја напуштат земјата и да заминат во странство.[1334]

Уште еден начин на кој се задолжувало населението било преку Земјоделската (Зираат) банка. Семејства од селата во Разлошко, Малесија и други места се задолжиле со различни суми во Земјоделската банка со рокови на отплата од неколку па до 10 години. Заемите биле со вообичаената каматна стапка која ја давала банката.[1335] Не бил многу подобар ниту заемот отпуштен за

---

[1329] Т. Добриянов, Документи за..., 126.
[1330] Г. Тодоровски, Реформите на големите..., т. II, 184.
[1331] С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 393
[1332] Т. Добриянов, Документи за..., 138.
[1333] Истото, 127.
[1334] Х. Н. Брејлсфорд, Македонија..., 92.
[1335] Македония и Тракия..., 345-347; Македония, Сборник..., 500; С. Дракул, Македонија меѓу..., том трети, 283.

настраданите од Бугарската земјоделска банка во 1904 година. Тој бил безлихвен,[1336] но требало да се врати од населението кое не било во многу добра состојба за да го враќа наредните неколку години. Вкупната сума на овој отпуштен заем за османлиска Македонија изнесувала 500.111 лева, со тоа што дополнително требало да се прераспределат средства за Кичевската и Серската каза.[1337]

| Каза/нахија | За колу села | Сума |
|---|---|---|
| Леринска каза | 5 села | 32.590 |
| Костурска каза | 22 села | 121.680 |
| Разлошка каза | 5 села | 47.060 |
| Неврокопска каза | 3 села | 36.710 |
| Охридска каза | 38 села | 144.345 |
| Ресенска нахија | 16 села | 49.865 |
| Демирхисарска нахија | 5 села | 20.045 |
| Преспанска нахија | 4 села | 13.730 |
| Ѓавато-кол нахија | 2 села | 34.086 |

*Табела 20. Распоред за распределбата на заемот од Бугарската земјоделска банка*[1338]

Уште една последица која оставила негативен ефект врз економијата било привремено запирање на работата на памучните фабрики дури и во градот Солун. Тоа било предизвикано од покачувањето на цените и слабата продажба на индустриски производи.[1339] Ова повторно значело зголемена невработеност и пад на стандардот, макар и краткорочно. Тука треба да се спомене и позитивниот економски ефект кој го имало востанието, а тоа е растежот на индустријата за производство за брашно. Имено, разместувањето и раздвижувањето на османлиски војски за време на востанието и по него ја зголемиле потрошувачката за брашно и се зголемила побарувачката. Најголемата солунска фабрика за брашно чиј дневен капаците се проценувал на 120.000 кг, како последица на концентрираните османлиски војски во

[1336] ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, ае. 66.
[1337] Истото, 9.
[1338] Табелата е составена според податоците од ДАРСМ фонд Бугарски конзулат – Битола мф. 4300, оп. 1, ае. 66, 9.
[1339] Д. Зографски, Економски текови..., 603.

Македонија, во 1903 година произвела 38.000 тони брашно, а идната 1904 година била во состојба да произведе 40.000 тони брашно.[1340] Како и да е ваквиот пораст на побарувачката имал и негативен ефект врз цените, односно зголемената побарувачка, како од војската, а поради оскудицата со храна и од населението по востанието, придонесувала растот на цените да биде уште подрастичен и поголем. Од друга страна тоа било случај само во некои градови. Во поруралните население места и градовите во внатрешноста тоа не било случај, особено имајќи го во предвид фактот дека бил уништен голем број на воденици од страна на војската, со цел востаниците да немаат како да се прехрануваат.

[1340] Истото, 573.

# Заклучок

**1.** Илинденското востание е настан кој претставува пресвртен чин во историјата на револуционерното и националноослободително движење на Македонскиот народ. Тоа оставило неизбришлива трага. Сурово задушување и настапувањето на османлиските војски и башибозуци оставиле големи и силни социо-економски последици врз османлиска Македонија кои се чуствувале во сите наредни години до крајот на османлиското владеење. Притоа кога се говори за Илинденското востание секогаш треба да се има предвид и да се запази моментот дека во потесно значење со тоа име се означува востанието во Битолскиот револуционерен округ. Во другите окрузи, со исклучок на Серскиот каде официјално била донесена одлука востанието да започне на празникот Крстовден, немало официјални одлуки за почеток на востанието донесени на окружни конгреси. Таму акциите започнале во летото 1903 година и се засилиле со почетокот на востанието во Битолскиот револуционерен округ. Често Илинденското востание се поистоветува како востание на територијата на цела османлиска Македонија што е методолошки погрешно. Оттука, доколку Илинденското востание го прифатиме само како термин со кој ја означуваме целокупната востаничка 1903 година тогаш не би било погрешно, бидејќи историчарите и за други настани и држави понекогаш користат договорни термини за да ги означат или разликуваат, како што го користиме и ние во случајов и ги подразбираме последиците за целокупната територија на османлиска Македонија. Особено што кога се разгледуваат некои моменти како економскиот, во некој дел и да немало востание, сепак било да е тоа поради несигурности или прекинати патишта, железници и сл. и тој дел трпел последици од востанието. Но, треба да се прави јасна дистинкција во каков контекст и за што се употребува терминот, бидејќи востанието не започнало секаде истовремено.

Изворите за случувањата во османлиска Македонија во 1903 година се бројни, бидејќи настаните предизвикале широк интерес во меѓународната јавност. Меѓутоа кога се разгледуваат последиците од востанието секогаш прво во предвид треба да се имаат методолошките аспекти на изворите. Мора да се знае задднината на тој што известувал, кои биле неговите цели и намери и што

сакал да постигне со извештајот. Битно е и од кој биле добиени информациите. Секоја заинтересирана страна во Македонија известувала согласно нејзините политички и идеолошки ставови. Оттука, доколку не се има предвид задднината на тој што известувал, може да се дојде до сосема погрешни заклучоци.

**2.** Немирната и политички нестабилна ситуација во османлиска Македонија била таква од почетокот на XX век. Особено до разгорување на насилствата дошло во почетокот на 1903 година. Територијата на Македонија била преплавена од чети почнувајќи од пролетта 1903 година, а судирите со османлиските војски станувале се почести и побројни. За смирување на состојбите во Македонија, Османлиите настапиле поприлично сурово, бидејќи доколку се оставело востанието да трае, се зголемувала опасноста од вмешување на Големите сили во работите на Империјата. Таквото сурово настапување на Османлиите предизвикало огромна метеријална штета и човечки жртви. Дури се појавиле гласини дека се работи за систематско убивање на христијанското население. Гласини кои по со изгледа во одреден степен биле вистинити. Големиот број на уништени села и жртви ја потврдуваат делумната намера за истребување. Иако не е сигурно дали изрична таква наредба имало, со самото тоа што тактиката на османлиските војски била уништување на селата и жесток терор врз населението за поефикасно задушување на востанието, како и непреземањето на доволни мерки и не направената смена на башибозукот и илавето, кои ги правеле најголемите злосторства, говорат дека сепак се работи за делумно истребување на христијанското население, без оглед кон која црква припаѓало истото.

Кај човечките загуби од востанието се разликуваат повеќе типови на жртви. Притоа не се јавуваат само паднати востаници, туку и голем број на цивилни жртви. Кај цивилните жртви има убиени лица, понатаму тепани и измачувани, обесчестени жени и девојки, грабнати жени и деца и присилно исламизирани жени и девојки. Точна вкупна бројка за овие жртви никогаш нема да може да се даде, особено за некои типови на цивилни жртви како тепаните и малтретирани лица, за кои нема детални податоци, а во извештаите многу често се среќаваат примери за вакви насилства. Исто така иако може да се процени приближно колкав бил бројот на обесчестени жени и оваа проценка не може да се сведе на голема прецизност, бидејќи од срам голем број на жени, и нивните семејства не

кажувале дека биле силувани. Уште една категорија на цивилни жртви се невините лица кои биле затворени. Некои од нив, од измачувањата и болестите умреле во затворите. Во оваа категорија на човечки жртви спаѓаат и затворените востаници и членови на Организацијата, а стапката на смртност во затворите била прилично висока и изнесувало речиси 35%. Во друга категорија на човечки жртви спаѓаат лицата кои умреле како последица од гладот и болестите кои крстосувале низ Македонија во месеците по востанието. Зимата 1903/1904 година била исклучително тешка за населението кое останало без своите домови, храна, облека и основни средства за живот. Особено во бедна положба се нашле семејствата чии мажи биле затворени или загинале во текот на востанието, па биле останати без издршка. Во една исклучително тешка положба се наоѓале децата кои ги загубиле своите родители во востанието и останале сами на себе. Голем дел од нив немајќи никакви основни средства бил препуштени на смртта.

Во поглед на материјалната штета таа е непроценливо голема. Најголема била штетата врз недвижните имоти, односно големиот број на уништени куќи, дуќани, училишта, воденици, цркви и други градби. Била причинета огромна материјална штета и на подвижниот имот. При нападите на селата од страна на војската или башибозуците се вршел масовен грабеж на куќите, но и на реколатата, добитокот и се останато што имало некаква вредност. Ваквата состојба предизвикала голем глад уште во текот на востанието и периодот кој следел по востанието, со иљадници жители останати без покрив над главата и пораст на болестите, од кои некои случаи звршувале со смртен исход.

**3.** Во јавноста започнале секојдневно да се шират информации за суровото задушување на востанието. Ваквите вести кренале голема прашина и општеството вршело притисок врз претставниците на Големите сили, за тие да преземат чекори за случувањата во Македонија. Османлиските власти стравувајќи од можна странска интервенција преземале мерки со цел спречување на протокот на непријатни вести за суровото задушување на востанието. Прва мерка која ја презеле била изолирање на уништените села и недозволување на нивните жители да дојдат до градовите. Меѓутоа оваа мерка се покажала како неуспешна. Биле потребни огромни човечки ресурси за прекин на движењето, што било практично невозможно бидејќи војската била потребна

на други места за задушување на востанието. Уште една мерка која што била преземена биле забрани за движење на новинарите кон изгорените места. Сепак некои новинари успевале скришно да ги посетата местата и да добијат информации од прва рака за слученото. Сите преземени мерки од страна на османлиските власти се покажале како залудни, а протокот на непријатни информации не само што не бил намален, туку секојдневно се објавувале нови и нови описи на ужасите. Затоа во почетокот на септември Портата доставила безусловна наредба до сите европски дописници да ја напуштат Македонија, со образложение дека шират невистините информации за состојбата.

Поради неуспехот на преземените мерки Османлиите започнале да користат други тактики за прикажување на една лажна слика за состојбите во Македонија. Притоа тие ги негирале пишувањата во печатот за состојбите. Дури во некои случаи Хилми паша изјавувал дека во земјата владее мир. Се преминало и кон обвинување на востаниците за грабежите, палежите на селата, обесчествувањата и сл. Па така, доколку се читаат османлиските извештаи би се добила една слика дека за сиот ужас кој го снашло населението биле виновни востаниците. Можеби во почетокот кога биле прекинати сите линии за комуникација, некој ќе поверувал во османлиските извештаи, но потоа, сите дипломати имале информации од прва рака за случувањата во Македонија и на османлиските не придавале голема важност. Вистина е дека имало уништувања и од востаниците, но тие биле насочени кон инфраструктурата, со цел попречување на движењето на османлиските војски и нанесување на штета на државата. Напади на села имало ретко и тие се однесуваат на некој кој извршил предавство или кон село кое ги нападнало востаниците и сл.

На крајот со цел прикажување на „вистинската“ ситуација во Македонија за шеф на османлиското Пресбиро бил назначен Американец, но ништо од преземеното не го дало посакуваниот резултат. Вестите за состојбата и насилствата во Македонија продолжувале да се шират со светлосна брзина. Немајќи друг излез, а во обид да ја ублажат напнатата ситуација и веќе очигледното вмешување на Големите сили, Османлиските власти започнале да преземаат мерки со цел „помош“ на настраданите, сакајќи со овие мерки да фрлат прав во очите на Големите сили дека се работи на подобрување на положбата, нешто што било случај и во минатото со воведување на реформи од

страна на султанот, надевајќи сè дека со нив ќе се избегне странската интервенција и вмешување. Сите преземени мерки имале мошне мал ефект.

**4.** Македонија со задушувањето на востанието се наоѓало во состојба на хуманитарна криза. Во обид да се помогне колку што може на населението веднаш се вклучила Организацијата, секако во рамки на нејзините можности. Од друга страна хуманитарната катастрофа имала голем одзвук низ светот и голем број на хумани лица и организации започнале со организирање на митинзи и собирање на доброволни прилози за помош на настраданите во Македонија. Биле испратени и хуманитарни мисии, од која особена активност на теренот пројавиле претставниците на Балканскиот комитет, американските и католичките мисионери. Последниве дејствувајќи и пропагандно и користејќи ја помошта како пропагандно средство за премин кон католицизам. Сепак, тие биле најхумани во однос на другите „хуманитарни“ пропаганди кои се појавиле во Македонија по востанието. Пропагандите на соседните држави кои и дотогаш дејствувале на теренот, со настанатата ситуација во Македонија нашле нов начин за проширување на своето влијание – „хуманитарниот“. За возврат на помошта која ја делеле претставниците на овие пропаганди го приморувале населението да преминува на нивна страна, да потпишува одредени изјави во со согласност со нивните политики за востанието и сл. Оттука оваа помош, ако може да се нарече воопшто помош била во голема мера селективна и не била делена на сите, а главната цел била политичка и проширување на влијанието.

**5.** Поради големата прашина која била крената и немирните духови во османлиска Македонија, дури откако востанието било речиси задушено Големите сили решиле да интервенираат со донесување на нов пакет на реформи познат како Мирцштегска реформска програма. Меѓутоа овие реформи не биле од некои хумани причини или обид за плакнење на гревовите за неинтервенирањето и советите до Портата за задушување на востанието. Тие биле воведени поради политиката на сите заинтересирани држави кои во моментот сè уште не биле спремни да навлезат во финална фаза за решавање на македонското прашање, кое доколку се решавало би довело најверојатно до војна. Оттука тие гледале колку што е можно подолго да го задржат статус квото и сметале дека реформите ќе бидат доволни за постигнување на тоа.

Со Мирцштегската програма покрај реформите во жандармеријата и администрацијата биле предвидени членови за подобрување на положбата на населението настаната со востанието, државна помош за настраданите и амнестија. Иако на прв поглед реформите по прифаќањето од страна на султанот започнале веднаш да се имплементираат во пракса, прашањето е во нивната успешност. Државната помош не ги задоволила потребите на населението; предвиденото даночно ослободување од една година било заобиколувано од властите; реформите во финансиите и формирањето на одделен буџет за секој вилает било спроведено, но средства определени за капитални инвестиции биле мошне мали. Иронијата е уште поголема што истиот дотогашен „реформатор“ Хилми паша, кој бил одговорен за многу ужаси и неприлики кои го снашле населението во текот и по востанието, и кој ништо не преземал бил задржан за Генерален инспектор и главен спроводник на реформите.

Реформите кои биле воведени иако претставувале одреден исчекор во однос на претходните, бидејќи за нивно спроведување била одредена меѓународна контрола, сепак тие биле далеку од суштински, а во поглед на подобрување на положбата на населението и ублажување на последиците од востанието немале речиси никаков ефект. Затоа тие биле речиси тотално фијаско, а во некои погледи ситуацијата во османлиска Македонија наместо да се подобри таа дури и се влошила.

**6.** Уште една последица од задушувањето на востанието биле негативните демографски движења во османлиска Македонија. Состојбите во Македонија предизвикале зголемена надворешна емиграција на населението. Голем број на бегалци имало во соседните балкански држави, а најмногу во Бугарија. Тие се наоѓале во овие држави во не толку добра состојба и не секаде биле топло дочекувани од страна на домашното население.

Илинденското востание претставува една пресвртна точка во емиграцијата од Македонија и кон пооддалечените земји. Од овој период започнало и поголемо заминување кон Американскиот континент. Сепак треба да се има во предвид дека најголемиот дел од оваа емиграција била времена, која траела неколку години, се додека овие лица не стекнеле значителни суми на пари за да можат да се вратат во своите родни места и да си купат земјиште, куќа и сл. Во однос на целокупниот број на население емиграцијата и човечките жртви од

востанието предизвикале стагнација на населението во османлиска Македонија, па во некој места дури и депопулација во годините непосредно по 1903 година.

Бугарија и Османлиската држава започнале преговори, главно под притисок на Големите сили за да се избегне нова војна поради затегнатите односи помеѓу овие две држави. Овие преговори биле водени и од личните интереси на двете држави. Во преговорите од страна на Бугарија било засегнато и прашањето за репатриацијата на бегалците. Овие бегалци претставувале голем терет за Бугарската држава која барала начин за да се спаси од нив. Преговорите завршиле со потпишување на турско-бугарски договор на 26.03/08.04.1904 година, со кој била предвидена репатриација на бегалците која започнала веднаш. Иако голем дел од бегалците се вратил во Македонија, еден дел останал во Бугарија. Бугарската држава гледала на секој начин да го отежни нивниот живот во Бугарија со цел да ги принуди преостанатите бегалци да се вратат. меѓутоа во ништо подобра ситуација не се наоѓало ниту населението кое се вратило.

**7.** Сета ситуација во која се наоѓала османлиска Македонија со нестабилност и неизвесност, потоа насилства, грабежи, убиства и сл. во текот на востанието оставиле силни последици врз економијата. Земјоделството, кое и дотогаш не било во најдобра состојба, бидејќи 1902 година била со лош род, со грабежот на добитокот, уништената и ограбена реколта и орудија за работа се нашло во уште понезавидна положба. Имајќи предвид дека речиси 80% од населението било вклучено во земјоделското производство, ваквата положба на земјоделието оставила значителни последици. Ниту трговијата не била многу подобра. Бизнис зделките биле одложувани поради неизвесноста пред востанието, а во текот на востанието во многу места трговијата целосно замрела, и дуќаните и чаршиите се затворале при појава на најмала паника и насилства. Опаднал и увозот и извозот разгледуван преку Солунското пристаниште.

Во поглед на цените, војната и воените состојби речиси секогаш како своја економска последица имаат инфлација. Дополнително поради зголемената потреба од основни средства за живот, украдената и уништена храна и реколта цените на овие производи оделе нагоре. Од друга страна стандардот на населението опаднал. Тоа било осиромашено и се наоѓало во беда, не можејќи да си ги задоволи основните потреби. Делумно цените на дневниците пораснале

поради недостатокот на работна рака во годините по востанието, поради зголемената емиграција. Меѓутоа покачувањето на дневниците значеле и дополнителен пораст на цените, кои се зголемувале многу повеќе отколку дневниците. На тој начин стандардот за живот стагнирал и опаѓал, а цените оделе уште нагоре. Неможноста за задоволување на основните потреби за живот, проследени со немање на доволно средства за обнова на живеалиштата и слични фактори воделе кон пораст на задолженоста на македонското население. Единствена позитивна економска импликација од востанието бил растежот на индустријата за брашно, поради раздвиженоста и приливот за османлиските војски и потребата за нивна прехрана. Но зголемената побарувачка за брашно, значи и повторно пораст на цените на овој производ за кој побарувачката е совршено нееластична.

Генерално гледано економијата на османлиска Македонија уште од почетокот на 1903 година се наоѓала во стагнација, а почетокот на востанието уште повеќе ја влошил. Суровото задушување на востанието оставило огромни економски последици со намалено земјоделско и индустриско производство, пад во трговијата, пораст на цените, пораст на емиграцијата и опаѓање на стандардот на населението. За опоравување на економијата биле потребни повеќе години, но и силни заложби од властите кои ги немало. Такви заложби немало ниту од Големите сили кои определиле реформи за османлиска Македонија. Реформи кои биле заради невните економски и политички интереси. Веќе во 1908 година следувала Младотурската револуција, а потоа Балканските војни, така што надежите за опоравување на економијата исчезнале.

# Библиографија

## 1. Извори

### А) Необјавени архивски материјали во Државниот Архив на Република Северна Македонија

фонд 491 Пелагониска егзархиска митрополија Битола 1898-1916.

фонд 494 Охридска егзархиска митрополија Охрид 1892-1904.

фонд 495 Скопска егзархиска митрополија Скопје 1890-1913.

### Б) Микрофилмувани фондови и збирки во Државниот Архив на Република Македонија

фонд Бугарски конзулат – Битола (мф. 4300, 4301, 4302, 4304, 4310).

### В) Интернет

List of Branches of the Imperial Ottoman Bank (1914). На сајтот Salt Reaserch https://archives.saltresearch.org/handle/123456789/13847

Настевъ, Христо, Въ горящето с. Арменско-Леринско, При труповете на кървавия народен жертвеник през Илинденското въстание, Варна, 10. II. 1941 година. https://www.strumski.com/books/Nastev_Armensko.pdf

## 2. Објавени документи

Австриски документи за историјата на македонскиот народ 1905-1906. Т. I, Редакција, превод и коментар Данчо Зографски, Архив на Македонија, Скопје, 1977.

Австриски документи за реформската акција на европските големи сили во Македонија 1903-1909, Предговор и редакција Михајло Миноски, Избор на документи и превод Ѓорѓи Стојчевски, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2002.

Амнестираните илинденци во 1904 година, Превод и коментар Драги Ѓоргиев, Државен архив на Република Македонија, Институт за национална историја, Скопје, 2003.

Андоновски Пољански, Христо, Неколку австриски документи за стопанската ситуација во Македонија непосредно пред Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 10-11, 1959.

Атанас Шопов, Дневник, дипломатически рапорти и писма, Македонски научен институт – София, София, 1995.

Балканският комитет в Лондон (1903-1946), Съставител Иван Илчев, Превод, бележки и показалци Димитър Григоров, Главно управление на архивите при министерсия съвет, София, 2003.

Бѣлѣжки за търговията и индустрията на Македония, Български прѣглед. Списание за наука, литература и общественъ животъ, година II, книга IV-V, 1895.

Биляарски, Цочо, Документи за Христо Матов и ВМОРО от Илинденско-Преображенското въстание до Балканската война (1903-1912 г.), Известия на държавните архиви, 85-86, 2003.

Британски документи за историјата на Македонија, т. VI, (1901-1904), Вовед и редакција Александар Трајановски, Државен архив на Република Македонија и Македоника литера, Скопје, 2012.

Британските конзули во Македонија 1797-1915, документи, Редакција Драги Ѓоргиев, Избор и превод Драги Ѓоргиев и Зорица Божиновска, Државен Архив на Република Македонија, Скопје, 2002.

Brancoff, M. D. La Macédoine et sa population chrétienne, Paris, 1905.

Германски документи за политиката на Германија и европските големи сили во Македонија (1904-1910), Избор, предговор и редакција Ѓорѓи Стојчевски, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2005.

Грчки документи за историјата на Османлиска Македонија (крај на XIX и почеток на XX век), Избор, предговор, вовед и редакција Димитар Љоровски, Државен архив на Република Северна Македонија, Скопје, 2023.

Димевски, Славко, Католичките мисионери во Македонија за Илинденското востание, Гласник на Институтот за национална историја, год. 7, бр. 1, 1963.

Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1893-94 on the trade of the consular district of Salonica, Foreign office, London, 1896.

Diplomatic and Consular Reports of Trade and Finance. Turkey. Reports for the Years 1895 on the trade of the consular district of Salonica, Foreign office, London, 1897.

Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1903 on the trade of Salonica, London, 1904.

Diplomatic and Consular reports. Tureky. Report for the year 1904 on the trade of Salonica, Foreign office, London, 1905.

Добриянов, Тодор, Документ за икономическото и политическото състояние на Битолския вилает след Илинденско-преображенското въстание, Македонски преглед, бр. 1, 2002.

Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, том први од населувањето на Словените во Македонија до крајот на Првата светска војна, Редакција Христо Андонов-Полјански, Велимир Брезоски, Иван Катарџиев, Бранко Панов, Александар Христов, Уредник Христо Андонов-Полјански, Универзитет „Кирил и Методиј, Факултет за Филозофско-историски науки, Скопје, 1981.

Документи за Българската История, Документи из Турските Държавни Архиви, Том IV, Част II (1863-1909), Подбрал Панчо Доревъ, Българската академия на науките, София, 1942.

Документи о спољној политици Краљевине Србије 1903–1912, књига I, свеска 1, 29. мај/11. јуни 1903 – 14/27. фебруар 1904, Приредио Андрија Раденић, Уредник Радован Самарџић, Српска академија наука и уметности, Београд, 1991.

Документи од виенската архива за Македонија од 1879-1903, Подбор, редакција и коментар Томо Томоски, Институт за национална историја, Скопје, 1955.

Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, втор том, Просвета, Куманово, 1996.

Дракул, Симон, Македонија меѓу автономијата и дележот, трети том, Догер, Скопје, 1997.

Ѓорѓиев, Ванчо, ВМРО 1893-1903 поглед низ документи, Матица македонска, Скопје, 2013.

Ѓорѓиев, Ванчо. ВМРО 1904-1908 поглед низ документи, Тримакс и Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2020.

Извештаи од 1903 година на српските конзули, митрополити и училишни инспектори во Македонија, Редакција и коментар Љубен Лапе, Институт за национална историја, Скопје, 1954.

Извештаи од 1903-1904 година на австриските претставници во Македонија, Превод, редакција и коментар Данчо Зографски, Институт за национална историја, Скопје, 1955.

Илинден во француски дипломатски документи, Избор, редакција и коментар Глигор Тодоровски, Архив на Македонија, Скопје, 1993.

Кендерова, Стояанка и Добрева, Маргарита, Документи за историјата на Илинденско-Преображенското въстание, съхранавани в Истанбулския османски архив на генералната дирекция на държавните архиви на Република Турция, Известия на държавните архиви, 85-86, 2003.

Китанов, Валентин, Принос към дипломатическата история на България, Григор Начович и Българо-турското споразумение от 1904 г., Документален сборник, Синева, София, 2004.

Костурско въ Македонската революция, официални документи изъ тайнитѣ турски архиви на великото везирство и на Хилми паша, Събрани и преведени отъ Панчо Доревъ, съ предговоръ отъ Хр. Силяновъ, Костурското благотворително братство – София, София, 1937.

Кънчов, Васил, Македония, Етнография и статистика, Българското книжовно дружество въ София, София, 1900.

Кънчов, Васил, Избрани произведения. Том II, Издателство "Наука и изкуство", София, 1970.

Лапе, Љубен, Нови документи за илинденското востание, Илинденски зборник 1903–1953, Институт за национална историја, Скопје, 1953.

Лапе, Љубен, Неколку нови документи за 1903 година, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 6, Скопје, 1953.

Македония и Одринско (1893–1903), Мемоаръ на Вътрѣшната организация, София, 1904.

Македония. Собрник от документи и материали, Отговорни редактори: Димитър Косев, Христо Христов, Николай Тодоров, Валентин Станков, Редактори: Вои Можинов, Любомир Панайотов, Българска академия на науките, София, 1978.

Македония и Тракия в борба за свобода (краят на XIX– началото на XX век), Нови документи, Величко Георгиев и Стайко Трифонов, Македонски научен институт, София, 1995.

Македонофилското движење во Западна Европа во 1903 година, документи, Редакција и коментар Манол Пандевски, Архив на Македонија и Матица македонска, Скопје, 1995.

Матковски, Александар и Поликсена Ангелакова, Извештај на француските конзули од Солун од 1877 до 1883 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVI, бр. 1, 1972.

Матковски, Александар и Поликсена Ангелакова, Извештај на францускиот конзул од Солун од 1883–1885 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVI, бр. 2, 1972.

Матковски, А. и П. Ангелакова, Извештаи на италијанските конзули од Солун и Кавала од 1870 до 1881 година, Гласник на Институтот за национална историја, година XVIII, бр. 2, 1974.

Одбрани текстови за историјата на македонскиот народ (1800 - 1919 година), II дел. Составил Љубен Лапе, Универзитет "Кирил и Методиј", Скопје, 1976.

Освободителната борба на Българите в Македония и Одринско 1902/1904 дипломатически документи, Наука и изкуство, София, 1978.

Петров, Петъар, Исламизации в Македония и Одринско по време на Илинденско-Преображенското въстание през 1903 г., Известия на държавните архиви, брой 85-86, 2003.

Романски дипломатски документи за Македонија (1901 – 1903), том II, Вовед, избор и редакција Благој Зашов, Државен архив на Република Северна Македонија, Скопје, 2020.

Славов, Слави, Финансовото и военното подпомагане на ВМОРО от българските правителства (1903-1908), измерения, характер и проблеми, Исторически преглед, 1-2, 2006.

Стоичковски, Благој, Шведско-норвешки документ за Македонија од 1904 година, Историја, год. XVI, број 2, 1980.

Стојчевски, Ѓорги, Неколку австроунгарски документи за Илинденското востание во Македонија од 1903 година, Гласник на Институтот за национална историја, бр. 1-2, 1992.

Странскиот печат за илинденското востание (материјали), Здружение на новинарите на Н. Р. Македонија, Скопје, 1953.

Тодоровски, Глигор, Неколку нови документи од активноста на Внатрешната организација по Илинденското востание, Гласник на Институтот за национална историја, год. 15, бр. 3, 1971.

Турски документи за Илинденското востание, Избор, превод, редакција и коментар Александар Стојановски, Архив на Македонија, Скопје, 1993.

Турски документи за Илинденското востание од Султанскиот фонд "Јилд'з", Превод, редакција и коментар Драги Ѓоргиев и Лили Благадуша, Архив на Македонија и Матица македонска, Скопје, 1997.

Турски документи за оружените борби во Македонија 1903–1908, превод, редакција и коменатр Драги Ѓоргиев, Државен архив на Република Македонија, Скопје, 2007.

Turkey. No. 3. (1903). Further correspondence respecting the affairs of South-eastern Europe, London, 1903.

Turkey. No. 1. (1904). Further correspondence respecting the affairs of South-eastern Europe March-September, 1903, London, 1904.

Turkey. No. 2. (1904). Further correspondence respecting the affairs of South-eastern Europe, London, 1904.

Turkey. No. 4. (1904). Further correspondence respecting the affairs of South-eastern Europe, London, 1904.

The Events of 1903 in Macedonia as Presented in European Diplomatic Correspondence, Edited and annotated by Angelos A. Chotzidis, Basil C. Gounaris, Anna A. Panayotopoulou, Museum of Macedonian Struggle, Thessaloniki, 1993.

Христов, Н. Костадин, Кога затрака револверот, Клуб 8, София, 2011.

### 3. Спомени и патописи

Борбата въ Костурско и Охридско (до 1904 год.) по спомени на Иванъ Поповъ, Смиле Войдановъ, Деянъ Димитровъ и Никола Митревъ, Съобщава Л. Милетичъ, Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1926.

Брејлсфорд, Ноел, Хенри, Македонија. Нејзините народни и нејзината иднина, (второ издание), Култура, Скопје, 2003.

Васил Чекаларов дневник 1901-1903 г., Съставителство Ива Бурилкова, Цочо Билярски, ИК „Синева", София, 2001.

Въстаническото движение въ югозападна Македония (до 1904 год.) по спомени на Славейко Арсовъ, Съобщава Л. Милетичъ, Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1925.

Дневници и спомени за Илинденско-преображенското въстание, Съставители Здравка Нонева, Цочо Василев Билярски, Надежда Йорданова Недкова, Пейо Пеев, Мария Арнаудова, Страхил Точев, Александър Петров Маринов, Редактори Любомир Атанасов Панайотов, Дойно Христосков Дойнов,

Димитър Христов Минцев, Главно управление на архивите на Министерския съвет, Издателство на Отечествения фронт, София, 1984.

Ѓорче Петров, Спомени, Кореспонденција, Вовед, коментар и редакција Љубен Лапе, Култура, Скопје, 1984.

Каравангелис, Германос, Македонската борба (мемоари), Превод од грчки Васко Караџа, Култура, Скопје, 2000.

Кецкаровъ, А. Презъ втората половина на възстанието – 1903г. – въ Охридско, Илюстрация Илиндень, година IX, книга 2, февруарий 1937 год.

Македонија во делата на странските патописци 1850-1864, Редактор Александар Марковски, Мисла, Скопје, 1992.

Македонија во делата на странските патописци 1903, Редактор Александар Марковски, Ѓурѓа, Скопје, 2007.

Македонија во делата на странските патописци 1903-1904, Редактор Александар Марковски, Ѓурѓа, Скопје, 2008.

Освободителната борба въ Костурско (до 1904 год.) по спомени на Пандо Кляшевъ, Съобщава Л. Милетичъ, Македонскиятъ наученъ институтъ, София, 1925.

Революционната борба в Битолския окръг спомени на Георги Попхристов, Библиотека Струмски и Илинденска организация, София, 2014.

Темчевъ, Н. Жертвитѣ при потушаване на Илинденското възстание, Илюстрация Илиндень, година XIV книга 4, книга 5, книга 6, книга 9, книга 10, 1942; година XV, книга 1, книга 2, книга 3, книга 4, книга 5-6, книга 7, 1943.

Томовъ, Лазаръ, Революционитѣ действия въ Разложко презъ 1903 год. (спомени), Илюстрация Илиндень, година 5, книга 7-8, юний-юлий 1933.

Fraser, Foster, John, Pictures from the Balkans, Cassell and company, limited, London, Paris, New York and Melbourne, 1906.

Wyon, Reginald, The Balkans from Within, London, 1904.

## 4. Литература

Al, Hüseyin, Banks and banking, Encyclopedia of the Ottoman Empire, 2009.

Андонов-Полјански, Христо, Односот на Соединетите Американски Држави кон Македонија и кон македонското прашање во XIX век и во периодот на Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, книга 2 (28), 1976.

Андонов-Полјански, Христо Од Македонската историја, Одбрани дела том втори. Мисла, Скопје 1981.

Андонов—Полјански, Христо, Илинденското востание, Одбрани дела том петти, Мисла, Скопје, 1980.

Апостолов, Александар, Кратовско во време на Илинденското востание, Историја, год. II, број 1-2, 1966, 88.

Битоски, За лихварството во Македонија во втората половина на XIX век, Гласник на институтот за национална историја, година XIV, број 2-3, 1970.

Битоски, Крсте, Ставот на Кралството Грција кон Македонија и кон Македонската револуционерна оргнизација (1893–1903), Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република“ Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Битоски, Крсте, Дипломатски одгласи за Илинденското востание, Архив на Македонија, Скопје, 1983.

Birdal, M. The Political Economy of Ottoman Public Debt. Insolvency and European Financial Control in the Late Nineteenth Century, Tauris Academic Studies, London • New York, 2010.

Бужаровски, Дамјан, Значењето на афионот за економијата на османлиска Македонија, Историја, год. LVII, бр. 1, 2022.

Бужаровски, Дамјан, Влијанието и последиците од Долгата депресија (1873-1890-тите) врз османлиска Македонија, Историја, 58, 2, 2023.

Бѣлевъ, Ив. Г. Въстанието въ Сѣрския революционен окрѫгъ презъ 1903 год., Илюстрация Илиндень, година 2, книга 10, София, ноемврий 1929.

Блѣда картина на революционата наша страна и хуманостьта на вънкашния свѣтъ, Македония мѣсечно илюстровано популярно списание, книга I, София, мартъ 1903.

Вамваковски, Љоровски, Димитар, Германос Каравангелис: грчката пропаганда во Костурската епархија (1900-1903), Институт за национална историја, Скопје, 2017.

Гелтон, Фредерик, Македонското прашање и Франција, Прилози за Илинден 9, Научно-културни средби „Десет дена Крушевска република“, Крушево, 2003.

Германов, Стоян, Европейският печат за въстаническите действия в Серски революционен окръг, Македонски преглед, бр. 3, 2003.

Глигоров, Илија, Здравствената помош во времето на Илинденското востание, 100 години Илинден 1903–2003 прилози од научниот собир одржан на 6–8 мај 2003, Том I, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2005.

Gounaris, C. Basil, Emigration from Macedonia in the Early Twentieth Century, Journal of Modern Greek Studies, Volume 7, 1989.

Групчевъ, Лука, Въстанието въ охридска Малесия презъ 1903 г., Илюстрация Илиндень, година 5, книга 7-8, юний-юлий 1933.

Димески, Димитар, Ѓурѓовденскиот масакр во Битола, 1903 година, Историја/ Journal of History 7.2, 1971.

Димески, Димитар, Турските репресалии во леринските села за време на Илинденското востание, Историја, IX, 1, 1973.

Димески, Димитар, Османлискиот терор во Костурската каза во периодот на илинденското востание, Историја / Journal of History X, 2, 1974.

Димески, Димитар, Македонското националноослободително движење во Битолскиот вилает (1893-1903), Студентски збор, Скопје, 1981.

Димитријевић, Мита, Привреда и трговина у Новој Србији, књига прва, Београд, 1913.

Динев, Ангел, Илинденската епопеја, книга прва, Мисла, Скопје, 1987.

Динев, Ангел, Илинденската епопеја, книга втора, Мисла, Скопје, 1987.

Ѓорѓиев, Ванчо, Слобода или смрт. Македонското револуционерно националноослободително движење во Солунскиот вилает 1893-1903 година, Табернакул и Институт за историја - Филозофски факултет Скопје, Скопје, 2003.

Ѓорѓиев, Ванчо, Солунскиот конгрес на ТМОРО 1903 година и прашањето за востание, Историја 40, 1-2 ,2004.

Ѓорѓиев, Ванчо, Хемиската и сродни индустрии во Македонија до 1912 година, 100 години прехрамбена, текстилна, хемиска и металуршка индустрија во Македонија, Сојуз на хемичарите и технолозите на Македонија, Скопје, 2009.

Ѓорѓиев, Ванчо, Подземната република – Дамјан Груев и македонското револуционерно движење, Тримакс и Филозофски факултет - Скопје, Скопје, 2010.

Ѓорѓиев, Ванчо, Битка за гробишта – бизарноста на пропагандите во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет 64, 2011.

Ѓорѓиев, Ванчо, Кралот на Блатото Апостол Петков, Државен Архив на Република Македонија, Скопје, 2013.

Ѓорѓиев, Ванчо, Прашањето за амнестија на водачите од Илинденското востание, Гласник 57, 1-2, 2013.

Ѓорѓиев, Ванчо, Реформи за мир или одлагање на конфликтот, Сто години од Балканските војни (прилози од научниот собир одржан на 3-4 декември 2012 година), МАНУ, Скопје 2013.

Ѓорѓиев, Ванчо, Анастас Лозанчев, Филозофски факултет, Скопје, 2014.

Ѓорѓиев, Ванчо, Врховистичката востаничка провокација (1902), Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015.

Ѓорѓиев, Ванчо, Илинденското востание (1903), Востанијата во Македонија, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2015.

Ѓорѓиев, Ванчо, Андон Јанев–Ќосето, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, 2016.

Ѓорѓиев, Ванчо, Забранетото име, Седумдесет години Институт за историја / Седумдесет години македонска историографија, Институт за Историја, Филозофски факултет, 2017.

Ѓеорѓиевска, Елица, Ставот на римокатоличката пропаганда во Македонија кон Илинденското востание, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република“ Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Зографски, Данчо, Причините и насоките на превирањата за време на источната криза, Македонија во источната криза 1875-1881, Скопје, 1978.

Зографски, Данчо, Економски текови и промени, книга втора, Наша книга, Скопје, 1986.

Илиевски, Борче, Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи од 1921 и 1931 година), Филозофски факултет, Скопје, 2017.

Историја на Крушево и Крушевско: од постанокот на градот до поделбата на Македонија, ред. Крсте Битоски, Собрание на општината и општински одбор на сојузот на борците од НОВ – Крушево, Крушево, 1978.

Историја на Македонскиот народ, книга втора, НИП „Нова Македонија“, Скопје, 1969.

Јаќоски, Воислав, Илинденските настани во спомените на еден современик и учесник, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република“ Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Јовановски, Далибор, Грчки реакции за Илинденското востание, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 65, Скопје, 2012.

Катарџиев, Иван, Серскиот округ од Кресненското востание до Младотурската револуција национално-политички борби, Култура, Скопје, 1968.

Константинов, Хр. Душко, Смилево во Илинденското востаие, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

Кукудис, Ј. Астериос, Власите: Метрополи и дијаспора, Скопје, 2013.

Кьосев, Г. Дино, Илинденско въстание, Отечествен фронт, София, 1953.

Лапе, Љубен, Разловечкото востание од 1876 година и личноста на неговиот организатор Димитар Поп Георгиев Беровски, Скопје, 1976.

Лапе, Љубен, Внатрешната положба во Македонија за време на Источната криза, Македонија во источната криза 1875-1881, Скопје, 1978.

Майски Кировъ, Никола, „Гр. Крушово и борбитѣ му за свобода“, Илюстрация Илинденъ, година VI, книга 9 (59), 1934 и година VII, книга 4–5 (59), 1935.

Macedonia 1903, Balkan Committee, London, 1903.

Минов, Никола, Влашкото прашање и романската пропаганда во Македонија (1860-1903), Арс ламина, Скопје, 2013.

Минов, Никола, „Битка за жртвите: Прилог кон прашањето за одгласот на Илинденското востание во странскиот печат“, Историја/Journal of History, LIV/1, 2019.

Митрев, Анастас, Илинденското востание, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

Михов, Василев, Милен, С кръст и меч. Българската екзархия, ВМОРО и освободителните борби на българите в Македония и Одринско (1902 - 1912), Университетско издателство „Св. св. Кирил и Методий, Велико Търново, 2002

Надовеза Бранко, Српската јавност и Илинденското востание, Прилози за Илинден 9, Научно-културни средби „Десет дена Крушевска република“, Крушево, 2003.

Nehir, Nurullah & Bulut, Hüseyin, Balkanlardan Van'a Buxton Kardeşler ve Balkan Komitesi, Kafkas Üniversitesi Sosyal Bilimler Enstitüsü Dergisi 27, 2021.

Pamuk, Şefket, The Ottoman Empire in the “Great Depression” of 1873-1896, The journal of Economic History, vol.44, No.1, 1984.

Pamuk, Şefket, A Monetary History of the Ottoman Empire, Cambridge University Press, Cambridge, 2003.

Пандевски, Манол, Илинденските бегалци во Бугарија во 1903–1904 година, Книга за Илинден зборник на трудови по повод 65-годишнината од Илинденското востание, Институт за национална историја, Скопје, 1969.

Пандевски, Д. Манол, Илинденското востание во Македонија 1903, Институт за национална историја, Скопје, 1978.

Радулов, Георги, Въстанието в селата Кремен и Обидим, П. Македония, 100 години Илинден 1903–2003 прилози од научниот собир одржан на 6–8 мај 2003, Том I, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје, 2005.

Растовић, Александар, Балкански комитет о Македонији, Историјски часопис, књ. LIII, 2006.

Сидовски, Кочо, Италијанските политички и општествени кругови за илинденското востание во 1903, Годишен зборник на Филозофскиот факултет, 46, Скопје, 1993.

Силяновъ, Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ първи, Илинденското възстание, Илинденската организация, София, 1933.

Силяновъ, Христо, Освободителнитѣ борби на Македония, томъ втори, Следъ Илинденското възстание, Илинденската организация, София, 1943.

Славов, Слави, ВМРО от Илинден до Балканската война (1903–1912), Македонски научен институт, София, 2016.

Стоичковски, Благој, Одгласот на Илинденското востание во дел од британскиот печат, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република“ Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Темчевъ, Н. Статически листъ за числото на жертвитѣ презъ време на Илинденското възстание, Илюстрация Илиндень, година XV, книга 8, октомврий 1943.

Тодоровски, Глигор, Малореканскиот предел општествено-економски и просветни прилики во периодот од 80-те години на XIX век до крајот на Првата светска војна, Институт за национална историја, Скопје, 1970.

Тодоровски, Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т. II, Реформите на големите сили по Илинденското востание, Студентски збор, Скопје, 1984.

Тодоровски, Глигор, Реформите на големите европски сили во Македонија (1829-1909), т III, Жандармериските,финансиските и судските реформи во Македонија, Студентски збор, Скопје, 1984.

Томиħ, Светозар, Скопље-Тетово-Гостивар-Маврово-Галичник, Браство, 17, 1923.

Томовъ, А. и Баждаровъ, Г. Революционата борба въ Македония, София, 1917.

Трајановски, Александар, Егзархијата и Илинденското востание, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување“ одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република“ Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Трифуноски, Јован, Варошица Крушево. Прилог проучавању варошица у Н.Р. Македонији, Гласник Етнографског института Српске академије наука, књ. IV–VI (1955–1957), 1957.

The Balkan States part I, H.M. Stationery office, London 1920.

The Balkan Question, the present conditions of the Balkans and of European responsibilities by various writers, Edited by Luigi Villari, E. P. Dutton and company, New York, 1905.

Хаџивасилев-Вардарски, Миле, Социјалната политика на македонското националноослободително движење спроти и за време на Илинденското востание, Прилози за Илинден 1978 материјали од научниот собир „Местото на Илинденското востание и Крушевската Република во борбата на Македонскиот народ за национално и социјално ослободување" одржан на 3, 4 и 5 август 1978 година во Крушево по повод 75-годишнината од илинденското востание, II, Совет „Десет дена Крушевска република" Научно-културни средби – Крушево, Крушево 1979.

Хр. К. Сиропиталище Битоля, Илюстрация Илиндень, година II, книга 2, февруарий 1940.

Cameron, A, Rondo, Concise Economic History of the World from Paleolithic Times to the Present, Oxford University Press, Oxford, 1989, 279.

Чемерикић, Милан, Трговина, занатство, индустрија, кредитне установе од 1875 до 1937 године, Споменица двадесетпетгодишњице ослобођења Јужне Србије, Скопље, 1937.

Яворовъ, К. П. Гоце Дѣлчевъ, Щабтъ на Дѣйствующата армия, София, 1917.

## 5. Весници

Автономна Македония (София).

Миръ (София).

Цариградски гласник 1895-1909.

Darling Downs Gazette (Qld.) 1881-1922.

Evening Times-Republican (Marshalltown, Iowa) 1890-1923.

L'Illustration 1843-1944.

Newcastle Morning Herald and Miners' Advocate (NSW) 1876-1954.

New-York Tribune (New York [N.Y.]) 1866-1924.

Omaha Daily Bee (Omaha [Neb.]) 187?-1922.

Rock Island Argus (Rock Island, Ill.) 1893-1920.

The Advertiser (Adelaide, Sa) 1889-1931.

The San Francisco Call (San Francisco [Calif.]) 1895-1913.

The Courier-Journal (Louisville [Ky.]) 1869-.

The Globe-Republican (Dodge City, Kan.) 1889-1910.

The Mercury (Hobart, Tas.) 1860-1954.

The Portland Daily Press (Portland, Me.) 1862-1921.

The Port Gibson Reveille (Port Gibson, Miss.) 1890-.

The Rich Hill Tribune (Rich Hill, Mo.) 1903-1911.

The Topeka State Journal (Topeka, Kansas) 1892-1980.

The Washington Times (Washington [D.C.]) 1902-1939.

The West Australian (Perth, WA) 1879-1954.